ФИЛОЗОФСКО-ИСТОРИСКИ ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ
Наставно-научна студиска група за ОНО

П.полк.м-р СЛОБОДАН ДИМИШКОВСКИ

# ВОЕНТА СИЛА ВО ФУНКЦИЈА НА ПОЛИТИКАТА НА СУПЕРСИЛИТЕ И БЕЗБЕДНОСТА НА НЕВРЗАНИТЕ ЗЕМЈИ

(Докторска дисертација)

Ментор:ред.проф.ТОДОР АТАНАСОВСКИ,
генерал-потполковник

СКОПЈЕ

ФЕВРУАРИ 1983 ГОДИНА

"ГЛАВНАТА СИЛА КОЈА ДЕНЕС УСПЕШНО СЕ СПРОТИСТАВУВА НА МАТЕРИЈАЛНАТА НАДМОЌ НА ВИСОКОРАЗВИЕНИТЕ ЗЕМЈИ Е ГОЛЕМОТО ИСТОРИСКО БУДЕЊЕ НА НАРОДИТЕ,КОЕ СТОТИНИ МИЛИОНИ ЛУЃЕ ГИ ПРЕТВОРИ ВО АКТИВНИ ТВОРЦИ НА ИСТОРИЈАТА.ТАА Е НЕРАЗДЕЛНА ПОПРАТНА ПОЈАВА НА МОДЕРНИОТ НАЧИН НА ПРОИЗВОДСТВО И ПРЕТСТАВУВА РЕШАВАЧКА ПРОТИВТЕЖА НА ОНИЕ ШТО ВО СВОИТЕ РАЦЕ ГИ ДРЖАТ ТИЕ СРЕДСТВА ЗА ПРОИЗВОДСТВО".

Т И Т О

# С О Д Р Ж И Н А

Страна

ВОВЕДЕН ДЕЛ ........................................ 6

ПРВ ДЕЛ

ТЕОРИСКИ ОСНОВИ НА СИЛАТА И ВОЈНАТА .................. 14

1.СИЛАТА КАКО ОПШТЕСТВЕН ФЕНОМЕН ...................... 14

1.1.Поим и општествена суштина на силата ............. 14
1.2.Поим и општествена суштина на воената сила ....... 18
1.3.Општествена улога на воената сила ................ 21
1.4.Силата во современите теории на меѓународните односи ........................................ 26

2.ВОЈНАТА КАКО СПЕЦИФИЧЕН ОБЛИК НА ОПШТЕСТВЕН СУДИР .. 29

2.1.Поим,содржина и цел на војната ................... 29
2.2.Еволуција во погледите и сфаќањата за потеклото и општествената суштина на војната ................. 35
2.3.Сфаќањата за потеклото и општествената суштина на војната во предбуржоаската епоха ................. 36
2.4.Граѓански теории и сфаќања за потеклото и општествената суштина на војната ...................... 41
2.5.Современи теории и сфаќања за војната ............ 50

3.МАРКСИСТИЧКОТО УЧЕЊЕ ЗА ПОТЕКЛОТО И ОПШТЕСТВЕНАТА СУШТИНА НА ВОЈНАТА .................................. 53

3.1.Војната како историска појава .................... 53
3.2.Класната суштина на војната - војната и политиката 59

ВТОР ДЕЛ

ЕВРОПА И СВЕТОТ ПО ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА

1.НОВА КОНСТЕЛАЦИЈА НА СИЛИТЕ ВО СВЕТОТ ............. 63

1.1.Прераспределбата на економската,политичката и воената моќ меѓу некогашните големи сили и појавата на суперсилите ........................... 63
1.2.Премин од "жешка" на "студена" војна ........... 68
1.3.Ориентација на суперсилите кон политика на глобална светска хегемонија ......................... 71

Страна

2.БЛОКОВСКАТА ПОДЕЛБА И БЛОКОВСКОТО ОРАГНИЗИРАЊЕ НА СВЕТОТ ................................ 80

2.1.Воено-политичкото организирање на Запад....... 80
2.2.Воено-политичкото организирање на Исток ...... 86

3.ОТПОРИ НА ПОЛИТИКАТА НА СТУДЕНА ВОЈНА И БЛОКОВСКАТА ПОДЕЛБА НА СВЕТОТ - ПОЈАВАТА НА ПОЛИТИКАТА И ДВИЖЕЊЕТО НА НЕВРЗАНИТЕ ..................... 94

3.1.Распаѓање на класичниот систем на колонијално владеење ..................................... 95
3.2.Појавата на политиката и движењето на неврзаните ......................................... 99
3.3.Поим и содржина на неврзаноста како меѓународна појава ................................... 101
3.4.Основни принципи и цели на политиката и движењето на неврзаните ......................... 103

III.Д Е Л

РАЗВОЈ НА ПОГЛЕДИТЕЗА ПРИМЕНА НА СИЛА И ВОЈНА ВО МЕЃУНАРОДНИТЕ ОДНОСИ ВО ВОЕНО-ПОЛИТИЧКИТЕ ДОКТРИНИ НА СУПЕРСИЛИТЕ И НИВНОТО ВЛИЈАНИЕ ВРЗ БЕЗБЕДНОСТА НА НЕВРЗАНИТЕ ЗЕМЈИ ............................ 107

1.РАЗВОЈ НА ПОГЛЕДИТЕЗА ПРИМЕНА НА СИЛА И ВОЈНА ВО МЕЃУНАРОДНИТЕ ОДНОСИ ВО ВОЕНО-ПОЛИТИЧКАТА ДОКТРИНА НА САД И БЕЗБЕДНОСТА НА НЕВРЗАНИТЕ ЗЕМЈИ ..... 107

1.1.Ориентацијата на САД на стратегија на нуклеарно застрашување и нуклеарна војна ............... 107
1.2.Неефикасноста на стратегијата на масовна нуклеарна одмазда ................................ 110
1.3.Неврзаноста и неврзаните земји во надворешната политика на САД во периодот на студената војна 116
1.4.Политиката на детант и попуштање на меѓународната напнатост ............................ 120
1.5.Напуштање на стратегијата на масовна нуклеарна одмазда и ориентација на САД на локални и ограничени војни .................................. 124
1.6.Никсоновата доктрина на сила,партнерство и договарање ..................................... 133

Страна

2.ОДМЕРУВАЊЕ НА СИЛИТЕ ПРЕКУ ПРЕГОВОРИ.................. 143

2.1.Стратегискиот арсенал на САД .......................... 143
2.2.Стратегискиот арсенал на СССР ......................... 148
2.3.Натегања околу преговорите за ограничување на стратегиското нуклеарно оружје ...................... 154
2.4.Спогодбата САЛТ-1 ......................................... 156
2.5.Спогодбата САЛТ-2 ......................................... 159

3.ПОТКОПУВАЊЕ НА ДЕТАНТОТ И ОЖИВУВАЊЕТО НА СТУДЕНАТА ВОЈНА ........................................................ 164

3.1.Промени во политиката на надворешно-политичкото дејствување на Картеровата администрација и нивните импликации во советско-американските односи и односите со неврзаните земји ...................... 164
3.2.Неврзаните земји во воено-политичката доктрина на Картеровата администрација ......................... 172
3.3.Регановата нуклеарна офанзива ......................... 175
3.4.Суштината и воено-политичките импликации на Регановата нуклеарна програма ......................... 181
3.5.Стратегија на контролирана нуклеарна ескалација ... 193

4.РАЗВОЈ НА ПОГЛЕДИТЕ ЗА ПРИМЕНА НА СИЛА И ВОЈНА ВО ВОЕНО-ПОЛИТИЧКАТА ДОКТРИНА НА СОВЕТСКИОТ СОЈУЗ И БЕЗБЕДНОСТА НА НЕВРЗАНИТЕ ЗЕМЈИ ......................... 200

4.1.Сталинистичкото сфаќање за неизбежноста на војната со капиталистичките држави ......................... 200
4.2.Ставот на Советскиот Сојуз спрема процесот на деколонизацијата и новоослободените земји во периодот на студената војна ............................ 204
4.3.Процесот на десталинизација и еволуција во погледите на Советскиот Сојуз во однос на војната и движењето на неврзаните ......................... 206

5.СИЛАТА,ВОЈНАТА,И НЕВРЗУВАЊЕТО ВО СОВРЕМЕНАТА ВОЕНО; ПОЛИТИЧКА ДОКТРИНА НА СОВЕТСКИОТ СОЈУЗ.................. 214

5.1.Силата и војната како егзистентни појави во односите меѓу социјалистичките земји ...................... 214

Страна

5.2.Теоријата за ограничен суверенитет како теоретска основа за воспоставување и одржување на хегемонија во односите меѓу социјалистичките земји.......... 220
5.3.Социјалистичкиот интернационализам како идеолошка парола за "рационализација" на примената на сила и војна од страна на некои социјалистички земји....... 223
5.4.Општествено-политичките причини за примената на сила и војна од страна на некои социјалистички земји.. 232
5.5.Политиката и движењето на неврзаните во современата воено-политичка доктрина на Советскиот Сојуз ............................................ 238
5.6.Местото и улогата на воениот фактор на Советскиот Сојуз во надворешно политичките односи ....... 243

ЧЕТВРТТИ ДЕЛ

1.МОЌ И НЕМОЌ НА СОВРЕМЕНАТА АГРЕСИВНА ВОЕНА СИЛА ..... 248
1.1.Расчекор меѓу техничката моќ на воената сила и освојувачката политика - криза на стратегијата на локалните и ограничените војни ................. 248
1.2.Стратегијата на посредно настапување како релативно нов стратегиски концепт во примената на сила и агресија против неврзаните земји ........... 257
1.3.Облици и методи на посредно наст апување .......... 262
1.4.Специјалната војна како облик на загрозување на безбедноста на неврзаните земји ................ 268

ПЕТТИ ДЕЛ

1.ОПШТЕСТВЕНО-ПОЛИТИЧКИТЕ КОРЕНИ НА РАСТЕЧКАТА ПРИМЕНА НА СИЛАТА ВО СОВРЕМЕНИТЕ МЕЃУНАРОДНИ ОДНОСИ .......... 283
1.1.Општата криза на современиот капитализам и нејзиното влијание врз растечката примена на сила против неврзаните земји ............................ 284
1.2.Воено-индустрискиот комплекс како фактор на воено-политичка принуда и притисок врз неврзаните земји.. 292
1.3.Бирократско-етатистичкиот систем на социјализам како општествена подлога за растечката примена на сила од страна на некои социјалистички земји .......... 299

Страна

2.НЕВРЗАНОСТА КАКО ОПШТ ФАКТОР НА БЕЗБЕДНОСТА НА НЕВРЗАНИТЕ ЗЕМЈИ .......................... 304

2.1.Зачувување на сопствената независност - основен мотив на определбите за политиката и движењето на неврзаните .................................... 304

2.2.Ориентација кон поконкретна соработка на планот на безбедноста на неврзаните земји ................ 306

2.3.Конфликтите и недоразбирањата во односите меѓу самите неврзани земји ........................... 311

2.4.Развојот и виталноста на неврзаноста - репрезентативен доказ дека силата и моќта не се синоними за семоќ ........................................... 316

ШЕСТТИ ДЕЛ

1.СИЛАТА,ВОЈНАТА И НЕВРЗУВАЊЕТО ВО ВОЕНО-ПОЛИТИЧКАТА ДОКТРИНА НА ЈУГОСЛАВИЈА ........................ 324

1.1.Силата и војната во југословенската воено-политичка доктрина ..................................... 324

1.2.Општествено-политичката суштина на определбата на Југославија за политиката на неврзување ...... 334

Р Е З И М Е ........................................ 340

Л И Т Е Р А Т У Р А ................................ 361

ПРИЛОЗИ

ВОВЕДЕН ДЕЛ

СИЛАТА изразена во вид на организиран монопол на државна принуда или оружено насилство,неодбегливо го следи развојот на човечкото општество од првите човечки цивилизации па се до денес.Заради тоа,со право може да се рече дека целата досегашна историја на човештвото воедно била и историја на бесприкидни борби кои со различни средства и на различни начини се воделе меѓу одделни општествени групи и заедници.

Иако силата,според класиците на марксизмот,не е решавачки носител на општествениот развиток,ниту пак таа сама по себе претставува извор на експлоатација во општеството,силата низ историјата се јавувала,а и денес се јавува,"како средство за стекнување и зачувување на определени користи до кои се доаѓа по пат на освојување или задржување во власт на определени природни и општествени услови,а особено за создавање и одржување на услови за искористување на човечкиот труд и присвојување на производите создадени и создавани со тој труд".[1)]

За што пословито да укажат на фактот колку силата, односно војната како најбрутален облик на нејзината примена во меѓународните односи била присутна во историјата на човечкото општество,група швајцарски научници 1959 година,објавија податоци,според кои,од 3.200-та година пред нашата ера па до крајот на педесетите години од нашиов век,во светот се водени вкупно 14.513 војни во кои загинале над 3,5 милијарди луѓе.[2)]

Во тој контекст на досегашната историја на војните, Втората светска војна по својот обем,суровост и трагичниот би-

1) Богдан Орешчанин,Војни аспекти борбе за светски мир,националну независност и социјализам,Воено-издавачки завод,Белград,1962 година,стр.257.

2) Љубомир Петровиќ,Меѓународно разоружање,ВИЗ,Белград, 1969 година,стр.17.

ланс во поглед на човечките загуби и материјалните разурнувања, претставуваше една од најголемите катастрофи во историјата на човештвото.Само да потсетиме дека човечките загуби во оваа војна изнесуваа околу 55 милиони луѓе,или 4 % од вкупното население на завојуваните страни.Некои земји,меѓутоа,претрпеа значително поголеми загуби од овој просек.Така на пример,Полска загуби 17,3 % од своето население,Советскиот Сојуз 11,9 %,Југославија 11,2 %,Грција 7 %,фашистичка Германија 5,8 % итн.Покрај тоа,фашистичките земји во текот на војната затвориле,депортирале или раселиле повеќе од 45 милиони луѓе,а во концентрациони логори отерале уште 26 милиони.На фронтовите е рането или тешко заболено повеќе од 29,5 милиони луѓе.[1]

Човечките загуби во Втората светска војна имаат свое особено значење доколку се споредат со загубите во војните што се водени пред и по неа.Таквите споредби даваат можност за согледување на движењата кои можат да се очекуваат во идните војни со оглед на развојот на воената техника и постојните средства за масовно уништување.

Така на пример,во сите војни кои се водени во XVII век,загинале или умреле 3,3 милиони луѓе или годишно во просек 33.000.Во XVIII век тој број се накачил на 5,2 милиони луѓе или 52.000 годишно.Во XIX век во војните загинале или умреле 5,5 милиони луѓе или 55.000 годишно,додека во текот на XX век,само до 1976 годона човечките загуби во војните изнесуваат 73 милиони луѓе и тоа само за три четвртини од векот или во просек 960.000 годишно.[2]

И покрај огромните жртви и сите други трагични последици,Втората светска војна,како што е познато,доведе до тотален пораз на фашистичките сили – Хитлерова Германија,фашистичка Ита-

---

1)Кап.на фрегата Тоне Жабкар,Губици живе силе у ратовима империјалистичке епохе,Војно дело,број 5,1976 година.
2) Исто.

лија,империјалистичка Јапонија,како и сите други вазални држави кои беа вклучени во тнр.оска Берлин-Рим-Токио.Меѓутоа,основниот резултат на Втората светска војна не беше само во поразот на фашистичките сили,туку таа војна значеше и победа на антихитлеровската коалиција која - со учеството на Советскиот Сојуз како социјалистичка земја и со учеството на голем број земји и ослободителни движења кои се бореа против фашизмот и против сите облици на поробување - доби ослободителен и револуционерен карактер.

Заради сите тие околности сврзани со текот и исходот на војната и нејзинот трагичен биланс,визијата на еден нов свет што свечено ја прокламираа силите победници во Втората светска војна во Повелбата на ООН,влеваше надеж дека човештвото во иднина ќе биде ослободено од ужасите на војната и страдањата што таа неминовно ги носи.Во таа смисла беше формулирана и Повелбата на ООН,во која,меѓу другото,се вели:

"Ние народите на Обединетите нации решени да ги спасиме идните поколенија од ужасите на војната која два пати во текот на нашиот живот на човештвото му нанесе неописливи страдања,и

да воспоставиме верба во основните права на човекот, во достоинство и вредност на човечката личност,во рамноправност на луѓето и жените,нациите големи и мали,и

да обезбедиме услови во кои ќе може да се сочува правдата и почитувањето на обврските кои произлегуваат од договорите и другите извори на меѓународното право,како и да работиме врз општествениот напредок и подобрување на животните услови во поголема слобода...".[1)]

Како основа за остварување на овие стремежи во Повел-

1) Д-р Смиља Аврамов,Забрана и контрола силе у правном систему УН.Збирка,УН и савремени свет,Београд,1970,стр.118.

бата се прокламирани и следниве начела: (1) начело на забрана на употребата на сила; (2) начело на мирно решавање на меѓународните спорови; (3) начело на свесно исполнување на меѓународните обврски и почитување на Повелбата,како и нејзино извршување,и (4) начело на забрана на мешање во внатрешните работи на други земји.

Развојот на меѓународните односи по Втората светска војна,меѓутоа,тргна во сосема спротивен правец.Наместо мир и ветениот "спас на идните поколенија од ужасите на војната",светот по Втората светска војна,дословно секојдневно се соочува со груби нафрлувања на политиката на сила и насилство во меѓународните односи.Една од битните карактеристики во примената на сила во современите меѓународни односи е токму во тоа,што по воспоставувањето на нуклеарната рамнотежа меѓу блоковските сили кон крајот на педесетите години,силата и насилството се повеќе се насочува кон политиката и движењето на неврзаните,со што на директен или индиректен начин се загрозува нивната безбедност.

Укажувајќи на оваа појава,генерал Љубичиќ во својата студија "Општонародната одбрана - стратегија на мирот",меѓу другото,констатира:"Кога големите сили и блоковските групации увидоа дека е бесмислено меѓу себе да водат нуклеарна војна, стратезите на експанзионизмот почнаа се повеќе да се определуваат за освојување на просторите на широкото подрачје на неврзаните земји.Бидејќи некои од нив не беа доволно силни да им се спротиставаат тие станаа жртви на различни облици на агресија".[1)]

За големината на оваа појава и нејзината зачестеност доволно е илустративен податокот,што според некои советски из-

1) Ген.Никола Љубичиќ,Општенародна одбрана - стратегија мира,ВИЗ,Белград,1976 година,стр.221.

вори,од завршувањето на Втората светска војна,па се до 1975 година,во светот се одиграле 468 воени конфликти - војни,востанија,бунтови,преврати и интервенции,од кои 73 судири имале карактер на локални војни.Територијалниот распоред на евидентираните судири,според,истите извори,бил: во Африка 118,во Латинска Америка 114,во Азија 100,на Блискиот и Средниот Истик 80, и во Европа 36.[1)]

Не навлегувајќи во егзактноста на овие податоци во однос на бројот на судирите и воените конфликти што се одиграле по Втората светска војна,самиот нивни територијален распоред е доволно илустративен показател дека неврзаните земји се наоѓаат во средиштето на воено-политичките конфликти на современиот свет.

На изразена опасност и загрозување на безбедноста на неврзаните земји се укажува и во речиси сите документи од позначајните собири на неврзаните земји.Така на пример во Завршната декларација од Шестата конференција на неврзаните во Хавана,цело едно поглавје му е посветено на проблемите на мешање и интервенции во внатрешните работи на неврзаните земји.Во врска со овие проблеми во Декларацијата,меѓу другото,се вели:

"Конференцијата констатира дека политичките,економските,воените и другите средства на странско мешање со кое намерно се настојува да се предизвика немир и дестабилизација - ја загрозуваат стабилноста,територијалниот интегритет,независноста и суверенитетот на неврзаните земји... Конференцијата ги разгледа се побројните повреди на принципите на немешање што се забележани овие години во форма на инфилтрација,субверзија,отворени акти на агресија,странски воени интервенции и

1) И.Шавров,Локални ратови и њихово место у стратегији империјализма,Воено-исторически гласник СССР-а,број 3/75.

јавни провокации,кон што треба да се додадат и некои поперфидни облици на дестабилизација".[1]

Иако во времето кога се создаваа воените блокови - прво НАТО пактот,а потоа Варшавскиот договор - нивните создавачи и втемелувачи упорно тврдеа дека таквите воени организации се потребни за зачувувањето на мирот,светот набргу се увери дека блоковската политика,а особено нивната конфронтација сериозно го загрозува мирот и безбедноста во светот.Ако се има предвид дека во оружените судири по Втората светска војна водечката сила на западниот блок Соединетите Американски Држави 215 пати биле ангажирани во ваквите судири,а водечката сила на Варшавскиот договор - Советскиот Сојуз 115 пати,[2] тогаш е сосема известно дека водечките сили на блоковите САД и СССР се решавачки фактори на политиката на тие блокови,кои со силата на својата економска и воена моќ посредно или непосредно имаат силно влијание не само врз з емјите во блоковските организации,туку и во вкупните меѓународни односи.

Поради силното присуство на воената сила во современите меѓународни односи и нејзината се позачестена примена во разрешувањето на општествените противречности во современиот свет,се е пораспространето мислењето дека живееме во најнасилничкиот век во историјата на човечкото општество.За тоа е доволно илустративен показател високата концентрација на современата воена сила во светот.Така на пример од објавените податоци за 1981-1982 година,[3] може да се види дека кон крајот на 1981 година во светот се наоѓале околу 25 милиони луѓе во оперативните единици во сите видови на оружените сили во светот.Од вкупните човечки ефективи под оружје,50 одсто се наоѓа во пет држави,кои

1) "Меѓународна политика",број 707-1979 година,стр.35
2) Димитрије Шешеринац,Војни блокови,НИН,свеска 4,Белград, 1978 година.
3) The Military Balance 1981-1982

заземаат следни места на светската скала: Народна република Кина со 4.750.000 луѓе под оружје е на прво место,Советскиот Сојуз со 3.673.000 на второ,Соединетите Американски Држави со 2.049.100 на третто,Република Индија со 1.104.000 на четвртто, и Социјалистичка Република Виетнам со 1.029.000 на петто место. Според бројот на жителите првите пет држави имаат поинаков распоред: Народна република Кина има околу една миљарда жители,Индија околу 683 милиони,Советскиот Сојуз околу 265 милиони,Соединетите Американски Држави околу 225 милиони и Виетнам околу 60 милони.[1)]

Најголема концентрација на воената сила се наоѓа во двете најсилни воено-политички организации - НАТО пактот и Варшавскиот договор.Во овие две блоковски структури во кои се зачленети 21 држава со околу 898,9 милиони жители,се наоѓаат 9,2 милиони луѓе под оружје и располагаат со 61 одсто од вкупниот број на тенкови во светот,53 одсто од вкупниот број на борбените авиони и исто толку воени бродови.

Европа е најзаситено подрачје во однос на оружената сила и борбената техника.Во Европа се наоѓаат околу 8,4 милиони луѓе под оружје,околу 39 илјади тенкови,преку 10 борбени авиони,околу 10.500 нуклеарни боеви глави,а околу европското крајбрежје постојано пловат околу 3 илјади воени бродови.

Во последните десет години бројот на војниците е зголемен само за 15 посто,додека воените расходи за овој период се зголемени за повеќе од три и пол пати,што говори за силните услиби за квалитативно јакнење на оружените сили во смисла на усовршување на постојното оружје и воведување на нови и посовршени системи на оружје.

---

1) Виетнам со 60 милиони жители,зазема 12 место по бројот на жители,а петто место по бројот на луѓе под оружје.Моментално има околу 200 илјади војници во Кампучија,и околу 40 војници во Тајланд.

Гледано во тој контекст на светските движења - социјалистичка,самоуправна и неврзана Југославија,како што тоа често го истакнуваше другарот Тито,не живее во некој вакум,надвор од времето и просторот,туку во суровата реалност на современиот свет.А тој современ свет,би рекле,е свет на наука,техника и благосостојба,но во исто време тоа е и свет на сиромаштија,беда и човечка неправда,со еден збор,тоа е свет на длабоки противречности и кризи.

Во тој и таквиот свет,како што тоа било и во досегашната историја,протагонистите на политиката на сила и насилство во меѓународните односи,серизно претендираат решавачки да влијаат врз општествено-политичките движења во другите земји со цел да се здобијат или да ги задржат под своја контрола природните или општествените услови кои ќе им обезбедат искористување на човечкиот труд и присвојување на производите кои се создаваат со тој труд.

Проценувајќи ја објективно природата и карактерот на основните општествени противречности на современиот свет во кој сеуште постојат јаки сили кои се стремат кон доминација и експлоатација,како и со оглед на местото и улогата што Југославија ја има во движењето на неврзаните и нашата судбинска поврзаност со ова движење,сметаме дека постои реална потреба од поопстојно истражување на областа на политиката на сила,чиј главен експонент е воената сила,како еден од примарните услови за потемелно разбирање на општествено-политичките процеси во современиот свет и успешно и ангажирано спротиставување на политиката на сила и хегемонија.

Со оглед на тоа што силата и војната како иманентно својство на воената сила се мошне сложени општествени феномени, тоа,најпрвин ќе укажеме на некои позначајни теоретски основи на силата воопшто,воената сила и војната.

I. Д Е Л

# ТЕОРИСКИ ОСНОВИ НА СИЛАТА И ВОЈНАТА

## 1. СИЛАТА КАКО ОПШТЕСТВЕН ФЕНОМЕН

### 1.1. Поим и општествена суштина на силата

СИЛАТА како поим има повеќе значења. Во општествените науки под поимот СИЛА во поширока смисла се подразбира моќ, односно способност за предизвикување или спречување на определени промени во општеството. Во потесна смисла под СИЛА обично се подразбира можност за употреба на физичка сила, како и самата таа употреба заради наметнување на сопствената волја, за да се одржи некоја состојба, забрза некој процес, или тие да се менуваат.[1)]

Современата теориска мисла кај нас и во светот, во разгледувањето на феноменот на силата приоѓа од мошне различни аспекти, поради што се создадени различни теориски концепти за потеклото и општествената суштина на силата. Не навлегувајќи пошироко во полемика со некои на марксизмот спротивни ставови, наша намера е тргнувајќи од марксистички позиции да укажеме на некои битни белези на силата како општествен феномен, а особено на нејзината улога во општеството и меѓународните односи.

Според класиците на марксизмот СИЛАТА настанала и се развила во текот на оној историски период кога човекот на првобитната заедница успеал да произведе повеќе отколку што му било потребно за одржување на неговата егзистенција и репродукција на работната сила. Со тоа биле создадени услови за експлоатација и употреба на сила, при што силата се јавува како средство, а економската корист како цел на нејзината примена.

1) Политичка енциклопедија, Савремена администрација, Белград, 1975 година, стр. 956.

Имено со појавата на вишокот на труд и со размената на произведените добра,во првобитната заедница настанале појави и односи кои биле неспоиви со нејзината општествена природа.Дотогашната заедничка родовска сопственост е заменета со приватна сопственост,еднаквоста на членовите на родовската заедница со нееднаквоста меѓу богатите и сиромашните,солидарноста на луѓето од истото племе со спротиставени интереси меѓу робот и господарот.Општеството се расцепило на две непријателски класи - експлоататори и експлоатирани.

Со поделбата на општеството на две антагонистички класи создадени се внатрешни противречности кои општеството не можело да ги совлада без посебна СИЛА која би била над општеството - без ДРЖАВА."Таа (државата заб.С.Д.) е признание дека општеството се заплеткало во неразрешливи противречности кои не може да ги совлада.А за да овие спротиставени класи,со спротивни интереси во јалова борба не се исцрпуваат себеси и општеството се појавила неопходноста од СИЛА која ќе се стави над општеството и која ќе го ублажува конфликтот,односно ќе го држи во границите на "поредокот".А таа СИЛА која произлегла од општеството,но која се става над општеството и се повеќе се отуѓува од него е државата".[1)]

Во осамостоената и отуѓената сила - ДРЖАВАТА,доаѓа до најцелосно и по форма и по суштина,отуѓување на општествената сила што ја создава здружениот човечки труд.Маркс,анализирајќи го проблемот на општествената сила и нејзиното отуѓување во класното општество,меѓу другото,пишува:

"Општествената сила,т.е.мултиплицираната производна сила која настанува врз основа на соработката на различни ин-

1) Фридрих Енгелс,Порекло породице,приватне својине и државе,ВИГЗ,Белград 1976 година,стр.165.

дивидуи,обусловена со поделбата на трудот,на овие индивидуи, бидејќи таа соработка не е доброволна,им се појавува како некоја туѓа сила која е надвор од нив,за која тие не знаат ни од каде потекнува ни каде води,со која тие,значи,не можат да владеат".[1)]

Според тоа,општествената поделба на трудот и поделбата на општеството на антагонистички класи ја обусловиле појавата на посебна општествена организација - ДРЖАВА со сите нејзини атрибути: органи за управување,војска,полиција,судови,затвори итн.,која се одвојува од општеството и се става над него како надворешна сила,која го организира и го обединува,зашто класното општество поради непомирливите судири на класните интереси за основните прашања на општествената егзистенција не може да ги врши тие функции како непосредно општествени.[2)]

Разработувајќи го марксистичкиот концепт на општествената сила,Ленин во "Држава и револуција",меѓу другото,пишува: "Енгелс го разбива поимот на онаа сила која се именува држава, сила што произлегла од општеството,но која се става над него и која се повеќе и се повеќе се отуѓува од него.Од што првенствено се состои таа сила ? Од посебни одреди на вооружени луѓе кои имаат затвор итн.Војската и полицијата тоа е главно оружје на власта".[3)]

Со појавата на државата владеачката класа создава определени општествени рамки за систематска експлоатација и држење во потчинетост на експлоатираната класа.Заради остварување на своите класни интереси и совладување на отпорот на потчинетите маси,владеачката класа организира апарат за физичко и друго насилство.Тоа значи,дека државата во класното општество,всушност,

1) К.Маркс-Ф.Енгелс,Рани радови,Загреб,1953 година,стр.300
2) Д-р Радомир Лукиќ,Политичка теорија државе,Београд,1962 година,стр.41.
3) В.Ленин,Изабрана дела,том II,кн.1,"Култура",Белград, 1953 година,стр.141.

претставува главен носител на политичката сила,бидејќи таа е основна сила за насочување на општествениот развој во интерес на владеачката класа.

Иако државата во класното општество претставува основен носител на политичката сила на владеачката класа,меѓутоа, сепак,во неа не е концентрирана сета политичка власт на даденото општество,зашто во секое општество покрај политичката сила концентрирана во државната организација,постои и политичка сила на потчинетата класа и другите работни слоеви,која може да се пројавува на разни начини,почнувајќи од вршење на морални притисоци,па до најгруби форми на физичка принуда - оружено насилство.

Врз основа на изложените гледишта и констатации би можело да се заклучи дека општествените сили во класното општество,сили што ги создава и ги развива здружениот човечки труд во процесот на борбата за ослободување на човекот од неговата зависност од природата,преку државната организација се претвораат во сили на неговото општествено поробување,сили кои на луѓето им се чинат како некој надворешен фактор,како слепи сили кои господарат со нивните судбини и чие поседување овозможува едниот дел на луѓето да господари со другиот дел,а производите на општествениот труд да ги претвора во приватно богатство.[1)]

Од Првата светска војна па наваму политичката сила оличена во државата доби доминантна улога во општествените структури,која е обусловена со фактот што светот се наоѓа во преодна епоха во која капитализмот не е повеќе способен да се репродуцира врз сопствени основи,а социјализмот се уште не е доволно зацврстен.Тоа значи дека политичката сила во современата преодна епоха од капитализам во социјализам,користејќи ги

и придобивките на науката и техниката доживува висок степен на релативна самостојност и можност за уште поголемо отуѓување од општеството.Во такви услови на проширување и апсолутизирање на владеењето на политичката сила оличена во државата се зголемува потребата од располагање со сила,при што силата добива доминантно место и улога во општествените и меѓународните односи.

1.2.Поим и општествена суштина на воената сила

Во нашата воено-политичка теорија под поимот воена сила во најширока смисла се подразбира севкупноста на човечкиот и материјално-техничкиот потенцијал со кој определената држава или општествена група го спроведува оружено насилство заради остварување на својата политика.[1)]

Во секое класно општество во рамките на политичката сила како нејзин конститутивен елемент постои и воена сила,која не е ништо друго туку "еден од облиците на политичката сила па со самото тоа и еден од аспектите на општествената сила".[2)]Начинот на материјалното производство во класното општество кое е засновано врз експлоатација на едната од страната на другата класа претпоставува постоење на средства и монопол за насилство во рацете на владеачката класа,а главно средство за такво насилство е воената сила.Според тоа,воената сила по својата општествена суштина претставува всушност концентриран израз на политичката сила која ја организира и со неа управува.

Воената сила ја сочинуваат главно два конститутивни елемента: луѓето и вооружувањето и друга опрема.Овие два елемента се определувачки фактори за квалитативните својства на воената сила.Во врска со квалитативните својства на воената

1) Д-р Милош Прелевиќ,Друштвена суштина војне силе,ВИЗ Белград,стр.17.

2) Богдан Орешчанин,Војни аспекти борбе за светски мир,националну независност и социјализам,ВИЗ,Белград,1962 година, стр.259.

сила,Енгелс во Можностите и предусловите на Светата алијанса за војна против Франција",и во "Анти-Диринг",меѓу другото,констатира дека во материјалното производство и општествените односи кои произлегуваат од него,треба да се бараат основните причини за формите на организирање на воената сила и нејзината општествена суштина.Тоа значи дека степенот на развојот на метеријалното производство и карактерот на општествените односи имаат битно влијание врз квалитативните и квантитативните својста на воената сила.

Во врска со сфаќањата на поимот и суштината на воената сила во светот и кај нас,постојат доста различни приоди и сфаќања,Така на пример,некои автори воената сила ја поистоветуваат со оружените сили,додека некои други автори под поимот воена сила го подразбираат севкупниот човечки и материјално технички потенцијал на определената земја.Меѓутоа,обете гледишта претставуваат,всушност,две крајности во поимањето на суштината на воената сила.

Во однос на првото гледиште во кое се врши поистоветување на воената сила со оружените сили,би можело да се каже дека оружените сили како посебна организација за водење на оружена борба,секако се највидлив и најопиплив израз на воената сила на определената земја.Меѓутоа,по правило,оружените сили претставуваат само дел од воената моќ на определена земја,зашто во нив се вклучува само дел од чевечкиот потенцијал (во поновите војни 10-20 %) и само дел од материјално техничките средства.Другиот дел на луѓето и материјално-техничките средства на определен начин и во определен степен учествува во борбата надвор од оружените сили.И не само тоа.Дека оружените сили не се и дека не можат да бидат единствен критериjум за воената моќ на определена земја го потврдуваат бројни искуства од мина-

тите,а и од современите војни.Имено,множество држави,народи и народноослободителни движења успеале со релативно мали оружени сили не само да се спротистават,туку да извојуваат и победа врз противникот кој имал многу побројни и технички поопремени оружени сили. И повеќе од тоа,има примери,оружените сили на некоја земја да бидат разбиени и да ја загубат војната а со тоа да не биде уништена воената моќ на определената земја.Таков пример се случи токму кај нас,кога 1941 година,бившата југословенска војска беше разбиена и ја загуби војната,но со тоа не беше уништена воената моќ на народите и народностите на Југославија.Како што е познато,југословенските народи и народности,веднаш по априлската катстрофа,под раководство на КПЈ и другарот Тито се организираа за борба и во таа борба успеаја да ги поразат бројно и технички многу понадмоќните фашистички сили.

Според тоа,современата воено-политичка практика недвосмислено потврдува дека воената сила не може да се изедначува со оружените сили,ниту пак односот на силите меѓу определени земји може да се мери само со меѓусебниот однос на оружените сили.

Исто така,не може без определени резерви да се прифати ни гледиштето според кое воената сила на некоја земја ја сочинува севкупноста на човечкиот и материјално техничкиот потенцијал на некоја земја,зашто,во историската,а и во современата воено-политичка практика има доста примери многу држави да ги губеле војните поради тоа што не биле во состојба во војната да го ангажираат вкупниот човечки и материјално-технички потенцијал.Најилустративен пример за тоа е потенцијалните можности што арапските земји ги имаа во војните со Израел и вистинските можности за ангажирање на тој потенцијал во војните.

Според тоа,колку и во која мерка некоја земја ќе успее да ги мобилизира и да ги ангажира своите вкупни човечки и материјално-технички потенцијали не зависи само од субјективната волја на политичкиот фактор,туку и од низа други фактори,а пред се,од целите на војната,политичката организираност на општеството,борбените традиции,спремноста на граѓаните да се ангажираат во војната и друго.Тоа значи,дека само во определени општествено-политички услови,воената сила на определената земја може да се изедначи со севкупниот човечки и материјално-технички потенцијал,како што е тоа случај со нашиот систем на општонародната одбрана.

Врз основа на изнесените факти би можело да се заклучи дека под поимот воена сила се подразбира оној дел на живата сила и материјално-техничките средства кои некоја земја (народ, политичко движење) може фактички да ги ангажира во спроведувањето на оруженото насилство или во спротиставувањето на такво насилство.[1)]

## 1.3.Општествена улога на воената сила

Општествената улога на воената сила во најширока смисла е во тоа,со оружено насилство,со своето постоење или со активната употреба да се обезбеди остварување на политичките цели на класата,народот или државата,односно да обезбеди одржување на такви општествени услови кои овозможуваат нормално функционирање на определениот начин на производство и политичко-правниот систем.Класниот карактер на воената сила се манифестира токму во нејзината општествена функција,зашто со своето постоење и со своето дејствување во крајна инстанца таа секогаш е средство за остварување на интересите на определена класа.

1) Д-р Славко Мркиќ,Марксизам о савременим питањима рата, Факултет народне одбране,Белград,1979 година,стр.11.

Спротивно на гледиштата на некои граѓански мислители и теоретичари,а во прв ред на Диринг,според кои силата има решавачко влијание во развојот на општеството,класиците на марксизмот непобитно утврдија и докажаа дека материјалното производство и врз него заснованите производни односи се движечка сила на општеството,а не некоја сила,па ни воената сила.Силата, како што вели Енгелс,"не може да прави пари,туку најповеќе што може е да ги одземе кога се веќе направени".[1] Разработувајќи ја натаму оваа мисла,Енгелс посебно го истакнува фактот дека секоја политичка сила сепотпира,во прв ред,на некоја економска, општествена функција".[2] Револверот,вели Енгелс,"носи победа врз мечот",што треба да значи дека поусовршеното оружје го надвладува неусовршеното.Заради тоа,силата не може да биде акт на вољата на субјективниот фактор,зашто средствата на сила мораат да се произведуваат.Тоа воедно значи дека моќта на силата,нејзиниот квантитет и квалитет се темелат,пред се,врз материјалното производство,односно врз економската база.

Смислата на Енгелсовото истакнување на економскиот фактор како примарен фактор во развојот на општеството и моќта на силата не значи дека економски посилниот противник мора секогаш да го победи економски послабиот противник.Овде станува збор за настојувањата на Енгелс да ги побие тезите на Диринг за независноста на силата од економиката и примарната улога на силата,а не да се апсолутизира улогата на економиката во таа смисла што би се негирале сите други фактори кои објективно се јавуваат како фактори на сила.Токму Енгелс во многуте свои тру-

1) Фридрих Енгелс,Анти-Диринг,"Напријед",Загреб,1967 година,стр.189.
2) Оп.цит.стр.190.

дови истакнува дека битните својства на воената сила не зависат исклучително од степенот на развојот на техниката,туку и од другите општествени односи во базата и надградбата.Имено, севкупните општествено-економски односи се рефелектираат на квантитетот и квалитетот на вооружувањето и луѓето,а со тоа и на карактерот и физиономијата на воената сила.Во врска со тоа, Енгелс во "Можности и предислови на Светата алијанса...",потоа, во "Војска",во Анти-Диринг" и други,посебно истакнува дека класниот однос на силите,класните интереси,општествено-политичкиот систем во целост,обликот на државната организација,констелацијата на воените и политичките сили во светски и регионални размери,воено-политичката и гео-стратегиската положба на земјата,со еден збор,севкупните внатрешни и надворешни процеси и осноси - ја определуваат физиокомијата и карактерот на воената сила на определена класа,народ или држава.

Имено,нема сомневање во тоа дека материјално-техничката опременост на воената сила низ историјата секогаш била во најтесна врска со степенот на развојот на материјалната база и економската моќ на општеството.Меѓутоа,токму тој развој на производните сили во крајна линија може да доведе до таков расчекор што надмоќноста во економиката да се наоѓа на една,а надмоќноста во вкупната сила на друга страна.Само така можат да се разберат и да се објаснат победите на пролетаријатот во револуциите,како и победата на многуте народноослободителни движења во борбата за своето национално и социјално ослободување, кои по правило секогаш биле економски послаба страна.

Иако силата,како што веќе утврдивме,не претставува движечка сила на општеството,таа,сепак,посредно или непосредно влијае врз општествениот развиток,било да го забрзува или да го забавува тој развиток.Во врска со тоа,Енгелс,во Анти-Диринг"

меѓу другото,вели:"...кога политичката сила ќе стане самостојна спрема општеството,кога од слуга ќе се претвори во господар, таа може да дејствува во две насоки:во истата насока како и законите на економскиот развиток и во тој случај меѓу ним нема судири,економскиот развитик се забрзува,или да дејствува во спротивна насока и тогаш освен ретки исклучоци економскиот развиток редовно ја надвладува силата".1)

Според тоа,доколку политичката сила на даденото општество се стреми кон прогресивен и револуционерен развиток на општествените односи,тогаш силата,вклучувајќи ја тука и воената сила како концентриран израз на политичката сила,придонесува во во општествениот развој и ги забрзува неговите текови.Појавување на оваа законитост особено доаѓа до израз во периодите на револуционерната преобразба,кога револуционерните сили ја користат силата како средство за воспоставување на нови попрогресивни општествени односи.

Спротивно од тоа,кога воената сила е во рацете на реакционерните сили,кога истапува како чувар на застарените и преживеани општествени односи,кога делува спротивно на објективните законитости на општествениот развиток,тогаш општествениот развиток привремено се забавува и кочи.Ова "привремено" треба посебно да се истакне,зашто,како што вели Енгелс во такви случаи "освен ретки исклучоци економскиот развиток редовно ја надвладува силата".

Во врска со општествената улога на воената сила треба посебно да се истакне дека во определувањето на општествената улога на една класа и нејзината воена сила,не е суштествено важно дали таа класа по своите општи тенденции им припаѓа на прогресивните или застарените сили,туку,пред се,важно е дали

1) Фридрих Енгелс,оп.цит.стр.172.

нејзината борба и употребата на воената сила го забрзува или го забавува општиот прогресивен развиток на човечкото општество.

Согласно со изнесените ставови на класиците на марксизмот,историската практика потврдува дека општествената улога на воената сила никогаш не била определена само со нејзиниот физички обем и вкупната моќ,туку пред се со улогата и целите на оние општествени сили на кои таа им служела како средство на политиката.Тоа значи дека воената сила сама по себе нема ниту револуционерна ниту регресивна улога и карактер,ниту таа претставува фактор кој има самостојно значење.Воената сила е всушност само елемент на општествената,односно политичката сила од која зависи нејзината улога и карактер.Попросто речено,таа е секогаш слуга,а не господар,без оглед на нејзината релативна самостојност во различните историски периоди.Според тоа,од одговорот на прашањето за какви цели се користи,односно на кои и какви цели воената сила е средство зависи нејзината улога и општествениот карактер.

Современата воена сила како еден од видовите на општествената сила воопшто и еден од аспектите на политичката сила,ја карактеризира поседување на квалитативно нови средства за принуда и разурнување.Суштинските промени во квалитетот на современата воена сила ги предизвика,во прв ред,појавата на нуклеарното и ракетното оружје и примената на електрониката во управувањето со некои системи на оружје и друга воена опрема.

Таквиот развиток на современата воена сила доведе до тоа војната,како облик на разрешување на општествените противречности да добие сосема нови белези и последици,така што,војната не претставува повеќе закана за уништување само на некој

народ,нација,раса или класа,туку таа стана закана за уништување на биофизичката егзистенција на човекот.Сознанието дека последиците од евентуална светска војна,во која би биле употребени постојните нуклеарни и други средства за масовно уништување,би биле катастрофални за натамошниот развој на светот,ја доведе во прашање рационалноста на војната и реалноста на политичките цели кои би требало со неа да се остварат.Меѓутоа,иако употребата на нуклеарното оружје и другите средства за масовно уништување ја доведе во прашање рационалноста на војната во современите услови,тоа не значи дека војната како средство на политиката е надмината,а особено не значи дека империјалистичките и хегемонистичките сили на современиот свет се откажале од употребата на сила,па и од сите средства со кои денес располагаат.Нуклеарната рамнотежа меѓу водечките блоковски сили која општата нуклеарна војна ја направи помалку веројатна,уште повеќе ја зголеми опасноста од локалните и ограничени војни,од кои денес не е поштедена ниту една земја во кој и да е регион на светот.

## 1.4.Силата во современите теории на меѓународните односи

Интересите на државите кои се создаваат под влијание на мошне разновидни фактори,обично ги надминуваат нивните национални граници и на подрачјето на меѓународните односи се среќаваат,урамнотежуваат или судираат.Тие интереси можат да бидат мошне различни:добивање на определени отстапки,диктирање на услови на послабиот,желба за стекнување на моќ и слава,наметнување на сопствената волја и слично.

Внатрешната политика и внатрешната општествено-економска структура на државата имаат битно влијание врз надворешната

политика,зашто внатрешните општествено-политички односи имаат решавачко влијание во формулирањето на основните интереси на определената држава на меѓународен план.Така на пример,општествено-политичката структура на определената држава,која се засновува врз класна експлоатација,по правило носи во себе тенден- денција таквите односи да ги пренесе и во односите со другите држави.

Зависно од степенот и формите на меѓусебната зависност во остварувањето на определените интереси,односите меѓу државите можат да бидат засновани врз стремеж кон експлоатација на една држава кон друга,што доведува до судрување на интересите,или врз соработка и незагрозување на туѓите интереси.Во таа смисла однесувањето на некои држави во меѓународните односи може да биде мирољубиво или експнзионистичко.

Повеќето теоретичари на Запад своите сфаќања за улогата на силата во меѓународните односи ги засновуваат врз поставката дека "од бројните фактори кои решавачки влијаат врз однесувањето на државите во меѓународните односи - најважна улога има силата".[1] Според овие сфаќања,секоја политика претставува всушност борба за власт,односно борба за сила,со цел да се постигне максимално остварување на интересите,па заради тоа секоја политика е воедно и политика на сила како внатре во државата,така и во меѓународните односи.

Појдовна основа на сфаќањата за местото и улогата на силата во меѓународните односи во теориите на Запад претставува тнр.теорија на чиста политика.Според авторите на оваа теорија "борбата за сила е исто како и борба за живот,а постојаното подобрување на позициите во поседувањето на сила претста-

1) Д-р Радомир Стојановић,Политика силе и неразвијене земље у савременим међународним односима,Научна књига,Белград, 1967 година,стр.11.

вува примарна цел на внатрешната и надворешната политика... Таму каде како крајна форма на судирот се јавува војната,борбата за сила е всушност борба за воена сила".[1]

За разлика од теоријата на "чиста политика",која е всушност само формална,која,како што е веќе речено,тргнува од стојалиштето дека силата е решавачки фактор со кој се раководат државите во надворешната политика,теоријата на тнр.реалистичката школа тргнува од тоа дека "националниот интерес е оној клучен мотив со кој се раководат државите во меѓународните односи,а тој интерес може да се остварува или да се брани само со сила".[2]

Суштината на политиката според ова сфаќање ја чини сопарништвото на интересите меѓу државите заради здобивање со влијание и моќ,што доведува до постојани судири во меѓународните односи.Во такви услови,како што вели К.Томпсон "кога не постои некоја законодавна или извршна власт која би ја контролирала ваквата ситуација,тогаш задачата на државниците и дипломатијата е таа борба да ја ограничат со примена на сила и дипломатијата која постојано дејствува во правец на одржување на нова рамнотежа на силите меѓу државите кои водат борба меѓу себе".[3]

Врз основа на изнесените гледишта во водечките теории за местото и улогата на силата во меѓународните односи на Запад,може да се заклучи дека на Запад преовладуват сфаќањата дека силата е еден од решавачките фактори кои во крајна линија го детерминира влијанието и однесувањето на државата во меѓународните односи.Затоа е битно да се поседува сила и моќ со

1) Д-р Радомир Стојковиќ,оп.цит.стр.11
2)

која може се да се оствари,а во прв ред,"националниот интерес", под што често се подведуваат мошне различни интереси.

Историската околност што силата и војната во досегашната светско-историска практика биле најчесто применувани методи во изведувањето на социјалистичките револуции и воспоставување на социјалистички општествени односи,обуслови во некои социјалистички земји да се развијат гледишта според кои силата и војната можат да се користат како средство за изведување на нови социјалистички револуции.Станува збор за гледишта според кои социјализмот може просторно механички да се шири по пат на сила однадвор,односно станува збор за постоветување на војната и револуцијата.Меѓутоа,како што е познато војната не е исто што и револуцијата,зашто револуцијата никогаш не е само војна,туку таа е,пред се, премин од еден општествен кавлитет во друг повиск општествен квалитет.Токму ваквите гледишта се развија во теоретска основа за примената на сила во меѓународните односи и од страна на некои социјалистички земји,за што ќе стане повеќе збор во наредните поглавја.

Постоењето на вакви гледишта во воено-политичките доктрини на обете блоковски сили,само за себе говори за местото и улогата на силата во нивните надворешни политички односи.

## 2.ВОЈНАТА КАКО СПЕЦИФИЧЕН ОБЛИК НА ОПШТЕСТВЕН СУДИР

### 2.1.Поим,содржина и цел на војната

Во современите расправи околу определувањето на поимот и општествената суштина на војната и нејзината цел,како специфичен облик на општествен судир,главно се тргнува од познатата дефиниција на Клаузевиц,дека "војната не е само политички акт,

туку вистинско оружје на политиката,продолжување на политичките односи и нејзино спроведување со други средства".[1] Вредноста на оваа дефиниција е во тоа,што покрај точноста на констатациите,Клаузевиц е прв теоретичар кој војната ја извлекува од рамките на чисто воено дефинирање на војната како "акт на насилство кое има за цел противникот да се принуди да ја изврши нашата воља".[2]

Меѓутоа,иако точна,дефиницијата на Клаузевиц не е сосема целосна,а ни доволно прецизна.Таа,всушност ја дефинира само функционалната страна на војната како средство на политиката.Вистина,дефинирајќи ја функцијата на војната како средство на политиката,Клаузевиц формално укажува на врската меѓу војната и севкупните општествени односи,но во неа сепак не е ни формално изразена комплексноста на оваа општествена појава.

Американскиот социолог К.Рајт во една мошне широка расправа за војната како општествена појава,војната ја дефинира на следниов начин:

"Анализа на воените,психолошките и социолошките белези на војната наметнуваат идеја дека сите тие можат да се разгледуваат како променливи величини кои добиваат определен степен на интензитет во вистинска војна.Според тоа,војната може да се сфати од гледиштето на секоја завојувана страна како крајна интензификација на воените акции,психолошката напнатост, владеење на правна и општествена интеграција,што се нема изгледи за пројавување ако противникот не е приближно рамноправен во поглед на материјалните сили со кои располага.Од гледиштето на секоја завојувана страна војната може да се разгледува како

1) Карл Клаузевиц,За војната,"Војно дело",Белград,1951 година,стр.35.
2) Оп.цит.стр.35.

истовремен судир на оружените сили,расположението на населението,правните норми и народните култури во речиси подеднаков степен така што судирот меѓу нив доведува до крајна интензификација на секој од тие чинители на обете страни".[1)]

Вредноста на оваа дефиниција на Рајт е во тоа,што војната ја разгледува како комплексна општествена појава во која, како што вели тој,се судруваат оружените сили,расположението на населението,правните начела и народните култури и што на војната не гледа како на некоја изолирана појава,одвоена од поранешните односи меѓу завојуваните страни,туку како на појава која претставува само интензификација на општествениот судир,чија специфичност е во тоа што се решава со оружено насилство.

И покрај мошне значајните вредности на оваа дефиниција,таа е сепак непотполна,зашто ништо не кажува за основните причини за војната,а особено за нејзините мотиви и цели.

Францускиот социолог Гастон Буту во својата студија "Војна" за да ја дефинира војната,најпрвин прави обид да ги утврди разликите меѓу војната и другите облици на борба и насилство.Така на пример,во делот "Феноменот на војната - разграничување и дефиниција,тој констатира:

- дека за војната е карактеристично што таа претставува судир на воените идеи;

- дека претспоставува активен и организиран непријател;

- дека најзиниот најуочлив белег е - што е колективен феномен,а не индивидуален судир;

- дека војната е во служба на политичка група,додека индивидуалното насилство е во служба на личен интерес;

---

1) К.Рајт

- дека војната има правен карактер и дека во неа се применуваат правни норми од посебен вид;

- дека војната не е облик на вечна борба на сите против сите.

По сите овие,инаку сосема точни констатации,Буту војната ја дефинира на следниов начин:

"Можеме да заклучиме дека војната е облик на насилство чија е битна карактеристика методичност и организираност на групите што ја водат и како ја водат.Освен тоа,војната е ограничено со време и простор и е подредена на посебни правни правила кои се мошне променливи зависно од местото и епохата.Негова последна карактеристика е што е суров,зашто војната ако не опфаќа разурнувања и уништување на човечките животи,таа претставува само судир или размена на закани - Студената војна не е војна".[1)]

И оваа дефиниција,како и претходните ги уочува одделните карактеристики на војната како општествена појава,но не ја утврдува суштината на војната.

Во поновата врз марксизмот заснована социолошка мисла,посериозни обиди во дефинирањето на војната како тотална општествена појава прави полскиот социолог Ј.Вјатар.Според него, "војната е специфична форма на општествен судир меѓу политичките општества,која е подредена на политичките цели на страните во судирот и претставува продолжување на нивната дотогашна политика.Специфичноста на оваа форма на судир се состои во употрбата на средства на насилство,на начин кој е помалку или повеќе организиран,а често и во поврзано пројавување на антагони во праванта,психолошката и социолошката област спрема противничката група која се појавува во мошне интензивна мерка.Овој после-

1)

ден белег посилно се јавува во современите војни отколку во минатото.Кратко речено:Војната е состојба во општеството во која остриот надворешен или внатрешен судир што настанал од дотогашната политика се решава со средства на насилство".[1)]

Како што може да се забележи Вјатар во својата дефиниција инсистира на функционалната страна на војната како средство на политиката и доста е неодреден кога војната ја дефинира како општествен судир кој се решава со средства на насилство. Зашто,насилството може да биде оружено,но и без оружје,по пат на оружена закана,или по пат на оружено насилство во вид на државен удар,штрајкови,бунтови и слично.Меѓутоа,без оружена борба нема војна и само она насилство во кое доаѓа до оружена борба претставува војна.

Нашиот угледен социолог од областа на воената социологија Менсур Ибрахимпашиќ,војната ја дефинира на следниов начин:

"Војната е продолжување на политиката со оружена борба на државите,или непосредно на класите или етничко-националните заедници,како крајно средство за остварување на определени цели,при што војната како облик на пројавување на општествените противречности и сама станува чинител на политиката".[2)]

Вредноста на оваа дефиниција е во тоа,што укажува дека целеисходноста на војната произлегува од политиката на завојуваните страни,што војната ја прави средство на политиката,дека оружената борба е "специфика диференција",по што војната се разликува од другите општествени судири,и дека војната како облик на пројавување на општествените противречности и како средство на нивното разрешување е производ на досегашниот раз-

1)Ј.Вјатр,Социологија војске,Варшава,1964 година,стр.45.
2)Менсур Ибрахимпашиќ,Друштвена природа општенародног одбрамбеног рата,Висока војно-политичка школа ЈНА,1976 година,Београд, стр.62.

вој на човечкото општество во кое поделбата на класи е основна општествена противречност,а класната борба основна движечка сила на историјата,па поради тоа,таа борба во крајна инстанца е и основна причина за војната.

Оваа дефиниција во основа ги содржи сите суштествени елементи на поимот и содржината на војната.Меѓутоа,во неа сепак,не се изразени некои битни елементи – нејзината тоталност, комплексност и интензивност.

Врз основа на изнесените гледишта и критичкиот осврт кон нив,би можело да се заклучи дека поимот,содржината и општествената суштина на војната ја сочинуваат следниве конститутивни елементи:

(1) војната,како што вели Меринг,[1] не е некоја изолирана појава надвор од нормалниот тек на работите,туку таа е само специфичен облик на решавањето на општествениот судир кој настанал како последица на претходните општествени процеси – политички односи,што на војната и дава карактер на средство на продолжување на поранешната политика со "други" средства;

(2) до војна,во прнцип,доаѓа само тогаш,кога општествените противречности меѓу државите или општествените групи толку се заостриле што не можат на друг начин да се разрешат освен со оружена борба;

(3) Во основата на општествените противречности и судирот на завојуваните страни лежи определен политички и економски интерес на определената класа;

(4) оружената борба е главна содржина на војната и претставува "специфика диференција",по што војната се разликува од другите општествени судири;

(5) војната не е обичен оружен судир,туку масовен

1) Ф.Меринг,Огледи из историје ратне вештине,"Војно дело" Белград,1955 година,стр.353.

интензивен и тотален општествен судир.

Изложените констатации упатуваат на заклучок дека војната би можела да се дефинира како тотален,масовен и интензивен судир меѓу државите или различни општествени групи во рамките на една држава,во кој поради длабоките општествени противречности масовно и организирано се води оружена борба со истовремена борба и во сите други општествени активности.Војната се води заради остварување на определени економски или политички интереси на владеачката класа.

### 3.ЕВОЛУЦИЈА ВО ПОГЛЕДИТЕ И СФАЌАЊАТА ЗА ПОТЕКЛОТО И ОПШТЕСТВЕНАТА СУШТИНА НА ВОЈНАТА

Војната како еден од најразурнувачките општествени процеси со своите драматични текови и последици со векови го привлекувала вниманието на научната мисла,при што во средиштето на тоа интересирање се наоѓале главно прашањата: што е тоа војна, кога таа настанала,кои се причините што доведуваат до војна,каква е нејзината улога во развојот на општеството и кога таа ќе исчезне од лицето на земјата.

Во потрагата по одговор на овие и други прашања создадени се бројни теории за војната како општествен феномен,кои, всушност,го оцртуваат патот низ кој се пробивала научната мисла до научно осознавање на војната.

Марксистичката научна мисла,како мисла на работничката класа чии историски интерес е надминување на класното општество го трасира патот кон ослободување на човекот од мистификациите на класното општество и научно осознавање на општествените законитости,а со тоа и научно осознавање на потеклото и општествената суштина на војната.

Такви услови марксизмот создаде,покрај другото,и со својот критички став и однос спрема другите сфаќања и теории за

војната.Заради потемелно разбирање на суштината на марксистичкото сфаќање на војната,неопходно е да се укаже на некои битни карактеристики на немарксистичките сфаќања и теории,кои на определен начин се уште егзистираат во современите теории за војната

## 3.1.Сфаќањата за потеклото и суштината на војната во предбуржоската епоха

За сфаќањата на војната во стариот век е карактеристично што војната се сметала "за природна состојба во односите меѓу народите и државите и како вечен поредок на работите на овој свет".Ваквото сфаќање произлегувало од фактот што се работи за период на робовладетелскиот општествен систем во кој робовите биле основно средство за производство,а бидејќи робовите не се женеле,односно мажеле,војната била единствен начин да се дојде до робови и на тој начин да се обезбеди одржување на системот.

Еден од најзначајните мислители од периодот на раниот робовладетелски систем е познатиот мислител на стара Кина Сун-Цу-Ву,кој живеел во V век пред н.е. и кој во своето познато дело "Вештината на војувањето",меѓу другото,забележал дека "војната претставува големо општествено дело од што зависи судбината на државата,нејзиниот живот и смрт".[1] Со тоа,Сун-Цу-Ву укажал на големата општествена улога на војната.

За сфаќањата на војната во стариот век,во периодот на поразвиени робовладетелски држави,нешто повеќе сознанија даваат мислителите на античка Грција - Хераклит,Платон,Аристотел,Тукидид и други.

Хераклит како еден од создавачите на наивната дијалектика своите сфаќања за војната ги гради врз основа на својата филозофска концепција според која моторна сила во развојот на светот е борбата на спротивностите."Се настанува од борба. Различното се собира и од различните работи се создава најубава

1) Сун Цу,Вештина ратовања,Београд,1952 година,стр.47.

хармонија".[1] Таква хармонија,според Хераклит,може да се оствари доколку во општеството постои поделба на општествените улоги,така што поделбата на општеството на робови кои произведуваат и слободни луѓе на кои им останува време да се занимаваат со филозофија,астрономија и другите науки,според него е нормална и природна состојба.Тој ги одобрува војните кои се водат за стекнување на робови,но тој не е апологета на војната и не ја препорачува војната за постигнување на општествена хармонија.

Платон е еден од првите мислители на античка Грција кој нешто повеќе се занимава со проблемите на војната и нејзината поврзаност со политиката и државата.Своите ставови во однос на војната,Платон доста јасно ги изложува во трудовите "Држава" и "Закони",а делумно и во труфовите "Горгија" и "Федон".

Платон војната ја смета "за природна особина на народите",а војувањето за постојана и неопходна задача на државата. Неговото сфаќање за војната би можело да се спореди со современото сфаќање во однос на хипотезата дека еден ден ќе дојде до термичка смрт на космосот и со тоа до уништување на Земјата.И тука не може ништо да се стори.Човекот е немоќен да ја спречи оваа појава.

Платон доста јасно ги уочува вистинските општествени причини за војната кога вели "ако ние посакаме од нашиот сосед да одземеме парче земја,или тој посака да земе парче наша земја,како резултат на тоа доаѓа до војна".[2]

Аристотел како ученик на Платон,исто така,војната ја сметал како нешто неизбежно - како нормална и природна состојба во односите меѓу народите и државите.Како и Платон и тој се обидувал да ги утврди општествените цели кои ја оправдуваат војната.Според него,оправдани се само оние војни кои се водат

1) Цитирано според:Мјачеслав Михањек,Морал и рат,ВИЗ,Белград,1979 година,стр.

2) Цитирано според:Славко Мркиќ,Рат у социо-политичким теоријама,Висока војнополитичка школа ЈНА,1973 година,стр.5.

за осигурување на мирот,одбрамбените војни и војните за стекнување на имот,во смисла на поправедна распределба на општествените богатства.

Тукидид како војсководител и еден од објективните историчари на античка Грција дава најопстојна оценка за општествената улога на војната и нејзините причини.Во својот труд "Пелопонеската војна" тој дава мошне детални објаснувања за општествените прилики во времето на водењето на оваа војна,како и причините за војната.Тукидид причините за пелопонеските војни ги гледа во "жестоките потреси" кои ја зафатиле земјата,во големите суши кои предизвикале "страшна глад и тешки болести". Според него,причините кои доведуваат до војна се главно "понекогаш стравот од посилниот сосед,понекогаш честа,но најчеста причина за војните е материјалната корист - плодната земја,поволната географска положба,морски брег и слично".[1)]

Како општ заклучок за сфаќањата на војната во стариот век би можело да се каже дека во овој период војната се сметала за нормална и природна состојба во односите меѓу народите и државите,дека ваквото сфаќање произлегувало од општествената природа на робовладетелскиот систем во кој робовите се основно средство за производство и општествена репродукција на системот,и дека античките мислители ја уочуваат општествената природа на војната,односно дека војната се води заради остварување на определен економски интерес.

Сфаќања за војната во средниот век.Во средниот век доминантно место во сфаќањата за војната имаат теолошките сфаќања.Општа карактеристика на овие сфаќања е што војната се тол-

1) Пошироко:Тукидид,Пелопонески рат,"Матица Хрватска",Загреб,1957 година,стр.14-57.

кува како израз на божјата волја.Основен белег на теолошките сфаќања за војната дава христјанската религија.

Иако раното христјанство спаѓа во периодот на стариот век,заради интегрално разгледување на сфаќањата на христјанството за војната и овој период ќе го разгледуваме во рамките на теолошките сфаќања за војната.

Раното христјанство и првите христјански мислители најостро ја осудувале војната како акт на насилство.При тоа,тие тргнувале од осудувањето на секое насилство како спротивно на христјанските принципи,а особено на принципот "не убивај".Ваквите ставови на христјанската религија во овој период произлегувале,пред се,од општествената положба на тогашните приврзеници и следбеници на христјанската религија - робовите,кои биле немоќни спрема неправдата,експлоатацијата и насилството.Попознати мислители од ранохристјанскиот период кои исцело ја негирале војната како и секое друго насилство се:Тертулијан,Лактанцие,Јустин,Папие и други.[1)]

Тертулијан во своите трудови ја потенцира несогласноста на војната и воената служба со моралот на христјанството.Во врска со тоа,тој вели:"Смее ли христјанин да се служи со меч, ако Спасителот рекол дека оној што со меч се служи од меч и ќе загине".Врз основа на ваквите сфаќања христјаните не ретко одбивале да служат во римските легии,поради што биле остро казнувани.

Лактанцие изјаснувајќи се против секоја војна во своите трудови укажува дека доброто на целото човештво бара да не се учествува во војна која се води во интерес на државата.Според него,"убивањето на човек во какви и да е околности е злосторство и во забраната на убивање не може да има никакви ис-

1) Пошироко,Мјачеслав Михаљек,оп.цит.стр.16-47.

клучоци".

Со ваквите ставови и сфаќања христјанството во општествените односи внесува нови морални норми и вредности,како на пример: почитување на индивидуалниот живот,чувствителност кон убивање и човечката крв,општа благост во однесувањето на луѓето и слично.Меѓутоа,сите овие морални норми и вредности христјанството ги одвојува од реалниот живот.

По краткиот период на апсолутна негација и неприфаќање на војната,христјанската религија морала да "еволуира" и да ги менува првобитните ставови и сфаќања и својата доктрина да ја прилагодува кон новонастанатите услови во римската држава. Имено,веќе во третиот век,христјанската религија која порано била религија само на робовите,постапно станала и религија на највисоките личности и великодостојници на римската држава.Во такви услови црковната елита морала да обликува нови погледи кон државата,а во тој контекст и нови погледи кон војната,како признаено право на државата.На определен начин доаѓа и до промени во односот на римската држава спрема христјанската религија.Врвна точка во промените на тие односи на римската држава спрема христјанството претставува изјавата на константин Велики,кој победата врз својот сопарник Максенцие 312-та година, му ја припишува на христјанскиот Бог.[1)]

Константин Велики радикално го менува односот на римската држава спрема христјанството,што доведува и до промени на христјанството спрема римската држава и војната и мирот.

Пресвртница на патот од апсолутно негирање на војната па до усвојување на определени формули со кои војната се прифаќа како "нешто што не му е спротивно на Господа",претставуваат трудовите на Августин и Тома Аквински,чие објаснување и

1) Пошироко:Мјачеслав Михаљк,оп.цит.стр.16-22.

толкување на војната произлегува од нивната теорија за божја и земска држава.Имено,според оваа теорија,"божја држава на земјата е онаа што ги штити интересите на бога,т.е.на христјанската црква.Војните што се водат во интерес на таквата држава се всушност војни на верниците против неверниците,па затоа се праведни војни.Другите војни се неправедни".[1)]

Од периодот кога црквата се здобива не само со духовна,туку и со световна власт,таа како најголем феудалец и самата води голем број војни.

## 3.2.Граѓански теории и сфаќања за потеклото и општествената суштина на војната

Буржоаската епоха,како и во другите области од општествениот живот,доведе и до поширокo проучување на војната како општествена појава.

Голем број напредни граѓански мислители и филозофи искрено се бореле против војната како средство за преметнување меѓу народите,верувајќи дека здравиот човечки разум може да ја спречи војната.Во своите размислувања и расправи тие најчесто се раководеле со идеалистички илузии не сфаќајќи ја општествената суштина на војната.

Наспроти релативно малиот број на граѓански мислители кои се бореле против војната,во граѓанското општество истакнато место заземаат главно мислителите и филозофите кои се обидуваат да ја оправдаат војната.Врз таа основа се создадени бројни теории чија заедничка цел е да се докаже оправданоста на војната и нејзината корисност за општеството.Ваквите стојалишта произлегуваат од тоа што младата буржоаска класа во борбата за нови општествени односи води голем број војни за рабивање на малите феудални држави,а потоа и борба за поделба на светот.

1) Пошироко да се види:Д-р Радомир Лукиќ,Историја политичких и правних теорија,"Научна књига",Белград,стр.174-207.

Меѓу попознатите граѓански теории за војната спаѓаат: етичката,билошката,демографската,геополитичката,космополитската и други.

Етичката теорија за војната - војната ја разгледува од чисто етички аспект,односно од аспектот на доброто и злото.Во рамките на оваа теорија развиени се два правца: теории и сфаќања кои ја одобруваат војната и војната ја сметаат за висок морален чин и теории и сфаќања кои ја осудуваат војната и војната ја сметаат за неморален чин.

Приврзениците на сфаќањата кои ја одобруваат војната, војната ја сметаат не само како "природна состојба во односите меѓу народите и државите",туку тие војната ја препорачуваат како средство за јакнење на моралот на народите и нациите.Според нив,војната претставува "почеток на високиот морал во животот на нарадоте,додека вечниот мир е штетен и го забавува општествениот развиток".

Следбеници на вакви сфаќања среќаваме од античката мисла па се до денес.Меѓу позначајните граѓански мислители,застапници на ваквите сфаќања и теории се:Вилхем Лајбниц,Рудолф Штајнмец,Фридрих Ниче,Георг Хегел и други.

Вилхем Лајбниц - германски филозоф и математичар (1646-1716),оправдувајќи ја војната како висок морален чин, вели: "вечниот мир е можен само на гробишта".[1]

Рудолф Штајнмец - познат холандски социолог (1862-1940),величајќи ја војната како висок морален чин тврди: "дека резултатите на вечниот мир би биле дегенерација на народите, мрзливост,слабост и корупција".[2]

Фридрих Ниче - германски филозоф (1844-1900),во сво-

---

1) Цитирано според:Група автори,Теорија о рату,ВИЗ,Белград, 1976 година,стр.24.
2) Исто.

јот познат труд "Така зборуваше Зартруста",меѓу другото,вели:" Треба да го сакате мирот како средство за нови војни...Доколку се откажувате од војна се откажувате од големиот живот воопшто".[1]

Георг Хегел - еден од најзначајните претставници на германската класична филозофија,спаѓа,исто така,во ред на оние мислители кои ја одобруваат војната,макарште некои автори тоа го оспоруваат.Инаку е позната неговата мисла дека "слично како што движењето на ветерот го чува езерото од учмаеност и гнилеж,до што би го довела некоја трајна тишина,така трајниот мир,или дури вечниот мир би ги довел народите во слична положба.".[2)]

Приврзениците на втората насока кои ја осудуваат војната,сметаат дека војната е неморален чин.Меѓу најистакнатите претставници на оваа насока е Емануел Кант,основач на германскиот класичен идеализам.Тој исцело ја негира војната и се залага за светски мир,кој според него е можен и реален.Меѓутоа,основна слабост на учењето на Кант е во тоа,што како и другите идеалистички теории,причините за војната и нејзината суштина ги бара во идејната сфера,а не во сферата на материјалните односи и класните разлики.Но,сепак,негова е голема заслуга што со своето учење даде морална осуда на војната и што ја негира нејзината вечна природа.

Врз основа на филозофските сфаќања на Кант и некои други хумансити во однос на војната,во текот на XIX век се оформи и се разви своевидно антивоено движење наречено пацифистичко движење.Идејната основа на ова движење ја сочинува осудата на секоја употреба на физичка сила во општеството,како и негирање и осуда на секоја војна без оглед на причините и нејзините цели.Со таквите ставови пацифизмот ги негира и праведни-

1) Ф.Ниче,Тако је говорио Заратрустра","Младост",Загреб, 1962 година,стр.46.
2) Цитирано според,Теприја о рату",оп.цит.стр.26.

те војни,како и борбата на работничката класа против класното угнетување.

Во современите граѓански теории и сфаќања за војната се помалку има отворени приврзеници на војната.Меѓутоа,сепак,не е мал бројот и на оние кои настојуваат да изнајдат нови "аргументи" за оправдување на современите војни.Така на пример,со теориите за загрозеноста на "слободниот свет" од "комунистичката опасност" се настојува интересите на империјализмот да се прогласат за највисоки морални вредности.

Биолошките теории за војната се појавија како последица на силниот развиток на Биологијата и нејзиното влијание врз општествената мисла во XIX век.Биологизмот во општествените науки претставуваше,всушност,обид за надминување на теолошките сфаќања на светот и општеството и требаше да се претстави како научна мисла за општеството издигната на ниво на егзактна наука.Меѓутоа,примената на биологизмот во општествените науки,вклучувајќи ги тука и сфаќањата за потеклото и суштината на војната,требаше да послужи само како нов аргумент на буржоаската идеологија за оправдување на војната.

Во објаснувањето на потеклото и суштината на војната овие теории тргнуваат од природното потекло на човекот,тврдејќи дека во човечкото општество владеат истите оние законитости кои владеат и во животинскиот свет.Со тоа,тие механички ги пренесуваат законитостите од животинскиот свет на човечкото општество.

Суштината на оваа теорија е изразена во тврдењето дека "причината за војната секогаш ќе се крие во самата природа на човекот и војната нема никогаш да исчезне од лицето на земјата се додека постои човекот,нејзиниот предизвикувач".[1]

1) Збирка чланака из стратегије,ВИЗ,Белград,1961.стр.22.

Анализирајќи ги состојбите на времето во кое живеел, англискиот филозоф Томас Хобс доаѓа до заклучок дека човекот по својата природа е егоистично суштество.Според Хобс,нагонот за самоодржување раѓа кај човекот стремеж за стекнување на што повеќе материјални богатства и развивање на својата моќ за сметка на други луѓе.Поради тоа,вели Хобс,луѓето неизбежно стануваат меѓусебни непријатели што ги доведува во состојба која се наречува војна,и тоа војна на секој човек против секој друг човек.[1]

Ваквите сфаќања,со кои се настојува законитостите од животинскиот свет механички да се пренесуваат и на човечкото општество,во основа ги занемаруваат суштинските разлики меѓу човекот,како историско суштество,како суштество за себе во однос на сиот друг жив свет.Тие го занемаруваат фактот дека во општеството,покрај природните закони,владеат и општествени законитости.

Социјал-дарвинистичката теорија за војната е една од најраспространетите варијанти на биолошката теорија.Нејзината суштина се состои во тоа,што се обидува учењето на Дарвин за борбата за опстанок и природно одбирање во животинскиот свет, механички да го пренесе како законита појава и во човечкото општество.Основата на оваа теорија се засновува врз тврдењето дека основата на севкупната досегашна историја на човечкото општество ја сочинува борбата за опстанок како просто продолжување на борбата за опстанок која владее во животинскиот свет.

Најекстремни претставници на оваа теорија се Лудвиг Гумпловиц и Рудолф Штајмец.

Лудвиг Гумловиц - австриски социолог (1838-1909),смета дека законитости кои владеат во човечкото општество,всушност,

1) Томас Хобс,Левијатан,"Култура,Белград,1961 година, стр.108.

претставуваат непосредно продолжување на законитостите кои владеат во животинскиот свет.Заради тоа,според него,војните меѓу народите и државите се законита појава и се исто толку неминовни колку е законита и борбата за опстанок меѓу животните.[1)]

Рудолф Штајнмец - холандски социолог,застапува слични ставови како и Гумловиц.Според него,војната не е ништо друго туку доследно применување на принципите на борбата за опстанок, кои во различни форми непрестајно дејствуваат во општеството. Во борбата за самоодржување,вели тој,човекот морал најпрвин да се бори против природните сили,потоа,против животните и,најпосле самите луѓе.[2)]

Расната теорија за војната е една од најгрубите варијанти на биолошката теорија.Појдовна основа на оваа теорија е дека човечките раси не се разликуваат само по своите морфолошки особини,туку и по психолошките и умствените способности.Врз основа на вака поставената теза развиена е теорија за постоењето на "повисоки" и "пониски" раси.

Развивајќи ја понатаму оваа теза,тие тврдат дека поради своите биолошки (врдоени) особини "повисоките раси" се умствено поспособни да го организираат својот живот,заради што "повисоките" раси биле создавачи на човечката култура и цивилизација,додека "пониските"раси,заради своите биолошки особини се помалку способни да го организираат својот живот,па заради тоа останале на понизок степен на економски и културен развој. Ваквите тврдења,во секој случај,не заслужуваат некој поширок коментар,бидејќи е сосема познато,дека носител на историјата и културата е народот кој се создава со човечкиот труд,а не со самото раѓање.

---

1) Руди Супек,Херберт Спенсер и биологизам у историји,"Матица Хрватска",Загреб,1965 година,стр.78.
2) Пошироко:Теорија за војната,група автори,ВИЗ,Белград, 1976 година,стр.28-34.

Расната теорија им послужи на нацистите во Германија до апсурд да ја развијат теоријата за германската нација како "најчиста" ариевска раса,која е предодредена да управува со народите од "пониските" раси.Опиени со расната идеологија Германците и нивните фашистички сојузници,во многу окупирани земји во текот на Втората светска војна вршеа стерилизација на населението од "пониските" раси и на најсвиреп начин убиваа милиони луѓе,меѓу кои и шест милиони евреи.

И покрај сите досегашни искуства и штетни последици, теоретичарите на расизмот и денес со различни средства настојуваат да докажат дека одделни белези,карактеристични за одделни раси како што се бојата на кожата,обликот на черепот и слично, претставуваат доволен доказ за супериорноста,односно инфериорноста на одделни народи и региони.

Како општ заклучок за биолошките теории за војната би можело да се каже дека основната карактеристика на овие теории е,преку наводно научно утврдени факти за потеклото и суштината на војната да се докаже:

(1) дека војната му е вродена особина на човекот и на тој начин да се оправда војната "како вечен закон и природна особина на човекот",и

(2) врз таа основа да се создава и развива свест за неминовноста на постоењето на војната во односите меѓу народите.

Малтусова теорија за војната.Името го добила по англискиот свештеник и економист Томас Малтус (1766-1834).Причините за војната Малтус ги бара во пренаселеноста на земјата.Според него населението се зголемува по геометриска прогресија,додека изворите на храна се зголемуваат по аритметичка прогресија што доведува до диспропорција меѓу популацијата и изворите

на храна. Врз основа на тој "факт",Малтус тврди дека во светот владее "закон" на апсолутна пренаселеност.За да може човештвото да опстане мора да се воспостави рамнотежа меѓу бројот на населението и производтвото на храна.Според него,војната е еден од најважните начини за воспоставување на таква рамнотежа,бидејќи таа во поголема мерка го ублажува трендот на порастот на населението,отколку што го забавува производството на храна.[1)]

Теоријата на Малтус онака како што тој ја поставил одамна е надмината со самиот развој на општеството,зашто во времето на Малтус на Земјата имало околу 700.000.000 луѓе,кои, општо земено,живееле многу полошо отколку сегашниве 4,5 миљарди. Меѓутоа,денес се појавуваат некои нови теории кои се движат околу неговата основна идеја,со кои се настојува демографската експолозија во земјите во развој да се прикаже како нова опасност за избивање на војни.Имено,некои современи научници меѓу кои англичанецот Хаксил,американецот Фогт,французинот Буту и други, тврдат дека големата популација во земјите во развој го загрозува биолошкиот потенцијал кој,според нив,"веќе сега не обезбедува нормална исхрана на целокупното население".

Точно е дека високата популација во неразвиениот дел на светот може да претставува извор на многу економски,политички и социјални проблеми.Но,исто така е точно и тоа дека не станува збор за исцрпување на биолошкиот потенцијал,туку,пред се, за неправилна распределба на постојниот биолошки потенцијал на Земјата.Покрај тоа,целата досегашна историја покажува дека војните ги покренувале главно оние општествени сили кои најмалку биле загрозени со недостиг од храна.

1) За Малтусовата теорија пошироко:Т.Ѓукановиќ,Гладни и сити у свету,"Документи данашњице",број 3,Белград,1966 година.

Геополитичката теорија за војната се јавува уште во античката мисла,но како целосно учење се разви во почетокот на XX век,за да во Втората светска војна најконсеквентен израз добие во империјалистичките освојувања на фашистичките сили - Германија,Италија и Јапонија.

Идеолозите на геополитичката теорија за војната тргнуваат од еден во основа вистински факт - дека карактеристиките на географскиот простор на кој што живеат одделни народи има определено влијание врз развојот на тој народ,неговото општествено организирање и меѓусебните односи.Но во објаснувањето на тоа влијание,тие го апсолутизираат значењето на географскиот фактор и изведуваат погрешни заклучоци.Според нив,поради различни историски и други причини,некои држави и народи имаат премногу а некои премалку животен простор.Поради тоа,причините за војна најчесто лежат во настојувањето на оние држави што немаат доволен простор да се прошират надвор од своите граници.[1)]

Според геополитичарите,"меѓу државата и нејзиниот географски простор постои органско единство во кое решавачко влијание му припаѓа на просторот.Просторот има битно влијание врз националната култура,националниот карактер и психологијата на народот воопшто".[2)] Заради сето тоа,државата мора да и обезбеди на нацијата таков простор кој по својот геолошки состав и големината ќе биде доволен за нејзиниот нормален развиток,и кој со својата географска положба и конфигурацијата на земјиштето ќе обезбедува сигурност од нападите однадвор.Доколку тоа не е случај,идеолозите на геополитичката теорија и налагаат на државата тоа да го обезбеди макар и по цена на прислино поместување на постојните државни граници."Целата светска историја претставува

1) Мала политичка енциклопедија,"Савремена администрација", Белград,1966 година,стр.355.
2) Исто.

борба на народот за животен простор – вели еден од познатите геополитичари професорот Сталмеш.Според него,секој народ е должен најпрвин да го искористи својот сопствен простор.Но кога ќе се доближи до границите на овие можности поради порастот на населението,тогаш народот има право да освојува нов животен простор.Тоа е тогаш праведна и од Бога и од природата оправдана војна".[1)]

Тргнувајќи од наведените констатации,геополитичката теорија,покрај другото,служеше и се уште служи за "научно фундирање" на експанзионистичките и хегемонистичките стремежи на одделни империјалистички и хегемонистички сили.Особено големи приврзеници оваа теорија имаше меѓу германските нацисти – Хитлер,Химлер и познатиот геополитичар Хаусхофер.[2)] Тие отворено го повикуваа германскиот народ во агресивна војна тврдејќи дека до суровини и други материјални богатства,покрај со трговија, може да се дојде и со освојување на туѓи територии.

И денес голем број воени теоретичари и политичари од блоковските структури настојуваат присуството на странските трупи на туѓи територии,па и водењето на некои војни,да го оправдуваат со геополитички причини.

Космополитската теорија за војната е друга крајност на геополитичката теорија.Таа причините за војната ги бара во постоењето на државните граници.Тие се залагаат за укинување на државните граници и создавање на светска заедница без граници, што во современиве услови претставува чиста утопија.

### 3.3.Современи теории и сфаќања за војната

Современите теории и сфаќања за војната е речиси не-

---

1) Цитирано според: Р.Живковиќ,Људско друштво и расна теорија,Загреб,1937 година,стр.83.

2) Карл Хаусхофер (1869-1946) германски генерал,професор по географија на Минхенскиот универзитет во време на нацизмот водечки теоретичар меѓу геополитичарите.

возможно да се изложат како целосен систем,зашто поради својот прагматичен карактер тие брзо еволуираат и не можат теоретски да се втемелат.Меѓу најраспространетите теории за примената на сила и војна во современите меѓународни односи се: теоријата за непомирливите идеолошки спротивности и теоријата за стекнати права.

Теоријата за непомирливите идеолошки спротивности како теоретска основа за оправдување на растечката примена на сила и војна во современите меѓународни односи своја полна афирмација и содржина доби непосредно по Втората светска војна во Соединетите Американски Држави.Таа беше изразена во мошне развиената антикомунистичка кампања,која во педесетите години прерасна во антикомунистичка хистерија.Антикомунизмот како основа на теоријата за непомирливите идеолошки спротивности претставуваше најсилен "аргумент" за севкупната активност на најреакционерните сили на современиот империјализам во борбата за спречување на прогресивните процеси во современиот свет.Оваа теорија претставуваше основа за острата конфронтација меѓу Исток и Запад и разгорување на студената војна.

Теоријата за непомирливите идеолошки спротивности имаше свои привrзеници,а и денес ги има,и во догматските сили на некои социјалистички земји,кои тргнуваат од тоа дека со сила и војна однадвор може механички да се шири и да се зацврстува социјализмот.

Во целост земена,оваа теорија со идеолошки мотиви и причини настојува да ја оправдува севкупната активност на империјалистичките и хегемонистичките сили во нивната борба и конфронтација против прогресивните процеси и промени во современиот свет.И двете блоковски сили идеологијата ја земаат како нешто апстрактно,а не како кондензиран израз на економските и по-

литички интереси.Штетноста на оваа теорија е особено во тоа што блоковските сили настојуваат својата севкупна политика од позиција на сила и секоја примена на воената сила да ја оправдаат со идеолошки мотиви и идеолошки спротивности.Механизмот за манипулирање со "идеологијата" е добро познат.Така на пример,Соединетите Американски Држави,најпрвин "утврдија" дека "комунизмот е непријател на сите човечки права и слободи - синоним за тоталитаризам и диктатура".Во името на "слободата и човечките права",тие антикомунизмот го прогласија како основно начело на својата вкупна политика.Од едно такво начело произлезе потребата и правото на уништување на комунизмот насекаде и со сите средства,за да на крајот под поим на "комунизам" се подведе се она што на САД и другите развиени капиталистички земји им пречи во остварувањето на својата империјалистичка политика - од националноослободителните стремежи на поробените и експлоатираните народи,па до барањата за промени во меѓународните политички и економски односи.

Кога е во прашање манипулирањето со "идеологијата" од Страна на Советскиот Сојуз и некои други социјалистички земји,таму,на пример,најпрвин се утврдува една ноторна вистина дека империјализмот е најголем непријател на социјализмот,за да со тоа се дојде до следната ноторна вистина дека социјализмот има право да се брани од империјализмот и неговите обиди за рестаурирање на капитализмот во социјалистичките земји.Потоа, следи ставање на знак на еднаквост меѓу социјализмот и политиката на Советскиот Сојуз како "водечка" социјалистичка земја,и тука престанува секаква вистина,за да се дојде до заклучок дека е право и должност на Советскиот Сојуз или на Варшавскиот договор на чие чело се наоѓа,да го брани социјализмот од импе-

ријализмот,како и од сите други можни "искривувања".Од таквите конструкции па до евентуална оружена агресија доколку во некоја земја е "загрозен",или "искривен" социјализмот недостасува само чекор.А кога се интервенира во името на социјализмот,сосема природно,се очекува и полна солидарност на социјалистичките и сите други прогресивни сили,зашто "добро се знае на чија страна е доброто,а на чија злото".[1)]

<u>Теоријата на стекнати права</u> се повикува на тоа дека е суверено право на секоја држава со сите расположливи средства, вклучувајќи ја тука и војната,да ги штити стекнатите позиции во светот.Се работи за настојувања да се оправда примената на сила и војна во зачувувањето на колонијалните или неоколонијалните позиции на одделни земји во светот.Меѓутоа,колку и да е големо правото на секоја држава да ги штити стекнатите позиции во светот,уште е поголемо правото на секој народ да се бори за национално и социјално ослободување.Според тоа борбата на поробените и експлоатираните народи во ниеден случај не значи повреда на туѓи права,туку обид да се исправи историската неправда што на овие народи им била наметната од страна на поробувачите.

Теоријата на стекнати права се манифестира и во присвојувањето на правото на водечките блоковски сили со сите расположливи сили и средства да ги штитат своите подрачја на "виталните интереси",или пак да ги спречуваат дезинтеграционите процеси во рамките на сопствените блоковски структури.

Покрај теоријата за непомирливите идеолошки спротивности,теоријата на стекнати права имаше најширока примена во целиот повоен период како теоретска основа за оправдување на војните и воените интервенции што големите сили ги преземаа против колонијалните народи или во рамките на своите блоковски структури.

Покрај наведените теории денес се присутни и некои други прагматични теории како што се: теоријата за "превентивна војна",теоријата за "повисоките интереси" и слично,чија единствена цел е да се оправда примената на сила и војна.

Како општ заклучок за граѓанските и другите немарксистички теории за војната би можело да се каже дека тие се едностранчиви и неточни.

Едностраноста на граѓанските теории произлегува од фактот што тие причините за војната ги гледаат во некој посебно издвоен фактор,како решавачки фактор за војната и мирот.Иако факторите што се изнесуваат во овие теории несомнено имаат определено влијание врз војната,тие сепак немаат решавачко влијание.Од друга страна граѓанските теории било да ја оправдуваат или осудуваат војната не нудат никакви решенија за надминување на војната.

Неточноста како битна карактеристика на граѓанските теории за војната произлегува од фактот што сите тие причините за војната главно ги бараат надвор од општествените реалности и општествените односи - во натприродните сили,во демографскиот или географскиот фактор,во расните разлики и слично.

## 4.МАРКСИСТИЧКОТО УЧЕЊЕ ЗА ПОТЕКЛОТО И ОПШТЕСТВЕНАТА СУШТИНА НА ВОЈНАТА

### 4.1.Поим и општественото потекло на војната

Проучувајќи го човечкото општество и неговиот развиток класиците на марксизмот не можеле да го заобиколат ни феноменот на војната.Иако тие војната не ја разгледувале како посебна студија,тие феноменот на војната го објаснуваат интегрално, во контекст на своите студии за производството,класите и класната борба и револуцијата.

Врз основа на анализата на трудовите на класиците на марксизмот Маркс,Енгелс и Ленин,во кои макар и делумно ја зафаќаат и проблематиката на војната може да се заклучи дека тие успееле наполно да го расветлат и научно да го објаснат феноменот на војната.Според класиците на марксизмот војната не е ниту природна,а уште помалку натприродна појава,туку таа е општествена појава која настанала на определен степен од општествениот развиток,односно со појавата на вишокот на труд, приватната сопственост и поделбата на општеството на класи. Тоа значи дека војната не настанала со настанувањето на човечкото општество,како што тоа тврдат повеќето граѓански теоретичари,туку тогаш кога општествениот развиток довел до појавата на вишокот на трудот и приватната сопственост со што биле создадени услови војната да стане погодно средство за остварување на определени економски интереси на одделни општествени групи. Со тоа,класиците на марксизмот докажаа дека војната е историска појава,што значи дека на еден повисок степен од општествениот развиток на човечкото општество,кога ќе исчезнат условите кои довеле до нејзината појава (класната поделба на општеството) ќе исчезне и војната.

Научната заснованост на овие ставови на класиците на марксизмот најдобро можат да се согледаат од анализата на Енгелсовиот труд "Анти-Диринг",во кој разгледувајќи ги причините кои довеле до појавата на силата во односите меѓу луѓето, Енгелс,меѓу другото,констатира:

првo,за да поробувањето на човекот од страна на друг човек стане можно,неопходно е луѓето да го достигнале оној ниво во развојот на материјалното производство на кој веќе настапил определен степен на нееднаквост во распределбата на материјалните добра,што значи дека развитокот на производството го

надминал нивото на задоволувањето само на егзистенционалниот минимум на човечаката работна сила; и

второ,приватананата сопственост веќе морала да постои макар и во најограничена форма за да може да биде ограбена,односно за да со примена на сила би можела да го смени сопственикот.

Тоа значи,дури на оној ниво од развојот на материјалното производство кога човечката работна сила успеала да произведе повеќе од потребниот егзистенционален минимум,почнува да се појавува вишокот на труд и нееднаквост во распределбата.Дури тогаш се појавуваат и првите заметоци на приватната сопственост, а "човечката работна сила ја добива својата вредност".[1] Во тој момент кога човечката работна сила се здобила со своја вредност, се појавува и потребата од нова човечка работна сила надвор од гентилната заедница."Но расположливата,излишна,работна сила ја немало ни во сопствената заедница ни во сојузот на кој му припаѓала.Неа,меѓутоа,ја давала војната".[2]

Според тоа,дури тогаш кога поробувањето на човекот од страна на друг човек ја добие својата економска смисла и станува основен економски интерес на владеачката класа во настанување,се појавува и војната како најпогодно средство за остварување на тој класен интерес.

Ваквото стојалиште на класиците на марксизмот претставува предмет на најжестока критика од страна на граѓанските теоретичари,при што како еден од најсилните аргументи со кои таа критика се служи е тврдењето,а и фактот што војната во определени облици постоела и пред поделбата на општеството на

1) Фридрих Енгелс,Анти-Диринг,"Култура",Белград,1964 година,стр.219.
2) Исто,стр.219.

класи.

Таквата критика,меѓутоа,го занемарува фактот дека класиците на марксизмот тој факт воопшто не го превиделе,туку мошне детално го образложиле.Вистина,Енгелс во "Анти-Диринг" на едно место вели дека "војната е исто толку стара колку и едновременото постоењена неколку заедници едни покрај други".[1] Меѓутоа,во "Потеклото на семејството,приватната сопственост и државата",Енгелс уочува радикална разлика меѓу судирите во првобитната заедница и судирите во време кога човечкото општество почнало да се раслојува на класи."Војната која порано (во првобитната заедница - С.Д.) се водела само заради одмазда поради некое насилство или проширување на областа која станала недоволна" - вели Енгелс - "сега се води (во времето на класното раслојување - С.Д.) просто заради ограбување,станува постојана гранка на стопанисување".[2]

За да поцелосно се објасни вистинската општествена суштина на судирите во првобитната заедница неопходно е да се согледаат условите во кои живееле луѓето пред да започне нивната класна диференцијација.

"Онакви какви на почетокот излегуваат од животинското царство - во потесна смисла - луѓето влегуваат во историјата напола уште животни,сурови,уште немоќни спрема природните сили, уште незапознаени со своите сопствени сили,поради тоа и сиромашни како животни и едвам нешто попродуктивни од нив".[3] Од тогаш па низ целиот период на дивјаштвото а донекаде и во првиот степен на варварството,човечката егзистенција најнепосредно била зависна од плодовите што самата природа му ги давала.Човековото материјално производство на тој ниво од општествениот

1) Фридрих Енгелс,оп.цит.стр.119.
2) Фридрих Енгелс,Порекло породице,приватне својине и државе,"Култура,Белград,1967 година,стр.178.
3) Фридрих Енгелс,"Анти-Диринг",стр.217

општествениот развиток,всушност,се сведувало на собирање плодови од растителниот свет,лов и риболов.Според тоа,во првобитната заедница човекот можел да произведе само толку колку што му било потребно за одржување на голата егзистенција,а честопати ни толку.Затоа нема вишок на производи,нема приватна сопственост,ни присвојување на туѓ вишок на труд.Во такви услови судирите до кои доаѓало случајно немале за цел поробување и експлоатација,туку борба за опстанок.Тие само по некои надворешни белези имаат карактеристика на војна,но нивната општествена суштина е борба за опстанок,а не општествен однос.

Поради сите тие околности постои суштествена разлика меѓу судирите во првобитната заедница и класното општество,зашто првите се водат поради основни биолошки потреби и одржување на гола егзистенција,а војните во класното општество се водат заради присвојување на туѓиот вишок на труд.Затоа Енгелс со право констатира дека "ниската алчност била движечка сила на и цивилизацијата од нејзиниот прв ден па се до денес,нејзината единствена цел е богатство и уште еднаш богатство,и по трет пат богатство,но не богатство на општеството туку на таа оддел-на бедна индивидуа".[1)]

На крајот може да се заклучи дека основата на марксистичкото учење за потеклото и општествената суштина на војната ја чинат следниве констатации:

<u>прво</u>,дека војната е општествена појава која настанала како производ на појавата на вишокот на труд,приватната сопственост и поделбата на општеството на класи,односно кога за прв пат - како што вели Енгелс - "човечката работна сила ја добила

1) К.Маркс - Ф.Енгелс,Изабрана дела,том II,"Култура",Београд,стр.315.

својата вредност".

**второ**,дека постојат суштествени разлики меѓу судирите што се воделе во првобитното општество и војните во класното општество.Тие разлики се изразуваат,пред се,во следното:

- судирите во првобитната заедница по својата општествена суштина претставуваат борба за одржување на голе егзистенција,додека војните во класното општество се водат заради приграбување на туѓиот вишок на труд;

- во првобитната заедница секој возрасен член на племето бил истовремено и работник и вои.додека во класното општество за водење на војна се определуваат посебни членови на општеството - војници;

- во првобитното општество немало посебно оружје за за војна,туку судирите се воделе со алатките за работа,додека во класното општество војната се води со посебни за тоа наменети средства - оружје;

- во првобитната заедница до судири меѓу племињата доаѓало најчесто случајно,а судирите биле краткотрајни,додека во класното општество војните се планираат и имаат подолго времетраење.

**третто**, дека војната како и секоја друга историска појава ќе исчезне,кога ќе исчезнат и причините кои довеле до нејзината појава - приватната сопственост и поделбата на општеството на класи.Меѓутоа,тоа не значи,како што вели Кардељ,дека војната ќе исчезне кога ќе исчезне и последниот капиталист,туку тоа зависи од односот на силите.Според Кардељ,војната во современите општествени и меѓународни услови е "неизбежна ако силите на мирот се преслаби да ја спречат.Според тоа да се говори за неизбежноста на војната денес - значи само едно,имено реалистички да се оцени односот на силите меѓу реакцијата и современиот имепријализ

од една страна,и работничката класа и антиимперијалистичките сили,од друга страна,е таков што овој втор фактор не може да ја спречи војната".[1]

## 4.2.Класна суштина на војната - војната и политиката

Анализирајќи ги војните што човештвото ги водело во својата историја,класиците на марксизмот непобитно утврдија и докажаа дека сите војни што се водени во класното општество имаат класен белег и се водат во интерес на определена класа.

Во теоријата,а уште повеќе во практиката изразени се настојувањата класната суштина на војната да се замаглува со разни идеолошки и други мотиви и на тој начин да се прикриваат вистинските причини,мотиви и цели на оние сили кои ја започнуваат и ја водат војната.

Класниот карактер на војните како во минатото,така и во современите услови,најчесто се замаглува со тоа што војните се водат во името на државата која има противречен карактер и што во војната и на едната и на другата страна покрај класта на власт учествуваат и претставниците на другите класи и општествени групи.И токму тие околности ги наведувале,а и денес ги наведуваат граѓанските теоретичари на заклучок дека државата е вистински претставник на интересите на целата општествена заедница и дека во меѓудржавните војни се во судир интересите на сите општествени слоеви на завојуваните страни.

Меѓутоа,од стојалиштето на марксистичката теорија државата - иако таа истовремено се пројавува и како формален репрезент на сите општествени слоеви - "во сите типични периоди без исклучок е држава на владеачката класа",[2] па затоа владата која ја обликува и ја води државната политика,без оглед на тоа со каков облик на владење да се користи,таа секогаш ги изразува

---

1) Едвард Кардељ,Социјализам и рат,"Култура",Белград,1962 година,стр.35.

2) Фридрих Енгелс,Порекло породице,приватне своине и државе,стр.314.

во прв ред интересите на владеачката класа.

Фактот што во војните на страната на државата активно учествуваат и широките народни маси ни најмалку не го менува изнесениот заклучок.Зашто,учеството на потчинетите класи во војните што ги води државата е најчесто резултат на принуда со која државата обемно се користи преку државната регулатива,или на неорганизираноста на потчинетите класи и нивните класно-политички организации,или пак е резулат на конформизам и индоленција кои видно се манифестираа кај работничката класа на некои развиени земји како последица на релативно високиот стандард.

Класната суштина на војната уште повеќе ја расветлува поврзаноста и односот меѓу војната и политиката.На оваа поврзаност,како што е веќе речено,прв укажал германскиот воен теоретичар Карл фон Клаузевиц.Според него,"војната не е ништо друго туку продолжување на државната политика со други средства".[1) За Клаузевиц војната е секогаш само средство на политиката и како таква таа не може да се замисли без политиката.Клаузевиц, поправо,само во еден случај гледа можност за престанок на влијанието на политиката врз текот на војната,а тоа е "кога војната од чисто непријателство би претставувала борба на живот и смрт".[2)

Изложените ставови на Клаузевиц за поврзаноста и односот меѓу војната и политиката прифатени се главно од страна на сите теоретичари кои се занимаваат со оваа проблематика и, како такви тие ставови имаа силно влијание на севкупната теорија за војната.

"Марксистите со право" - вели Ленин - "секогаш ја сметале оваа поставка (на Клаузевиц - С.Д.) за теоретска основа на погледите на значењето на секоја војна.Маркс и Енгелс токму

1) Карл фон Клаузевиц,оп.цит.стр.35.
2) Исто,стр.292.

од тоа стојалиште ги разгледувале различните војни".[1)]

Веќе од самата појава на тезата на Клаузевиц дека "војната не е ништо друго,туку продолжување на државната политика со други средства",во рамките на теоријата за војната се водат обемни расправи околу прашањето дали војната е продолжување само на надворешната или и на внатрешната политика.Во граѓанските теории преовладува сфаќањето дека војната претставува продолжување само на надворешната политика,со што всушност се настојува да се прикрие и замагли класниот карактер на политиката и класната суштина на војната.Таквите сфаќања се очигледно еднострани,што и инаку е карактеристика за граѓанските теории за војната.Едностраноста на ваквите сфаќања не е тешко да се докаже ако се има предвид дека досегашната светско-историска практика не познава само меѓудржавни војни,туку и внатрешни - граѓански војни.Таквите војни во никаков случај не би можеле да бидат продолжување на надворешната,туку само на внатрешната политика.

Ваквите сфаќања настојуваат наполно да го негираат постоењето на дијалектичко единство меѓу надворешната и внатрешната политика,односно дека надворешната политика во својата суштина е рефлексија на внатрешната политика.Заради тоа,примената на сила и војна,како во внатрешните така и во меѓународните односи е производ,пред се,на внатрешните односи и внатрешната политика.

Тоа,можеби,најдобро може да се види од примерот на повоената политика на САД.Нема сомневањево тоа дека повоената надворешна политика на САД изразена во напуштањето на политиката на изолационизам и ориентацијата на политика на интервенционизам е производ на низа надворешни околности,како на пример:

1) В.И.Ленин,Војна дела,ВИЗ,Белград,1952 год.стр.160

огромното нараснување на социјалистичките сили,распаѓањето на класичниот колонијален систем,немоќта на европските империјалистички сили да им се спротиставaт на прогресивните движења и слично.Но,исто така,нема сомневање и во тоа дека тквата надворешнополитичка ориентација беше иницирана, во прв ред,со внатрешните општествено-економски движења - со стопанскиот развој на САД и нараснатата економска сила која доведе до огромна пенетрација на американскиот капитал во стопанствата на многу земји и надвор од американскиот континент.Таквите внатрешни општествено-економски движења наметнуваа потреба од ширење не само на економското туку и на политичкото влијание на САД надвор од американскиот континент.

Тоа значи,дека поврзаноста на надворешната и внатрешната политика со војната е обусловена со тоа што обете,како и војната,произлегуваат од единствена општа политика,при што внатрешните движења и внатрешната политика има примарна улога. Според тоа,и денес - како и во минатото,војната се појавува како продолжување не само на надворешната,но не и само на внатрешната политика,туку како резултат на општата политика на завојуваните страни која има свој внатрешен и надворешен аспект и која произлегува во прз ред од внатрешните движења и односи.

Со оглед на тоа што војната и политиката се производ во прв ред на внатрешните движења и односи и произлегуваат од политичкиот поредок,тоа преку нив се изразуваат и се рефлектираат и внатрешните економски и политички односи кои во класното општество секогаш имаат класен карактер.Оттука и политиката и војните што произлегуваат од неа,имаат класен карактер и ги изразуваат класните интереси на владеачката класа.

II.ДЕЛ

# ЕВРОПА И СВЕТОТ ПО ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА

## 1.НОВА КОНСТЕЛАЦИЈА НА СИЛИТЕ

### 1.1.Прераспределба на економската,политичката и воената моќ и појавата на суперсилите

По завршувањето на Втората светска војна дојде до темелна прераспределба на економската,политичката и воената моќ меѓу некогашните големи сили и со тоа и до сосема нова констелација на силите во Европа и во светот.Таквата состојба имаше решавачко влијание врз развојот на меѓународните односи по војната и јакнењето на улогата на силата во надворешно-политичките односи меѓу големите сили.[1)]

Разурната,попалена,сиромашна и гладна Европа и со војната ојакната,експанзивна и моќна Америка беа два сосема нови елемента на повоената реалност на западната хемисфера.Политичкиот и економскиот центар на Запад се пресели на другата страна од океанот во Соединетите Американски Држави.Имено,за повоената политичка историја на САД од посебно значење беше фактот што територијата на САД во текот на војната остана поштедена од војнените разурнувања и опустошувања.Човечките загуби на оваа најразвиена сила на светот беа релативно мали - 292.131 загинат војник или 0,2 % од вкупното население.Таквата географска оддалеченост на САД од главните војништа овозможи американското стопанство да доживее просперитет без преседан во својата историја. Веќе при крајот на војната стопанските капацитети на САД беа зголемени за 50 %,што САД не го постигнале во текот на сите 165 години на дотогашниот развиток.[2)]

1) По завршувањето на Првата светска војна,силите победници презедоа низа акции за да ја спречат победата на идеите на октомвриската револуција во Европа,додека по Втората светска војна тие исти сили требаа да го "Спасуваат" целиот свет.

2) Извор на податоци:Група автори,Теорија за војната,стр.155

Крајот на војната САД го дочекаа со 12,3 милиони луѓе во составот на своите оружени сили од што четири милиони во Европа и два милиона на Пацификот,односно Далечниот исток. Со таква сила во Европа и на Пцификот,со исто толку резервни сили на тлото на Америка,со огромно вооружување и други материјални средства во единиците,како и забревтаната индустриска машина речиси со неограничен капаците,Соединетите Американски Држави во тоа време беа најмоќна економска и воена сила во тогашниот свет,дури и без атомското оружје во кое,во тоа време имаа монопол.

"Никогаш во поновата историја" - вели Лео Матес - "ниту една земја немала таква надмоќ на сите полиња со кои може да се мери силата на една држава во меѓународните односи, како што тоа беше случајот со САД на крајот на војната".[1)]

За разлика од САД некогашните европски големи сили Велика Британија и Франција иако победници во војната,од војната излегоа со мошне разурнато и ослабнато стопанство,разнишана колонијална положба и економски,политички и војнички толку ослабнати што во новата констелација на силите во Европа и светот, тие можеа да играат второстепена улога.

Велика Британија иако една од водечките членки на антихитлеровската коалиција и една од силите победници со силно чувство на морална надмоќ во текот на војната економски беше исцрпена.Повеќе од 30 % од нејзиното национално богатство беше изгубено во војната.Штетите од разурнувањата изнесуваа околу 13 милјарди долари,а загубите на инвестиционите вложувања во странски земји изнесуваа 16.792 милјарди.[2)]

Покрај големите загуби во војната ,веќе во првите го-

1) Лео Матес,Суштина и циљеви спољне политике САД и НАТО пакта,Савремени стратегиски проблеми,број 3/79,Генералштаб ЈНА, стр.12.

2) Воена енциклопедија,

дини по војната антиколонијалните движења во Азија и Африка делуваа во правец на сериозно слабеење на економската моќ и воената доминација на Велика Британија.Така,некогаш најсилната светска империја која е создавана цели 350 години и која беше симбол на империјалното владеење и доминација во светот,по Втората светска војна ја загуби таа моќ и беше принудена да бара потпора и подршка од својот многу посилен сојузник - Соединетите Американски Држави.

Франција,слично на Велика Британија,на крајот на војната беше исто така економски исцрпена,осиромашена и разурната. По поразот во јуни 1940 година,како окупирана земја таа пет години беше организирано и систематски ограбувана од страна на фашистичка Германија.Покрај тоа на нејзината територија,особено на северниот дел на земјата се водеа тешки борби за конечно ослободување на западноевропските земји,поради што голем дел од француските градови и сообраќајни центри беа разурнати.

Индустриското производство на Франција во 1946 година е помало речиси за половина (46 %),во однос на 1940 година. Користењето на стопанските потенцијали на нејзините колонии не само што е опаднато,туку нивното одржување сега бара многу поголеми издатоци од приходите кои се добиваат од овие инаку мошне богати колонии.

Воено-политичката положба на Франција беше ослабната покрај другото и со тоа,што таа во февруари 1945 година,имаше околу 1,2 милиони луѓе во оружените сили,но добар дел од нив беше невооружен.Подоцна дел од овие сили беше искористен како јадро за новата француска армија,а поголемиот дел беше демобилизиран.Меѓутоа,најголема слабост на воено-политичката на Франција во Европа и во светот беше во тоа,што таа веќе 1945 година своите оружени сили ги анагжира во операциите против

ослободителните движења во нејзините колонии.

Сето тоа влијаеше Франција на крајот на Втората светска војна да не претставува повеќе некоја водечка сила.Во тој период таа во многу што беше зависна од своите сојузници,а во прв ред од САД,поради што мораше да ја прифати улогата на сила од втор ред.

Во уште потешка и посложена ситуација се најдоа некогашните европски и светски сили фашистичка Германија и Италија кои ја загубија војната и пртрпеа разурнувања и жртви.

Германија по птпишувањето на капитулацијата престана да постои како воена сила,а територијата на предвоена Германија прво беше запоседната од окупационите сили на сојузничките армии,а потоа поделена на две одделни држави - Сојузна Република Германија и Демократска Република Германија.Така,некогаш силна и моќна европска држава која беше значаен фактор во политичките и економските движења во Европа и во светот,по окончувањето на војната за подолго време ја загуби таквата своја улога.

Италија,која најпрвин беше една од главните сили на фашистичката оска Рим-Берлин- Токио,по капитулацијата на 9 септември 1943 година,новата влада на чело со генерал Бадоњо и објави војна на Хитлерова Германија.

Осиромашена со сопствените војнени усилби во првиот период и ограбена од Германците во вториот,а покрај тоа и разурната со војнените дејства што беа водени на нејзината територија,Италија крајот на војната го дочека економски сосема исцрпена,без материјални извори за брзо обновување.

Со уништеното стопанство,загубените колонии,разурнатиот сообраќај и притисната со присуството на сојузничките армии,Италија на почетокот на повоениот период не можеше да игра улога на некој позначаен фактор во меѓународните односи.

Помалите европски земји кои пред војната главно беа врзани за политиката и стопанството на некоја од мо́кните европски сили,по војната и тие беа осиромашени со германската окупација и војнените операции.Од сите помали земји во Европа само нова Југославија во повоениот период израсна во значаен и самостоен воено-политички фактор.Со пове́ке од 800.000 лу́ѓе во оружените сили,со полно морално-политичко единство на народот,нова Југославија и покрај тоа што поднесе огромни човечки жртви и материјални разурнувања во тие судбоносни денови стана признаен,активен и силен фактор во меѓународните движења во Европа.Таквата позиција на нова Југославија имаше битно влијание врз нејзиниот општ развиток и подоцнешната улога во меѓународните односи.

<u>Советскиот Сојуз</u> и покрај огромните разурнувања и непроценливите штети и човечки загуби,земја која го поднесе најголемиот товар на Втората светска војна,од војната излезе пове́кекратно зајакнат,со развиена воена индустрија,зацврстена воено-политичка положба во земјата и во светот и со најголема копнена сила на светот.

Колку и да звучи апсурдно,поради огромните загуби што СССР ги имаше во текот на војната,но факт е дека СССР во изцесна смисла од војната излезе и економски зајакнат.Индустриското производство за војнените потреби во целиот тек на војната бележи мошне висока стапка на пораст,кои имаа битно влијание врз јакнењето на советското стопанство во целост,па дури и на совладувањето на многу тешкотии,што СССР не можеше да ги реши во предвоениот период.

Во текот на војната во источните области на СССР изградени се околу 6000 нови крупни индустриски објекти,кои заед-

но со огромните природни богатства на тие региони стануваат основа за снабдувањето со опрема и вооружување на се побројните оружени сили на СССР.Таквиот развој на воената индустрија му овозможи на СССР постојано снабдување на советската армија со оружје и друга воена опрема,така што во текот на целата војна никогаш не се случило да дојде до застој на некоја поголема порација поради недостиг на оружје или муниција.[1]

Поради брзит развиток на производните сили во текот на војната и огромниот географски простор и природните богатства Советскиот Сојуз по војната почнува да дејствува и како економска сила.Меѓутоа,како факт од најголемо значење за развојот на повоените меѓународни односи е,што Советскиот Сојуз од војната излезе како најголема копнена сила на светот.Со 11 милиони во војната прекалени војници,проникaнти со чувство на триумф поради победата над фашизмот,по завршувањето на војната Советскиот Сојуз претставуваше таков воен фактор чија сила и влијание се чувствуша како на просторот на некогашното европско војниште,така и во Средоземјето и Далечниот исток.

Така како директна последица од исходот на Втората светска војна дојде до крупни промени во економскат,политичката и воено-стратегиската позиција на некогашните големи сили и до израснување и појавата на светската сцена два нови светски колоса - две суперсили со изразено спротиставени интереси и стремежи.Нивната појава и нивниот стремеж да се наметнат во глобалните светски движења и односи предизвика тешки потреси и кризи од нивната појава па се до денес.

## 1.2.Премин од "жешка" на "студена" војна

Сите обиди на сојузниците во антихитлеровската коалиција уште во текот на војната на конференциите во Техеран и

1) Димитрие Шешеринац,оп.цит.стр.25.

на Јалта,[1] како и по војната на конференцијата во Подсдам да ги усогласат своите интереси дури и по цена на тргување со други народи и туѓи територии не дадоа посакувани резултати.

Спротиставените интереси на Советскиот Сојуз од една и САД,Велика Британија и Франција од друга страна,се повеќе доаѓаа до израз како последица на крупните промени што настанаа во економската,политичката и военостратегиската позиција на овие земји по Втората светска војна.Тие спротиставени интереси меѓу големите сили,а во прв ред меѓу САД и СССР набргу доведоа до остра конфронтација меѓу Исток и З апад и до разгорување на таканаречената студена војна.Така светот,како што констатира генерал Љубичиќ,од туку што завршената "жешка" војна веднаш зечекорил во "студена" војна.[2]

Во такви меѓународни околности и на Исток и на Запад серазвиваат гледишта за неминовноста од директен судир меѓу Исток и Запад и неизбежноста на Третата светска војна.

Теориската основа на ваквите гледишта во Советскиот Сојуз ја чини познатата тероија на Сталин "за постоењето на два антагонистички табори - табор на социјалистичките и табор на капиталистичките држави.Меѓу овие два табора се води остра класна борба,поради што социјалистичкиот табор мора да ги мобилизира сите свои сили и непрекинато да јакне својата монолитност за да ги осуети намерите на капиталистичкиот табор".[3]

1) Конференцијата на Јалта одржана е од 4 до 12 февруари 1945 година.На оваа конференција водечките личности на антихитлеровската коалиција Рузвлет,Черчил и Сталин,ги разгледуваа најважните воени и политички прашања во врска со окончувањето на Втората светска војна.На оваа конференција разговарано е и за поделбата на интересните сфери меѓу големите сили,при што Југославија е поделена на принципот "фифти-фифти".

2) Никола Љубичиќ,оп.цит.стр.171.

3) Д-р Ранко Петковиќ,Велике силе и политика несврставања, Центар за културну делатност омладине,Загреб,1979 година,стр. 54.

Капиталистичкиот свет го прифати гледиштето на Сталин за суштината на судирот меѓу Исток и Запад гледјаќи во тоа не баш мали предимства за развивање и пропагирање на сопствените идеи и акции.Заменувајќи ја класната борба меѓу социјализмот и капитализмот со борба меѓу социјалистичките и капиталистичките држави,[1] западните земји и нивниот пропаганден апарат настојуваа во што поголема мера Советскиот Сојуз да го индетифицираат со социјализмот како идеологија и сите деформации и искривувања во Советскиот Сојуз во времето на Сталин и по него да ги прогласат како својство на социјализмот како општествен систем.

Токму таа смислена и организирана работа на целосно изедначување на великодржавните постапки на Советскиот Сојуз со идеологијата на социјализмот,посматрано во еден поширок политички и идеолошки контекст ја запре борбата на работничката класа во западните земји и имаше битно влијание во забавувањето на борбата за попрогресивен развој на меѓународните односи.[2]

Соединетите Американски Држави од своја страна,единствен начин да го поправат она што им се измакна од рацете при крајот на војната - остварување на светска хегемонија го гледаа во тотален пораз на СССР во директна конфронтација.Според нивното мислење,тоа би бил единствен начин и можност светот повторно да се обедини околу американската хегемонија.[3]

---

1) Судирот меѓу капиталистичките и социјалистичките земји по Втората светска војна имаше свои,во прв ред,класни корени. По природата,суштината и можниот дострел се работеше за историско соочување на спротивни класи и таа требаше тоа конфронтирање да се постави на поинакви основи.Но,наместо да се ангажираат сите сили во движењето на работничката класа и народите од колониите против владеачката класа,поради Сталиновото догматско сфаќање судирот во голема мерка беше поставен како судир меѓу СССР и капиталистичките земји.(Д-р Радован Вукадиновиќ,Сила и интереси,Центар за културну дјелатност омладине, Загреб,1972 година,стр.57.).

2) Д-р Радован Вукадиновиќ,оп.цит.стр.54.

3) Лео Матес,оп.цит.стр.12.

Врз основа на заквите гледишта за неизбежноста на директен судир меѓу социјалистичките и капиталистичките држави и Третата светска војна започна беспоштедна борба на суперсилите за сила и моќ заради конечна меѓусебна пресметка.Со тоа политиката на сила и трката во вооружувањето го доби својот прв замав кој со ништо не можеше да се сопре се до денес.

## 1.3.Ориентација на суперсилите кон политика на глобална светска хегемонија

Уште во текот на војната САД сериозно размислуваа за односите,проблемите и потребите со кои оваа "најголема индустриска работилница во светот" ќе се соочи во новите услови по Втората светска војна.Чувствувајќи ја опасноста од можните движења на работничката класа на Америка во лево,до што би можело да дојде поради појавата на невработеност,владеачките кругови на САД веќе во последните месеци на војната почнаа да сфаќаат дека една од првите задачи на САД е да обезбеди најмалку 60 милиони работни места во својата земја и за својата "индустриска работилница" да најде не само работа туку и пазари.[1] Зашто,американската индустрија која меѓу двете светски војни беше релативно самостојна и независна во снабдувањето со суровини,по Втората светска војна,токму поради извонредно брзиот развој,таа стана и мошне зависна.Во почетокот на педесетите години САД увезуваа 67 % од своите потреби од боксит,92 % кобалт,100 % сурова гума,95 % манган,85 % антимон,90 % платина,99 % никл,итн.[2]

Во новите услови на заострувањето на односите меѓу Исток и Запад поврзаноста на САД со Зпадна Европа добива исклучително значење.Поради тоа во САД се вршени опстојни анализи со цел: прво,реално да се согледа значењето на западноевропскиот простор

1) Во текот на Втората светска војна во САД бил мошне развиено штрајкувачкото движење.Во 1941 година имало 4.288 штрајкови во кои учествувале 2,4 милиони луѓе,во 1943 имало 3.425 штрајка во кои учествувале 3,5 милиони луѓе,а 1944 имало 4.956 штрајкови со 2,1 милион учесници.Извор:Д.Шешеринац,стр.24.

за политиката и стратегијата на САД,и второ,кои суровини и кои региони се од битно значење за американската индустрија.Според тие анализи САД во почетокот на педесетите години имале нешто повеќе од 160 милиони жители,а Западна Европа околу 280 милиони,вкупно нешто повеќе од 440 милиони.Советскиот Сојуз со источноевропските земји во тоа време имал 304 милиони жители (212 + 92 милиони).Тоа би значило дека САД без Западна Европа би имале само околу 161 милион,спрема 304 милиони во источноевропските земји.Ако Западна Европа се приклучи кон Источна,тогаш доколку заострувањето на односите и конфронтацијата би продолжила и понатаму,бројниот однос во жива сила би бил крајно неповолен за САД.Покрај тоа,во овие анализи се проценува,дека во западноевропските земји се наоѓа и нјквалификуваната работна сила на светот со повеќе од 200 милиони способни работници од 15-64 години,како голем број стручно најобразувани кадри на науката, кои имаат,исто така,исклучително значење за идната конфронтација.[1)]

Производните можности на Западна Европа се проценувани како мошне значајни за идната конфронтација меѓу суперсилите.Така на пример,вредноста на бруто продуктот на САД и Канада во почетокот на педестите години изнесувал 385 миљарди долари, а на Западна Европа 305 миљарди.Во исто време Советскиот Сојуз имал бруто продукт од 110 миљарди,а источноевроските земји 45 миљарди.Од ова произлегува дека односот во економската сила и во економските потенцијали би бил тотално нарушен доколку би дошло до губење на Западна Европа.Слични резултати добиени се и во однос на производството на стратегиските суровини како што се челикот,нафтата,јагленот и друго.

Зависноста на САД од другите земји,а особено бившите

1) Извор:Димитрије Шешеринац,оп.цит.стр.38.

колонијални подрачја е уште поучлива ако се имаат предвид тогаш проценуваните потреби во "критичните стратегиски суровини" за период од 1950 до 1975 година.Според изведените анализи на планерите за долгорочно планирање,ако како индекс за 1950 година се земе 100,тогаш индустријата на САД во 1975 година ќе треба да обезбеди: алуминијум 358 %,кобалт 340 %,тунгестен 150 %, хром 100 %,никл 100 %,антимон 76 %,олово 61 %,манган 50 %,бакар 45 %,калај 27 %.[1)]

По региони:

Од Азија (Блискиот исток,Индија,Југоисточна Азија) сурова гума 95 %,лискун 71 %,калај 69 %,кокосово масло 65 %, хром 35 %,тунгестен 22 %.

Од Африка: индустриски дијаманти 99 %,кобалт 89 %, платина 39 %,манган 33 %,хром 28%.

Од Јужна Америка:боксит 66 %,антимон 60 %,бакар 29 %, цинк 29 %,манган 23 %.[2)]

Не навлегувајќи подлабоко во точноста на изнесените анализи и прогнози,но тие без сомневање укажуваат дека поради брзиот развој на индустриското производство во САД во текот на Втората светска војна и изменетиот однос на силите во светот,морале сериозно да размислуваат и да преземаат определени мерки и активности не само да не останат изолирани од Западна Европа и другите подрачја за кои тие имаат интерес,туку да обезбедат и полна хегемонија врз овие земји.

Од друга страна новата меѓународна позиција на Советскиот Сојуз,неговата воена моќ и углед во светот,угледот на комунистичките партии во повеќето капиталистички земји,како и јакнењето на антиколонијалните движења во земјите на Азија и Африка ,предизвикаа сериозна загриженост на САД и Запад како

1) Извор:Д.Шешеринац,оп.цит.стр.40.
2) Исто.

целина за судбината на Западна Европа и капитализмот како општествен систем.

Таа загриженост и страв од политичкото влијание и воената моќ на СССР најдобро може да се види од телеграмата што Черчил му ја упатил на претседателот на САД Хари Труман само неколку дена по капитулацијата на Германија. Во таа телеграма Черчил, меѓу другото, пишува:

"Длабоко сум загрижен поради ситуацијата во Европа... Секогаш сум се залагал за пријателство со Русија, но како и вие чувствувам длабока загриженост поради нивното погрешно толкување на одлуките во Јалта, нивниот став спрема Полска, поради тешкотиите што ги прават во врска со Беч, поради комбинацијата на нивните сили и териториите што ги окупирале или ги држат под своја контрола, поради методите на комунистите што ги применуваат во толку многу други земји и над се, поради нивната толку голема моќ да одржуваат мошне големи, огромни сили толку долго време...".[1)]

Во такви општествено-политички и воено-стратегиски околности застрашената Западна Европа својот единствен спас го гледаше во цврстото поврзување со САД како најмоќна економска и воена сила на капиталистичкиот свет.

Таквите настојувања на западноевропските земји беа согласни со интересите на САД. Зашто, САД кои до Втората светска војна со помала или со поголема доследност ја спроведуваа политиката на изолационизам, во околностите што настанаа по Втората светска војна, тие више не сакаа, но и не можеа да се вратат во границите на поранешните интереси.

Заради сите тие околности САД ја прифатија понудената улога на предводник на капиталистичкиот свет и ориентацијата

---

1) Винстон Черчил, Други светски рат, том VI, издание "Просвета", Белград, 1964 година, стр. 570

кон водење на глобална светска политика заснована врз антикомунизмот како идеолошко-политичка основа.

Антикомунизмот како идеолошко-политичка основа на внатрешната и надворешната политика на САД се темелеше,главно врз следниве поставки:

- дека комунизмот е непријател на сите човечки права и слободи,синоним за тоталитаризам и диктатура;

- дека комунизмот е систем на експанзионизам и потчинување на народите и дека неговата основна инспирација е да завладее со светот;

- дека комунизмот има свои сојузници во сите земји и во сите општествени слоеви и дека тие се носители на деструкција и комунистичка субверзија;

- дека комунизмот го загрозува целиот свет,па во тие рамки и САД;

- дека единствена сила која може успешно да му се спротистави на комунизмот се САД;

- за да можат да му се спротистават на комунизмот и да придонесат во неговото уништување,САД мораат да водат бескомпромисна борба против комунизмот на сите точки на земјината топка.

Како антитеза на тој "комунистички свет",претставува "слободниот свет".Тоа се земјите на западната демократија на чело со својот предводник и пример Соединетите Американски Држави.Моторната сила на овој "слободен свет" ја чини светото право на приватната сопственост и широк спектар на слободи во системот на буржоаската демократија.

Тезата за "слободниот свет" како идеолошко-политичка основа на внатрешната и надворешната политика не САД,не под-

Основната замисла за реализирање на американската политика на глобална светска хегемонија се засновуваше врз следниве поставки:

(1) по пат на економска и друга помош да се стабилизира разнишаната општествено-политичката и економската положба на западноевропските капиталистички земји;

(2) со давање на економска и друга техничка помош да се обезбеди политичко и економско влијание на САД во земјите на Азија и Африка;

(3) со сите расположливи средства да се сузбие натамошната експанзија на комунизмот и по можност тој да се пригмечи во границите на СССР.

Тргнувајќи од сфаќањето што претседателот Труман го изнесе во својата порака до Конгресот 1947 година,"дека семето на тоталитарните режими рти на сиромашна почва",[1] а со цел на економско и политичко "оздравување" на Западна Европа и другиот капиталистички свет,САД понудиа помош на многу земји во светот,а во прв ред на Западна Европа.

Преку таканаречениот Маршалов план,[2] САД и дадоа помош на Западна Европа во износ од 22 милјарди долари.Преку оваа помош која беше подредена исклучиво на политичките интереси и цели на САД беа освојувани нови пазари за пласман на американската стока и американските вишоци,а со тоа и воспоставување на влијание,контрола и поврзување на тие земји со стопанството на САД.

Заради наводна праведна распределба на оваа помош,на-

1) Група автори,Теорија о рату,оп.цит.стр.152.

2) Маршаловиот план името го доби по тогашниот министер за надворешни работи на САД Џорџ Маршал.Планот е усвоен на 5 јуни 1947 година,и беше прифатен од страна на 16 европски земји.Година дена подоцна Планот го прифати и Сојузна Република Германија.

поредно со нејзиното зголемување,се зголемуваше и бројот на американските службеници и стручњаци,а преку нив и пробивот на американската разузнавачка служба (ЦИА) која го трасираше патот кон поцврсто економско,политичко и воено поврзување на тие земји со САД и нивното претворање во следбеници на американската политика.[1)]

Така,економската зависност на Западна Европа од САД, разнишаната колонијална положба на некои европски метрополи, како и стравот од евентуална советска доминација која би можела да се оствари преку комунистичките партии на овие земји,доведоа до тоа,Западна Европа релативно бргу да падне под целосно влијание и зависност на САД.Таквиот развој имаше повеќекратни последици за натамошниот развој на односите на САД со овие земји и развојот на меѓународните односи воопшто.

Со преземените мерки и активности на економски и политички план САД успеаја за релативно кратко време да остварат мошне силно влијание врз внатрешно-политичкиот живот на западноевропските земји,па дури од владите да ги исклучат комунистичките партии,кои до тогаш им припаѓаа на владините коалиции.[2)]

Од друга страна,комунистичките партии на западноевропските земји,кои инаку беа под силно влијание на Советскиот Сојуз,кога беа оневозможени да ги одржат сопствените позиции во владата,под притисок на СССР,тие почнаа да вршат опструкција на се она што тие влади преземаа,и некритички и безрезервно да ги поджуваат сите политички и други акции што ги преземаше Советскиот Сојуз.Таквото однесување на комунистичките партии

1) Савремена доктрина Западног блика,ВВА,1972 година, стр.5

2) Лео Матес,оп.цит.стр.17.

доведе до тоа сите други прогресивни струи во овие земји да се дистанцираат од комунистичките партии,со што беше битно ослабнат фронтот на прогресивните сили во овие земји.

Другата суперсила Советскиот Сојуз,неговата нова военo-политичка позиција во светот - војнички зајакнат,со најголема копнена сила во историјата и тогашниот свет,со извонреден меѓународен углед и морално-политички капитал со кој се здоби како социјалистичка земја и како земја која го поднесе најголемиот товар на Втората светска војна,ангажирајќи на својот фронт 80 % од севкупната германска копнена сила - обуслови и поинакво однесување на Советскиот Сојуз во надворешно-политичките односи.

Со новата воено-политичка позиција и изменетиот однос на силите во светот,Советскиот Сојуз ја надмина позицијата од пред војната,во која,за целото време на своето постоење беше принуден постојано да се брани од империјалистичка агресија. Во новонастанатите услови Советскиот Сојуз беше заинтересиран за ново сопствено поставување на меѓународната сцена,кое требаше на советската држава да и обезбеди улога на признаена светска сила и да и овозможи влегување во врвот на светската политика.Со тоа Советскиот Сојуз дојде во позиција да може да оствари и некои "традиционални" надворешно-политички интереси на СССР како држава.

"Во таквите услови" - констатира д-р Радован Вукадиновиќ - "заинтересиран,пред се,за јакнење на сопствената великодржавна основа и реализацијата на надворешно-политичките цели,за кои може да се тврди дека претставуваат елементи на руската политика од времето на царизмот - Сталин во тие свои националистички стремежи мошне малку водел сметка за интересит на одделни народи,меѓународното работничко движење и ширење

на комунизмот.[1]

На таквите советски настојувања мошне остро и агресивно им се спротиставува другата суперсила САД,што водеше кон крајно заострување на меѓународните односи и разгорување на студената војна.

Имено,поради својата економска инфериорност Советскиот Сојуз не беше во состојба на американската политичка и економска експанзија да и се спротистави со економски средства. На вакавата експанзија на САД,Советскиот Сојуз реагираше со примена на закани и сила.Во периодот меѓу 1946 и 1948 година, Советскиот Сојуз презеде низа помали или поголеми акции кои на определен начин претставуваа директен или индиректен предизвик на САД,како на пример: отворено барање од Турција за учество во контролата на мореузите Босфор и Дарданели,одбивање на повлекувањето на своите трупи од Иран,притисок врз Финска и на крајот директен предизвик на САД со блокадата на Берлин.Поправо,во пролет 1948 година,со незначително предупредување СССР ги пресече сите копнени и водени приоди кон Западен Берлин.САД,Велика Британија и Франција чии окупациони трупи се наоѓаа во Западен Берлин,беа доведени во ситуација или да се повлечат или да одговорат со воена акција.Повлекувањето на западните сили би значело губење на престиж,а преземањето на воена акција не давало поволни изгледи за успех.За да ја одбегнат алтернативата која им ја нудеше СССР,САД организираа "воздушен мост" за снабдување на своите трупи во Западен Берлин. Истовремено САД во Велика Британија префрлија дел од бомбардерите Б-59 ставајќи со тоа до знаење дека доколку дојде до натамошна ескалација на судирот Запад ќе го употреби атомското оружје.Тоа беше воедно и прва отворена закана на СССР со атом-

1) Д-р Радован Вукадиновиќ,оп.цит.стр.22.

ско оружје.

Оценувајќи ја политиката и однесувањето на САД и Запад во тој период и одговорот и политиката на Советскиот Сојуз на таквото однесување,другарот Тито на Седмиот конгрес на СКЈ меѓу другото,констатира:

"...Врз таквиот курс на Запад влијаеше и крутата политика на Сталин која што доведе до изолација на Советскиот Сојуз во светот,а со самото тоа овозможи јакнење на позициите на Западните земји со Америка на чело,кои создавањето на Атланскиот пакт и на стратегиските бази го оправдуваа токму со таквата политика на Сталин,политика на сила и крутост,со што добија привремена поддршка во поголемиот дел на меѓународната јавност."[1]

Со берлинската криза конфронтацијата меѓу Исток и Запад ја достигна својата најкритична точка од завршувањето на Втората светска војна,што уште повеќе го забрза веќе започнатиот процес на воено-политичкото организирање на западните сојузници.

## 2.БЛОКОВСКАТА ПОДЕЛБА И БЛОКОВСКОТО ОРГАНИЗИРАЊЕ НА СВЕТОТ

### 2.1.Воено-политичкото организирање на Запад

Придавајќи му огромно значење на западноевропскиот простор,САД веќе во првите години по војната,преземаа низа мерки за организирање на еден воено-политички систем на тој простор.Тие мерки имаа за цел на тоа подрачје да се формираат определени органи кои би ги координирале мерките и акциите на западноевропските земји и САД против можните воени и политички акции на Советскиот Сојуз.

Согласно со таквите настојувања,во јуни 1948 година, во Конгресот на САД беше усвоена тнр.Вандербертовата резолуци-

1) Седми конгрес СКЈ,"Култура",Белград,1958 год.,стр.9.

ја,со која се бара "САД да стапуваат,односно да организираат такви регионални и други колективни аранжмани кои ќе се засновуваат врз постојана и ефективна самопомош и взаемна помош,а кои имаат влијание врз националната безбедност на САД".Со прифаќањето на Ванденберговата резолуција САД,всушност,сакаа на сопствената јавност,како и на светската јавност да им стават до знаење дека изолационизмот како традиционална политичка доктрина отишол во неповрат и дека САД се свесни за својата изменета положба и улога во светот.

Година дена подоцна,на 14 април 1949 година,беше формиран Северноатланскиот (НАТО) пакт,кого го потпишаа:САД,Канада,Норвешка,Данска,Белгија,Холандија,Луксембург,Франција,Португалија,Италија,и Исланд.Во февруари 1952 година,кон пактот се приклучија Грција и Турција,а на 5 мај 1955 година и СР Германија.

Создавањето на НАТО пактот,како и другите пактови и билатерални договори што САД ги склучија подоцна,претставуваше всушност основа на долгорочното политичко и воено планирање на САД за остварување на светска хегемонија.

Сталиновото натрупување на советските единици во Источна Европа,особено во Источна Германија,само добро му дојде на Вашингтон како оправдување за повторна мобилизација и упатување на своите трупи во Западна Европа,особено во Зпадна Германија,како и за оправдување на создавањето на НАТО пактот. Меѓутоа,вистинските причини за формирање на една ваква воено-политичка организација во Европа,која подразбира раководна улога на САД и трајно присуство на нивните трупи во Европа беа многу подлабоки.

Грижата на САД за создавање на еден ваков воен пакт и за присуството на своите трупи на тлото на Западна Европа,пред

се,беше мотивирана со тоа,во западноевропските земји да не дојде до поголемо влијание на работничките и другите прогресивни политички партии,а не поради наводно можниот напад на Советскиот Сојуз и источноевропските земји.[1] Зашто,според тврдењата на голем број западни аналитичари,"во тој момент во Вашингтон не се ни верувало,дека со војната исцрпениот Советски Сојуз би можел и да помислува на воена агресија и инвазија на Западна Европа".Дотолку повеќе,што во тоа време САД располагаа со монопол во нуклеарното оружје,па и покрај целосната демобилизација на копнената војска,тие,сепак имаа можност силно да реагираат на една таква акција на СССР.[2]

Создавањето на НАТО пактот,исто така,беше мотивирано и со тоа,преку економската моќ и раководната улога во НАТО пактот,САД да безбедат можност за политички и воени интервенции и решавачко влијание врз економските и политичките движења во западноевропските земји.При тоа,од особена важност за САД беше под влијание на западноевропските земји да се задржат колонијалните подрачја што тие ги имаа во Азија,на Блискиот Исток и во Африка.

Зашто,доколку САД би го загубила влијанието во овие земји,или доколку во овие земји би победиле работничките и прогресивните политички партии,тоа би занчело и крај на експлоатацијата на огромните извори на природните богатства во овие подрачја.Тоа би значело и прекин на сообраќајните врски на колонијалните метрополи со сите овие оддалечени подрачја и престанок на ефикасната контрола на најважните светски поморски пати-

1) Под влијани на движењето на отпорот на чие чело беа главно комунистичките и другите прогресивни политички партии,во западноевропските земји,а особено во Франција,Велика Британија и Италија,по војната дојде до сериозни поместувања во односите на внатрешните сили,така што во "тие први повоени години власта се тркалала по европските престолнини,но немало револуционерни сили да ја соберат".(Цит.според:Д.Дозет,Марксизам о савремним питањима рата,факултет НО,Белград,1980 година,стр.89.

2) Бертранд Расел,цит.според:Д.Шешеринац,оп.цит.стр.41.

шта,кои се од битно значење за оној што има претензии на доминација во светот и во светската трговија.Со други зборови,формирањето на НАТО пактот требаше да обезбеди продолжување на колонијалните односи,односно претворање на колонијалните односи во нов модел со иста суштина - задржување на експлоатацијата и доминацијата.

Оваа констатација ја потврдуваат голем број војни што бившите западноевропски колонијални земји ги водеа против народноослободителните движења во Југоисточна Азија,на Малајскиот архипелаг,во Јужна Азија,на Блискиот исток и во Африка.Во сите овие војни,речиси,задолжително беше присуството на главната сила на НАТО пактот,Соединетите Американски Држави кои задолжително политички,финансиски или војнички ги подржуваа старите колонијални сили,па дури на крајот,кога овие исцрпени се откажуваат од натамошната борба,САД ги сменуваат и ја преземаат нивната улога,каков што беше случајот во Виетнам.

Со своето воено присуство во Зпадна Европа САД настојуваа и самите буржоаски влади во Зпадна Европа да бидат онакви какви што им се потребни на американската политика,а не само да бидат буржоаски.Нјадобар пример за ваквите настојувања е Грција,во која САД ги менуваа владите се додека не ја донесоа полковничката влада која најдобро му одговараше на интересите на Вашингтон,или подобро речено на Пентагон.

Од организациския систем на НАТО пактот може лесно да се уочи дека апсолутна раководно улога во него имаат САД.И покрај тоа,што во некои штабови на високи командни позиции се наоѓаат и некои припадници на армиите на западноевропските земји,најголемиот дел од клучните позиции и денес ги држат Американците.Меѓутоа,улогата на САД во НАТО пактот не е определена само преку своите кадри,туку пред се со својата политичка,економ-

ска и воена моќ,што водечката сила на Блокот ја има во однос на другите членки.Таа моќ се изразува и на тој начин што САД се главни снабдувачи со оружје и продавачи на оружје на своите европски сојузници.Според некои податоци,75 % од сите испораки на оружје за потребите на членките на НАТО доаѓа од американските фабрики.[1)]

Во својата досегашна историја НАТО пактот во никаков случај не е она што со Договорот беше прокламирано - инструмент на одбраната,мирот и безбедноста,туку најчесто се појавуваше и се појавува како инструмент на воен,политички и економски притисоци.Земјите членки на НАТО пактот повеќепати беа ангажирани во разни оружени интервенции на различни точки на светот и со т оа го загрозуваа мирот во светот и ја заострувaa конфронтацијата со спротивниот блок.

Покрај тоа,притисоците на водечката сила на Блокот врз некои членки на пактот недвосмислено покажува колку САД се заинтересирани не само да се сочува поредокот туку и соодветните проамерички гарнитури.Во таа смисла мошне е карактеристичен притисокот на САД врз Италија кој трае веќе повеќе години и со кој се настојува да се спречи влегувањето на КПИ во владата.Најновите притисоци врз Шпанија за нејзиното приклучување кон НАТО само ја потврдуваат таквата констатација.Зашто,Шпанија со својата географска положба е толку оддалечена од заканата со некоја интервенција или инвазија на Варшавскиот договор,така што инсистирањето на нејзиното зачленување во НАТО не може да има никаква друга цел туку да се обезбеди непосредно влијание на главната сила на Блокот и на самиот Блок во целост врз внатрешниот политички и економски живот на Шпанија.Слични притисоци од политичка и економска природа беа насочени и кон Португалија по победата на антифашитите во оваа земја.

---

1)Д.Шешеринац,оп.цит.стр.44.

Со создавањето на НАТО пактот,САД и западноевропските земји создадоа само еден,навистина значаен елемент на Запад за општа воено-политичка конфронтација и евентуален судир со Советскиот Сојуз и источноевропските земји,но не и единствен.

Со цел да се зајакне воената моќ на Нов Зеланд и Австралија,а со тоа и одбраната на пцифистичкото подрачје,на иницијатива на САД на 1 септември 1951 година,формиран е АНЗУС пактот,а по поразот на Франција во Индокина на 8 септември 1954 година и СЕАТО пактот,во кој покрај САД,влегоа:Велика Британија, Франција,Пакистан,Тајланд,Филипините и земјите на АНЗУС пактот - Нов Зеланд и Австралија.

Под девизата на одбрана од "комунистичката опасност" и воспоставување на контрола на западните сили на подрачјето на Средниот исток,на иницијатива на Велика Британија на 24 февруари 1955 година,формиран е ЦЕНТО пактот,во кој покрај Велика Британија влегоа:Турција,Иран,Пакистан и Ирак кој подоцна истапи од пактот.САД формално не се член на овој пакт,но тие имаат свои претставници во економскиот и воениот комитет на оваа организација,преку кои обезбедуваат свое влијание и во овој пакт.[1)]

Поради различните и честопати спротиставените интереси на САД и западноевропските земји во однос на пацифистичкото подрачје,САД пристапија кон склучување на низа билатерални договори преку кои настојуваа да ги ублажат тие спротивности и овие земји поцврсто да ги врзат во системот на американската одбрана и американските интереси на пацификот.Врз тие основи САД склучија договор за взаемна одбрана со Јапонија (1951),со Филипините (1951),со Јужна Кореа (1953),со Чан Кај Шекова Формоза (1954) итн.

1) На Шестата конференција на неврзаните во Хавана Иран и Пакистан беа примени за полноправни членови на движењето на неврзаните,со што ЦЕНТО пактот наполно атрофира.

Покрај спомнатите договори САД склучија и други билатерални договори за одбрамбена помош со над 50 земји во светот.

Со вклучувањето на земјите од пацифистичкото подрачје и југоисточна Азија во воено-политичките организации,САД и некогашните европски колонијални сили настојуваа да создадат што поповолни услови за полесна и поуспешна борба против прогресивните процеси во овие земји,а особено да го спречат можното влијание на НР Кина.Со поставувањето на дел од своите оружени сили и силите на своите сојузници (воени бази) околу социјалистичките земји САД сметаа на можноста за изведување на концентрични дејства не само со стратегиското оружје,туку и со оперативното и тактичкото оружје,како и создавање на разни извидувачки и разузнавачки центри за подобар увид и следење на настаните и движењата кај потенцијалниот противник.Исто така со присуството на своите оружени сили на територијата на земјите членки на воено-политичките организации САД обезбедуваат да се сочуваат постоечките режими во тие земји или тие да се менуваат доколку не им одговараат на интересите на САД.

Иако,речиси,сите овие пактови,со исклучок на НАТО пактот,со времето го изгубија своето значење и нивното постење има помалку или повеќе формален карактер,нивното создавање доведе до најголемо глобално воено ангажирање во историјата на човештвото.

## 2.2.Воено-политичкото организирање на Исток

На ваквото воено-политичко организирање на западните земји,Советскиот Сојуз одговори со слични мерки и акции.На иницијатива на СССР на 14 мај 1955 година,во Варшава беше потпишан Варшавскиот договор за пријателство,соработка и взаемна помош меѓу Албанија,Буграија,Унгарија,ДР Германија,Полска,Романија и Советскиот Сојуз.Поради заострувањето на односите меѓу Албанија

и СССР,Албанија од 1962 година не учествува во работата на Варшавскиот договор,а по интеревенцијата на петте земји членки на овој договор во Чехословачка,Албанија и официјално се откажа од членството во Договорот.

Создавањето на Варшавскиот договор беше производ на студената војна и на извесен начин противмерка и одговор на Советскиот Сојуз на воено-политичкото организирање и поврзување на западните капиталистички земји.Меѓутоа,непосреден повод за неговото формирање беше вклучувањето на СР Германија во НАТО пактот.

Имено,уочувајќи ја опасноста од вклучувањето на СР Германија во НАТО,Советскиот Сојуз презеде низа мерки за да го спречи овој потег на САД и западноевропските земји.На состанокот на четирите министри за надворешни работи во Берлин во почетокот на 1954 година,Советскиот Сојуз предложи склучување на договор за колективна безбедност во Европа со кој беше предвидено откажување на сите европски земји од учествување во сојузи чии одредби би биле спротивни на договорот за колективна безбедност на Европа.[1)]

Покрај овие мерки,Советскиот Сојуз презеде и низа други енергични акции да го спречи дефинитивното организирање на еден воен блок кој е антисоветски насочен,па дури поднесе предлог и самиот Советски Сојуз да стане член на НАТО пактот.

Меѓутоа,сите предлози и мерки на СССР за да се спречи дефинитивното воено-политичко организирање на Западните земји, Запад ги оцени како обид за разбивање на Запад,така што по неуспехот на овие мерки и акции на СССР дојде до формирање на Варшавскиот договор.

Подоцна,бидејќи согласност со целите и задачите на

1) Пошироко:Д.Шешеринац,оп.цит,стр.93.

Договорот изразија и НР Кина,НДР Кореа,НР Монголија и ДР Виетнам,кои во Договорот добија статус на посматрачи,со формирањето на Варшавскиот договор всушност беше создаден источен воено-политички блок,кој за разлика од западниот блок нема повеќе воено-политички организации,но кој во географски поглед и по своите човечки и материјални потенцијали претставува противтежа на западниот блок.[1)]

Така,со создавањето на источниот воено-политички блок Европа и целиот свет ја добија и другата блоковска воено-политичка организација,со што безбедноста на европските земји,иземајќи само некои од нив,доби блоковски карактер,а тоа значи дека земјите членки на воено-политичките организации својата безбедност ја засновуваат врз припадноста на блокот и приврзеноста кон главната сила на блокот во економски,политички и воен поглед и подредување на внатрешните политички и општествено-економските интереси на интересите на блокот,поправо на водечката сила на блокот.

Ваквата биполаризација на светот претставуваше еден нов елемент во развојот на меѓународните односи,особено во Европа и покрај тоа што врзувањето за двете новосоздадени суперсили беше процес кој на определен начин постоеше од самото завршување на Втората светска војна.

Создавањето на Варшавскиот договор доаѓа во време кога состојбите и односите во Европа бараат од Советскиот Сојуз поголемо отворање спрема светот,а особено спрема Европа,но и како последица на определени промени кои настанаа во самиот

---

1) Истапувањето на НР Кина,од системот на врските во политичката и воената соработка со Советскиот Сојуз и со ВД претставува најзначаен настан во севкупниот развој на некогашниот "социјалистички лагер".Овој настан е значаен елемент и за подоцнешните односи во светот.

Советскиот Сојуз по смрта на Сталин,кога на новото советско раководство му беше тешко да го одржи поранешниот квалитет на односите и поврзаноста со источноевропските земји (директен диктат на Сталин и ЦК КПСС) и кога тоа мораше да бара нови начини и можности за подолгорочно средување на односите со нив.

Новата воено-политичка организација во Источна Европа требаше да претставува поттик за поцврсто поврзување на заедницата на социјалистичките држави на нови основи и да ја елиминира длабоката апатија и парализираноста на политичките раководства во источноевропските земји до која дојде по полната доминација на советската политика за време на Сталин,по монтираните судски процеси и судските убиства на оние кои не беа спремни да се потчинат на вољата на Сталин.

Според тоа,со новата воено-политичка организација оличена во Варшавскиот договор новото советско раководство требаше да обезбеди од една страна,раководење со земјите на Источна Европа,а од друга страна,да обезбеди безрезервна поддршка на овие земји на советската политика.Варшавскиот договор,требаше да го претставува оној форум на кој источноевропските земји членки би можеле да ги изразат своите ставови,оценки и мислења,со што би се намалиле видливите знаци на советската доминација во овој простор.

Во однос на воената проблематика и воената политика за време на Сталин,на источноевроските национални армии им беа наметнати советски воени прописи,па дури и генерали и офицери на советската армија,кои често имаа клучни позиции во оружените сили на тие армии.Најдрастричен пример во таа смисла претставува поставувањето на маршал Рокосовски за министер на одбраната на Полска 1949 година.Исто така,на оружените сили на источноевропските земји за времето на Сталин им беше доделена улога

на сили за безбедност,или сили за чување на внатрешниот ред во овие земји.Ваквата улога на оружените сили на источноевропските земји во времето на Сталин беше производ на недовербата на Сталин спрема раководните луѓе во овие оружени сили,а особено спрема оние кадри кои биле активни учесници во движењето на отпорот против окупаторот и кои би можеле да сметаат дека имаат право самостојно да мислат и да одлучуваат.Отстранувањето на овие луѓе беше честа појава која мошне му штетеше на морално-политичкото единство на тие оружени сили.[1]

Новото советско раководство и новата советска концепција пред советската армија и пред армиите на источноевропските земји членки на Варшавскиот договор постави нови задачи во одбраната на таканаречените западни граници.Во прв ред,повторно се поставува задачата за јакнење на внатрешната сигурност,но и изградбата на оперативни сили кои во случај на војна би и содејствувале на советската армија во извршувањето на нејзините идни задачи.Во таа смисла преземени се мерки за модернизација на оружените сили на источноевропските земји и усогласување на нивниот организациско-формациски состав и обучување.

Согласно со новата концепција во периодот до 1958 година,извршено е вкупно намалување на бројната состојба на оружените сили на Варшавскиот договор,од 3,2 на 2,5 милиони луѓе. Потоа,по 1956 година,значителен број советски офицери кои беа на должност во оружените сили на источноевропските земји беа повлечен во Советскиот Сојуз и демобилизирани.Советските раководители беа заменети со помлади луѓе од составот на националните оружени сили.Со овој процес на повторна национализација на источноевропските оружени сили беа отстранети така видливите знаци на советската доминација,што имаше мошне големо вли-

1)

јание на порастот на престижот на источноевропските армии и јакнење на морално-политичкото единство на овие армии,кои постапно добиваа се позначајна улога во плановите на Варшавскиот договор.

Во одредбите на Договорот како и во другите документи и официјални истапувања на највисоките советски раководители мошне често се истакнува дека Варшавскиот договор има исклучително одбрамбен карактер и дека е тој создаден за одбрана од надворешна агресија.Исто така,во Договорот посебно се истакнува дека организацијата нема да се меша во внатрешните работи на земјите членки и дека сите земји членки се меѓусебно рамноправни.

Меѓутоа,само неполни две години по формирањето на Варшавскиот договор,во Унгарија 1957 година дојде до масовни нереди кои беа задушени со енергична акција на една советска армија од составот на Карпатската воена област под команда на советскиот генерал Батов.[1)]

Исто така,во таканарелените "чехословачки настани" 1968 година,дојде до воена интервенција на пет земји членки на Варшавскиот договор во Чехословачка,што доведе до сменување на чехословачкото раководство,а настаните во земјата тргнаа во друг правец.

Од гледиштето на прокламираната улога на Варшавскиот договор и неговото практично однесување во овие и некој други настани,сосема јасно произлегува расчекор меѓу словото и духот на Договорот и практиката.Зашто,легалната влада на Чехословач-

---

1) Настаните во Унгарија доведоа до спогодба меѓу СССР и источноевропските земји во кои се стационирани советските трупи за нов статус на овие трупи,со кој се определуваат извесни ограничувања на советските трупи во корист на земјите во кои се стационирани.

ка не ги повика силите на Варшавскиот договор да и дадат помош на оваа земја.Со тоа акцијата на петте земји членки на В.Д.што ја извршија воената интервенција во Чехословачка доби карактер на нелегалност,не само од гледиштето на меѓународното право,туку и од гледиштето на правната документација и на самиот Варшавски договор.Со запоседнувањето на територијата на Чехословачка од страна на петте земји членки на Варшавскиот договор, земјите интервенти го прекршија чл.4 на Договорот кој ги обврзува за својата акција да го обавестат Советот на безбедност на ОН,а бидејќи Чехословачка очигледно не беше нападната и не ја загрозуваше ниту една странска сила надвор од од земјите на Варшавскиот договор,интервенцијата на петте земји немаше никаква правна основа ни врз основа на одредбите на документита на самиот Варшавски договор.

Подоцнешното прокламирање на теоријата за "ограничен суверенитет" не можеше да ја оправда оваа акција на земјите учеснички ни од правен ни од политички аспект.

Настаните во Чехословачка 1968 година,имаа сериозни последици за Варшавскиот договор и земјите членки.Единството на блокот претрпе тежок удар.Романија не ја одобри интервенцијата и самата само неколку месеци пред овие настани се избори за повлекување на советските трупи од нејзината територија,а Албанија со која односите веќе од порано беа мошне лоши,на 13 септември го напушти членството во Варшавскиот договор.

Работничкото движење и прогресивните сили во светот ја осудија интервенцијата и упаѓањето на петте земји членки на Варшавскиот договор во една независна и слободна земја.Од друга страна,западноевропските земји,а особено НАТО пактот ја искористи оваа акција за сопствена пропаганда и зацврстување на дисциплината во сопствените редови,односно за поцврсто врзување

за водечката сила на блокот - САД.

Од изложените гледишта за мотивите и целите на формирањето на блоковските воено-политички организации сосема е јасно уочливо дека обете суперсили настапуваат со речиси исти образложенија: (1) дека блоковските воено-политички организации имаат изрично одбрамбен карактер и дека се наменети исклучиво за одбрана од агресија на спротивната страна; (2) дека соработката во овие организации ќе се засновува врз целосна рамноправност на сите членки на организацијата и дека организацијата нема да се меша во внатрешните работи на земјите членки; (3) дека организацијата ќе се бори за обезбедување на мирот и безбедноста во светот.

Меѓутоа,сета досегашна практика покажува дека наместо прокламираните начела,обете блоковски организации,а особено водечките сили на блоковите,со сите можни средства користејќи ја при тоа сопствената сила и силата на блокот настојуваат да го прошират своето влијание и моќ на нови земји и подрачја кои на овој или оној начин би ги приклучиле во својот блок.Тоа особено се однесува на неврзаните земји,каде низ разни нови форми на доминација и политичка хегемонија настојуваат да воспостават превасходно влијание и односи на зависност.Имено,обете страни постојано говорат за одбраната на своите територии,но распоредот на нивните сили и нивниот состав се такви што обете страни се подготвени веднаш да поминат во офанзива и да во тнр.првата битка ја обезбедат замислената победа.А тоа понатаму води кон создавање на атмосфера на напнатост и лажно уверување за нужноста на постоењето на блоковите и зацврстување на блоковската дисциплина.

Организацијата,силите и распоредот на НАТО пактот и Варшавскиот договор дадени се во прилогот 1.

## 3.ОТПОРИ КОН ПОЛИТИКАТА НА СТУДЕНА ВОЈНА И БЛОКОВСКАТА ПОДЕЛБА НА СВЕТОТ И ПОЈАВАТА И РАЗВОЈОТ НА ПОЛИТИКАТА И ДВИЖЕЊЕТО НА НЕВРЗАНИТЕ

Политиката на конфронтација меѓу Исток и Запад и студената војна,како и трката за создавање на надмоќност во односот на силите меѓу блоковските сили не се одвиваше само во областа на вооружувањето,туку и во стремежот на суперсилите да остварат полна контрола врз сите народи на светот изразен со силни притисоци врз сите слободни земји да мораат да се приклучат кон некој од постоечките блокови.Во тие и таквите стремежи и едната и другата страна инсистираа на ставот:"кој не е со нас тој тој е против нас".

Процесот на блоковската деформација на меѓународните односи кој во тие години на студената војна доби најширок замав,највидливо се манифестираше во судирот на Југославија и Советскиот Сојуз.Обидот на Сталин Југославија,како и другите источно-европски земји да ја "нареди" во својот лагер и да и наметне сателитска положба и блоковска дисциплина,наиде,како што е познато,на одлучен отпор на сите југословенски народи и народности,што доведе до повеќекратни притисоци од најшироки размери и една бесомучна кампања не само од страна на Советскиот Сојуз, туку и целиот источен блок против непокорната Југославија.Така што може слободно да се каже дека Југославија претставуваше всушност прв посериозен предизвик во спротиставувањето на блоковската политика и на хегемонијата на блоковските сили.

Политиката на сила и хегемонија и блоковското организирање на светот доведоа до воспоставување на хиерархиска структура на односи во меѓународните односи,до озаконување на нерамноправноста меѓу народите и државите и владеењето на правото на посилниот.

Таквиот развој на меѓународните односи во периодот на студената војна,како што констатира другарот Кардељ,беше спротивен на најшироко изразеното тежнение на новоослободените народи и на нивната борба за полна национална слобода,право во таа слобода општествено да се развиваат согласно со сопствениот избор - да не бидат економски и политички привесок на големите светски сили,односно на новите центри на политичката и воената моќ.

Од таквите спротиставени општествено-политички тенденции,како што констатира другарот Кардељ,никна и се појави политиката на неврзувањето како облик на барање на излез од состојбата на блоковската поделеност и блоковската конфронтација,како нов облик на обединување на народите во борбата за нивните заеднички интереси - за мир во светот и за нов светски систем на економски и политички односи меѓу народите и државите.[1]

Меѓутоа,една од битните претпоставки за појават и организирањето на политиката и движењето на неврзаните беше појавата на светската сцена на голем број новоослободени земји како резултат на големата светска антиколонијална и антиимперијалистичка револуција.

### 3.1.Распаѓање на класичниот систем на колонијално владеење

Процесот на распаѓањето на класичниот систем на колонијалното владеење започна некаде веднаш по завршувањето на Првата светска војна како последица на општата криза на капитализмот.Со победата на Октомвриската социјалистичка револуција, која претставуваше и прво успешно кинење на алките во синџирот на светскиот империјализам,веќе започнатите националноослободителни движења во колониите добија со тоа нов поттик и нова оп-

1) Едвард Кардељ,Историски корени несврставања,ИЦ "Комунист",Белград,1975 година,стр.20.

штествена содржина.Така на пример,националноослободителната војна во Кина (1919),народното востание против Јапонците во Кореа (1919),антиколонијалното движење во Иран (1918-1921),националноослободителната војна на Авганистан против Велика Британија (1919),потоа,националноослободителната борба на народот на Египет и Ирак (1918-1922),како и некои други прогресивни движења во светот беа првите повидливи белези на кризата на колонијалниот систем по Првата светска војна и општествената афирмација на национално разбудените народи во колониите.[1)]

Меѓутоа,иако процесот на распаѓањето на колонијалниот систем започна главно по Првата светска војна,сепак кризата на овој систем својата врвна точка ја достигна дури по Втората светска војна.Под влијанието на борбата против силите на фашизмот,во текот на Втората светска војна многу колонијални земји и народи тргнаа во борбата против фашистичките освојувачи,но не само да ги бранат своите господари,туку преку таа борба да дојдат и до сопствено ослободување од колонијалното ропство.

"Во силните националноослободителни движења кои настанаа во текот на отпорот против фашизмот и против агресијата во текот на Втората светска војна" - вели другарот Тито - "победија и се развија голем број народни,во основа социјалистички револуции,поради што резултатите и последиците од Втората светска војна на натамошниот тек на светската историја беа од темел поинакви.Покрај настанувањето на нови социјалистички држави и прераснувањето на социјализмот во светски систем,тие последици се манифестираа и во ослободувањето на голем број колонијални народи,а со тоа и распаѓањето на светскиот колонија-

1) Д-р Милош Прелевиќ,Теорија о рату,група автори,ВИЗ, Белград,1976 година,стр.319.

лен систем.Освен тоа,со победата на антифашистичките сили во текот на Втората светска војна,создадени се услови за најшироко движење на народите кон социјализмот согласно со историските, културните и општо националните специфичности на одделни земји и народи".[1]

Станува збор,како што тоа го констатира другарот Кардељ,"за еден така силен бран на еманципација на народите кој со право можеме да го наречемо светска антиимперијалистичка револуција.Новоослободените народи не само што не сакаа да бидат пасивен објект на некои светски прераспределби,туку посилно од кога и да е порано на дневен ред на историјата го поставија проблемот на ликвидација на економската и политичката зависност и секаков облик на хегемонија.[2]

Процесот на деколонизација по Втората светска војна условно би можел да се подели во две фази: првата која го опфаќа периодот на деколонизација на Азија која главно е завршена до Бандуншката конференција 1955 година,и втората фаза која го опфаќа периодот на деколонизација на Африка,која што започна веднаш по Бандуншката конференција.

За деколонизацијата на Азија е карактеристично тоа, што ослободителните движења во Азија кои се развија во текот на Втората светска војна во борбата против Јапонија,по војната прераснаа во антиколонијални движења и своето оружје го свртија против своите колонијални господари.Сите обиди на колонијалните управувачи со сила на оружје да ја задржат управата врз некогашните свои колонии доживеаа неуспех.

На тој начин сите колонијални територии на азискиот

---

1) Јосип Б.Тито,Десети конгрес СКЈ,"Комунист",Белград, стр.13.

2) Едвард Кардељ,Историски корени несврставања,ИЦ "Комунист", Белград,1975 година,стр.135.

континент се здобија со независност.

Процесот на деколонизација на Африка започна нешто подоцна одошто во Азија.Под влијанието на општите фактори кои ја обусловија кризата на колонијалниот систем,а особено под влијанието на антиколонијалните револуции во азиските земји, огромен дел од африканските земји се здобија со независност кон крајот на педесетите и почетокот на шеесетите години.

Врз забрзаниот процес на деколонизацијата покрај општата криза на капитализмот посебно влијание имаа и:

- нараснувањето и јакнењето на социјалистичките и другите прогресивни сили и прераснувањето на социјализмот во светски процес;
- активноста на Организацијата на Обединетите Нации;
- поддршката и помошта на прогресивните сили во самите колонијални метрополи;
- противречните интереси и цели меѓу самите капиталистички држави,а особено противречните интереси меѓу САД и западноевропските земји.

Со ослободувањето на народите од колонијалното ропство,се ослободуваат всушност околу две милјарди луѓе од национално угнетување и најгруби форми на експлоатација.Ослободителната борба на колонијалните народи доведе до тоа,стремежот за слобода,независност и ликвидација на кој и да е облик на доминација да стане едно од најсилните тежненија на народите во повоениот развиток,кое како објективна нужност ја наметнуваше потребата за воспоставување на нови политички и економски односи меѓу народите и државите.

Признавањето на суверенитетот и интегритетот на новоослободените земји од страна на колонијалните сили,меѓутоа,не

значеше истовремено и откажување на некогашните метрополи од хегемонистичките стремежи.По посреден или непосреден пат тие настојуваа со нови средства и нови методи да ја продолжат борбата против основните тежненија на овие народи за полна политичка и економска независност.Слични аспирации се појавија и кај некои други големи сили кои настојуваа да ја искористат новата констелација на силите во светот за наметнување на свое влијание и доминација врз овие земји.

Меѓутоа,како што вели другарот Кардељ - "водечките сили на антиимперијалистичката револуција на народите бргу увидоа дека со победата на сојузниците во војната не се решени најважните проблеми на епохата,а целата повоена констелација, особено мрачната перспектива на студената војна,упатуваше кон тоа,дека само со упорна борба во новите услови овие народи ќе мораат да ги остварат своите интереси и тежненија".[1)]

## 3.2.Појавата на политиката и движењето на неврзаните

Соочени со новите форми на потчинување и експлоатација,со појавата на блоковските структури и нивните спротиставени интереси,со разулавената трка во вооружувањето која на блоковската политика и даваше не само материјална сила,туку и поттик за нови натпревари,новоослободените земји беа принудени да започнат нова борба не само против новите методи на доминација и експлоатација на некогашните свои господари,туку и за менување на целиот неправеден систем на меѓународните политички и економски односи.

Определена резервираност и стихијност во заземањето на јасен став на новоослободените земји спрема блоковите и блоковската политика беше присутна се до конференцијата во

1) Едвард Кардељ,оп.цит.стр.11.

Бандунг 1955 година.[1] Иако конференцијата во Бандунг, всушност, не беше конференција на неврзаните земји, зашто на неа учествуваа и некои земји членки на едниот или другиот блок, таа сепак имаше битно влијание во усвојувањето на политиката на мирољубива коегзистенција како основен принцип во надворешнополитичката ориентација на овие земји.

Во основниот документ од оваа конференција - Декларацијата за унапредување на светскиот мир и соработка, учесниците на конференцијата беа едногласни во заклучокот дека со блоковската поделба на светот се загрозува светскиот мир и дека опасностите од судири и војни, со кои се загрозува безбедноста на сите земји, се повеќе ќе растат доколку и натаму продолжи блоковското групирање на земјите во светот.

На конференцијата во Бандунг дојдоа до полн израз три мошне значајни сознанија:

прво, сознанието за постоењето на заеднички интереси на новоослободените земји;

второ, сознанието дека иако формално слободен, овој дел на светот е фактички загрозен со нерамноправната положба во меѓународните односи; и

третто, сознанието за бројноста на земјите кои се наоѓаат во иста или слична положба и со самото тоа, би можеле да претставуваат значајна сила во меѓународните односи доколку меѓусебно се поврзат и обединат.

Конференцијата во Бандунг, како што е речено, претставуваше собир на земјите на Азија и Африка заснован врз регионална основа. Овој регионален приод во исполнувањето на на стре-

---

1) Основачи на Афро-Азиската конференција во Бандунг беа: Индија, Индонезија, Бурма, Цејлон и Пакистан. На конференцијата учествуваа 29 афро-азиски земји.

мекот за целосна еманципација и јакнењето на улогата на новоослободените земји во меѓународните односи не може да ја опфати потребата од универзална концепција за трансформација на целиот систем на меѓународните односи. Имено, интересите на новоослободените земји наметнуваа потреба од пошироко и поуниверзално поврзување на овие земји врз основа на неврзувањето за блоковските структури. Јо такво поврзување дојде дури по тројниот состанок на Тито, Нехру и Насер на Брионите 1956 година.

Тоа значи, дека се до бриронскиот состанок на Тито, Нехру и Насер, неврзаноста се јавувала превасходно како идеја и надворешнополитичка ориентација на одделни земји од неврзаниот дел на светот. До Брионскиот состанок, на кој биле во целост прифатени документите од Бандунг и на кој идејата за неврзувањето доживеала натамошна разработка, а особено од Првата конференција на неврзаните земји во Белград, па наваму, неврзаноста добила универзален карактер и прераснала во светско движење.

Првата конференција на неврзаните земји во Белград 1961 година, ги собра претставниците на земјите од сите континенти.[1] Со тоа, универзалната концепција на политиката на неврзувањето отвори пат не само за широк собир на сите неврзани земји во светот, туку создаде и политичка платформа за совладување и менување на целата структура на современите меѓународни односи.

### 3.3. Поим и содржина на неврзаноста како меѓународна појава

Неврзаноста како меѓународна појава се манифестира главно во три основни вида:

прво, како доктрина на меѓународни односи;

1) На Првата конференција на неврзаните земји во Белград учествуваа 28 земји, а на Шестата конференција во Хавана над 100 земји.

второ,како определен тип на надворешнополитичка ориентација на голем број земји во современиот свет; и,

третто,како своевидно меѓународно движење.[1)]

Во сите наведени видови,невразаноста содржи во себе две суштествени компоненти:

Првата компонента се манифестира во настојувањето на неврзаните земји во современите меѓународни односи да обезбедат максимално можен степен на национална независност на политички и економски план,што значи дека зачувувањето на независноста е една од основните компоненти на содржината и целта на неврзувањето како доктрина на меѓународни односи,надворешнополитичка ориентација на одделни земји и меѓународно движење.

Таквата основна определба,по природа на работите,подразбира и основна ориентација на овие земји на спротиставување на сите облици на потчинување - од колонијално и неоколонијално, до потчинување од блоковски тип,како и спротиставување на сите облици за мешање,интервенции и наметнување на решенија однадвор. Тоа значи,дека антиколонијалната и антиблоковската ориентација на неврзаните земји произлегува од основниот стремеж на овие земји за зачувување на независноста и претставува манифестација на отпор на одделни појави во меѓународните односи.

Втората компонента на неврзаноста како доктрина,надворешнополитичка ориентација и меѓународно движење,се состои во настојувањето на овие земји во практиката на меѓународните односи да се прифата и да се остварат принципите на активна и миролубива коегзистенција.

Борбата на неврзаните земји за остварување на наведените принципи,постапно прерасна во борба за создавање на квали-

1) Д-р Бојана Тадиќ,Несврстаност у теорији и пракси савремених међународних односа,Институт за МПИП,Београд,1976 година, стр.20.

тативно нов систем на меѓународни политички и економски односи заснован врз демократски начела кои што и одговарат на современата структура на меѓународните односи и степенот на развојот на современиот свет.

Врз основа на изложените констатации би можело да се заклучи дека зачувувањето на независноста и борба против сите видови на нејзиното загрозување,како и борба за нови и подемократски меѓународни односи меѓу народите и државите претставува,всушност,основна содржина и основна карактеристика на политиката и движењето на неврзувањето.

## 3.4.Основни принципи и цели на политиката и движењето на неврзаните

Во општи рамки,принципите и целите на неврзувањето се формулирани уште на Првата конференција на неврзаните во Белград 1961 година.Иако тогаш претставуваа малцинство во меѓународната заедница,кое можеше да дејствува единствено како морален фактор,неврзаните земји веќе тогаш ги иницираа речиси сите суштествени проблеми на современиот свет и укажаа на патиштата за нивното постапно решавање,со што беше утврдена трајната ориентација на движењето на неврзаните земји како независен вонблоковски фактор.

На Белградската конференција неврзаните земји посебно укажаа на :

(1) неопходноста од запирање на студената војна и надминување на блоковската поделба на светот,определувајќи се за политика на спогодување и попуштање во меѓународните односи;

(2) неопходноста на почитување и спроведување во живот на принципите и целите на Обединетите нации и прифаќање на политиката на активна и мирољубива коегзистенција како основа за сестрана демократизација на меѓународните односи;

(3) неопходноста на темелно и дефинитивно ликвидирање на колонијализмот и расизмот како најдрастична форма на угнетување на народите и давање поддршка на сите движења кои се борат за национално и социјално ослободување;

(4) неопходноста на спротиставување на сите видови на нерамноправност и дискриминација во меѓународните односи и на сите обиди и облици на мешање во внатрешните работи на другите земји;

(5) неопходноста од темелно подобрување на положбата на земјите во развој во светското стопанство и во меѓународните економски односи.

Врз основа на вака формулираните програмски цели кои на наредните конференции на врвот доживуваа натамошна идејна и акциона разработка согласно со промените во меѓународните односи, би можело да се заклучи дека основните цели на политиката и движењето содржат во себе четири групи на вредности:

<u>прво</u>, зачувување на светскиот мир и безбедност;

<u>второ</u>, зачувување на националната независност;

<u>трето</u>, обезбедување на општествениот развој на светот;

<u>четврто</u>, демократизација на политичките и економските односи.

Сите наведени принципи и цели на неврзаноста претставуваат всушност општи вредности кои се веќе содржани во Повелбата на Обединетите нации, со тоа што движењето на неврзаните понатаму ги разработува и им дава нов квалитет, потенцирајќи ги оние елементи кои ги зацврстуваат позитивните придобивки во развојот на меѓународните односи и кои придонесуваат за побрзо менување на наследените облици на нерамноправност и хегемонија.

Политичката платформа врз која денес дејствува голем број земји, всушност претставува револуционерна програма за

менување на постојните нерамнопр вни меѓународни политички и економски односи и се стреми кон:

- обезбедување и остварување на вистинска,а не само формална независност,еднаквост и рамноправност на народите и државите:

- почитување на нивното вистинско,а не само формално право на слободен развој;

- обезбедување право на рамноправно учество во одлучувањето во меѓународната заедница.

Првата конференција на неврзаните земји во Белград, иницира постојана и организирана акција на неврзаните земји во дејствувањето на целината на меѓународните односи,со што неврзаноста израсна во сила која се поорганизирано дејствува на севкупниот систем на меѓународните односи.Неврзаноста стана еден од најшироките видови на борба против империјализмот и сите облици на доминација.Со својата програмска платформа и со практичните акции политиката и движењето на неврзаните станаа сојузник и потпора на секоја автентична борба на народите за ослободување.Тие дадоа крупен придонес во изнаоѓањето на излез од многу критични ситуации во кои,не така ретко,запаѓаше современиот свет.

Со својата програмска платформа и практичните акции, неврзаните земји битно влијаеа во разградувањето на основите на стариот поредок заснован врз империјалистичка доминација и даваат крупен придонес во остварувањето на прогресивните општествени цели и развојот на социјализмот како светски процес.

Таквата политичка платформа и практична акција на неврзаните земји од самиот свој почеток мораше да дојде во остер судир со носителите на застарените и преживеаните опште-

ствено-политичките и економските односи и врз нив заснованите норми на однесување во меѓународните односи - со глобалната политика на водечките блоковски сили и блоковските структури.

III. Д Е Л

## РАЗВОЈ НА ПОГЛЕДИТЕ ЗА ПРИМЕНА НА СИЛА И ВОЈНА ВО МЕЃУНАРОДНИТЕ ОДНОСИ ВО ВОЕНО-ПОЛИТИЧКИТЕ ДОКТРИНИ НА СУПЕРСИЛИТЕ И НИВНОТО ВЛИЈАНИЕ ВРЗ БЕЗБЕДНОСТА НА НЕВРЗАНИТЕ ЗЕМЈИ

### 1. РАЗВОЈ НА ПОГЛЕДИТЕ ЗА ПРИМЕНА НА СИЛА И ВОЈНА ВО МЕЃУНАРОДНИТЕ ОДНОСИ ВО ВОЕНО-ПОЛИТИЧКАТА ДОКТРИНА НА САД И БЕЗБЕДНОСТА НА НЕВРЗАНИТЕ ЗЕМЈИ

Заради остварување на поставените политички цели[1] - во чија основа беше јасно изразен стремежот кон глобална светска хегемонија и светска доминација - Соединетите Американски Држави веднаш по Втората светска војна изградија и развија и соодветна воено-политичка доктрина, со која новиот агресивен политички курс на САД требаше да добие "заби" и да обезбеди ефикасност во достигнувањето на поставените политички и економски цели.

#### 1.1. Ориентацијата на САД на нуклеарно застрашување и нуклеарна војна

Потпирајќи се во почетокот на апсолутниот монопол во поседувањето на атомското оружје, а подоцна на изразената надмоќност во нуклеарното оружје, Соединетите Американски Држави сѐ до крајот на педесетите години сметаа дека за остварувањето на американската глобална политика е доволно потенцијалниот против-

1) Целите на американската глобална политика непосредно по војната, главно беа: (1) со економски и други мерки да се стабилизира разнишаната воено-политичка и економска положба на западноевропските и другите капиталистички земји; (2) по пат на економски и други мерки да се оствари политичко и економско влијание на САД во земјите на Азија и Африка; (3) со сите расположливи средства да се сузбие експанзијата на комунизмот.

зник Советскиот Сојуз да го држат под постојана закана и "застрашување" со општа нуклеарна војна.Под притисок на таквите закани и "застрашување",според оценките на САД,Советскиот Сојуз нема да се осмелува да применува сила и со тоа да ја спречи САД во остварувањето на целите на својата политика.

Во врска со ваквите определби на САД - за духот на американската нација и голем број на раководната елита,познатиот публицист Урс Шварц,меѓу другото,констатира:

"Соединетите Американски Држави имаат сега ново,моќно оружје - апсолутно оружје од кого нема одбрана.Бидејќи американците се наклонети кон тоа,секој меѓународен спорен случај да го проценуваат како судир на доброто и злото,правдата и неправдата, а никако како разрешување на меѓусебно спротиставените интереси, ја поздравија појавата на новото средство на кое не може да му се одолее,пред кое секој злосторник со страв ќе мора да отстапи,или со кое ќе може да биде строго казнет - доколку застрашувањето нема да дејствува.Тоа средство сега лежи сигурно и исклучиво во рацете на САД".[1)]

Во проценките на односот на силите меѓу САД и Советскиот Сојуз,најголемо значење му е придавано на фактот што Советскиот Сојуз во тоа време не располагал со атомско оружје,како и претпоставките:

(1) дека Советскиот Сојуз е неразвиена и превасходно аграрна земја,разурната и опустошена во текот на Втората светска војна,па за подолг временски период нема да успее да произведе атомско оружје;

(2) дека поради својата економска заостанатост,Совет-

---

1) Урс Шварц,Стратегија јуче,данас,сутра,Војно издавачки завод,Белград,1968 година,стр.94.

скиот Сојуз нема да биде во состојба на истичноевропските социјалистички земји да им даде некоја позначајна економска помош,што покарј економските ќе има и политички импликации во односите на Советскиот Сојуз со Овие земји;

(3) дека поради разни судири во односите меѓу Советскиот Сојуз и повеќето источноевропски земји низ историјата,Советскиот Сојуз нема да успее релативно брзо и лесно да ги консолидира и зацврсти своите односи со овие земји.

Врз основа на изнесените глобални определби и пretпоставки,развиена е и првата повоена воена стратегија на САД - Стратегијата на масовна нуклеарна одмазда,чија суштина беше изразена во заканата дека САД ќе примени масовна нуклеарна одмазда доколку Советскиот Сојуз или некоја друга социјалистичка земја (тогаш освен истичноевропските земји,во тнр.Лагер на социјалистичките земји беше вклучена и НР Кина и некои други земји), се обиде да ги загрози виталните интереси на САД во кој и да е дел на светот зад "железната завеса".Оваа концепција на тнр."Нови погледи" беше развиена врз основа на една студија на Националниот совет за безбедност на САД во која се тврдеше дека секој судир кој би бил поголем од некој едноставен граничен инцидент треба да доведе до американска интервенција со нуклеарното оружје.[1)]

За да обезбеди сили и средства за планираната економса експанзија и светска хегемонија,Соединетите Американски Држави во мошне краток рок спроведоа демобилизација на својата армија, радикално ги намалија оружените сили и го укинаа воениот рок.На тој начин конвенционалната компонента на оружените сили во овој стратегиски концепт доби сосема споредно место.

1) Н.Акерман,За доктрината на ограничена војна,стр.73.

Реализацијата на стратегијата на масовна нуклеарна одмазда се засновуваше врз изградбата на силна флота на стратегиски бомбардери вооружени со атомско,а подоцна со нуклеарно оружје и распоредени ширум светот,заради изведување на евентуален нуклеарен удар против Советскиот Сојуз и земјите на Варшавскиот договор.

Во тоа време Советскиот Сојуз не беше во состојба со расположливите борбени средства да ги неутрализира,или посериозно да ги загрози американските бомбардерски бази ширум светот.

Стратегијата на масовна нуклеарна одмазда,меѓутоа, онака како што беше замислена и материјално-технички обезбедена не беше во состојба да ја реализира ни својата основна замисла - водење на општа нуклеарна војна,пред се поради следниве причини:

(1) во првите повоени години САД не располагаа со некои позначајни количини на атомско оружје,па заради тоа и "застрашувањето" со општа нуклеарна војна не можеше да претставува ефикасно средство за одвраќање на СССР од примена на сила,и

(2) национално-ослободителните движења кои токму во тој период беа во замав,имаа полно морално право да се борат за своето национално и социјално ослободување.Поради таквиот карактер на народно-ослободителните војни,тие војни не можеа да се осудуваат,а уште помалку да се сопрат со употреба на атомското оружје.

### 1.2.<u>Неефикасноста на стратегијата на масовна нуклеарна одмазда</u>

По берлинската криза,за која веќе стана збор,и одмерувањето на силите меѓу суперсилите во Европа,тежиштето на бло-

ковската конфронтација беше префрлено на тлото на Азија,[1] каде што "политиката на САД од самото создавање на НР Кина јасно ја истакна задачата на американската надворешна политика - сузбивање,изолирање и опкружување на оваа најголема азиска социјалистичка држава,користејќи се при тоа со дипломатски,политички и економски средства,и се разбира,со моќната американска воена сила ангажирана на граничните подрачја спрема кинеската територија".[2]

Во тоа време Формоза со остатоците на трупите на Чан Кај Шек претставуваше тврдина на Запад на овој континент,а поделената Кореа беше избрана за пробен полигон на испитување на воената сила на блоковите.Војната во Кореа која што започна кон крајот на јуни 1950 година,претставуваше прво посериозно оружено судрување на суперсилите во индиректна форма.Меѓутоа, како што е познато,војната во Кореа заврши во 1953 година,на истите оние позиции на кои и започна и тоа без формален победник и победен.

Неповолниот исход на корејската војна и тоа во време кога САД располагаше со речиси апсолутен монопол во атомското оружје,поразно делуваше на и инаку хипертрофираната самоувереност на американците во силата и моќта на ова оружје.

---

1)По Втората светска војна дојде до мошне значајни промени и на Азискиот континент.Јапонија како воена сила престана да постои,а Чан Кај Шек во Кина се наоѓаше пред тотален пораз. Во Индокина,Малезија,Индонезија,на Филипините,во Бурма и во Индија се развија силни и организирани антиколонијални и националноослободителни движења кои сериозно ја загрозуваа власта на европските колонизатори.Иако победници во војната Велика Британија,Франција,Холансија и САД како заштитник на капиталистичкиот свет се најдоа пред сериозни проблеми на одржување на своите позиции во овие подрачја.Настојувањата на колонијалните сили да ги задржат под своја контрола овие подрачја,од една и стремежите на колонијалните народи за слобода,од друга страна, во годините по војната доведоа до голем број воени конфликти и војни на ова подрачје.

2) Д-р Радован Вукадиновиќ,наведеното дело,стр.68.

"За голем број високи раководители на американската војска" - вели познатиот американски историчар Роџер Хилсман - "корејската војна претставуваше едно раочарувачко понижување. Американската копнена војска беше сопрена од Азијците и тоа од оние Азијци чие оружје и опрема според американските мерила била мошне примитивна"

Со 40.000 загинати американски војници и слабите резултати кои беа остварени со ваквите загуби,американската јавност со воодушевување го поздрави крајот на корејската војна и ветувањето на претседателот Ајзенхауер дека во иднина ќе го одбегнува ангажирањето на американската воена сила на периферните делови на Азија во кои не би го употребил нуклеарното оружје.

Меѓутоа,туку што беше завршена корејската војна,САД беа повторно соочени со можноста за нов воен судир и тоа повторно на тлото на Азија.Имено,во мај 1955 година,единиците на народноослободителното движење на Виетнам ги започнаа завршните операции во разбивањето на опколените француски трупи во упориштето Диен-Биен-Фу.Во такви услови Франција,како сојузник од НАТО пактот побара од САД директна воена помош за спасување на своите опколени трупи.Како одговор на француското барање и како излез од критичната состојба во која се најдоа француските трупи,некои одговорни раководители на Пентагон предложија употреба на нуклеарно оружје врз позициите на силите на ослободителната армија на Виетнам.Меѓутоа,како што тврди Урс Шварц - "по грижливото одмерување на можностите за и против употребата на нуклеарно оружје,на американските раководители им се чинело дека опасностите од таквиот чекор не стојат во прифатлив однос со интересите кои биле во прашање.Севкупната ме-

1) Цитирано според М.Клер,оп.цит.стр.85.

ѓународна ситуација одлучно одвраќаше од нуклеарната интервенција и спасување на Диен-Биен-Фу".[1)]

Меѓународната ситуација која,како што тврди Урс Шварц, ја одвраќаше САД од нуклеарна интервенција во Индокина,беше производ,во прв ред,на погрешната проценка на САД дека Советскиот Сојуз како неразвиена и аграрна земја нее може за подолг временски период да произведе атомско оружје и со тоа посериозно да го загрози американскиот монопол во ова оружје.Меѓутоа,спротивно на таквите очекувања и претпоставки,Советскиот Сојуз веќе во септември 1949 година,успеа да изврши први проби со атомско оружје,а само четири години подоцна во август 1953 година,и први проби со хидрогенско оружје.

Во такви околности кога монополот на САД во нуклеарното оружје беше сериозно нарушен,евентуалната нуклеарна интервенција на САД во Индокина би претставувала сериозен ризик и можност за избивање на тотална војна што не им одговараше на интересите на САД.Според нивната оценка "таа општа и голема војна САД,исто како и земјите кои би сакале да ги заштитат,би ги изложиле на најтешки загуби и разурнувања и би предизвикала таква материјална штета и такви политички последици во целиот свет кои ни на кој начин не би можеле да се проценат".[2)]

Во тој период - кон средината на педесетите години - развојот на меѓународната ситуација се поочигледно потврдуваше дека од некогашниот сон на САД за светска хегемонија и доминација со помошта на нуклеарното оружје не останаа речиси ништо. Влијанието и хегемонијата на САД во овој период се сведуваше на десетина држави собрани во Атлантскиот пакт или во другите помали воено-политички сојузи во Јужна Азија и на Далечниот

1) Урс Шварц,наведеното дело,стр.113.
2) Исто,стр.114.

исток.Она што уште беше останало од замислениот "слободен свет" или се повеќе се осамостојуваше,како на пример Западна Европа и Јапонија,или се повеќе се покренуваше во народноослободителна борба.[1)]

Кон општото национално разочарување со ваквите состојби во светот набргу се приклучи и уште едно.Од своето постоење како држава,Соединетите Американски Држави секогаш сметале со фактот дека од другиот дел на светот се одвоени со океани, кои се до средината на педесетите години претставуваа несовладлива пречка за потенцијалните напаѓачи на американското копно. Таквата географска и стратегиска положба на САД и поседувањето на нуклеарното оружје влеваа една општа сигурност за безбедноста на САД не само кај владеачките воено-политички структури,туку и кај секој просечен американец,

Таа и таквата илузија,меѓутоа,беше урната со појавата и лансирањето на првиот Советски земјин вештачки сателит и сознанието дека Советскиот Сојуз успеал да произведе интерконтинентални ракети,со што дошол во можност со својот нуклеарен потенцијал да ја загрози територијата на Соединетите Американски Држави.Тој настан и тоа сознание,според оценките на голем број американски автори,предизвикал вистински шок на целата нација, кој,според некој автори бил сличен на оној што Американците го доживееа во времето на нападот на Јапонците врз Перл Харбур.

Така,според оценката на Лео Матес,Американците се нашле во ситуација не само да ја загубат толку посакуваната позиција на водечка сила во светот,туку дури да станат втора сила во однос на стратегиското оружје - зад Советскиот Сојуз.[2)]

1) Лео Матес,Суштина и циљеви спољне политике САД и НАТО, Савремени стратегиски проблеми број 3,1979 година,стр.13.
2) Исто,стр.13.

Во оваа сложена и за САД застрашувачка ситуација,политичките и воените кругови на САД донесоа одлука сите свои сили да ги насочат кон развој на нови системи на оружја и со тоа да ја блокираат стекнатата предност на Советскиот Сојуз.Тоа беше всушност,почеток на спектакуларната трка на суперсилите во космосот која сега ја диктираше Советскиот Сојуз.Така,со една година задоцнување 1958 година,Соединетите Американски Држави го лансираа својот прв вештачки сателит "Експлорер",кој беше значително помал од советските "спутници".

Трката на суперсилите во космосот имаше мошне значајни воено-стратегиски импликации и беше следена со низа други активности на планот на трката во вооружување.

Таквиот развој во сферата на трката во вооружувањето која доведе до определен паритет во нуклеарното оружје меѓу суперсилите,доведе и до тоа Стратегијата на масовна нуклеарна одмазда да доживее и конечен слом.Зашто,нуклеарната закана и "застрашување" на противникот со општа нуклеарна војна во услови кога е и тој во можност на таква закана да одговори со иста мерка стана наполно безвредна.

Имено,обете суперсили се најдоа во позиција како "два шкорпиони затворени во шише",како што тоа духовито го констатира таткото на на атомската бомба Роберт Опенхајмер.[1] Се случи, всушност,она што другарот Тито предупредуваше уште на самиот почеток на атомската ера,за да нешто подоцна во својот говор во Бандунг 1955 година,визионерски ги одреди правецот и логиката на трката на суперсилите во нуклеарното вооружување.

"Разурнувачкото нуклеарно оружје" - рече другарот Тито во својот говор во Бандунг - "од кое неговите иницијатори очекуваа дека ќе ги направи господари на човечките судбини во целиот

1) Ралф Леп,Стратегија уништења,Седма сила,Бгд.,стр.10.

свет,најпрвин ги зароби нив самите.Тоа стана средство кое се заканува да ги уништи и сопствените творци.Слепата сила на војнените машини вооружени со тоа оружје,искокна од рамките на класичните пресметки кои војната ја сметаа за продолжување на надворешната политика со други средства.Замислено како најмоќно оружје на победата,тоа се покажа единствено како оружје на разурнување и сеопшто уништување,како оружје на војна без победник".[1)]

## 1.3.Неврзаноста и неврзаните земји во надворешната политика на САД во периодот на студената војна

Врз ставот и односот на Соединетите Американски Држави спрема народноослободителните движења,новоослободените земји и политиката на неврзување во периодот на студената војна влијаеа повеќе фактори.Како прва колонијална земја која се здобила со независност и како сила која не одела по стапките на колонијалните империи,САД често со понос истакнуваат дека принципот на антиколонијализмот секогаш и бил иманентен на политиката на САД.

Во создадената популарна митологија - како што вели Мичел Клер - Соединетите Американски Држави се една земја чии основни идеали ја опфаќаат концепцијата на самоопределување - право на секоја земја и секоја нација сама да решава за сопствената иднина,непопречувана со интевенции отстрана.Дека Соединетите Американски Држави го одржуваат овој идеал секогаш било и е неоспорувано - толку неоспорувано,што оваа претпоставка го нашла своето место во напишаните дела на генерации историчари и политички коментатори.[2)]

1)Јосип Броз Тито,Говори и чланци,кн.IV,ВИЗ,Белград,стр.43.
2.Мичел Клер,оп.цит.стр.30.

Меѓутоа,империјалистичката улога на САД до Втората светска војна беше замаглена со тоа,што тие се "откажаа" од освојување на формални поседи на една империја.Со исключок на Порторико,Хаваите,Филипините и еден број пацифички и карипски острови,американската експанзија во светот беше остварена без вистинско освојување на колонијални територии.

Имено,за разлика од европските колонијални сили кои настојуваа да одржуваат директна контрола врз судбината на своите колонијални територии,Соединетите Американски Држави се обидуваа својата хегемонија и доминација да ја остварат по пат на агресивни инвестициони вложувања,со помош на маневрирање со помалку развиените земји,доведувајќи ги на тој начин во положба на политичка и економска зависност.

Во тој контекст треба да се посматра и повоената политика и однос на САД спрема новоослободените земји и нивната борба за национално и социјално ослободување.Ставајќи го својот потпис на Атлантската повелба во која беше прокламирано правото на народите на самоопределување,претседателот Рузвелт беше категоричен во тоа,дека ова право не се однесува само на народите кои ги поробиле фашистичките сили,на што инсистираше Винстон Черчил,туку на "целиот свет".

Ваквиот,во основа позитивен став и однос на САД спрема борбата на народите за колонијално ослободување и слободен внатрешен развој не беше производ на "антиколонијализмот" како иманентно својство на американската политика,туку пред се,производ на изразениот интерес на САД за слабеење на колонијалните сили,со што би се отворил широк простор за економска и политичка пенетрација на САД во овие земји.

Според аргументираното тврдење на познатиот англиски филозоф Бертранд Расел,Соединетите Американски Држави уште пред да стапат во војна детално го анализирале проблемот што тие ќе добијат со стапувањето во војната.Распаѓањето на Британската империја уште тогаш е оценувана како веројатна перспектива и во врска со тоа уште тогаш се проценувани интересите на американските деловни кругови.

Претседателот Рузвелт на 12 јануари 1940 година,на новинарите на стопанските и финансиските списанија на Америка, меѓу другото,им изјавил и следно:

"Како што знаете на Британците во оваа војна им требаат пари.Тие имаат поседи на сите точки на земјината топка... За да можат да ја водат оваа војна тие веројатно ќе мораат да напуштат некои од своите поседи а ние можеби ќе се уфрлиме во тие простори и ќе правиме некои финансиски аранжмани за да конечно дојдеме во посед на некои локалитети.Тоа е мошне занимлива работа и една од најважните за нашите идни деловни работи и трговијата,која треба тоа да го проучува од ова стојалиште".[1)]

Како што се гледа Рузвелт,односно САД не биле мошне заинтересирани за подршката на Черчил за обновување на Британската империја по Втората светска војна.Рузвелт изрично го подржуваше давањето на независност на Индија и лично сметаше дека Чан Кај Шекова Кина треба да биде темел на амариканската повоена политика во Азија.Соединетите Американски Држави уште пред војната се судрувaa со Велика Британија на многу точки,бидејќи Британија настојуваше своите колонии да ги затвори за промет со Америка,што на младата и развиена индустриска земја и претставуваше сериозна пречка за економска експанзија.Сето тоа наведува на заклучок дека САД во своите планови за повоеното

1) Bertrand Rasel,War Crimes in Vietnam,London,str.16.

уредување на светот повеќе размислувале за проблемите како да обезбедат слободен пристап на светските пазари под "исти услови",отколку за конфронтацијата со Советскиот Сојуз,кого веројатно поради големите загуби и поднесени жртви во војната,САД го оценувале како сила,која освен идеолошко влијание,ќе има мошне малку влијание врз развојот и тековите на светската трговија и монетарните движења во светот.

Завршувањето на Втората светска војна и воено-политичката позиција на Велика Британија и другите некогашни европски колонијални сили ги потхранувал надежите и предвидувањата на САД за судбината на некогашните колонијални подрачја.

Меѓутоа,спротивно на очекувањата дека како главни конкуренти на американската хегемонистичка политика ќе се појават некогашните колонијални сили,на светската сцена,речиси неочекува се појави нов ривал и опонент на американската глобална хегемонија со претензии рамноправно да учествува во одлучувањето со светските проблеми.Тоа беше Советскиот Сојуз сојузник од Втората светска војна,но и огорчен противник по војната.

Покрај тој факт,во тој период во многу земји во светот,а особено на тлото на Азија,како и во Југославија,почнаа сосема јасно да се оформуваат сфаќањата и идеите за неврзување за која и да е голема сила,за неприфаќање на чии и да е модел на внатрешно уредување - за самостојна позиција и ориентација во меѓународните односи.Со тоа се повеќе се зголемуваше уверувањето на САД дека по повлекувањето на некогашните колонијални сили од колонијалните подрачја во Азија и Африка,тој простор нема да остане празен,во кој според поранешните проценки,САД би требале само "да влезат"

Во таквите меѓународни околности,САД колку и да го наоѓаа својот интерес во опаѓањето на улогата и моќта на колонијалните сили,раководејќи се со глобалните интереси на "Задржување на комунизмот",тие објективно се најдоа во позиција во конфронтацијата со главниот противник Советскиот Сојуз да им даваат секаква помош и поддршка на колонијалните сили,па и помош во нивната борба против народноослободителните и револуционерните движења.Со тоа Соединетите Американски Држави отворено се ставија на страната на борбата против народноослободителната борба на колонијалните народи.

Со таквите свои политички ставови и практични акции политика на САД дојде во судир со начелата и целите на народноослободителните движењња и стремежите на новоослободените земји за слободен и независен развој.Токму поради тоа анализата на документите на неврзаните земји од периодот на студената војна недвосмислено покажува дека неврзаните земји и покрај својот принципиелен став и однос спрема обете блоковски сили,најостро и на најширок фронт се судрувале со Соединетите Американски Држави и основните правци на нејзината политичка акција.

### 1.4.Политика на детант и попуштање на меѓународната напнатост

Не навлегувајќи пошироко во разгледувањето на инаку сложената проблематика на содржината на поимот на детантот и времето на неговото настанување,детантот всушност значи она што под тој поим се подразбира - попуштање на напнатоста во однос на состојбата на студена војна.Според тоа ако студената војна претставува состојба "ни војна ни мир",детантот би требал да значи состојба која повеќе ⟶

не е студена војна,но не е ни состојба на вистински мир.Тоа би требало да значи дека детантот е процес на надминување на студената војна и нејзините последици,а се состои од постапно напуштање за студената војна карактеристично однесување на суперсилите и изградување на поповолни меѓусебни и меѓународни односи.

Другарот Кардељ,образложувајќи го своето сфаќање за детантот,меѓу другото,вели:

"Детантот е политика која е рационален производ на повеќе или помалку созреаното сознание на протагонистите на доминантните спротивности на современиот свет дека третата светска војна,како излез од тие спротивности станува се помалку можна, односно дека таа во себе носи ризик на таква катастрофа на човештвото која денес тешко може да се предвиди.Во таа смисла детантот претставува субјективно согледување и признавање на една неизбежност...Мислам дека тоа сознание го наметнува пред се една специфична ситуација.Имено,техниката и технологијата на војната мошне се развија: толку е голема концентрацијата на средствата во рацете на спротиставените блокови и толку е голема нивната способност таа техника и технологија и натаму паралелно да ја развиваат,што каква и да е перспектива за стекнување на некои битни предимства во односот на силите која би им овозможила победа без ризик на самоуништување,станува навистина нереална.[1]

На појавата на детантот влијаеа повеќе фактори,но би рекле дека се два основни: (1) развојот,усовршувањето и натрупувањето на нуклеарното и другото оружје за масовно уништување,и (2) развојот на политиката и движењето на неврзаните и нивниот отпор и спротиставување на политиката на студената војна и трката во вооружувањето.

1) Едвард Кардељ,Интервју на холандскиот зборник "Иднината на Европа,Политика од 25 јануари,1977 година.

Со експлозијата на првата советска атомска бомба во 1949 година,беше начнат едностраниот монопол во поседувањето на нуклеарното оружје.Со тоа,всушност започна сулудата и астрономски скапата трка на суперсилите во нуклеарното и другото оружје за масовно уништување.Целиот период по Втората светска војна се до денешните денови исполнет е со настојувањета на суперсилите да произведат што поголеми количини и што поусовршени системи на нуклеарно и друго оружје.Основната смисла на оваа сулуда трка е всушност во настојувањето на суперсилите со натрупувањето, усовршувањето и развојот на нуклеарното оружје да се здобијат со определена предност во однос на спротивната страна.Меѓутоа, во таа јалова трка за предност обете страни,бар досега,успваа да ја одржат рамнотежата во можностите за меѓусебно уништување.

Таквиот развој во сферата на трката во вооружувањето доведе до тоа,што некоја евентуална војна меѓу суперсилите,неминовно би водела кон самоубиствен акт за обете страни,поради што нивната натамошна конфронтација од позициите на студената војна стана не само беспредметна туку и опасна за обете страни.И уште нешто.Со јакнењето на апсолутната разурнувачка сила на нуклеарното оружје и со проширувањето на нуклеарниот арсенал,се повеќе се намалуваше неговата практична употреба како средство на политиката.Имено,со јакнењето на воената сила и моќ на суперсилите изразена во нуклеарното оружје,опаѓаше нивната можност за остварување на некои мошне значајни цели во однос на спречувањето на народноослободителните движења и прогресивните процеси во земјите во развој.

Од друга страна,развојот на политиката и движењето на неврзаните,нивната постојана и упорна борба против политиката на студена војна и тракатa во вооружувањето имаа,исто така,битно

врз постапното попуштање на напнатоста во меѓународните односи и прифаќањето на детантот како единствена алтернатива на студената војна.Во тој правец неврзаните земји вршеа и директни притисоци врз суперсилите за да ги надвладеат своите недоразбирања и да побараат конструктивни решенија за спорните меѓусебни и меѓународни проблеми.Во таа смисла е мошне карактеристична "Изјавата за опасностите од војна и апелот за светски мир",на учесниците на Првата конференција на неврзаните во Белград,во која во врска со тогашната напнатост во меѓународните односи и улогата и одговорноста на суперсилите за влошувањето на меѓународните услови и трката во вооружувањето,меѓу другото,се вели:

" Додека денес одлуките кои водат кон војна или мир зависат од тие големи сили,последиците го погодуваат целиот свет. Затоа,сите држави и народи ~~кои~~ трајно се заинтересирани и се загрижени за тоа,постапките на големите сили да бидат такви на човештвото да му овозможат да напредува на патот кон мир и благосостојба,а не кон кобното уништување".[1]

Во сличен дух конференцијата им упати и посебни пораки на тогашниот претседател на Советскиот Сојуз - Никита Хрушчов, и на претседателот на Соединетите Американски Држави Џон Кенеди, апелирајќи на нив да ги обноват и да ги продолжат преговорите за да се отстранат опасностите од војна.

Воспоставувањето на нуклеарна рамнотежа меѓу суперсилите и појавата и развојот на детантот имаа битно влијание врз намалување на опасностите од светски судир и светска нуклеарна војна.Меѓутоа,во такви услови на обострано одбегнување на општа нуклеарна војна "се повеќе доаѓа до израз договарањето,но со натамошно одмерување на силите,продолжување на трката во вооружу-

1) Љубодраг Радовановиќ,Политика неангажованости дана,Документи данашњице,број 158/66.,стр.6.

жувањето и квалитативното јакнење на оружените сили.Во такви околности примената на сила и војна се повеќе се ограничува на локални подрачја,ограничени војни и "специјална војна" во борбата против народноослободителните и револуционерните движења како репресивна сила во спречувањето на прогресивните движења и тенденции во многу земји на светот".[1]

Поправо,спогодувањето и одбегнувањето на општата нуклеарна војна им овозможи на суперсилите и многу поширок маневарски простор за активно дејствување во неврзаниот свет.Во тој правец се поочигледни се нивните настојувања "големиот мир" да се сочува по секоја цена,но,сепак,да се остави простор за мали војни,воени интервенции и слични акции.Таквите настојувања најдоа свое место и во нивните воено-политички доктрини.

### 1.5.Напуштање на стратегијата на масовна нуклеарна одмазда и ориентација на САД на локални и ограничени војни

Натрупувањето на нуклеарното оружје од страна на двете суперсили и создавањето на "нуклеарно изобилство",како и фантастичната разурнувачка моќ на ова оружје,очигледно го доведоа човештвото пред историска дилема: или мир и коегзистенција меѓу народите и државите,или војна и самоуништување на човештвото.Меѓутоа,размислувањата на суперсилите се движеше во сосема друг правец.Тие беа опседнати со мислата како во такви услови на нуклеарна рамнотежа да обезбедат остварување на своите политички и економски цели,а при тоа да не дојдат во директен судир со спротивната страна и да не предизвикаат општа нуклеарна војна. Решението беше најдено во ориентацијата на локални и ограничени војни и тоа превасходно на оние подрачја и во оние региони каде

1) Пла форма за припрему Десетог конгреса СКЈ,ИЦ "Комунист,Белград,1975 година,стр.41.

што интересите на суперсилите не се јасно издиференцирани,а тоа се главно неврзаните земји.

Со доаѓањето на претседателот Џон Кенеди на чело на американската администрација во јануари 1961 година,дојде до крупни промени во воено-политичката доктрина на САД.Уште пред да влезе во Белата куќа,Кенеди беше еден од најострите критичари на стратегијата на масовна нуклеарна одмазда.Идниот шеф на новата американска администрација и воените стручњаци собрани околу него,како и некои познати научници врзани за Демократската партија,оценуваа дека стратегијата на масовна нуклеарна одмазда не само што не е уверлива,туку во најголем број случаи кои би можеле да бидат повод за војна таа е неупотреблива.

Изнесувајќи ги некои свои оценки и мислења за стратегијата на масовна нуклеарна одмазда,Кенеди во еден свој говор во градот Лејк Чарлс 1959 година,меѓу другото,истакна:

"Ние во оваа земја мораме да бидеме подготвени да водиме општа нуклеарна војна - или инаку не би биле во состојба да спречима општа нуклеарна војна против нас...Меѓутоа,тоа не е одговор на сите закани на комунистичката агресија.

Во практиката нашата моќ на нуклеарна одмазда не е доволна сама за себе.Таа не може да спречи комунистичка агресија која би била толку ограничена што не би оправдувала една атомска војна.Таа не може да ги заштити неангажираните земји од тоа комунистите да ја преземат власта користејќи се со локални и герилски сили.Таа не може да се користи при тнр."периферни војни и чаркања".Таа не беше употребена во Кореа,Индокина,Унгарија,на Суец,во Либан,Тибет или во Лаос.Накратко таа не може да ги спречи комунистите постапно да ги нагризуваат тери-

ториите на слободниот свет и неговата сила,додека нашата безбедност упорно би се намалувала и би била истрошена во почетните дејства во сите случаи на настапување на црвените кои би биле и премногу мали за да ја оправдаат масовната одмазда со сите свои ризици која таа со сбе ги носи.А историјата не учи дека е тоа,а не општ нуклеарен напад,денеска најголема закана. Меѓутоа,ние самите себеси се буткавме во еден агол во кој единствен излез и избор е се или ништо,уништувањето на светот или да се предадеме - избор кој не наведува да се колебаме на работ на војната,или иницијативата да му ја препуштиме на непријателот.

Ние упорно го намалувавме бројот и силата на нашите копнени единици - на нашата копнена војска и нашата морнаричка пешадија.Ние упорно пропуштавме да обезбедиме нашите конвенционални сили да се снабдат со модерно конвенционално оружје.А особено пропуштивме да обезбедиме способност на воздушниот и поморскиот транспорт кој е потребен за да на овие сили им дадеме еластична подвижност толку потребна за заштита на нашите обврски на сите точки на светот".[1)]

Од овој говор на Кенеди јасно произлегува дека Кенеди бара,нови,многу поголеми конвенционални сили во сите видови на оружените сили,развивање на способност за соодветно реагирање на акции од сите размери,но во исто време и способност на американските оружени сили за борба против "герилските сили".

Критиката на стратегијата на масовната нуклеарна одмазда доаѓаше,значи,од страна на Кенеди,кој беше токму таа личност која набргу ќе стане идеолог на новите сфаќања и новата доктрина,~~туку~~ човек кој со своите најблиски соработници ќе биде

1) Ф.Ј.Кенеди,Стратегија на мир; цитирано според:Д.Шешеринац,оп.цит.стр.62.

одговорен за нивното спроведување во живот.Таа критика,меѓутоа, не значеше и промени во политичката ориентација на САД,стремеж кон мир,престанок на студената војна,сопирање на трката во вооружувањето,туку барање на нови,по неговото мислење,подобри средства за постигнување на старите цели.

Кенеди и неговите најблиски политички и воени советници при конципирањето на новата американска доктрина тргнуваа од два сосема нови елемента: прво,од фактот дека во светот значително е зголемен бројот на народноослободителните движења и на оние земји кои незадржливо се стремат кон независност и слобода,и второ,дека во односите меѓу блоковите настапиле промени во таа смисла,што и противничкот блок успеал да создаде своја нуклеарна сила,толку моќна да може на САД и на нејзините сојузници во Европа да им нанесе "неподносливи" загуби.

Новиот владеачки врв уочува дека блоковската конфронтација не е ниту единствена,ниту основна противречност на денешниот свет.Таа уочува дека економските операции на САД во нерзвиениот дел од светот имаат животно значење за просперитетот на американскиот бизнис.

Според тоа,во време кога Кенедиевата влада ја презеде власта во Белата куќа во јануари 1961 година,Соединетите Американски Држави располагаа со извонредно моќна воена сила,чии темели ги постави владата на претседателот Ајзенхауер.Стратегиските можности на САД во тој период,меѓутоа,се засновуваа речиси исклучително врз нуклеарниот потенцијал и мошне развиената стратегиска авијација.Џон Кенеди дојде на власт токму во еден период на нараснати револуционерни активности во светот,а особено во Југоисточна Азија.Во овие процеси тој гледа како на специфичен облик на"комунистичка агресија",која се врши час во

една час во друга земја,од што извлекува и заклучок,"дека идната светска војна нема да биде општа конфронтација на силите во Европа,туку една бескрајна низа на ограничени судири во земјите на третиот свет".[1]

Во врска со овие и ваквите оценки,тогашниот министер на одбраната на САД Макнамара,во својот годишен извештај на американскиот конгрес изјави "дека во последните две или три години во прв план на светската сцена се појавуваат војни кои господин Хрушчов ги наречува "народноослободителни војни",а кои ние ги познаваме како бунтови,субверзии и отворени оружени агресии... Ние ќе мораме да поминеме долг пат додека не изнајдеме ефикасни мерки против овие нови методи на комунистите.Ние ќе мораме да се соочиме со овој предизвик ако сакаме во овој вид војна да им нанесеме пораз.Сосема е можно седмата деценија од овој век да биде период на решавачка борба која ќе се одвива во оваа област".[2]

Согласно со ваквите оценки и ставови новата доктрина на администрацијата на претседателот Кенеди требаше да одговори на овие барања на кои укажува Макнамара,а во прв ред,како и на кој начин САД да влијаат врз светските настани по пат на сила со цел да ги сопрат прогресивните процеси во земјите во развој,а при тоа да не дојдат во директен судир со потенцијалниот противник - Советскиот Сојуз.Понуденото решение беше содржано во новиот стратегиски концепт наречен стратегија на "еластичен одговор".

Суштината и целите на овој нов стратегиски концепт најконсеквентно ја образложи еден од најголемите критичари на претходната стратегија и идеен творец на новата стратегија на "еластичен одговор",генералот Максвел Тејлор.Образложувајќи го

---

1) Цитирано според Мичел Клер,наведеното дело,стр.50
2) Исто,стр.7.

новиот стратегиски концепт,генерал Тејлор,во својата позната книга "Несигурен трубач",објавена 1959 година,меѓу другото,пишува:

"Овој назив ("елестичен одговор") наговестува потреба од една способност да се реагира во рамките на еден цел диапазон на воени активности во случај на можен предизвик,за да со успех се бориме против сите закани,од една општа нуклеарна војна до инфилтрации и агресии како што е сега заканата на Лаос и Берлин.Новата стратегиска концепција би признавала дека да се спречи или брзо да се добие една ограничена војна е исто толку неоходно како што е неопходно да се спречи една општа војна.Инаку,ограничената војна која што ние не би можеле бргу да ја добиеме,би можела да доведе до постапно уништување или до вклучување во еден судир кој би можел да нарасне до една општа војна која ние сакаме да ја одбегнеме".[1)]

Развојот и реализацијата на новата стратегија,според генерал Тејлор,бара брза изградба на американските ненуклеарни сили кои на САД би им овозможиле на секоја криза да реагираат прецизно,со количество на сили кои се потребни за да се обезбеди успех на САД.Со една таква можност,тврдеше во тоа време генералот Тејлор,САД не ќе мораат да избираат меѓу нуклеарна војна или компромис и отстапување,како што тоа беше случај во Стратегијата на масовна нуклеарна одмазда.

Согласно со новиот стратегиски концепт,тежиштето на американското воено планирање и воените активности беше префрлено од подготвувањето за една термонуклеарна војна,на подготвување за водење на локални и ограничени војни како основно средство за сузбивање на народноослободителните и револуционер-

1) Максвел Тејлор,Ненадежнаја труба,Москва,1961 година, стр.38.

ните движења и прогресивните процеси во неврзаниот свет.

Во новиот стратегиски концепт и новиот воено-политички курс на Соединетите Американски Држави беа вградени и некои други мерки од "невоен карактер" кои имаа за цел со "специјални" методи,сили и средства однатре да ги минираат прогресивните движења во земјите во развој,односно во неврзаните земји и на тој начин да го сопрат нивниот развој и обезбедат освојување на нови позиции на САД во овие земји.

Новите стратези на администрацијата на претседателот Кенеди со апостолско одушевување и со полна поддршка на Кенеди, започнаа темелно да го реорганизираат воениот механизам на САД, со цел оружените сили на САД да можат да одговорат на секоја "закана" која би се јавила на кој и да е дел на светот.

Според мошне аргументираната анализа на Мичел Клер, овие усилби биле насочени,главно во неколку основни правци: [1]

(1) во што пократок рок да се обезбеди изградба на сили и средства "за брз развој" за да американските трупи можат да стигнат и да се развијат на боиштето на првиот знак за појавата на некое револуционарно дејствување.Изградувањето на овие сили се засновуваше врз оценката на САД дека во стратегијата на револуционерните војни времето било од мошне битно значење,па според тоа,доколку се сака успех во борбата против народноослободителните и револуционерните сили,тие треба да се разбијат пред да ја добијат општата поддршка на народот;

(2) да се искористи високиот степен на технолошките знаења во изградбата на нови технички средства за извидување и откривање на востаничките упоришта,како и изградба на нови тех-

1) Да се види пошироко:Мичел Клер,оп.цит.стр.203-253.

нички средства за предупредување од можни герилски дејства и напади.Имено,воените советници на претседателот Кенеди увидуваа,а и знаеа,дека за заштита од ненадејните напади на герилските единици во зоната на борбените дејства е потребен голем број војници-пешаци.Со примената на новите технички средства за извидување и предупредување тие сметаа дека со тоа ќе можат да го намалат бројот на потребните војници за оваа мошне важна задача.Сите тие усилби требаа да доведат до изградување на тнр. "електронско боиште" со кое би се обезбедило успешно спротиставување на стратегијата и тактиката на революционерните и ослободителните војни.

Во врска со изградбата на едно вакво боиште,Ленард Сaливен,човекот што беше одговорен за севкупните научни истражувања на Пентагон во Виетнам,вели:"Овие остварувања отвараат мошне возбудливи хоризонти во однос на тоа што сè би можеле да постигнеме по следните пет или десет години ако се сфати дека со новата техника ќе можеме да откриеме сè што дише,сè што се движи,сè што носи метал или прави шумови,или пак што е потопло или постудено од средината што го окружува... Тоа е почеток на инструментализацијата на целото боиште.Конечно ние ќе бидеме во можност кога некој пука да кажеме кој пука,во што пука и од каде пука...".[1)]

(3) со поширока примена на достигањата во општествените науки да се обезбеди насочување и контрола на општествените движења и општествениот развиток во неврзаните земји.

Во целиот период на студената војна и острата конфронтација меѓу Исток и Запад,стручњаците од Пентагон веруваа,а и тврдеа дека воената надмоќност во однос на која и да е земја се остварува,во прв ред,со поголема огнена моќ,поголема подвиж-

1) Цитирано според:Мичел Клер,оп.цит.стр.251.

ност и со други предности од чисто технички карактер.Според нивното мислење ако на боиштето се обезбеди доволен број тенкови,топови,хеликоптери и друга неопходна воена опрема - секоја востаничка сила ќе мора да биде уништена.

За разлика од воените експерти,кај цивилните стручњаци кои Кенеди и Макнамара ги доведоа во Пентагон,се појавија спротивни гледишта и тенденции.Тие тврдеа дека во судирите со народноослободителните и револуционерните движења мораат да се бараат пред се политички,а не технолошки одговори.Како луѓе од науката тие предлагаа вложување на заеднички усилби во вклучувањето на повеќе дисциплини од општествените науки за да се изучуваат општествените движења и општествените промени кои се случуваат во неврзаните земји.Врз основа на такви студии,според нивното мислење,би требало да се изгради и да се развие посебна стратегија за воено-политичка интервенција во областите кои се загрозени со револуции.

Врз основа на таквите оценки и сфаќања општествените науки и голем број еминентни научници беа впрегнати во разрешувањето на проблемите на борбата против народноослободителните и прогресивните движења во неврзаниот дел на светот;

(4) во борбата против народноослободителните и револуционерните движења да се искористат сите можности за користење на платеници и најамници.Зашто,според оценката на стратезите на Пентагон,целта на секое револуционерно движење е владеачкиот режим да го изолира од народните маси.Заради тоа,директната употреба на американските оружени сили во одбраната на таквите режими неизбежно би ги зајакнувале аргументите на герилските и другите револуционерни сили дека режимот му служи на

странски интереси.Покрај тоа,според нивните оценки,без оглед на техничките средства со кои би располагале американските оружени сили,директното американско ангажирање во многу нерешавачки противгерилски акции неминовно би водело кон сериозни загуби во луѓе,што без сомневање,би предизвикувало спротиставување на американската јавност на ваквите интервенции.

Заради сето тоа,американските стратези инсистираат на тоа,во борбата против револуционерните движења максимално да се користат домашните платеници и најамници.Со тоа,според нивното мислење,би се намалиле загубите на луѓето во оружените сили,а од друга страна,со таквата постапка би се оставал впечаток дека американското ангажирање во овие дејства е ограничено само на поддршката на оние сили кои ја бранат "законитата влада".

Како директен продукт на новите концепциски погледи и новата воено-политичка стратегија,која влеваше надеж во сигурен успех на секоја воена интервенција,како и решеноста на САД да се спротистави на сите прогресивни и револуционерни процеси во неврзаните земји,дојде и до директно воено ангажирање на САД во Виетнам.

## 1.6.Политика на сила,партнерство со сојузници и преговарање со главниот противник

Војната во Виетнам и нејзинот за САД неповолен тек,отсуството на каква и да е поддршка на американското воено ангажирање во оваа војна од страна на западноевропските сојузници,како и огромните финансиски издатоци кои доведоа до опаѓање на конкурентската способност на САД на светскиот пазар,наметнуваа потреба новата американска администрација на чело со Ричард Никсон да ги преиспита целите на американската политика,особено во однос на целесообразноста на преголемите политички и економ-

ски обврски што САД ги презеле врз себе како лидер на западниот капиталистички свет.

Оценувајќи ја состојбата во која САД се нашле во шеесетите години,проф.Ханс Моргентау,меѓу другото,констатира:

"Во ова време (мисли на изменетите услови,заб.С.Д.), се обидуваме проблемите да ги решаваме со старите интелектуални методи - со Трумановата доктрина и Маршаловиот план.Меѓутоа,со текот на времето Трумановата доктрина од идеолошка основа на воено задржување се претвори во општ принцип на глобалната политика,а Маршаловиот план од метод на стопанско обновување на Европа,во глобален принцип на давање помош на странски земји. Како резултат на тоа,САД презедоа врз себе обврски кои,доколку би се обиделе да ги исполнат би ја довеле до уништување".[1)]

Во врска со американската улога во светските односи, при крајот на педесетите и почетокот на шеесетите години,односно во време кога на чело на американската администрација доаѓа Ричард Никсон,некои аналитичари духовито забележуваат дека Соединетите Американски Држави се нашле во положба на Атлас од грчката митологија,односно дека се веќе изморени од носењето на целиот свет врз своите плешки.Според некои оценки,во таквата положба САД се нашле поради низа околности,меѓу кои и отвореното одбивање на западноевропските сојузници повеќе да се ангажираат во носењето на тој товар и неговата порамноправна распределба.

Критикувајќи ја политиката на европските сојузници и "европската благодарност" на Соединетите Американски Држави

1) Hans Morgenthau,The Buliten of Atomic Scientist,јануари 1967 година,стр.10.

за се што таа за нив сторила,демократскиот сенатор С.Симингтон сериозно им замерува на европските народи што одбиле во Виетнам да испратат макар еден единствен војник,а тие,вели тој, станаа високопросперитени токму под чадорот на заштита на САД, додека во нашето стопанство настанаа тешкотии".[1)]

Потрагата по нови решенија и ново поставување на САД во светските релации се движеше главно во изнаоѓање на некој среден пат меѓу две крајности: прво,САД да се ослободат од товарот на светски џандар во заштитата на интересите на западниот капиталистички свет,и второ,при тоа сепак да задржат можност за битно влијание врз светските настани и светските движења.

Појдовна основа во новото поставување на администрацијата на Ричард Никсон во светските релации,како во однос на противникот,така и во однос на сојузниците претставуваа оценките:

прво,дека опасностите од комунистичката експанзија и субверзија не се такви какви што своевремено ги прикажуваа Далс и Макарти за да целата надворешнополитичка стратегија на САД би морала да биде опседната со крстоносна војна против комунизмот;

второ,дека е неопходно да се има повеќе доверба во способностите на другите западни земји самите да ја бранат својата независност и своите национални интереси доколку тие бидат загрозени;

трето,дека сите геополитички подрачја во светот не се подеднакво важни,ниту пак од судбоносно значење за интересите на САД,за да американското физичко присуство во тие подрачја би било неоходно по секоја цена;

1) U.S.News and World Report, мај 1968 година,стр.68.

четвртто,дека не е разумно да се смета дека зад секој кризен настан во светот се кријат прстите на комунистичката субверзија и дека во тие настани се решава судбината на САД;

петто,дека воената интервенција во Индокина покажала, дека таквото ангажирање има свои ризици и ограничувања,па во крајна линија не донесува посакувани резултати,а може и да им штети на интересите на САД; и,

шестто,дека САД би морале да водат поселективна политика спрема светот и посилно да се ангажираат таму каде што е неопходно и во сразмер со вистински и реално согледаните интереси на САД.[1)]

Врз вакви основи на политичката стратегија,претседателот Никсон прокламираше нова доктрина "на сила,партнерство и преговарање",наместо поранешната доктрина на "колективна безбедност".Меѓутоа,не се работеше за напуштање на доктрината на "колективна безбедност",туку за нагласувањето на партнерството со сојузниците како нов елемент на сила во рамките на колективната безбедност.Според архитектите на оваа нова доктрина таа би требало да овозможи престројување на САД за една порационална и подинамична улога на САД во светските релации.

Ваквите определби и сфаќања беа засновани врз оценките дека претходната доктрина на "колективна безбедност" и стратегијата на "еластичен одговор" не биле ефикасни во борбата против народноослободителните движења и прогресивните процеси, и дека на задоволувачки начин не овозможувале вклучување на сите сили и средства на Западниот блок во остварувањето на целите на Запад.Тоа значи,дека целите и натаму остануваат главно исти,а се менуваат средства и методите за нивното остварување.

---

1) Zbignjev Bžežinski,Botveen Two Ages - America's Role in Teshnetronic Era,New Jork,1978.

Основните компоненти на Никсоновата доктрина на "сила партнерство и преговарање" и стратегијата на тнр."реалистичко одвраќање",ја чинат главно три взаемно поврзани елементи: соодветни сили,партнерство со сојузниците и преговарање со противникот.

Под соодветни сили се подразбираат вкупните сили и можности на блокот,како и нивната способност:

прво,со својата импозантна моќ да дејствуваат во правец на одвраќање на потенцијалниот противник и спречување на војната на сите рамништа;

второ,доколку,сепак,дојде до војна,да се располага со доволно сили за нејзиното успешно водење;

третто,во развојот на оружјето и другата воена опрема да се обезбеди техничко-технолошка супериорност на САД во однос на Советскиот Сојуз;

четвртто,да се обезбеди сојузниците во НАТО да ги зајакнат своите оружени сили,посебно конвенционалните.

Со цел на поеластична примена на оружените сили во остварувањето на воено-политичките цели на САД,новата стратегија на "реалистичко одвраќање",задржувајќи ја поранешната класификација на војните,предвидува и некои нови и "посебни" видови на судири,како што се:герилското војување,бунтовите,востанијата, политичките субверзии и слично.

Согласно со новата класификација на војните и другите облици на можни судири,извршено е натамошно приспособување на организацијата на оружените сили и начинот на нивната употреба.

Во однос на оружените сили,Никсоновата доктрина предвидува три основни з адачи:

прво,натамошно јакнење на нуклеарната моќ на САД,со

подобрување на квалитетот на постојното нуклеарно оружје,како и со истражувања и развивање на нови системи на оружја како што се: метереолошкото,неутронското и други оружја за масовно уништување;

второ,да се усогласи развојот на сите видови на оружените сили во правец на создавање на што поповолни услови за да евентуалната локална или некоја друга војна од пошироки размери може што подолго време да се води со конвенционални средства;

третто,натамошно квантитативно и квалитативно јакнење на силите за "брзи интервенции".

Со таквиот развој на оружените сили би требало:

(1) на противникот да му се стави до знаење дека секо негов обид во правец да ја менува состојбата во западниот сојуз би наишол на "одлучен" отпор;

(2) дека во борбата за зачувување на веќе стекнатите позиции на САД во светот и нивното евентуално проширување,оружените сили мораат да бидат соодветно организирани и да одговараат на својата намена;

(3) со интензивирањето на трката во вооружувањето да се врши постојан притисок врз Советскиот Сојуз заради негово натамошно економско исцрпување.

Под партнерство со сојузниците како нов елемент на воено-политичката доктрина на Никсон,се подразбира унапредувањето на меѓусебните односи и јакнењето на единството,пред се, на НАТО пактот,како и "поправедна" распределба на оптоварувањата и одговорностите во областа на одбраната на Западниот блок. Со потенцирањето на партнерството,САД настојуваа дел од американските воени расходи да ги префрал врз своите сојузници од НАТО,за да на тој начин,од една страна постигнат поголема вкупн

сила на Западниот сојуз,а од друга страна,таа сила,сепак,да биде во функција на средство на политиката и глобалните цели на САД.[1]

Преговарањето со противникот како елемент на доктрината се засновува врз сознанието дека меѓу суперсилите е воспоставена "рамнотежа на силите",што значи дека ни едната,а ни другата страна нема некој позначаен "вишок на сила" со која би можела да обезбеди наметнување на определени решенија по пат на сила.Преговарањето со противникот,меѓутоа,не ја исклучува конфронтацијата,туку со овој елемент,всушност,само се обезбедува еластичност и флексибилност на доктрината.А тоа значи,дека определени цели можат да се остваруваат само со преговарање,или со преговарање и ангажирање на соодветни сили и средства,или без преговарање - со ангажирање на потребни сили и средства.

Врз тие основи претседателот Никсон и неговата администрација започнаа низа преговори со Советскиот Сојуз,меѓу кои посебно место и значење имаа преговорите за намалување,односно за ограничување на стратегиското нуклеарно оружје (САЛТ),преговорите за намалување на воените сили во Централна Европа,како и организирањето на Европската конференција за безбедност и соработка (КЕБС).

Овие нови погледи во воената политика на претседателот Никсон по неуспехот на американската воена интервенција во Виетнам,всушност претставуваат одраз на изменетиот однос на силите во светот.Таа промена на светската ситуација,пред се,се одне-

1) Врз основа на овие доктринарни ставови,на декемврискиот состанок на НАТО пактот,1971 година,беа предложени мерки за модернизација и јакнење на оружените сили на НАТО.Овие мерки се познати како План за десетогодишен развој на НАТО,со кој беше предвидено европските земји членки на НАТО да ги зголемат своите издатоци за оружените сили од 5-15%.Со тоа европските земји членки на НАТО покажаа дека ја прифаќаат Никсоновата доктрина.

суваше на создавањето на општа рамнотежа на силите во нуклеарно-проектилскиот комплекс меѓу САД и СССР,како и економското, политичкото и военото јакнење на Западна Европа и Јапонија како главни сојузници на САД.Овие земји,според оценката на Никсоновата администрација,се оспособиле за "динамично сојузништво со главната сила на блокот и се здобиле со волја самите да се бранат од внатрешната субверзија и од надворешниот агресор".Во такви услови американската интервенција би била потребна само во случај потенцијалниот противник да преземе масовен напад со конвенционално или нуклеарно оружје.Исто така,Никсоновата администрација смета и со сериозниот судир меѓу Советскиот Сојуз и НР Кина,што з начеше радикално нов елемент во светската констелација на силите.На евроазискиот континент повеќе не постоеше масивна и единствена континентална сила која со својата експанзивна сила би ги загрозувала "периферните зони на оваа копнена маса".

Кон сите овие промени,секако,треба да се има предвид и постојаното јакнење на политичката активност и улогата на движењето на неврзаните.Светот веќе не е поделен само на линија исток-запад,туку светот го карактеризира мултиполарност,при што суштинската противречност се помалку се изразува на линијата исток-запад,а се повеќе на линијата север-југ.

Бидејќи уште во времето на Џонсоновата администрација беше напуштен натпреварот со потенцијалниот противник во смисла проектил за проектил,подморница за подморница,авион за авион и слично,Никсоновата администрација вложува крупни усилби за квалитативно подобрување и јакнење на својот нуклеарно-проектилски комплекс.Во однос на конвенционалните сили,Никсоновата

администрација се откажа од идеата на Макнамара за водње на "две и пол" војни,т.е.една голема војна во Европа и Азија и една мала војна во некој друг регион на светот.Наместо,тоа беше прифатено водење на "една и пол" војна - една голема војна во Европа или во Азија,и една мала војна во некој друг регион на светот.

## 2.ОДМЕРУВАЊЕ НА СИЛИТЕ ПРЕКУ ПРЕГОВОРИ

Во процесот на сулудата трка за сила и моќ обете суперсили го развија својот нуклеарен потенцијал во сите три вида на оружените сили,така што и САД и СССР располагаат со интерконтинентални балистички проектили (ИКБП),кои се лансираат од копно,подморнички балистички проектили (ПИКБП),кои се лансираат од море и стратегиски бомбардери вооружени со нуклеарни бомби или проектили.

Во разговорите наречени САЛТ вклучени се само оние оружја кои имаат дострел поголем од 5.500 км. и огнена сила од 5 кт.па нагоре.Тоа значи дека преговорите САЛТ се ограничени само на оружја за масовно уништување и со интерконтинентален дострел.

Пред да ги разгледаме проблемите околу ограничувањето на стратегиското оружје (САЛТ) ќе укажеме на некои карактеристики на стратегискиот потенцијал на обете суперсили.

### 2.1.Стратегискиот арсенал на САД

Оружените сили на САД ги имаат во оперативна употреба следниве типови на оружја од глобално стратегиско значење и тоа:

1.Копнени ИКПБ проектили,кои се најмногубројни,најразвиени и најусовршени.Во овој тип на проектили спаѓаат:

"Минутмен - III",кој има дострел 12.000 километри и носи три нуклеарни боеви глави со по 170 кт,и кои можат независно да се наведуваат на целта.Воведен е во употреба 1970 година,а досега се поставени вкупно 550 вакви проектили;

"Минутмен" - II",кој е помалку развиен и помалку усовршен од "Минутмен - III",но сеуште е употреблив.Има дострел од 11.000 километри,и носи само една боева глава од 1 до 2 мегатони.Поставени се во силоси и ги има вкупно 450.

"Титан - II",кој има дострел од 11.000 километри и една боева глава со сила од 5 до 10 мегатони.Овој е најмоќен проектил во нуклеарниот арсенал на САД,но и најмалуброен.Ги има вкупно 54.Овој проектил веројатно би се употребил во случај да се прифати стратегијата на удар по населението,односно по градовите,па веројатно заради тоа е нивниот број мал - според бројот на градовите во Советскиот Сојуз кои имаат повеќе од 200.000 жители.

Вкупниот број на ИКБП проектилите кои се лансираат од копно изнесува 1.054.

2.Проектили кои се лансираат од подморници (ПИКБП). Подморничкиот стратегиски нуклеарен арсенал го сочинуваат вкупно 656 проектили инсталирани на 41 подморница,и тоа:

"Поларис - А-3",со дострел од 4.600 километри со три независно водени нуклеарни боеви глави од по 200 килотона.На една подморница се монтираат 16 вакви проектили.Воведен е во употреба 1964 година,а ги има вкупно 160.

"Посејдон - Ц-3",со дострел од 4.600 километри и со 10 независно водени нуклеарни боеви глави со од по 50 килотони експлозив.Воведен е во употреба 1971 година,а ги има вкупно 496.

Во програмата за развој на овој вид на проектили се работи врз изградбата на подморници од типот "тридент",кои ќе носат по 24 проектили од истиот тип,со дострел од 7.450 километри,со 8 независно водени нуклеарни глави со по 100 килотони експлозив.

3.Стратегиски бомбардери вооружени со нуклеарни бомби или со проектили.Сега во оперативна употреба има два типа бомбардери од овој вид:

Бомбардерот - Б-52 кој има долет од 18.400 километри,

брзина од 95 маха (1 мах - брзина на звукот) и може да носи корисен товар од 30 тона.Воведен е во оперативна употреба 1956 година.

Бомбардерот "Б-52 Г-Х" кој има долет од 20.000 километри,брзина иста како и "Б-52",и може да носи корисен товар од 35 тони.Воведен е во оперативна употреба 1957 година.

Вкупниот број на овие два вида на стратегиски бомбардери изнесува 373.

Со оглед на времето од кога се во оперативна употреба може да се добие впечаток дека овие типови на бомбардери се застарени и дека стратегиската авијација во споредба со интерконтиненталните ракети е значително поинфериорно стратегиско средство.Меѓутоа,не е баш така.Стратегиската авијација поправо има најголеми можности за развој,како во поглед на ефикасноста и способноста за носење на поголеми количества на "огнена сила", така и во поглед на можностите да се избегнуваат обврските од САЛТ.

Така на пример,од изнесените карактеристики на интерконтиненталните балистички проектили може да се забележи дека бомбардерот "Б-52" има неколку десетина пати поголем "корисен товар" од сите типови проектили.Тој навистина е спор и многу почувствителен на погаѓање и уништување,но затоа има две извонредни особини: прво,што тој воопшто не доаѓа во зоната на на непријателската противвоздушна одбрана,зашто лансира крстосувачки проектил кој има дострел до 2.500 километри,и второ, бомбардерот "Б-52" може да носи и до 80 крстосувачки ракети.

Бомбардерите како стратегиско средство имаат и уште една предност.Тие се подвижни,можат да се преместуваат,па дури еден дел на бомбардерските сили може постојано да биде во воз-

дух,со што се постигнува безбедност од првиот удар на противникот.Оваа предност на бомбардерските сили во однос на подморниците е дотолку позначајна,зашто подморниците можат да се следат и да се контролираат,а за да бидат поефикасни тие треба подолго време да се заронети.Тоа е особено неопходно за време на на кризниот период,што на некој начин ја предупредува другата страна.

Крстосувачките проектили.Со оглед на тоа дека бомбардерите,всушност,се оружје од стратегиско значење само заедно со крстосувачките ракети,или со бомбите што ги носат,за овој систем на оружје од исклучително значење е развојот на самиот крстосувачки проектил.Во САД се вршат проби со неколку вида крстосувачки проектили.

Крстосувачкиот проектил како оружје е релативно едноставен небалистички проектил,кој за погон троши мешавина на гориво и воздух.Тој користи ниска тнр.приземна патека на височина од 60 до 100 метри.Со проектилот се управува со помош на сложен програмиран компјутерски систем,кој како ориентири и репери ги користи нерамнините во конфигурацијата на земјиштето во зоната на планираната патека на летот.Брзината му е релативно мала и заради тоа би бил мошне ранлив да не лета така ниско,со што ги одбегнува противничките радарски системи и другите системи за набљудување и наведување.

Проектилот е тежок околу 1.500 килограми,што може да се зголемува или намалува зависно од корисниот товар.Меѓутоа, проектилот може да носи една термонуклеарна бомба од 200 килотони,а товарот може да се наголемува за сметка на дострелот - помал долет поголем товар,и обратно.

Покрај наведениот програмиран компјутерски систем,во крстосувачкиот проектил е вграден и електронски систем за водење врз база на инерција и радиометар за микроталаси,односно опрема за програмирање на летот до целта.Сето ова е тешко околу 400 килограми.Прецизноста на проектилот е неговата најголема вредност - практично,како што се тврди,може да се наведе во прозорец на определена зграда.Грешката во погаѓањето на далечина од 2.400 километри изнесува - како се тврди - само 30 метри,што претставува поголема прецизност отколку со пушка на километар далечина да се погоди паричка од еден динар.

Ниската цена на производството на крстосувачките проектили е нивната втора голема предност.Таа цена се движи околу 500.000 долари,што споредено со бомбардерите и модерните балистички проектили е повеќе од евтино.

Во развојот на овие проектили,сепак,не е се готово. Веќе се испитуваат средства за одбрана од нив.Одбраната за сега се заснова врз користење на авиони кои од големи височини би ги набљудувале и би ги уништувале овие проектили.Нивната ниска патека и предностите кои со тоа ги остваруваат би биле на тој начин анулирани.

Авионите ловци кои се оспособени за "гледање надолу" и за гаѓање "надолу",како што се веќе развиените советски ловци од типот "МИГ-29" и модифицираниот "МИГ-25",можат сериозно да го загрозат за сега радикално новото средство на стратегијата - крстосувачкиот проектил.Неговата мала брзина се покажува овдека како најголема слабост,а зголемувањето на брзината,веројатно,би ја отежнувала работата на системот за наведување при ниското летење.

2.2.Стратегискиот арсенал на СССР

Советскиот нуклеарно-проектилскиот арсенал се состои од 2.521 проектил.Структурата на овие проектилски сили,според податоците на Меѓународниот институт за стратегиски истражувања од Лондон,ја сочинуваат:

1.Проектили од стратегиско значење кои се лансираат од копно (ИКБП) и тоа:

Проектилот "СС-7" кој има дострел 11.000 километри,една боева глава од 5 мегатони,а е воведен во употреба 1961 година.

Проектилот "СС-8" кој има ист дострел,боева глава со иста сила како и "СС-7",но е нешто понов модел и воведен е во оперативна употреба 1963 година.

Обата проектила во последно време се исклучени од советскиот арсенал ИКБП и се заменети со помодерни модели.

Проектилот "СС-9" има дострел од 12.000 километри.Ги има во три верзии - со една боева глава од 18 мегатони,или од 25 мегатони,и со по три боеви глави со по 5 мегатони.Вкупно ги има 238 (130).[1)]

Проектилот "СС-11" има дострел од 6.500 километри.Ги има во две верзии - со една боева глава од 1 до 2 мегатона,или со три боеви глави со по 1 мегатон.Боевите глави не се независно водени.Сè до скоро овој проектил ја претставуваше главнината на советските ИКБП по број,додека со појавата на проектилите "СС-18" и "СС-19" тие станаа носечка сила на огнената моќ на ИКБП системот.Ги има вкупно 840 (620).

Проектилот "СС-13" има дострел околу 8.000 километри, има една боева глава од еден мегатон,воведен е во употреба 1968

1)Бројките во заграда значат понови податоци

година.Овој проектил беше постапно заменуван со со новиот модел "СС-16",подвижен проектил на цврсто гориво со два пати поголем корисен товар.

Проектилот "СС-17" има дострел 10.400 километри,и четири независно водени боеви глави од по 1 мегатона,или една боева глава со 5 мегатони.Овие проектили распоредени се во преуредените силоси на "СС-11" и се во употреба од 1975 година.Вкупно ги има 40 (100).

Проектилот "СС-18" има дострел 12.000 километри,и една боева глава од 15 до 25 мегатони,или со 8 или 10 боеви глави со по 1 мегатона.Овој проектил е засега најмоќен во нуклеарниот арсенал на СССР и воопшто меѓу постојните ИКПБ во светот.Изграден е врз база на развојот на моделот "СС-9".Вкупно ги има 50 (170).

Проектилот "СС-19" има дострел 10.400 километри,со по 6 боеви глави од по 5 мегатони.Воведен е во употреба 1975 година,а ги има вкупно 140 (320).

2.Проектили кои се лансираат од подморница ПИКПБ.Советскиот арсенал на ПИКПБ го сочинуваат:

Проектилот "СС-Н-4" со дострел од 650 километри,и една боева глава со сила од 1 до 2 мегатони.Во оперативна употреба е од 1961 година.Ги има вкупно 27.

Проектилот "СС-Н-5" со дострел од 1400 километри и со иста сила како и "СС-Н-4" само помодерна верзија.Воведен е во употреба 1964 година.Ги има вкупно 54.Овие два проектила се во фаза на исклучување од арсеналот.

Проектилот "СС-Н-6" има дострел 3.250 километри,и една боева глава со сила од 2 мегатони,или три боеви глави со

сила од по 100 килотони.Воведен е во употреба 1969 година,а ги има вкупно 544 (528).

Проектилот "СС-Н-8" има дострел од 8.900 километри,и една боева глава со сила од 1 до 2 мегатони.Во оперативна употреба е од 1972 година.Новата верзија на овој тип на проектил "СС-Н-18" има три независно водени глави и веројатно ќе ја замени постојната.Ги има вкупно 284 (286).

Проектилот "СС-Н-3" има дострел од 850 километри,и една боева глава со сила од 1 мегатона.Во оперативна употреба е од 1962 година.Се заменува со нов модел "СС-НХ-12".Ги има вкупно 324.

Проектилот "СС-Н-17" има една боева глава со мегатонска сила.Ги има вкупно 16.

Проектилот "СС-Н-18" има една боева глава со мегатонска сила.Ги има вкупно 96.

Како што може да се забележи во советскиот нуклеарен поморски арсенал основната сила ја претставуваат ПИКПБ од типот "СС-Н-8" кои се во фаза на замена со типот "СС-НХ-12",како и проектилите од типот "СС-Н-3" кои се исто така во фаза на замена со "СС-НХ-12".Освен тоа може да се забележи дека советските подморнички проектили не се со независно водени боеви глави, односно дека овие модели туку што се воведуваат во вооружувањето.

Иако бројот на подморничките проектили е приближен со бројот на копнените проектили,од стратегиско-техничките карактеристики може да се забележи дека главната сила на нуклерниот потенцијал на Советскиот Сојуз ја сочинуваат копнените интерконтинентални балистички проектили (ИКБП).Ако се има предвид дека,според некои оценки од западни извори,дека околу 90%

од советските подморници постојано престојува во пристаништата,што значи не се во полна борбена подготвеност за акција, тогаш не е тешко да се заклучи каде се наоѓа тежиштето на советскиот нуклеарно-проектилски потенцијал.

Според некои информации во западниот печат,Советскиот Сојуз во единиците на Војнената морнарица располага со крстосувачки ракети,но дека тие наводно не се во таква фаза на развој за да според мерилата на САЛТ,се вклучат во стратегиско оружје.

3.Стратегиските бомбардери.Овој елемент на таканареченото стратегиско тројство (копно-море-воздух) е нешто послаб во споредба со другите два,но и во споредба со стратегиските бомбардери на другата суперсила.

Во стратегиски бомбардери во арсеналот на СССР спаѓаат:

Бомбардерот "ТУ-95" со долет од 12.800 километри,брзина 0,78 маха и може да носи корисен товар од 20 тони.Овие бомбардери,како и американските "Б-52" спаѓаат во добро испитани модели,но сепак на определен начин се сметаат за застарени.Еден дел од овие апарати се користи за електронски извидувања од стратегиско значење.Ги има вкупно 100.

Бомбардерот "МЈА-4" со долет од 9.600 километри,брзина 0,87 маха и може да носи корисен товар од 10 тони.Како и "ТУ-95" воведен е во оперативна употреба 1956 година и спаѓа во постари апарати.

Бомбардерот "ТУ-26" кој Советскиот Сојуз го произведува од 1974 година,спаѓа во нов и модерен стратегиски бомбардер, кој според западната номенклатура се наречува "бакфајер".Има долет од 8.800 километри,брзина 2,5 маха,и може да носи корисен товар од 10 тони.Овој апарат не влезе во разгледување при опре-

делувањето на бројниот однос на лансерите во текот на преговорите САЛТ,меѓутоа,Советскиот Сојуз се обврза дека нема да произведува повеќе од 30 вакви апарати годишно.

Од структурата на советскиот нуклеарно-проектилски арсенал може да се забележи дека Советскиот Сојуз,за разлика од САД главен акцент на својот арсенал става врз огнената моќ на одделни проектили,односно на нивните боеви глави.Тоа може да се види од настојувањата што во последните години Советскиот Сојуз развива група на модерни,тешки и моќни ИКБП.Ваквата структура на проектичските сили,според некои оценки,претставува израз на советската концепција која поаѓа од стојалиштето дека е неопходно што побргу и со најмали издатоци да се создадат помалку компликувани сили (помал број типови),но способни во првиот удар на противникот да му нанесат "неприфатливи загуби".

Како резултат на таквата концепција советските планери успеаја да реалтивно создадат таков нуклеарно-проектилски арсенал кој по својата огнена моќ е приближно рамна со помногубројниот,поразновидниот и покомликуваниот нуклеарно-проектилскиот арсенал на спротивната страна.

Структурата на советскиот нуклеарно-проектилски арсенал покажува и дека е тој послаб во однос на изведувањето на повратен удар,што произлегува од фактот што Советскиот Сојуз поради немање на услови да користи широка мрежа на упоришта на сите точки на светот,како што е тоа случај со морнарицата на САД,нема најповолни услови за користење на проектилите од подморниците кои се носечко средство за повратниот удар.

Исто така,Советскиот арсенал покажува извесна инериорност во стратегиските бомбардери,па и овде неповолни услови за нивната примена веројатно ја наметнале потребата тежиштето да

се насочени кон јакнење на бројот и силата на ИКБП.

Ваквата структура остава впечаток дека носечката сила на советскиот нуклеарно-проектилскиот арсенал,со оглед на својата статичност,е изложен на опасност од уништување од тнр. првиот удар.Меѓутоа,веројатно поради тој факт,овој систем се карактеризира со многубројни добро утврдени силоси,распоредени на широки пространства,што дава можност дел од овој арсенал да "преживее" и да биде доволен за да на противникот му нанесе "неприфатливи загуби".

Веројатно со цел да ги зајакне силите за евентуален повратен удар,Советскиот Сојуз последниве години тежиштето го насочи кон изградба на нови подморници од класата "Делта - II", кои носат по 16 проектили од типот "СС-Н-8",а во фаза на воведување се наоѓа и проектилот "СС-НХ-18" со повеќе водени нуклеарни боеви глави.

На крајот не навлегувајќи пошироко во сложената и мошне замрсената анализа на односот на силите во нуклеарно-проектилскиот потенцијал на СССР и САД,сметаме дека за тој однос доволно говори податокот од западните извори дека 1972 година Соединетите Американски Држави со својот нуклеарен потенцијал можеле да ја уништат индустријата и населението на СССР 36 пати,а СССР индустријата и населението на САД 15 пати, додека 1978 година,обете суперсили можеле меѓусебно да се уништат по 50 пати.

Во врска со сето ова само да потсетиме дека една стручна комисија на САД во 1968 година,му поднесе извештај на Конгресот за тоа дека е доволно да се има 200 до 400 оружја со сила од по 1 магатона за да на која и да е страна и се

нанесат "неприфатливи загуби".Тоа е загуба од 50 до 70 милиони луѓе и 75% од индустрискиот потенцијал.[1)]

2.3.Натегања околу преговорите за ограничување на стратегиското нуклеарно оружје (САЛТ)

Преговорите за ограничување на нуклеарното оружје од стратегиско значење имаат мошне долга историја.Уште во јуни 1946 година,Соединетите Американски Држави на новоформираната Комисија на ОН за атомска енергија и поднесоа свој план за нуклеарно разоружување,познат како Барухов план.Со овој план беше предвидено формирање на систем на контрола на атомската енергија,окончување на производството на атомските бомби и уништување на постојните.Предлогот предвидуваше контрола на лице место,што подоцна ќе биде едно од трајните спорни прашања во сите преговори.

Советскиот Сојуз не го прифати овој предлог,зашто органот на контролата на Комисијата на ОН би бил таков што во него западните сили би имале решавачко влијание.Според оценките на СССР,во такви услови САД би го сочувале монополот врз атомското оружје бидејќи во тоа време единствено таа располагала со технологијата на производството на атомското оружје.

Набргу потоа,како одговор на овој предлог Советскиот Сојуз поднесе свој предлог,со кој се бара потписниците на договорот за разоружување да се обврзат дека нема да го употребат атомското оружје,дека ќе се откажат од неговото производство и дека ќе го уништат до тогаш произведеното оружје.Според овој предлог сето ова треба да се изврши пред да започне контролата. Овој предлог не беше прифатен,па СССР во 1948 година,упати нов,всушност коригиран,предлог со кој прифаќа истовремено ста-

1) Основен извор на податоци за стратегискиот арсенал на СССР И САД: Јуриј Густчиќ и Димитрије Шешеринац,Супер силе и супер оружја,Политика,јули 1979 година.

пување во сила на договорот за забрана и спогодбата за формиње на Меѓународна контрола на атомската енергија.Уште истата година САД го одбија овој предлог и поставија барање прашањата за атомското оружје и класичното оружје да се разгледуваат заедно.

На ова барање Советскиот Сојуз одговори со предлог постојните оружени сили да се намалат за една третина.САД го одбија овој предлог,зашто оценуваа дека во тој случај СССР трајно ќе ја задржи надмоќноста во конвенционалните сили,па уште тогаш Запад инсистираше на урамнотежено намалување на конвенционалните оружени сили,така што овој проблем на намалување на конвенционалните оружени сили остана нерешен се до денешните денови.

Така прашањата околу разоружувањето на нуклеарните и конвенционалните сили од тогаш па наваму поминуваа низ различни фази и кризи,низ разни меѓународни органи и институции,разни конференции и средби на државниците,но до позначајни спогодби не можеше да се дојде.Основниот спорен проблем главно беше околу инспекцијата на лице место за кое сѐ до појавата на сателитите немаше прифатливо решение.

Суштината на проблемот сепак лежеше во прашањето на развојот на политичките односи.Со заострувањето на меѓусебните односи веднаш по Втората светска војна,со појавата на студената војна и сѐ поизразените антагонизми меѓу создадените воени блокови,со избивањето на корејската војна и општата антиколонијална револуција трката во вооружувањето доби таков замаф што со ништо не можеше да се спречи сѐ до денешните денови.

Меѓутоа,дијалектиката на развојот не мируваше.Во меѓувреме Советскиот Сојуз со големи напори и жртви успеа да го развие својот нуклеарен потенцијал,а со лансирањето на

првиот земјин вештачки сателит и да ја отвори ерата на интерконтинентални нуклеарни проектили.Со појавата на сателитите и нивната способност за извидување беа пронајдени "национални средства за контрола",што беше едно од најсполивите прашања во преговорите за разоружување.

Од друга страна односот на силите во нуклеарното оружје брзо се менуваше во корист на СССР.Така на пример за време на корејската војна и борбите за Диен Биен Фу кога администрацијата на претседателот Ајзенхауер за прв пат размислуваше да го употреби нуклеарното оружје САД имаа околу 800 авиони способни да носат атомски бомби и околу 1.600 такви бомби.Во тоа време Советскиот Сојуз беше на почетокот на создавањето на своите нуклеарни средства.Меѓутоа,веќе 1968 година тој однос се движеше во нуклеарното оружје 4:1,а во однос на средствата за пренос дури 2:1,за да тој однос во 1972 година се сведе на 2,6:1 во нуклеарното оружје,а во средствата за пренос 1:1.

Сето тоа доста јасно говори зошто суперсилите 1969 година конечно ги започнаа преговорите за ограничување на стратегиското оружје - САЛТ.Во прашање беа,пред се,нивни политички и се разбира економски интереси и взаемен страв од меѓусебно уништување.

### 2.4.Спогодбата САЛТ - 1

Спогодбата САЛТ-1 е прва успешна спогодба за ограничување на стратегиското нуклеарно оружје.Со оваа спогодба,главно се опфатени оние оружја кои имаат дострел поголем од 5.500 километри и огнена сила поголема од 5 бомби од типот "Хирошима",односно поголеми од 100 килотони.

Спогодбата САЛТ-1 се засновува врз таканаречената Декларација за основните принципи на односи меѓу СССР и САД, во која во точките 1,2 и 6,се вели:

- "дека обете страни се уверени дека во нуклеарниот век не постои никаква друга алтернатива,освен своите меѓусебни односи да ги одржуваат врз основа на мирољубивата коегзистенција",и дека "разликите во идеологијата не претставуваат никаква пречка за нормалниот развиток на билатералните односи";

- "дека ќе ги вложат сите свои сили за да ја одбегнат воената конфронтација и да го спречат избивањето на нуклеарната војна";

- "дека ќе склучуваат конкретни спогодби заради остварување на тие цели",и дека,

- "Советскиот Сојуз и САД сметаат како крајна цел на своите усилби да се оствари општо и целосно разоружување и да се воспостави ефикасен систем на меѓународна безбедност во согласност со целите и начелата на ОН".

Овие изјави на суперсилите колку и да содржат во себе декларативен карактер,сепак тие говорат за климата во времето на потпишувањето на спогодбата САЛТ-1,кое со право се смета за "златно време на детантот".

Првата група на спогодби наречена САЛТ-1 кои се потпишани во Москва 1972 година,содржат:

(1) Спогодба за противпроектилската одбрана (БМД),со која се ограничува распоредот на противпроектилските системи само на два реона на секоја страна;

(2) Спогодба за ограничување на стратегиските офанзивни проектили,со која се предвидува замрзнување на вкупниот

број на копнените и подморничките проектили и стратегиските бомбардери за наредните пет години;

(3) Протокол за противпроектилаката одбрана (БМД) со кој поранешната спогодба се корегира така што распоредот на БМД проектилите се ограничува само на еден реаон на секоја страна;

(4) Договор во Владивосток со кој се одредуваат насоките за идните преговори до 1985 година,и со кој се одредуваат горните граници на бројот на лансерите на копно и море.Според овој договор бројот на лансерите на копно и на море се ограничува на 2.400,од што само 1320 можат да бидат со повеќе боеви глави.Согласно со овој договор Советскиот Сојуз имаше право да изгради 2.358 лансери,од кои 950 на вкупно 62 подморници,а САД 1.764 лансери на вкупно 44 подморници.Со тоа,СССР имаше бројна надмоќ од 594 лансера,но вистинскиот однос беше поинаков, зашто САД во тоа време веќе располагаа со проектили со повеќе боеви глави (МИРВ),па тоа беше начин за воспоставување на определена функционална рамнотежа.

Како што може да се види со преговорите САЛТ-1,всушност,суперсилите ги одредија само горните граници на вкупниот број на лансери,а таа граница е далеку над онаа што ја утврди стручната комисија на САД (200 до 400 оружја со сила од по 1 мегатона).Тоа значи дека САЛТ-1 не само што не го ограничи постојното оружје и достигнатиотниви,туку овозможи и уште повеќе ја поттикна трката меѓу суперсилите за квалитативното подобрување на својот нуклеарен потенцијал,што доведе до натамошно зголемување на проектилите со повеќе боеви глави (МИРВ),потоа до развој на нови системи оружја како што се крстосувачките ракети,потоа проектилите со повеќе независно водени боеви глави (МАРВ) кои сами се наведуваат на целта,бомбардерите "Б-1"

во САД и "ТУ-26" во Советскиот Сојуз.

Со развојот на овие и некои други средства од стратегиско значење вкупната огнена сила и способноста на суперсилите за повисок степен на уништување беа значително зголемени.Тоа значи дека со преговорите САЛТ-1 се регулираат "правилата" на трката и се одредуваат горните граници на бројот на стратегиските оружја кој ниту едната,ниту другата страна уште не го достигнале.Покрај тоа,преговорите САЛТ-1 оставија доста прашања отворени со кои обете суперсили ќе се соочуваат и судруваат,како што е на пример прашањето на контролата која повторно се јавува како проблем поради отежнатиот увид во бројот на боевите глави кај проектилите МИРВ,потоа поради подвижните проектили и можностите за маневрирање со лажни проектили,како и поради промените кои настанаа во Иран каде што САД имаа електронски инсталации за извидување на територијата на СССР.

## 2.5.Спогодбата САЛТ - 2

Со потпишувањето на спогодбите САЛТ-1,како што веќе констатиравме,не исчезна желбата и настојувањата и на САД и на СССР,на некој начин сепак да остварат определена надмоќ.Соединетите Американски Држави настојуваа да ги задржат и да ги сочуваат некои предимства што ги имаа во некои области,а Советскиот Сојуз настојуваше да ја достигне силата на американскиот нукеарен потенцијал и да оствари одредени предимства во некои области на трката во вооружувањето.

Ваквите настојувања ги поттикнуваше токму еден од недостатоците на на САЛТ-1,што не ја зафати и не ја ограничи трката во областа на квалитетот и технологијата,така што и по САЛТ-1 трката во вооружување и механизмот на вложување во производство на оружје продолжи со уште повисоко темпо.

Со овие и многу други оптозарувања во 1973 година, само една година по потпишувањето на САЛТ-1 во Москва,започнаа новите преговори за натамошно ограничување на стратегиското оружје САЛТ-2.Меѓутоа,во наредните три години суперсилите не можеа да се согласат и не успеаја да изработ дури ни општи насоки за новата спогодба САЛТ-2.

Во тој правец делуваше и настојувањето на суперсилите да ги завршат некои веќе започнати технолошки циклуси и програми за усовршување на постојните и конструирање на нови оружја,зашто ни едната ни другата страна не сакаше да се откаже од предностите со кои би моела да се здобије со остварувањето на тие технички програми.Се појавија и нови компликации и недоразбирања.Советскиот Сојуз го покрена прашањето во врска со нестратегиското оружје во Западна Европа,кое лесно може да се претвори во стратегиско,а во САД дојде и до противење на спогодбата од страна на една група десно ориентирани сенатори во американскиот Конгрес.Така новата спогодба која требаше да биде потпишана до 5 октомври 1977 година,беше мошне далеку од нејзината реализација.

Во меѓувреме дојде и до смена во американската администрација.Новиот претседател Џими Картер во својата пристапна беседа изјавки како тој се надева "дека нуклеарното оружје ќе биде избришано од лицето на Земјата".Веднаш по преземањето на должноста,Картер инсистираше да се преземат некои конкретни мерки за постигнување на напредок во преговорите.За таа цел формира и посебен тим на чие чело се наоѓаше тогашниот министер за надворешни работи Сајрус Венс.Меѓутоа преговорите никако да тргнат од мртвата точка.

После низа натегања,предлози и противпредлози конеч-

но во јуни 1979 година,во Виена претседателот Картер и Брежњев ја потпишаа спогодбата САЛТ-2.

Според оваа спогодба,од 1 јануари 1982 година,бројот на сите лансери на обете страни треба да биде вкупно по 2.500. Од тој број,бројот на оние за лансирање на проектили со повеќе боеви глави на обете страни не смее да биде поголем од 1.320, а бројот на таквите проектили (МИРВ) да не е поголем од 1.200. Тоа беше конечниот резултат на речиси седмогодишните преговори. Според проценките на западните извори на крајот важноста на оваа спогодба до 1985 година,структурата на нуклеарно-проектилскиот арсенал на суперсилите би изгледал вака:

САД ќе располагаат со 464 ИКБП МИРВ,а СССР со 820. На подморниците:САД ќе располага со 736,а СССР со 352.Тоа значи дека САД ќе има вкупно 1.200 колку што е предвидено со спогодбата,а СССР ќе има 1.172 или 28 помалку од бројот што е одоберн. Во исто време САД ќе има проектили со една боева глава на копно 504,а СССР 360.На подморниците САД нема да иманиту еден проектил што не е МИРВ,аСССР ќе има 624 вакви проектили.[1)]

Не навлегувајќи во некоја сложена анализа за што ваквата структура значи како однос на силите,останува фактот што според оценките на западните извори и двете суперсили во 1978 година располагале со нуклеарен потенцијал со кој можат по 50 пати меѓусебно да се уништат.Тоа значи дека САЛТ-2 не ја измени ваквата состојба и дека нема да ја менува до крајот на важењето на спогодбта (1985).

Преговорите за разоружувањето како за нуклеарното,така и за конвенционалното оружје,претставуваат еден од клучните проблеми на меѓународната заедница.Меѓутоа,и покрај сите прего-

1)Основен извор на сите податоци:Јуриј Густинчиќ и Димитрије Шешеринац,Суперсиле и сипероружја,Политика",јули,1979.

вори кои во оваа област се водат речиси од завршувањето на Втората светска војна и покрај сите досега потпишаните спогодби и конвенции,вклучувајќи ги тука и спогодбите САЛТ - во оваа област процесите се одвиваат сеуште спротивно од она што со ваквите преговори би требало да се постигне.А тоа го потврдува и:

- сѐ поголемата воена потрошувачка на блоковите;

- сѐ поголемите и поразвиените нуклеарно-проектилски сили и нивната се пубиствена моќ;[1]

- сѐ поголемите и поразвиените конвенционални сили и нивната убиствена моќ;[2]

- сѐ поизразените настојувања на суперсилите решавачки да влијаат врз сите светски настани;

По сето ова се поставува едно логично прашање зошто е тоа така ?На ова прашање тешко е да се даде едноставен и целосен одговор.Но,би рекле,дека во оваа насока делуваат повеќе фактори,меѓу кои и:

прво,што обете суперсили веруваат дека со некои технолошки иновации во областа на вооружувањето,со зголемувањето на бројот или на силата на оружјето,или со некој нов начин на неговата употреба ќе успеат да остварат некоја надмоќ во однос на спротивната страна;

второ,што на Запад,а особено во САД дојде до создавање на еден огромен воено-индустриски комплекс како израз на спрегата меѓу монополистичкиот капитал вложен во воената индустрија,врвот на воената хиерархија и врвот на државната администрација,чии интерес е одржување на трката во вооружувањето на висок ниво,зашто на тој начин се обезбедуваат високи профити на сите учесници во таа тројна спрега;

1) Се проценува дека денес во светот има вкупно околу 15.000 нуклеарни боеви глави со мегатонска сила.

2)Денес под оружје се наѓаат околу 25.000.000 луѓе,од тоа само во Европа 8.000.000,повеќе од 70.000 тенкови и 20.000 авиони

третто,што кај обете суперсили е развиена определена свест да се сочува ривалитетот и статусот на суперсила,а тој статус може да се обезбеди токму со располагање со оружја од глобално стратегиско значење,зашто тоа им дава "право" решавачки да влијаат врз светските настани.

При една ваква оценка би требало да се истакне,дека трката во вооружувањето,сепак,ја поттикнуваат и главно ја водат Соединетите Американски Држави.

## 3. ПОТКОПУВАЊЕ НА ДЕТАНТОТ И ОЖИВУВАЊЕ НА СТУДЕНАТА ВОЈНА

### 3.1. Нови тонови во Картеровата воено-политичка доктрина и нивните импликации

По вотергејтската афера и драматичното заминување на претседателот Никсон, новата американска администрација со Џими Картер на чело и покрај видливиот континуитет во остварувањето на познатите американски надворешнополитички цели,[1] сепак таа внесе и некои нови тонови и нови погледи во однос на вкупните општествено-политички движења во светот и во тој контекст и промени во дотогашните американско-советски односи и односите со неврзаните земји.

Во однос на американско-советските односи најзначајна промена беше изразена во тоа, што во програмската ориентација на надворешнополитичкото дејствување на новата американска администрација американско-советските односи и детантот не беа поставени во врвот на пирамидата на приоритети на американското надворешнополитичко дејствување. Имено веднаш по изборот, претседателот Картер навести промени во редоследот на приоритетите на надворешаната политика на САД, и тоа:

(1) средување на односите со западните сојузници, а во прв ред со Западна Европа и Јапонија;

(2) обезбедување на поголемо разбирање, а помалку непријателски чувства меѓу неврзаните земји и земјите во развој;

1) Основен и долгорочен меѓународно-политички и национален интерес и цел на САД како голема и моќна економска, политичка и воена сила е: обезбедување на лидерство, доминантна улога во светските релации и глобално присуство и влијание во кој и да е дел на светот. Суштествено прашање на секоја американска администрација е како да се сочува и унапреди таквата позиција и таквата улога на САД во светот.

(3) развивање на процесот на попуштање на напнатоста во меѓународните односи и преговарање за САЛТ-2 со Советскиот Сојуз;

(4) "почитување на човечките права" во духот на американските демократски традиции;

(5) воздржување од воени интервенции во далечните земји;

(6) постапно отворање и започнување на соработка со НР Кина.[1]

Најопшта карактеристика на вака поставениот приоритет во надворешнополитичкото дејствување на САД во однос на претходната администрација е едно поинакво гледање вкупните промени во општествено-политичката структура на светот и местот и улогата на САД во тој "изменет" свет,но во чија основа се наоѓаат истите оние долгорочни експанзионистички и хегемонистички интереси и цели,а пред се: зачувување,унапредување и зголемување на доминантната улога и моќта на САД и стремежот кон глобално ангажирање и присуство во кој и да е дел на светот.

Во тие нови погледи врз современите општествено-политички движења во светот провејуваат пореални и пофлексибилни сфаќања за промените кои настануваат и чии носители се неврзаните земји,а особено во однос на: јакнењето на аспирациите за независност и рамноправност меѓу народите и државите,општите стремежи кон подобар и похуман живот,како и во однос на барањата на неврзаните земји за поправедни економски и политички односи и обезбедување на поповолни услови за развој и напредок

1) Цитирано според: Д-р А.Алексиќ,На пола пута,НИН,12/11 стр.50-51 (1978).

во светот.Доколку се има предвид дека од завршувањето на војната па наваму американско-советските односи секогаш биле во самиот врв на американското надворешнополитичко дејствување,тогаш нивното ставање на "трет колосек",значи и своевидно отстапување од воено-политичкиот курс на претходната администрација, чија дипломатско-политичка иницијатива беше концентрирана главно на стратешко-политичкото дпговарање со Советскиот Сојуз,извлекување од војната од Виетнам и подоцна на отворање спрема НР Кина.

Во врска со новите погледи врз американско-советските односи,еден од архитектите на надворешната политика на САД во време на Картер - Збигњев Бжежински,меѓу другото,вели: "... би требало да ја одбегнеме тенденцијата на пресврт од претерана воинственост во претерана еуфорија во нашите односи со Советите.Уште долго време американско-советските односи ќе останат амбивалентни.Учењето како се живее заедно во овој свет ќе биде долготраен процес.И ние и Русите ќе мора на тоа да се привикнеме.Правејќи го тоа,ќе мораме поинаку да гледаме на нашите стратешки доктрини и позиции".[1)]

Вака конципираните погледи во односите со главниот ривал и опонент на американската глобална политика - Советскиот Сојуз,предизвика остри реагирања на Советскиот Сојуз кој беше мошне заинтересиран за продолжување на процесот на детантот и взаемното блоковско договарање за глобалните светски проблеми и регулирање на меѓусебните односи.

Меѓутоа,и покрај сите настојувања на администрацијата на претседателот Картер да го намали значењето на американ-

1) Цитирано според: Душан Николиш,Несврстани и земље у развоју у спољној политици Картерове администрације,"Идеје", број 6-7,1980 година,стр.15.

ско-советските односи во вкупната стратегија на надворешнополитичкото дејствување,а наместо тоа да го прошири своето дејствување во правец на "намалување на непријателските чувства во земјите во развој",сепак може да се констатира дека се до упаѓањето на советските трупи во Авганостан,во американско-советските односи преовладуваа условно речено релативно стабилни елементи.Меѓутоа,со воената интервенција на Советскиот Сојуз во Авганистан во американско-советските односи настапи една сосема нова фаза чиј основен белег е дестабилизација на тие односи и ескалација на заострување на односите во меѓународната заедница.

Воената интервенција на Советскиот Сојуз во Авганистан предизвика остри реагирања во САД особено во однос на целите на една таква интервенција.Според официјалната оценка на претседателот Картер оваа интервенција има многу пошироки аспирации и цели.Според тврдењето на Картер - "Советскиот Сојуз во една кризна состојба која што постои во Средна Азија се решил да тргне со воена сила на Авганистан за да го прошири своето влијание во правец на иранското подрачје,Пакистан и Индискиот океан".[1)]

Тргнувајќи од ваквите оценки администрацијата на Картер ги покрена сите инструменти на сила и притисок за да го изрази своето незадоволство со воената акција на СССР во Авганистан и спремноста на САД најенергично да се спротистави на евентуалната натамошна пенетрација на Советскиот Сојуз во подрачјето на Средна Азија.Во таа смисла Картер:

- побара од Сенатот да се одложи дискусијата за ратификацијата на спогодбата САЛТ-2;

---

1) Д-р Радован Вукадиновиќ,Америчко-совјетски односи,"Међународна политика",број 718/80,стр.2.

- ја забрани продажбата на веќе договорените количества на жито на Советскиот Сојуз,како и испораката на модерната технологија;

- го најави бојкотот на Олимписките игри во Москва, доколку доколку до 20 февруари советските сили не се повлечат од Авганистан;

- на сите носители на културната,научно-техничката, спортската и туристичката соработка им препорача да ги намалат или целосно да ги прекинат контактите со Советскиот Сојуз.

Во пораката пред Конгресот за состојбите на нацијата при крајот на 1980 година,Картер најави нов курс и нова доктрина во односите спрема Советскиот Сојуз.При тоа,тој ја изнесе својата оценка дека во текот на последните три години (од почетокот на неговиот мандат,заб.СД.),Советскиот Сојуз ги зајакнал сите компоненти на својата воена сила и дека таа сила значително ги надминува вистинските потреби,како и неопходноста да се истрае во "казнувањето" на Советскиот Сојуз,кој,според Картер,треба да плати скапа цена за својата агресија во Авганистан.Во таа смисла Картер предложи и низа мерки на воено-стратегиски план,а во прв ред зголемување на воениот буџет за цели 5 % и тоа во реален износ.Со во тоа време рекордниот воен буџет од 158 мињарди долари,беше предвидено:

(1) да се зајакнат стратегиските сили на САД и тие да се изедначат со советските сили;

(2) да се урамнотежат воените сили на подрачјето на Европа,во прв ред конвенционалните,но исто така и нуклеарните;

(3) да се обезбеди американската морнарица и натаму да биде најсилна на светот; и,

(4) да се зголеми бројот и квалитетот на силите за

брзи интервенции.[1)]

Во контекстот на овие воено-политички мерки доаѓа до одмрзнување на некои порано замрзнати проекти,како на пример развојот на неутронското оружје,потоа до забрзување на некои проекти во развој како на пример развојот и разместувањето на стратегиските ракети МХ,ракетите од среден дострел "Першинг"-2" крстосувачките проектили и слично.

Во врска со новиот "цврст" и "остар" курс во односите со Советскиот Сојуз,раководната екипа на Картер настојуваше автоматски целосно да ги вклучи и своите западноевропски сојузници.Меѓутоа,како што практиката покажува ни блоковските органи низации не се повеќе она што биле.Се повеќе се манифестира фактот дека нема и не може да има апсолутно единство на интересите на сите земји во рамките на воено-политичките организации. Уште помалку е опортуно било која членка на овој или оној блок да се квалификува како подреден објект.На сите земји членки на блоковите е својствено теженението своите интереси на определен начин да ги издвои од супранационалните интереси кои ги налага членството во блоковската организација,или поправо водечката сила на блокот.

Меѓу државите на З ападна Европа и САД постојат длабоки противречности кои задираат во суштината на националните, економските и политичките интереси.Тие покажуваат релативно единство на интересите кога станува збор за глобалните политичко-стратешки односи спрема Советскиот Сојуз,но и тука честопати постојат суштествени разлики во оценките и погледите,што дојде до израз и во Картеровата политика на "казнување" на на Советскиот Сојуз поради интервенцијата во Авганистан.

1) Да се види фус-нотата на стр.170.

Имено,за разлика од оценките на раководната екипа на Картер дека воената интервенција на Советскиот Сојуз во Авганистан има многу пошироки експанзионистички аспирации и дека со тоа битно се з агрозуваат интересите на Запад како целина,некои з ападноевропски сојузници не беа согласни со таквите оценки и предвидените акции.Според нив "воената интервенција на Советскиот Сојуз во Авганистан има регионален карактер и нема некое особено влијание врз состојбите во Европа,и дека Советскиот Сојуз е преокупиран со азиските и некои други внатрешни проблеми па може да биде уште повеќе заинтересиран за одржување на "статус кво" во Европа.Покрај тоа,во услови на рецесионите движења Советскиот Сојуз за европските земји претставува важен фактор во економските односи од кого се добиваат значајни суровини и на кој може да му се продава модерна технологија".[2)]

Сето тоа доведе американските акции за "казнување" на Советскиот Сојуз повеќе да се претворат во меѓусојузнички расправии околу ембаргото на испораката на модерна технологија на Советскиот Сојуз,отколку во некои вистински санкции.

---

1) Развивањето на тнр."корпуси" за брзи интервенции,претставува всушност израз на глобално стратешко слабеење на суперсилите во изменетите меѓународни околности кога тие веќе не можат да сметаат со сигурност на безрезервната подршка на своите сојузници било во рамките на блокот или на "пријателските режими во одделни кризни подрачја".

Анализата на расположливата документација покажува дека вооружувањето,опремата и стратегијата на овие "корпуси за брзи интервенции" се наменети пред се за интервенции во тропските и суптропските региони,што значи во неврзаните земји.

Советскиот Сојуз исто така ги развива овие сили.Според западните извори,највисок степен на развој на овие сили би требало да биде формирање на "интернационален корпус" од околу 40.000 луѓе,базирани во ДР Јемен,а предвидени за интервенција во подрачјето на Средниот Исток,Персискиот залив и "рогот" на Африка.

Сите американски мерки и акции на притисок,Советскиот Сојуз настојуваше да ги прикаже како израз на јакнењето на оние американски сили кои се залагаат за враќање на позициите на студената војна.Во тој контекст,советската страна се обидуваше интервенцијата да ја оправдува со организираните активности на бунтовниците во оваа земја,кои помогнати со кинеско,американско и пакистанско оружје и советници ја загрозувале безбедноста на Советскиот Сојуз.Во оваа полемика некои советски коментатори ги обвинуваа САД за двоен приод во оценувањето на воените интервенции,тврдејќи дека САД си резервирале за себе право да интервенираат со воена сила на илјади километри далеку од својата територија,а сега тоа право му се оспорува на Советскиот Сојуз. Ваквата критика,всушност,имаше за цел да потсети на потребата од взаемно уважување на "специфичните" блоковски интереси.

Според тоа,иако заострувањето на односите меѓу САД и Советскиот Сојуз започна речиси со самото доаѓање на власт на новата американска администрација,советската воена интервенција во Авганистан САД ја искористија као делумен излез од некои свои внатрешни тешкотии.Соочени со сериозни внатрешни проблеми како што се инфлацијата,невработеноста и енергетската криза тие делумен излез најдоа во интензивирањето на програмите за вооружување на Европа со рактите "Першинг-2" и крстосувачките проектили.

Така авганистанската криза беше искористена како повод за постапно поткопување на детантот и се она што со години беше градено во американско-советските односи и меѓународната заедница како целина.

## 3.2. Неврзаните земји во воено-политичката доктрина на Картеровата администрација

За разлика од претходната администрација Никсон-Кисинџер во која беше прифатен тнр."пентагонален концепт" на светот,[1] т.е.таква шема на светот во која како најзначајни фактори на светската политика се уважуваат само САД,Советскиот Сојуз,НР Кина,западноевропските земји и Јапонија и во кој наполно се игнорира присуството и улогата на неврзаните земји,администрацијата на претседателот Картер настојуваше пошироко да се "отвори" спрема неврзаните земји и со тоа да обезбеди поцврсто присуство на американските интереси во овој дел на светот.

Со ваквата ориентација кон неврзаните земји администрацијата на претседателот Картер настојуваше да оствари најмалку две подеднакво важни цели: прво да ги намали антиамериканските чувства во неврзаниот дел на светот на тој начин што ќе ги коригира поранешните крути ставови во односите на САД со овие земји,и второ,со своето поголемо присуство во овој дел на светот да обезбеди поголемо влијание врз промените и збиднувањата во неврзаните земји.Ваквата ориентација претставува крупна промена во односите со неврзаните земји,зашто ниту една од претходните администрации не настојувала да воспостави каков и да е дијалог со движењето на неврзаните како со партнер ангажиран во решавањето на глобалните светски проблеми.

Како позитивни резултати на еден ваков политички курс би можеле да се наведат: односите со Југославија и признанието на САД за нејзината неврзана политика,што може да се

1) Конзервативниот став и однос спрема нараснатото влијание на движењето на неврзаните од страна на Никсон-Кисинџеровата влада,најотворено беа изразени во говорот на Кисинџер во генералната дебата на 28 заседание на Генералното собрание во кој ги изнесе познатите ставови за "врзаноста на неврзаните", за нивниот "блоковски карактер",за неврзаноста како "трет блок" и слично.

смета како признание на неврзаноста во целост,потоа потпишувањето на спогодбта со Панама околу суверенитетот врз Панамскиот Канал,определен степен на попуштање на напнатоста во односите со Куба,дистанцирање од расистичката политика на Јужноафриканската Република,како и уважувањето на суверенитетот и човечките и економските права во Латинска Америка.[1]

Гледано низ овие елементи на американската политика сосема е уочливо дека во политичката стратегија на Картер е забележлива една нова клима и би рекле еден по зрел приод кон можностите за воено ангажирање на САД во остварувањето на политичките и економските цели.Во таа смисла е карактеристична изјавата на тогашниот министер на одбраната на САД Браун,кој во врска со можностите за воено ангажирање на САД во одделни кризни подрачја во светот,меѓу другото,вели:

"Мислам дека САД се спремни да употребат воена сила заради одбраната на своите витални интереси.Меѓутоа,денес сме многу посвесни од кога и да е порано,дека е мала веројатноста дека нашето воено ангажирање ќе биде делотворно,ако со нас не се искрените желби на народот на чие географско подрачје би се користеле нашите воени ефективи".[2]

Во тој контекст интересно е и гледиштето на Бжежински како еден од креаторите на американската политика во времето на Картер.На прашањето кој се најголемите закани на САД во иднина,Бжежински вели:

"Покрај советските сили би рекол дека се тоа регионалните конфликти,распарчување на разнишаните политички и општествени структури во општествата неспособни да го апсорби-

1) Душан Николиш,оп.цит.стр.21.
2) Цитирано според: Душан Николиш,оп.цит.стр.21.

раат политичкото будење на се поголем број на луѓе - тоа е мошне сериозен проблем.Најлошото од сите тие проблеми е можноста овие два тренда да се вкрстат: зголемувањето на советската моќ и расточувањето на политичките организми во некои региони на светот кои за нас се од значење.Овде се враќам на лакот на нестабилноста кој оди од Персискиот залив,Иран и по целиот тој пат до Јужна Африка".[1)]

Овие јавни изјави колку во себе да содржат и елементи на пропаганда,сепак,за разлика од некои претходни администрации за кои беше доволно да бидат "загрозени" неколку американски граѓани за да се интервенира со воена сила,администрацијата на претседателот Картер,сепак,беше мошне претпазлива и воздржана во однос на отвореното воено ангажирање на САД.

Според тоа,една од битните карактеристики на политичката стратегија на раководната екипа на Картер во однос на неврзаните земји и движењето на неврзаните во целост,е настојувањето тие односи да се прилагодат на промените кои настанаа во општествено-политичката структура на светот и се позасиленото присуство и влијание на движењето на неврзаните врз светските настани.Во тој контекст со еден пофлексибилен,неагресивен и пореален пристап и дејствување овие земји да се врзат за американската политика.

Гледано од тој аспект,а имајќи ги предвид целите на глобалната политика на САД,како и познатите ставови на еден од архитектите на надворешната политика на САД на админситрацијата на претседателот Картер - Збигњев Бжежински,според кого "само Америка ја има таа моќ која е потребна еден непријателски свет да се обликува како што таа сака",политиката на

1) Цитирано според: Д.Николиш,оп.цит.стр.26.

"отворање" спрема неврзаниот свет и се поголемото присуство на САД во подрачјата на неврзаните земји,при што се користи со бројни методи и средства од арсеналот на стратегијата на посредно настапување,претставуваше всушност сериозна закана за зачувувањето на политичкиот идентитет и единството на неврзаните земји.

Според тоа,воено-политичкиот курс на претседателот Картер спрема неврзаните земји,по своите суштински цели беше насочено кон разбивање на нивното единство и нивната улога во меѓународните односи.

Долгата агонија со американските заложници во Иран, како и некои неповолни внатрешни движења доведоа до тоа,Картер да ја загуби изборната битка за вториот мандат.

3.1.2.Регановата стратегиска офанзива

Републиканската странка и нејзиниот кандидат за претседател на САД Роналд Реган,уште во предизборната кампања својата критика на претходната администрација главно ја носчија кон "Попустливоста" на претседателот Картер спрема Советскиот Сојуз,која довела "до губење на престижот на САД во светот и нејзината воена моќ".

Затоа,влегувајќи во Белата кука,Реган пред неговата администрација постави две основни цели: на внатрешен план и за класичниот капитализам мошне конзервативен пат на општествен и стопански развој,а на надворешен план,изразито воено силна Америка која од позиција на уверлива сила во однос на другиот блок треба да придонесе во средувањето на меѓународните односи.

Своето инсистирање инсистирање на воено силна Америка Реган настојуваше на американскиот народ и на своите сојузници од НАТО пактот да им го објасни со помош на својот концепт де-

ка силна и моќна Америка може да се изградува единствено во услови на постоење на развиена и моќна воена сила,без пример во светот.

Согласно со ставовите што ги застапуваше во предизборната кампања,претседателот Реган во првите две години од својот мандат со низа свои потези,а особено со радикалното зголемување на воениот буџет,воведувањето на неутронското оружје во оперативна употреба,интензивирањето на изградбата и разместувањето на стратегиските ракети МХ,одлуката за инсталирањето на ракетите "Першинг-2" и крстосувачките проектили во Европа, најави нуклеарна офанзива која има за цел со радикалното јакнење на нуклеарните сили на САД и нејзините сојузници позначајно да ја наруши постојната рамнотежа,пред се,во Европа,и на тој начин да "обезбеди" решавачка предност во преговорите со спротивната страна.

Ваквиот воено-политички курс на САД кој всушност води кон поткопување на детантот и оживувањето на студената војна во советско-американските односи и во пошироката меѓународна заедница,најчесто се образложува со следниве "аргументи":

(1) дека претходната политика на попуштање на меѓународнита напанатост и детантот повеќе им користела на Советскиот Сојуз за ширење на неговото влијание и неговото присуство во разни делови на светот на штета на САД и нејзините сојузници;

(2) дека од завршувањето на војната во Виетнам па наваму,САД ја запоставиле изградбата на своите оружени сили и нивната улога во надворешната политика на САД;

(3) дека забрзаното зголемување на воените расходи на Советскиот Сојуз и бавниот пораст на воените расходи на САД, имале за последица нарушување на рамнотежата на силите во ко-

рист на Советскиот Сојуз кој и натаму ја задржал предноста во конвенционалните сили и ја достигнал САД во нуклеарната компонента на оружените сили;

(4) во услови кога Советскиот Сојуз се здобил со определена супериорност во воената моќ,тој не покажува поголем интерес за постигнување на спогодба за вистинско намалување на воените сили.Во такви услови Советскиот Сојуз почнал се повидливо да ја демонстрира својата спремност таа супериорност и да ја користи во остварувањето на своите надворешнополитички цели,што особено дошло до израз со воената интервенција во Авганистан.

Сите тие околности,според оценката на аналитичарите кои ја подржуваат политиката на сегашната американска администрација,ја диктирале потребата за забрзано и радикално јакнење на воената моќ на САД и НАТО пактот и демонстрирање на решеност дека таа моќ и ќе ја употреби доколку е тоа потребно.

При оценката дека детантот повеќе му користел на Советскиот Сојуз отколку на САД најчесто се оперира со следниве показатели:

- дека во тој период Американците по загубената војна ја напуштиле југоисточна Азија,а наместо нив во овој простор се инсталирале Советите кои ги запоседнале дури и воените бази што Американците ги изградиле во Виетнам,кои сега претставуваат значајна потпора на нивната пацифичка флота;

- дека во овој период победоносно завршиле некои револуционерни и ослободителни војни,како на пример во Ангола и Етиопија кои уживаа директна подршка на Советскиот Сојуз,со што биле зајакнати позициите на Советскиот Сојуз во овие земји;

- дека преку тнр.радикална група во движењето на

неврзаните Советскиот Сојуз успеал да обезбеди поповолни позиции во ова движење;

- од американско стојалиште ова советско протегање и присуство од југоисточна Азија,преку крајниот Запад на Африка па до Латинска Америка претставува "опасна експанзија" и радикално нарушување на стратегиско-политичката рамнотежа во глобални размери;

- врвна точка во советската експанзија,според американските аналитичари,претставува воената интервенција на Советскиот Сојуз во Авганистан,со што тој опасно се доближил до петролејските извори во Персискиот залив.При тоа,посебно се потенцира фактот што од јужните граници на Авганистан до Ормошкиот мореуз има околу 180 мињи,што во воените проценки се зема како простор кој може да се совлада за ден до ден и пол маршување.

Спротивната страна во своите политичко-стратегиските анализи,сосема сигурно,има сосема спротивни аргументи и показатели.

Тврдењето и инсистирањето дека од завршувањето на виетнамската војна па наваму САД ја запоставиле изградбата на своите оружени сили и дека забрзаниот пораст на воените расходи на Советскиот Сојуз и бавниот пораст на воените расходи на САД имале за последица нарушување на глобалната рамнотежа,наидува на остри реагирања и негирања на таквите тврдења,особено од страна на оние институции кои професионално се занимаваат со проблематиката на следењето на развојот на вооружувањето и односот на силите.Така на пример,во одговорот на Регановиот говор на телевизијата во кој тој го обелодени својот предлог за "густо пакување" на проектилите МХ и во кој изјави "дека

според сите показатели на воена моќ Советскиот Сојуз има решавачка надмоќ",[1] Центарот за информирање во доменот на одбраната со седиште во Вашингтон,објави информација во врска со "некои погрешни сфаќања,пропусти и непрецизности во говорот на претседателот Реган".[2]

Според информацијата на овој центар "Соединетите Американски Држави секогаш имале повеќе нуклеарни глави од Советите",[3] при што се наведуваат податоците на Пентагон според кои Советскиот Сојуз има околу 8.000 боеви глави на стратегиските ракети и бомбардери,додека Соединетите Американски Држави имаат 10.000 такви боеви глави.

Во однос на воените расходи,според истата информација,воените издатоци на Западот ги надминуваат воените издатоци на Исток за околу 300 милјарди долари во периодот од 1971 до 1980 година.[4]

Во врска со изнесените податоци и забелешки во говорот на претседателот Реган,заменикот директор на вој центар контраадмиралот Јуџун Карол,вели: "Ме чуди што претседателот на САД и натаму дава такви неточни изјави.Тоа,поправо не одговара на фактите".[5]

Во таа смисла интересна е и изјавата на бившиот претседател Картер,кој во еден интервју,вели:" Една од работите што мошне ми пречеше додека бев претседател се лажните изјави на моите воени лидери дека сме ние слаби,а Советите јаки...Тоа е сериозно извртување на фактите - ние не сме слаби во однос на Советскиот Сојуз ако се изврши урамнотежена про-

1) Цитирано според: Информација на агенцијата УПИ од 28 ноември 1982 година.Војни преглед,ТАНЈУГ,декември 1982 год.
2) Ист извор
3) Ист извор
4) Ист извор
5) Ист извор

ценка"... "Ние сме исто толку,а можеби и појаки во речиси сите елементи на военати сила во однос на Советите.Но кога се прават обиди да се добие поголема сума пари,тогаш определен број воjни лидери наклонети се да кажат дека ни е потребно уште ова или она,како нема доволно пари или дека сме послаби од Советскиот Сојуз".[1)]

Во извештајот на познатиот Институт за стратегиски истражувања од Лондон "Милитар баланс" 1982-1983 година,кој обично се смета за доста реален извор на информации од областа на стратегиските проблеми,за воената рамнотежа меѓу блоковите, меѓу другото,се констатира:

"Соединетите Американски држави поседуваат 2.000 нуклеарни боеви глави повеќе од Советскиот Сојуз,но Советите имаат поголема мегатонска сила и бројно значително ги надминуваат западните сили во Европа"..".Соединетите Американски Држави поседуваат 6.920 боеви глави со бази на копно и на море,во споредба со околу 7.000 советски боеви глави.Но кога тука ќе се пребројат и боевите глави кои се лансираат од бомбардери,Соединетите Американски Држави со својата голема стратегиска авијација имаат 9.268 боеви глави,наспроти 7.300 колку што ги има Советскиот Сојуз".[2)]

Меѓутоа,во извештајот се тврди дека таа разлика делумно се неутрализира со поголемата сила на севкупното советско оружје".[3)]

Не навлегувајќи во некој посебен коментар во врска со мошне различните податоци и тврдења,општоприфатено е мислењето дека меѓу суперсилите одамно е воспоставена глобална рамнотежа и дека таа рамнотежа на сегашниот степен на развојот на

1) Цитирано според:Војни преглед,ТАНЈУГ,25.11.1982 година.
2) Цитирано според:Војни преглед,ТАНЈУГ, 7.10.1982 година.
3) Исто.

воената технологија тешко би можела еднострано да се наруши. Зашто,сите досегашни обиди оваа рамнотежа да се измени или значително да се наруши се покажаа нереални,што најдобро може да се види од досегашната динамика на трката во вооружувањето.[1]

Досегашниот воено-политички курс на САД кој е главно заснован врз интензивирањето на воените активности,особено во нуклеарната сфера,доста јасно покажува како претседателот Реган ја оценува сегашната воено-политичка состојба во светот, местото и улогата на САД во меѓународните односи и на кој начин настојува да ги оствари интересите и целите на САД.Ако би се барале некои примери во минатото би можело слободно да се каже дека методите и средствата со кои Реган се служи во многу нешта потсетуваат на времето од периодот на доминацијата на политиката на "сузбивањето на комунизмот".

### 3.1.3.Суштината и воено-политичките импликации на Регановата нуклеарна програма

Во почетокот на октомври 1981 година,Реган ја објави својата "стратегиска програма" за осумдесетите години,во која посебно место и значење имаат:

(1) воведувањето во оперативна употреба на неутронското оружје (неутронската бомба);

(2) интензивирање на проектите за изградба и распоредување на стратегиските ракети MX;

(3) изградбата на атомските проектили "Першинг-2" и нивното инсталирање во Западна Европа;

(4) изградбата на крстосувачките атомски проектили и нивното инсталирање во Западна Европа;

(5) изградбата на подморниците "Трајдент" со атомски

1) Да се види прилог број___Динамиката на досегашната трка во стратегиското нуклеарно оружје.

проектили "Трајдент-2".[1)]

За какво оружје станува збор ?

1. Неутронското оружје (неутронската бомба) е всушност популарно име за нуклеарни боеви глави со засилена радиација. За разлика од другите типови на тактичко нуклеарно оружје кое дејствува на принципот на фисија, неутронското оружје дејствува на принципот на фузија и би можело да се каже дека се работи за мали хидрогенски бомби.

Неутронското оружје се разликува од другите видови на тактичко нуклеарно оружје по тоа што при експлозијата на ова оружје се ослободува помал дел на енергија во вид на удар и термичка радијација, со што битно се намалува неговата разурнувачка сила, а се зголемува неговото смртоносно дејство врз живата сила. Така на пример, експлозијата на неутронска бомба од 1 килотона, на височина од 1 км. не им нанесува поголема штета на објектите на земјата, но ја убива живата сила на просторот од два до три километри. За да тој исти ефект се постигне со нуклеарна бомба на принципот на фисија е потребна бомба со сила од 10-20 килотони.

Со оглед на тоа што одлуката за производството на неутронската бомба беше донесена без консултација со западните сојузници, се тврди дека ова оружје ќе биде стационирано во САД, со тоа што за неколку часа може да биде префрлено во Европа. Меѓутоа, имајќи предвид дека ова оружје е наменето пред се за уништување на живата сила во тенковите и како средство за запирање на евентуалниот советски масовен напад со тенкови, малку е веројатно дека ова оружје би можело да биде употребено на тлото на САД, зашто според неговите карактеристики, тоа е превасходно наменето за европското војниште.

---

1) Изворен текст на "стратегиската програма" на САД - прилог број ___.

Новите неутронски боеви глави наменети се пред се за лансирање со ракетите од типот "Ланце" чиј дострел е до 130 км. како и за испалување од артилериските оружја - хаубиците од 203 мм. и топовите од 155 мм.Бидејќи ракетите од типот "Ланце" се веќе стационирани во Европа и бидејќи хаубиците од 203 мм и топовите од 155 мм. се оспособени да користат класична и нуклеарна муниција,тоа не постојат технички пречки за воведување на новите боеви глави во вооружувањето на НАТО пактот.

Воведувањето на неутронското оружје во оперативна употреба и неговото евентуално стационирање во Европа,предизвика остри реагирања во повеќе западноевропски земји,како и од страна на Советскиот Сојуз,зашто ~~се~~ неговото вклучување во арсеналот на тактичкото нуклеарно оружје има повеќе негативни воено-политички импликации:

(1) производството и воведувањето на нови системи на оружја од страна на која и да е држава објективно претставува ескалација во трката во вооружувањето;

(2) со воведувањето на новите нуклеарни боеви глави со засилена радиација кои можат да ги користат и класичните артилериски оружја постои реална опасност да се избрише границата меѓу конвенционалната и нуклеарната војна;

(3) со воведувањето на вакви "мали" и "чисти" бомби се создаваат услови и можности за водење на војна во Европа, а тактичкото и стратегиското нуклеарно оружје ја губи својата веродостојност како средство за одвраќање;

(4) уште 1978 година Брежњев изјави дека Советскиот Сојуз веќе ја испробал неутронската бомба,а потоа изјави и дека тој ќе биде принуден да одговори на "тој предизвик" со соодветни мерки.А тоа значи дека ова оружје,како и секое друго

оружје,ги губи оние свои "предности" во моментот кога и другата страна ќе располага со такво оружје.Ако пак се тргне од претпоставката дека Советскиот Сојуз,сепак,сеуште не ја испробал неитронската бомба,поучени од досегашното искуство,треба да се очекува дека тој тоа ќе го стори,само е во прашање време. А досегашното искуство покажува дека секое "заостанување" на едната или другата суперсила во трката во вооружувањето било надоместувано во се по кус рок.

2.Стратегиските ракети МХ спаѓаат во третата генерација на американските интерконтинентални балистички проектили,кои треба да претставуваат најсовршено,најопасно и најпецизно стратегиско оружје на САД.Иако идеата за развој на овој тип на ракети е стара преку 15 години,одлуката за развој на овие ракети е донесена 1979 година,со тоа првите верзии да бидат испробани во 1983 година.Во програмата МХ досега е утрошено околу 4,5 миљарди долари,додека вкупната вредност на оваа програма се проценува на околу 30 миљарди долари.

Ракетата има четири степена,висока е 21 метар,тешка околу 90 тони и може да носи 10 самостојно насочени нуклеарни глави од по 300-600 килотони.Дострелот на оваа ракета е 11.000 километри.

Според оценката на советските стручњаци со воведувањето на рактеите МХ во оперативна употреба САД ќе го зголеми својот стратегиски потенцијал во бројот на боевите глави за 150 % во рамките на интерконтиненталните балистички ракети кои се лансираат од копно.[1)]

Покрај сите одлики кои се бараат од овој проект како што се силата и прецизноста,најголемото барање се однесува на неговата неповредивост на првиот удар на противникот во што е

1) Нуклерен арсенал на Пентагон,"Новое времја",Москва ноември 1982 година.

и најголемиот проблем.Имено,техниката на наведување на стратегиските проектили е денес толку усовршена што интеконтиненталните балистички проектили сместени во утврдените силоси претставуваат не само сигурна мета,туку и сигурна жртва.Со оглед на фактот што Американците беа тие кои најповеќе ја развија техниката на наведување на ракетите на целта,тие и први ја почуствуваа опасноста од нивното уништување и потребата да се побараат некои нови и "сигурни" начини на нивната заштита.З ашто досегашниот систем на инсталирање на овие проектили во утврдените силоси претставува,како што тие велат "седната шатка" на која црно и се пишува.

Тоа беше причината за "големата потрага" по најразновидни решенија за да се обезбеди "сигурна заштита" на ракетите МХ.Според некои американски извори досега се проучени околу 30 различни проекти за заштита на ракетите МХ за што се потрошени околу 4,5 миљарди долари.Но,бар засега ниту еден од предложените начини не нуди "сигурна" заштита,која по се изгледа и не постои.

По долги расправии и коментари во американскиот печат,претседателот Реган,неодамна соопшти дека во однос на разместувањето на ракетите МХ се одлучил на таканаречениот систем на "густо пакување".Се работи за предлог 100 ракети МХ да се распоредат во суперармирани силоси во воздухопловната база Ворен во државата Вајаминг.Тоа е простор од 26 до 29 квадратни километри на кој ракетите би биле разместени на меѓусебно отстојание од 550 до 600 метри.[1)]

Меѓутоа,во истата информација се изнесуваат и мислењата на некои угледни стручњаци,како што е Чарлс Таунис,човек

1) Реган за одбраната и проектилите МХ,агенциска информација на УПИ,Војни преглед,Танјуг од 25.11.1982 година.

кој е добитник на Нобеловата награда за физика и задолжен за проучувањата на распоредувањето на ракетите МХ,според кого "Советите би можеле мошне брзу да изнајдат начин за уништување на силосите ,дури и ако тие силоси би биле суперзајакнати".[1]

Според некои други стручњаци доколку Советите би извршиле експлозија на атомските бомби врз базата со проектилите МХ,или би предизвикале нуклеарни експлозии на голема височина,тогаш би настанало зрачење и би се појавиле електромагнетски полиња,така што проектилите МХ би биле парализирани на земјата.

Реализирањето на програмата МХ во САД најчесто се образложува со фактот на постоење на несразмер во бројот на интерконтиненталните балистички проектили кои се лансираат од копно,а кои се сметаат како најпрецизно стратегиско оружје.Имено,воените кругови во САД не можат да прифатат каква и да е инфериорност,а особено во оваа компонента на стратегиски балистички проектили во кои Советите навистина имаат изразена предност. Тоа,што тие се посупериорни во другите две компоненти (стратегиски проектили кои се лансираат од море и воздух) наводно не значи многу.Зашто,еден од аргументите на сегашниот официјален став е дека треба да се негуваат и паралелно да се развиваат сите три компоненти на стратегиските сили (кои се лансираат од копно,море и воздух),бидејќи лесно може да дојде до некое стратегиско изненадување.При тоа се смета дека би можело да дојде до изнаоѓање на средства за ефикасно уништување на некоја од овие три компоненти,што би довело до битно нарушување на балансот и би претставувало предизвик за прв нуклеарен удар.

Советската страна доста остро реагираше на овој предизвик на администрацијата на претседателот Реган.Според оцен-

1) Реган за одбраната и проектилите МХ,агенциска информација на УПИ,Војни преглед,Танјуг,од 25.11.1982 година.

ката на советските стручњаци "Соединетите Американски Држави веќе денес можат да истрелаат во правец на целта повеќе од 15.000 нуклеарни боеви полнења.Воведувањето во воен арсенал на уште 100 проектили МХ ќе претставува зголемување од 1.000 боеви глави.Со оглед на другите програми - програмата за изградба на подводниот ракетен систем "Трајдент",стратегиските бомбардери "Б-1б",крстосувачките проектили со голем дострел со база на земја,во воздух и на море - Вашингтон смета дека до 1990 година,својот арсенал на нуклеарна муниција за стратегиското оружје да го зголеми на 20.000".[1)]

Советскиот Сојуз смета дека со воведувањето на стратегиските балистички проектили МХ,САД ја крши спогодбата САЛТ-2 која навистина не е потпишана,но за која претседателот Реган изрази ветување дека ќе ја почитува.Во врска со тоа,советскиот армиски весник "Краснаја звезда",меѓу другото,пишува:

"Во Вашингтон би морале да знаат - и се разбира тие знаат - дека поставувањето на проектилите МХ е во спротивност со една од централните одредби на советско-американските спогодби САЛТ-1 и САЛТ-2: имено,станува збор за обврската да не се градат дополнителни силоси за интерконтиненталните проектили".

На крајот,во врска со целиот комплекс на тенденцијата на развивањето на стратегиските нуклеарни сили и подигањето на прагот на рамнотежата на повисок ниво,би можело да се каже, дека денес нема ниту еден воен стручњак во структурата на обете суперсили,кој би можел да тврди дека на нападнатата страна не би и останале доволно стратегиски средства за повратен удар. Затоа,мошне блазирано делува изјавата на претседателот Реган

1) Нов опасен чекор на Вашингтон,"Краснаја звезда",Москва,28 ноември 1982 година.
2) Исто.

кога тврди дека "програмата за стратегиската модернизација претставува клуч за одржување на моќни нуклеарни сили за да се одврати првиот советски удар".[1] Или,кога вели дека добива многу писма од деца "полни со ужас",кои во своите училници "разговараат за најцрните страни на нуклеарната програма",а тој им одговара:"Нашите деца не смеат да рстат во страв.Тие не треба да се плашат за иднината.Ние работиме на тоа,таа да биде мирна и слободна".[2]

3.Ракетите "Першинг-2" и крстосувачките проектили.

Како одговор на советската модернизација на тактичките ракети со зголемен среден дострел "СС-20",НАТО пактот во 1979 година, донесе одлука кон крајот на 1983 година,во пет европски земји да инсталира 108 ракети од типот "Першинг-2" и 464 крстосувачки ракети со база на земја.Со оваа одлука е предвидено ракетите и крстосувачките проектили да се постават на територијата на Велика Британија 160 крстосувачки проектили,Сојузна Република Германија 108 ракети "Першинг-2" и 96 крстосувачки проектили,Италија 112 крстосувачки проектили,Белгија и Холандија по 48 крстосувачки проектили.

Ракетите "Першинг-2" се ракети од втора генерација и треба да ги заменат старите типови "Першинг-1а".Ракетата е тешка 7 тона и има дострел 1.000 миљи (1.600 км) и би требало да претставува противтежа на советските ракети "СС-20".[3]

Крстосувачките проектили ГЛМЦ имаат дострел до 2.500 километри,а силата на нуклеарната боева глава изнесува 200 килотони.[4]Нивна битна одлика е што можат да ја менуваат патеката,

1) Реган за одбраната и проектилите МХ,агенциска информација на УПИ,ТАНЈУГ,Војни преглед од 25.11.1983 година.
2) Исто.
3) Проектилот "Першинг-1а" имаше дострел од 645 км.
4) Извор:Нуклеарен арсенал на Пентагон,"Новое времја",Москва,ноември 1982 година.

мошне се прецизни и можат да летат на екстремно мали височини, поради што тешко се откриваат со радарскиот систем,а.и визуелно.

Како и во досегашните слични ситуации подигањето на прагот на трката во вооружувањето,односно дополнително натрупување на нуклеарно и друго оружје во Европа,различно се толкува. Советската страна тврди дека воведувањето на ракетите "СС-20" претставува дел од планот за модернизација на советските нуклеарни сили,и дека со тоа е намален вкупниот број на застарените типови на ракети.Според советските тврдења со воведувањето на ракетите "СС-20" ништо не се менува во воено-политичките концепции на Варшавскиот договор,ниту пак со тоа се менуваат неговата одбрамбена функција.

Имено,во преговорите околу САЛТ Советскиот Сојуз настојуваше и американскиот истурен систем (ФБС) да го вклучи во лимитите поставени со САЛТ за да може да се контролира бројот на американските нуклеарни глави и преносните средства во американските бази во Европа.Бидејќи американската страна упорно одбиваше својот истурен систем (ФБС) да се вклучи во САЛТ,Советскиот Сојуз пристапи кон изградба на ракетите "СС-20" со три боеви глави,зголемен среден дострел (4.500 км),мошне прецизни,со кои може да ги гаѓа сите цели во Европа и Азија.Техничките карактеристики на овие ракети,пак,говорат дека покрај парирањето на американскиот истурен систем (ФБС) и британските и француските сили "модернизацијата" на советските ракети од среден дострел има за цел и зајакнување на советските воени позиции во Европа.

Поставувањето на новите советски ракети "СС-20" во Европа и Азија,според западните оценки,а особено од страна на американската администрација претставува нарушување на рамно-

тежата во Европа и закана за мирот во Европа и во светот.За да тоа се спречи,беше донесена одлуката за инсталирање на американските ракети "Першинг-2" и крстосувачките проектили во Европа,и на тој начин да се парира на советската нуклеарна програма.

Советскиот Сојуз,од своја страна,во новите американски ракети и нивното инсталирање во Западна Европа гледа сериозно нарушување на постојната рамнотежа во Европа,загрозување на безбедноста на Советскиот Сојуз и земјите на Варшавскиот договор и најави дека ќе преземе нови мерки за да му парира на овој потег на САД и НАТО пактот,доколку не се изнајдат некои политички решенија.

Советската страна посебно укажува на тоа,дека со инсталирањето на овие ракети,чиј лет од Западна Европа до крајните граници на европскиот дел на Советскиот Сојуз трае се на се 8 минути,до крајни граници ја зголемува опасноста од ненамерно предизвикување на општа нуклеарна војна.Во врска со тоа, советската агенција АПН предупреди "дека со оглед на бесконечно краткото време кое би преостанало за предупредување - по евентуалното ненамерно лансирање - единствена можност која на Советскиот Сојуз му преостанува би бил нуклеарен противудар. Нема никакви други алтернативи.Проектилите,покрај лансирните рампи во Соединетите Американски Држави,ќе ги погодат и седиштата,комуникационите центри и арсеналите - а најголем дел од нив,како што е познато,е лоциран во густо населените области на Западна Европа".[1)]

Така со "евроракетната криза" се создаде една нова ситуација и едно ново подрачје на остра конфронтација на блоковските сили,во која обете страни "страсно" се изјаснуваат

---

1) Новите американски проектили би ја зголемиле опасноста од ненамерно предизвикана нуклеарна војна,АПН,Москва,29.11.8

за "одржување" на рамнотежата,а всушност се стремат кон нејзиното постојано менување,обвинувајќи се меѓусебно за неконструктивно дејствување.

Сето тоа покажува дека Европа и натаму останува главно подрачје на кое најнепосредно се судруваат интересите на водечките блоковски сили.Во Европа,инаку,веќе со години се води главната битка околу стратегиската рамнотежа,која за жал,од година на година,се воспоставува на се повисок степен на вооруженост,иако е општопознато дека европските земји и европските народи би живееле многу помирно и многу посигурно без тој вид на натпреварување на суперсилите и без нивната "преголема грижа и заштита".[1)]

4.<u>Изградбата на нуклеарните подморници од системот "Трајдент" вооружени со проектилите "Трајдент-1"</u>. Во текот на 1979 година,Соединетите Американски Држави пристапија кон замена на проектилите "Посејдон",со многу посовршените нуклеарни проектили "Трајдент-1".Овој проектил има 8 нуклеарни боеви глави од по 100 килотони и дострел од 7.400 километри.[2)]

Во ноември 1981 година,предадена е во употреба првата нуклеарна подморница од системот "Трајдент" ("Охајо"),вооружена со нуклеарните проектили "Трајдент-1".Според оценката на советските стручњаци оваа нова подморница во однос на "Посејдон" има два пати поголем депласман,а во однос на проектилите "Посејдон" има еден и пол пати повеќе лансирни уреди,20% поголем број боеви глави и два и пол пати поголема вкупна моќ на нуклеарните боеви глави.[3)]

Во завршна фаза е уште една ваква подморница "Мичиген"),а во различни степени на изградба се наоѓаат уште седум

1) Ракетното вооружување во Европа - прилог број ____.
2) Нуклеарен арсенал на Пентагон,"Новое времја",Москва, ноември,1982 година.
3.Исто.

подморници од овој тип.[1)]

Најавена како борба за воспоставување на наводно нарушената стратегиска рамнотежа,новата нуклеарна програма на претседателот Реган и неговата администрација е всушност во функција на основната стратешко-политичка цел - да се сопре натамошната експанзија на Советскиот Сојуз и да се оствари решавачка надмоќ во односот на силите и од тие позиции да се разговара со потенцијалниот противник.Зашто,како што тврди Реган со Советскиот Сојуз може да се разговара само од позиција на сила.При тоа се тргнува од проценката дека вака наметнатиот интензитет во трката во вооружувањето и онака ослабнатото стопанство на Советскиот Сојуз и источно-европските социјалистички земји не би можело да го издржи без посериозни внатрешни нарушувања.А тоа би водело кон остварување на наредната,исто така, мошне значајна стратешка цел - материјално и финансиско слабеење на Советскиот Сојуз и целиот источен блок до таа мера за да Советскиот Сојуз и Варшавскиот договор станат неспособни да ги финансираат надворешните активности,при што се мисли на поддршката на СССР на Виетнам во војната во Кампучија,присуството на Советскиот Сојуз во Авганистан,престојот на кубанските трупи во Ангола и Етиопија,помош на Куба,Никарагва и некои други земји.

Од друга страна,интензивирањето на трката во вооружувањето за американската администрација претставува и своевиден излез од внатрешните економски проблеми.Пропагандната кампања за големата воена моќ на другата страна и нејзиното постојано јакнење е во функција на обезбедување на трајна вработеност во индустријата која непосредно или посредно произведува за по-

1) Нуклеарниот потенцијал на Пентагон,"Новое времја",Москва,ноември 1982 година.

потребите на армијата,со што се обезбедува сигурна подршка од страна на воено-индустрискиот комплекс кој има моќно значајно место и улога во вкупната политика на САД.

### 3.1.4. Стратегија на контролирана нуклеарна ескалација

Развојот и јакнењето на тактичкото нуклеарно оружје и неговото натрупување во Европа е во непосредна врска и со новата нуклеарна стратегија на претседателот Реган со која се предвидува можност за водење на ограничена нуклеарна војна во Европа.Оваа стратегија,сеуште нема вистинско име,но со оглед на нејзината суштина,најчесто се именува како "стратегија на контролирана нуклеарна ескалација","пролонгирана нуклеарна стратегија",и слично.

Со првите експлозии на нуклеарните бомби врз јапонските градови Хирошима и Нагасаки,кои предизвикаа огромни разурнувања и човечки жртви,всушност,започнаа и првите расправи во воено-политичката мисла за рационалноста и начинот на употребата на ова страотно оружје.Со оглед на тоа,што Соединетите Американски Држави беа тие што први дојдоа во посед на ова оружје,тоа е и разбирливо што размислувањата за примената на ова оружје беа најинтензивни токму во САД.Од тие размислувања произлегоа и различни теории и нуклеарни стратегии,почнувајќи од "стратегијата на масовна нуклеарна одмазда" која ја формулира и која ја застапуваше воено-политичкото раководство на САД во текот на педесетите години,преку "стратегијата на еластичен одговор" и тнр.Макнамарина доктрина во почетокот на шеесетите годни,со која се предвидуваше нуклеарен удар само по воените цели,до Картеровата нуклеарна стратегија на ограничена нуклеарна војна формулирана во тнр Директива-59.

Во текот на 1982 година,јавноста во САД и во светот беше информирана за документот на Пентагон под наслов "Упатство за одбрана 1984-1988 година",во кое станува збор за пролонгиран нуклеарен судир,под што,поправо,се подразбира ограничена нуклеарна војна.[1)]

За каква стратегија и каква војна станува збор ?

Потпишувањето на НАТО пактот од страна на западноевропските земји 1949 година,всушност значеше своевидно признавање дека тие сами не би можеле да им се спротиставaт на конвенционалните сили на Советскиот Сојуз и дека се спремни да ја искористат нуклеарната сила на САД за одбрана на Западна Европа.Во времето на потпишувањето на НАТО пактот,се претпоставуваше дека наспроти 12 недоволно пополнети дивизии на западноевропските земји,стојат 25 советски дивизии на секторот на централна Европа,а зад нив,според западните проценки,уште околу 140-170 дивизии.

Соединетите Американски Држави и западноевропските земји,членки на НАТ,во тоа време едноставно не беа спремни ни да се обидат да се мерат со класичните сили на Советскиот Сојуз.Западноевропските земји членки на НАТО,смета дека за нив е многу позначајно економското обновување на Европа,отколку изградувањето и зголемувањето на класичните воени сили.Зашто, американскиот монопол врз нуклеарното оружје и отсуството на некоја директна закана од страна на Советскиот Сојуз им влеваше определена сигурност во усвоена концепција дека НАТО пактот има сериозна намера да ги употреби нуклеарните сили во случај на евентуален напад од страна на СССР.Со тоа беше создадена една концепција на соодност меѓу конвенционалната и нук-

1) Д-р Немања Божиќ,Ограничени рат,"Међународна политика", број 780/82.,стр.11.

леарната војна,при што заканата со општа нуклеарна војна требаше да значи ограничување на масовната употреба на советските конвенционални сили.

Меѓутоа,нуклеарниот монопол на САД практично престана да постои кога Советскиот Сојуз 1949 година ја испроба својата прва атомска бомба.Од тогаш па натаму советската нуклеарна моќ постапно се зголемуваше за да кон крајот на педесетите години ја достигне границата на нуклеарен паритет во однос на САД.Во такви услови,дотогашната стратегија на "масовна нуклеарна одмазда",не само што стана неефикасна,туку и опасна за безбедноста на САД.Затоа,администрацијата на претседателот Кенеди ја усвои новата стратегија на "еластичен одговор",која се засноваше врз претпоставката дека општата нуклеарна војна е дотолку помалку можна,доколку е повисок прагот на одвраќање. Во тој контекст беше поставено и прашањето како тој праг на одвраќање да се подигне во случај на конвенционална војна во Европа,зашто европските земји членки немаат сили да водат конвенционална војна на рамна нога со земјите членки на Варшавскиот договор,а ни да вложуваат поголеми финансиски средства за таа цел.Дилемата беше разрешена на тој начин што Соединетите Американски Држави презедоа обврска да обезбедат доволно конвенционални сили за водење на една "цела" војна во Европа, и една друга таква војна на некое друго географско подрачје и плус "половина" војна негде на друго место,во прв ред во Африка.Тоа е познатата доктрина на Макнамара за "две и пол" војни,која никогаш не беше реализирана,зашто беше прескапа.

Напоредно со тоа,во САД и во рамките на НАТО пактот почна да се развива тезата за тнр.тактичко нуклеарно оружје

како дополнување на класичното оружје во евентуален локален судир во Европа,односно дека тактичкото нуклеарно оружје може да придонесе да се подигне прагот на одвраќање од локална војна во Европа.

НАТО пактот ја усвои оваа доктрина 1967 година,со која тактичкото нуклеарно оружје во Европа доби мошне сложена улога: тоа треба да претставува фактор на спречување на избивање на локална војна во Европа и фактор на ограничување таа војна од самиот почеток да не прерасне во општа нуклеарна војна.

Меѓутоа,дијалектиката на развојот ни овде не мирува. Со оглед на улогата што ова оружје го доби во стратегијата на НАТО 1967 година,се постави и прашањето на неговото усовршување во однос на неговата намена.Со оглед на функцијата на дополнување на класичното оружје,неговиот развој се повеќе одеше во правец на "чисто" нуклеарно оружје,како што е на пример неутронското оружје.што доведе до еден своевиден апсурд.Што повеќе се усовршуваше во тој правец,тоа се повеќе се намалуваше границата меѓу класичното и нуклеарното оружје воопшто. А без таа граница тактичкото нуклеарно оружје ја губи функцијата на фактор на спречување на избивање на локална војна во Европа и ограничување на таа војна од самиот почеток да не прерасне во општа нуклеарна војна.

Според тоа,неутронската бомба,инсталирањето на ракетите од зголемен среден дострел "Першинг-2" и крстосувачките проектили во Европа,не е само прост одговор на "модернизацијата" на советските ракети од среден дострел "СС-20",туку тие се дел од прифатената стратегија на САД за "контролирана

нуклеарна ескалација",односно ограничена нуклеарна војна.Според оценката на голем број западни аналитичари,оваа стратегија е провокативна и води кон тоа,тактичкото нуклеарно оружје да ја загуби својата основна цел и функција во стратегијата на НАТО за ограничена конвенционална војна,со самото тоа што ја зголемува можноста една таква војна да прерасне во општа и тотална нуклеарна војна.

Советскиот Сојуз сосема јасно го изрази својот став спрема овие најнови стратегиски погледи на САД и НАТО пактот во однос на можноста за водење на ограничена нуклеарна војна во Европа.Во врска со тоа,генералниот секретар на ЦК на КПСС Јуриј Андропов,во својот реферат по повод шеесетгодишнината на СССР,меѓу другото,рече:

"Воените подготовки на САД и НАТО пактот,на чие чело се наоѓаат,достигнаа невидени,рекордни размери.Од официјалните претставници на САД можат да се слушнат расправи за можноста на "ограничена","долготрајна" и разни други видови на нуклеарна војна.Настојуваат да ги смират луѓето и да ги привикнат на помислата за нејзината прифатливост.Всушност,треба да се биде слеп за реалноста на нашата епоха,за да не се види дека на кој и да е начин и каде и да избувне нуклеарниот вител,тој неизбежно ќе се извлече од контролата,ќе предизвика општа катастрофа. Нашиот став за тоа прашање е сосема јасен: нуклеарна војна не смее да се дозволи - ни мала,ни голема ни ограничена,ни тотална.Да се сопрат поттикнувачите на нова војна - денес нема позначајна задача.Тоа го бараат животните интереси на сите народи".[1)]

---

1) Цитирано според информацијата на ТАСС,Војни преглед, ТАНЈУГ,23.12.1982 година.

Зголемената опасност од нуклеарна војна,доведоа до зголемувањето на притисокот на светското јавно мислење преку масовните антинуклеарни демонстрации ширум светот поради што водечките блоковски сили беа принудени за проблемите на "евроракетите" да се обидат да најдат политичко решение.Во врска со тоа во Женева веќе година дена се водат преговори,но за сега нема некои поопипливи резултати.А инсталирањето на "евроракетите" е условено со успехот на овие преговори.

Во борбата за зачувување на своите интереси и позиции Соединетите Американски Држави,покрај примената на класичната војна и класичните воени интервенции,тие развија и низа други механизми и методи на примена на сила и агресија,како што се:

- политичко-дипломатските притисоци заради застрашување на потенцијалната жртва,кои честопати служат и како увод за користењето на воената сила;

- психолошко-пропагандните дејства заради поддршка и охрабрување на внатрешните реакционерни сили и дезориентирање на светското јавно мислење;

- разузнавачките активности и примената на корупција и врбување на оние сили и поединци кои со своите интереси се врзани со силите однадвор;

- организирање на државни удари и доведување на власт на оние сили кои ја прифаќаат странската доминација и зачувувањето на странските интереси во дадената земја;

- организирањето на субверзии и атентати и убфрлување на реакционераната политичка емиграција која претходно се обучува за вакви задачи;

- уфрлувањето на специјалните сили кои се посебно

обучени и вооружени за бунтовнички и противпартизански дејства, со претензии да создаваат квислиншки единици и да се ставаат на чело на реакционерните движења;

- организирањето на легии на странски платеници, составени од криминалци и други декласирани елементи и нивното користење против ослободителните и прогресивните движења.

Сите овие активности главно се подведуваат под стратегија на тнр. посредно настапување. Со оглед на фактот што овој стратегиски концепт го користи и другата суперсила, тоа стратегијата на посредно настапување ќе ја разгледуваме по експликацијата на советската воено-политичка доктрина, како општ заеднички стратегиски концепт на суперсилите во остварувањето на своите воено-политички цели и облик на загрозување на безбедноста на неврзаните земји.

## 3. РАЗВОЈ НА ПОГЛЕДИТЕ ЗА ПРИМЕНАТА НА СИЛА И ВОЈНА ВО ВОЕНО-ПОЛИТИЧКАТА ДОКТРИНА НА СОВЕТСКИОТ СОЈУЗ И БЕЗБЕДНОСТА НА НЕВРЗАНИТЕ ЗЕМЈИ

### 3.1. Сталинистичкото сфаќање за неизбежноста на војната со капиталистичките држави

Новата воено-политичка позиција на Советскиот Сојуз по Втората светска војна обуслови и поинакво однесување на Советскиот Сојуз во меѓународните односи. Со зголемувањето на неговата политичка, а особено со зголемувањето на неговата воена моќ Советскиот Сојуз сега беше заинтересиран и за ново поставување и нова позиција во меѓународните односи, која би требала на Советскиот Сојуз да му обезбеди влегување во врвот на светската политика и статус на признаена светска сила.

Во такви услови заинтересиран, пред се, за јакнење на сопствената великодржавна основа и остварување на надворешнополитичките цели - за кои може да се тврди дека претставуваат елементи на традиционалната руска политика од времето на царевите - Сталин во тие свои националистички стремежи мошне малку водеше сметка за интересите на одделни народи, меѓународното работничко движење и задачите на ширењето на комунизмот.[1)]

Тргнувајќи од оценката дека исходот на Втората светска војна создал можности со освојувањето на определени територии не само да се освојат определени подрачја, туку на тие подрачка да се создава и нов општествено политички систем - Сталин на секој дел од новоослободените територии на кој стапила Црвената армија, автоматски гледал и можност за проширување на соци-

1) Д-р Радован Вукадиновиќ, Сила и интереси - вањска политика САД, Центар за културну дјелатност омладине, Загреб, 1972 година, стр. 22.

јалистичкиот свет и јакнење на великодржавните интереси на Советскиот Сојуз.

Во околностите кога во првите повоени години на обата пола на светската конфронтација доаѓаат до силен израз империјалистичките и хегемонистичките стремежи на големите сили,долго присутната догматска мисла на Сталин,имаше свој одраз и врз неговите погледи за примената на сила и војна во новосоздадените општествени и воено-политички ускови.Основата на тие сфаќања ја чинеше тврдењето на Сталин дека војната со капиталистичките држави е неизбежна.Меѓутоа,за разлика од кинеските ставови кои неизбежноста на војната со капиталистичките држави ја сфаќаа како неоходност на социјалистичка револуција во форма на светска војна,Сталин неизбежноста на војната ја сфаќаше како неизбежност на одбрамбена војна на Советскиот Сојуз.

Ваквото сфаќање на Сталин,според оценката на ген.Душан Дозет,било производ на проценката на тогашниот однос на силите, но во исто време и производ на потценување на внатрешната криза на капитализмот и потценување на социјализмот како светски процес.

Имено,Сталин силата на социјализмот ја оценуваше пред се,спрема силата на советската држава и спрема бројот на социјалистичките држави.Геостратегискиот простор на социјалистичките држави - излегувањето на Одра,Средоземјето и на Далечниот Исток, во Сталиновата концепција добива исклучително значење.Тргнувајќи од таквата проценка на ситуацијата,од таквата догматска анализа,Сталин смета со неизбежноста на војната,а бидејќи односот на силите не е поволен,тогаш таквата војна може да биде само одбрамбена.[1]

---

1) Ген.Душан Дозет,Марксизам о савременим питањима рата,авторизирани предвања на последипломските студии на Факултетот за НО,Белград,1980 година,стр.90.

Западните кругови доста реално ги проценуваа намерите на Советскиот Сојуз во смисла дека тој не е подготвен да води војна и не е спремен за агресија,но дека долгорочно гледано треба да се смета со советскиот експанзионизам од што произлезе и идејата за "запречување на комунизмот".

Едно од најкрупните прашања во кое југословенските ставови битно се разликуваа од стаљинистичките ставови во тој период беше токму оценката на свестко-историскиот однос на силите меѓу капитализмот и социјализмот и нашата оценка дека војната не е повеќе фатално неизбежна со оглед на тоа што врз војната како општествена појава веќе делуваат законитостите на социјализмот како светски процес.Ваквите ставови на Југославија,веќе со самото тоа што претставуваа отстапување од советските догматски ставови ,Сталин ги оцени како ревизионистички и како израз на страв од империјализмот.

Покрај сфаќањата за неизбежноста на војната со капиталистичките држави,во тој период во Советскиот Сојуз и НР Кина преовладуваа сфаќањата дека мирот е неостварлив,па според тоа ни политиката на мироьубива коегзистенција за која Југославија трајно се определи не може да биде реална.Според нивната оценка таквата политика не е прогресивна туку наспроти дека е таа штетна за натамошниот развој на социјализмот.Од таквите оценки и сфаќања произлегоа и познатите оптужби за наводното кокетирање на Југославија со капиталистичките земји,па дури дека жртвуваме и некои битни принципи на социјализмот на планот на внатрешниот развој.

Сталинистичкото сфаќање за неизбежноста на војната како на одбрамбена војна доведе до силни притисоци врз сите социјалистички земји изразени во инсистирањето на "потребата" од

цврсто собирање на земјите на "народните демократии" околу Советскиот Сојуз,што подоцна се претвори во концепција на наметнување на советскиот модел на општествено уредување на тие земји,во хегемонија на советските државни интереси и наметнување на идеолошки монопол.

Забележливо е што Советскиот Сојуз долго време не инсистира на воспоставување на институционални облици на мултилатерална соработка со источноевропските земји,туку сите прашања од областа на политичките,економските и воените односи ги решава по пат на билатерални договори со одделни земји.Дури ни организирањето на западноевропските земји,јакнењето на антикомунизмот , како ни создавањето на НАТО пактот - немаа некое побитно влијание во менувањето на врските и односите на Советскиот Сојуз со источноевропските земји.Имено,војнички,политички и економски силно присутен во земјите на Источна Европа,Советскиот Сојуз имаше широки можности своите политички и економски цели да ги остварува без мултилатерални институции.

Државното и партиското раководство,со Сталин на чело, сметаше дека нема потреба од развивање и зацврстување на некој нов тип на односи меѓу социјалистичките земји,зашто постојните "сталински" односи веќе поседуваат такво обележје.Меѓутоа,како што е познато,во тој период,смислата на советската политика во однос на истичноевропските социјалистички земји се сведуваше всушност на дисциплинирано подредување на интересите на овие земји на "повисоките" интереси на Советскиот Сојуз.

Во првите повоени години,на воен план,се до 1953 година,односно до воведувањето во вооружувањето на нуклеарното оружје,советската воена доктрина и стратегија се развиваат и се потпираат главно врз искуствата од Втората светска војна.Главна

потпора на доктрината и стратегијата на СССР во тој период беа бројните конвенционални оружени сили,кои се подготвуваа за војна со поусовршено класично оружје,при што доминантна улога имаа оклопните единици и авијацијата.Напоредно со развојот на конвенционалните оружени сили,Советскиот Сојуз во тој период вложува силни усилби во освојувањето на производството на нуклеарното оружје,така што веќе 1949 година,Советскиот Сојуз изврши први проби со атомско,а 1953 година и со хидрогенско оружје.Кон крајот на 1953 година,Советскиот Сојуз веќе располагаше со определен број на стратегиски бомбардери и определени количини на атомско оружје и беше способен за "минимално" нуклеарно застрашување.

Сталин,и покрај мошне омаловажувачките јавни изјави во врска со нуклеарното оружје,тој всушност правилно го сфати местото и улогата на ова оружје како средство на политиката,па натамошните усилби на Советскиот Сојуз беа насочени кон забрзано и помасовно воведување на нуклеарните борбени средства во оперативна употреба во оружените сили.

### 3.2. Односот на Советскиот Сојуз спрема процесот на деколонизацијата и новоослободените земји во периодот на студената војна

Врз односот на Советскиот Сојуз спрема процесот на деколонизацијата и новоослободените земји во периодот на студената војна и владеењето на Сталин,решавачко влијание имаше веќе спомнатата теорија на Сталин "за постоењето на два антагонистички табори - табор на социјалистичките и табор на капиталистичките држави".

Тргнувајќи од такви оценки и ставови советската надворешна политика на меѓународната сцена гледа само два партнера:

својот противник - капиталистичките држави и својот сојузник - социјалистичките држави и комунистичките партии во капиталистичките земји.Простор за делување на некој трет фактор,според нивната оценка,немало.

Ваквиот став и однос на Советскиот Сојуз спрема процесот на деколонизацијата и новоослободените земји беше обусловен,меѓу другото,што Сталин ја потценуваше улогата и значењето на деколонизацијата.Во овој процес на големата антиимперијалистичка револуција тој не ја согледува нејзината антиимперијалистичка суштина,поради тоа што во овие процеси во најголем број случаи не учествуваа комунистичките партии.А тој негативен став и однос на комунистичките партии спрема колонијалните револуции беше производ токму на политиката на Сталин и неговото сфаќање на народноослободителните движења како "резерва" на социјализмот.

Во однос на вој мошне значаен општествен и меѓународен процес од самиот негов почеток постоеше принципиелна разлика во погледите и односот спрема овој процес меѓу југословенските и советските ставови.Југословенското партиско и државно раководство со Тито на чело од самиот почеток во процесот на деколонизацијата гледаа како на клучен историски тек на повоените движења и уривање на империјалистичкиот систем,заради што Југославија на антиколонијалните движења им даваше безрезервна морална,политичка,па и материјална помош.

За нас - како што вели ген.Душан Дозет - таа борба претставуваше потврда на исправноста на нашата борба,која сега се води во други услови и во други облици.Бидејќи нашите искуства и нашата стратегија во Советскиот Сојуз никогаш не биле правилно оценувани и прифатени,тоа е разбирливо,што не можеа реал-

но да бидат оценети и прифатени ни искуствата и стратегијата на голем број народни војни.[1)]

Покрај изнесеното,врза ставот и односот на Советскиот Сојуз спрема ослободителните движења и новоослободените земји во времето на Сталин,битно влијание имааа и:[2)]

прво,сфаќањето дека бившите колонии,кои станаа независни земји немаат значење,зашто тие и натаму останувaат во орбитата на економското и политичкото влијаниена бившите метрополи, па според тоа,тие и натаму "повеќе" му припаѓаат на спротивниот табор;

второ,со оглед на економската и воената немоќ на новоослободените земји,според Сталин,"тие нити множат нити делат", во остриот блоковски судир на двата антагонистички табори.

Заради сето тоа,определувањето на новоослободените земји за вонблоковска политика,која што произлегуваше од програмските цели на народноослободителните движења и политичките прокламации на владите на новоослободените земји немаа некој позначаен одзив во советската надворешна политика и односот на Советскиот Сојуз спрема овие земји.Дури по Сталиновата смрт и отпочнувањето на процесот на десталинизацијата ќе дојде и до еволуција во ставовите на Советскиот Сојуз спрема политиката и движењето на неврзаните.

### 3.3.Процесот на десталинизација и еволуција во погледите на Советскиот Сојуз врз војната и политиката и движењето на неврзаните

По смрта на Сталин 1953 година,пред теоретичарите и идеолозите на Советскиот Сојуз беше поставена задачата за поширoко преиспитување на сталинистичките теоретско-практични одго-

1) Ген.Душан Дозет,наведеното дело,стр.93.

2) Поширoко: д-р Ранко Петковиќ,Велике силе и политика несврставања,Центар за културну дјелатност омладине,Загреб,1979 год. стр.54.

вори на множество внатрешни и надворешнополитички прашања.Таа задача во тие први мигови делуваше мошне инспиративно и навестуваше многу пресврти во внатрешната и надворешната политика на Советскиот Сојуз.Меѓутоа,набргу потоа,се покажа дека овој процес беше ограничен со тоа,што сталинистичкиот период на Дваесетиот конгрес на КПСС беше оценет како период на владеење на килтта на личноста,кој побитно не го загрозил карактерот на општествениот развиток на Советскиот Сојуз,со што,всушност,беа одредени и границите на преиспитување на сталинистичкото теориско и практично наследство.

Новото советско раководство со Никита Хрушчов на чело, во основа ја отфрли сталинистичката теза за неизбежноста на војната со капиталистичките држави,за постоењето на два антагонистички табори и заострувањето на класната борба на внатрешен и надворешен план.Од Лениновиот теориски и практичен опус беа извлечени и реафирмирани неговите тези за мирната коегзистенција, за можностите на постоење и взаемна соработка меѓу капиталистичките и социјалистичките држави,и што е уште поважно,за можностите и неопходноста од взаемна соработка меѓу нив.

На меѓународен план новото советско раководство настојува да воспостави поцврсти контакти и дијалог со Запад,па иако конфронтацијата и понатаму трае,во истото време и се преговара.Како производ на новиот курс на Советскиот Сојуз во однос на Запад,дојде до преговори меѓу Исток и Запад за Индокина 1954 година,до Берлинскиот состанок на министрите за надворешни работи на четирите големи сили за Австрија,Германија и за системот за безбедност во Европа,потоа до посетата на Хрушчов на Велика Британија 1956 година,и слични мирољубиви акции.

Меѓутоа,процесот на десталинизацијата на внатрешен план и првите чекори во надминувањето на студената војна на меѓу-

народен план не можаеа да останат без последици и без одраз врз "сталинските" односи на Советскиот Сојуз со источноевропските социјалистички земји.Првите немири во Источна Германија, а подоцна во Полска и Унгарија сосема јасно покажаа дека интензивирањето на меѓународната соработка,кон што се стремеше Советскиот Сојуз неможе да донесе некои позабележителни резултати доколку не се отпочне решавањето на проблемот на односите на Советскиот Сојуз со источноевропските земји.Може слободно да се тврди дека источноевропскиот вриеж имаше битно влијание врз забрзувањето на курсот на десталинизација и дека првите знаци на револт во источноевропските земји укажаа на потенцијалната опасност доколку не се пристапи кон забрзано решавање на постојните проблеми во односите на Советскиот Сојуз со овие земји.

Соочени со овој факт советското раководство најави потреба од развивање на нови облици на меѓусебни односи,кои ќе овозможат не само поеластично дејствување на секоја од државите, туку и воспоставување на "нова коехезија" меѓу овие земји.Во таа насока особено внимание му беше посветено на Советот за взаемна помош (СЕВ) како на тело кое треба да ги унапреди економските односи и економската соработка на Советскиот Сојуз и источноевропските земји.Во таа смисла извршени се промени во содржината на поранешната Декларација за начелата на меѓусебните односи во СЕВ.

Своевидна потврда на новиот советски политички курс во односите со социјалистичките земји претставува ще доаѓањето на советската делегација со Хрушчов на чело во Белград и потпишувањето на Белградската,а подоцна и Московската декларација за односите на Советскиот Сојуз и социјалистичка Југославија,во кои Совет-

скиот Сојуз јавно го прифати начелото за почитување и уважување на националната независност,немешањето во внатрешните работи, рамноправноста и признавањето на специфичните облици на развојот меѓу социјалистичките земји.

До определени промени во односите на Советскиот Сојуз и источноевропските земји дојде и на воен план во смисла на институционализирање на овие односи и создавањето на Варшавскиот договор.

Овој нов инструмент на воената координација меѓу социјалистичкитеземји создаде значително пошироки можности за "меѓусебната соработка",но тој во исто време придонесе и за зачувувањето и проширувањето на советското влијание и советските позиции во Источна Европа,зашто со Варашавскиот договор,покрај другото,беше санкционирано и стационирањето на советските оружени сили во источноевропските држави.Покрај тоа,Варшавскиот договор иницираше нови облици на дејствувањето на воениот фактор на политички план под цврсто советско раководство.[1)]

Со смрта на Сталин и со отпочнувањето на процесот на десталинизација дојде до крупни пресврти и во ставовите на Советскиот Сојуз спрема политиката и движењето на неврзаните.Новото советско раководство го уочува постоењето и дејствувањето на новоослободените земји и настојува со нив да воспостави потесни контакти како со нов позитивен фактор во меѓународните односи.

Врз промените на ставовите и односот на Советскиот Сојуз спрема политиката и движењето на неврзаните,покрај другите фактори,посебно влијание имаше Бандуншката конференција која беше одржана токму во времето кога процесот на ослободувањето на колонијалните народи земаше поширок замав и кога со

1). Д-р Радован Вукадиновиќ,Нека обележја спољне политике СССР-а и В.У.,Савремени стратегиски проблеми,бр.3/79.,стр.39.

својата масовност овој собир на новоослободените земји навести присуство на еден нов и силен фактор на меѓународната сцена.

Новиот политички курс спрема новоослободените земји и нивната вонблоковска ориентација набргу најде свое место и во конгресните материјали на тоа време,така што во Резолуцијата на XX Конгрес на КПСС,кој е одржан 1956 година,меѓу другото,се вели:

"Силите на мирот значително се зголемени со појавата на група мирољубиви европски и азиски земји на светската сцена, кои прокламираа неучествување во блоковите како начело на својата надворешна политика.Последицата на ова беше што во светот е создадена една широка зона на мирот која ги опфаќа мирољубивите држави на Европа и Азија - социјалистички и несоцијалистички - и зафаќа преку половината од светското население".[1)]

Како на овој така и на наредните конгреси на КПСС (XXI и XXII) основен тон на дебатата за надворешнополитичките односи на Советскиот Сојуз даваше Хрушчов,при што особено внимание посветуваше на односите на СССР со овие земји."Ние" - истакнува Хрушчов -"заедно одиме во борбата за мир и безбедност на народите,за забрана на хидрогенското оружје против колонијалната политика и империјализмот".[2)]

Меѓутоа,во односите на Советскиот Сојуз со неврзаните земји уште тогаш се зачнува еден селективен приод кон нив во таа смисла,што доколку некоја неврзана земја е "поотворена" за соработка со Советскиот Сојуз дотолку е и поголемо разбирањето на Советскиот Сојуз за нејзината неврзана политика без оглед на општествените и политичките сили кои доминираат на внатрешната

1) Цитирано според: д-р Ранко Петковиќ,наведеното дело,стр. 57.

2) Исто.

сцена.Додека,на пример,во тој ист период па и подоцна,имаше доста колебања и отстапувања во оценката на неврзаната политика на Југославија,па и вистински кампањи против нејзината независна и неврзана политика.

Во однос на спротивниот блок - се до крајот на педесетите години беше видливо изразено настојувањето на Советскиот Сојуз да оствари рамнотежа во нуклеарното вооружување.Овој период е мошне карактеристичен по исклучително динамичната трка на суперсилите во областа на ракетното вооружување.Основен тон и ритам на оваа трка на суперсилите и даваа спектакуларните советски пробиви во космосот,со што Соединетите Американски Држави за прв пат по Втората светска војна беа не само "фрапантно" изненадени,туку и објективно надминати во областа на ракетното вооружување.Соединетите Американски Држави вложуваат силни усилби за да во оваа област одат во чекор со својот ривал и година дена по лансирањето на советскиот "спутњик",САД го лансираа својот прв земјин вештачки сателит "Експлорел".Набргу потоа, следеа низа спектакуларни акции на суперсилите во космосот: Советскиот Сојуз 1959 година,со својата ракета допре до Месецот, а наредната 1960 година,полетаа и првите советски вселенски бродови со човечка посада,за да две години подоцна полетаат и американските вселенски бродови со човечка посада.

Трката на суперсилите во космосот и во другите области на стратегиското вооружување имаше широки импликации на политички и воен план,чиј најконсеквентен израз беше воспоставувањето на нуклеарна рамнотежа меѓу суперсилите.

Со развојот на ракетното оружје и создадената можност Советскиот Сојуз својот нуклеарен потенцијал да може да го "пренесе" на кој и да е дел од земјината топка и со тоа на против-

никот да му нанесе "неподносливи загуби",конечно беше разбиено опкружувањето на Советскиот Сојуз што беше создадено со системот на американските нуклеарни бомбардерски бази.Со тоа беа отстранети сите пречки најголемата европска континентална сила да прерасне во воена сила од глобално светско значење.

Во изградбата на оружените сили по воспоставувањето на нуклеарната рамнотежа кон крајот на педесетите години,па се до 1957 година,Советскиот Сојуз и советското раководство со Хрушчов на чело изразито ја фаворизираа нуклеарната компонента на оружените сили тргнувајќи од уверувањето дека секој судир во кој би биле вовлечени нуклеарните сили неизбежно би прераснал во нуклеарна војна.

Меѓутоа,набргу се покажа дека фаворизирањето на нуклеарната компонента на оружените сили и прокламирањето на нуклеарна војна не е во согласност со промените кои во меѓувреме настанаа во меѓублоковските односи и во светот.По паѓањето на Хрушчов и доаѓањето на новото партиско и државно руководство на чело со Брежњев и Косигин,во советските воени часописи започна широка расправа за прашањата на одбрана во услови на постоење и постојан развој на ракетно-нуклеарните средства.За разлика од ставовите кои доминираа за време на Хрушчов - дека развојот на модерната рактено-нуклеарна техника довел до тоа локалната војна да стане помалку можна и дека со тоа опаднала улогата на конвенционалните оружени сили - сега советските маршали и генерали застапуваа сосема спротивна теза,дека во современите услови локалната војна е сосема можна и дека таа може да се води само со конвенционални борбени средства.

Поаѓајќи од вакви оценки новата советска доктрина мошне критички се однесува кон тнр."субјективистички период" во кој

беше апсолутизирана нуклеарната војна и ракетно-нуклеарните сили од стратегиско значење.Новата советска доктрина ја прифаќа решавачката улога на стратегиските ракетно-нуклеарни сили,но напорено со тоа ја отфрла претставата за тоа дека ракетно-нуклеарните сили се "апсолутно оружје".Според оценката на советските автори,единствена правилна ориентација во развојот на советските оружени сили е во "хармоничниот развој на сите видови и родови на оружените сили согласно со научно-техничкиот напредок.[1]

Согласно со ваквите гледишта,новата советска доктрина ја истакнува потребата оружените сили на Советскиот Сојуз да мораат да се подготвуваат согласно со политичките цели за сите задачи во мир и во војна,што подразбира оспособување на оружените сили не само за водење на нуклеарна,туку и секоја друга војна.

Во рамките на разгледувањето на развојот на погледите на Советскиот Сојуз врз примената на сила и војна во современите меѓународни односи,значаен е фактот дека војната и примената на сила е егзистентна појава во односите на СССР со некои социјалистички и неврзани земји,што има пошироки импликации врз состојбите во меѓународните односи и безбедноста на неврзаните земји. Меѓутоа,со оглед на фактот што примената на сила и војна како средство на политиката на Советскиот Сојуз и некои други социјалистички земји е во тесна врска со феноменот на "силата и војната во социјализмот и односите меѓу социјалистичките земји",тоа оваа проблематика би ја разгледувале во еден поширок контекст на тој феномен.

---

1) Комунист на ОС на СССР,број 2,јануари 1971 година.

## 3. СИЛАТА, ВОЈНАТА И НЕВРЗУВАЊЕТО ВО СОВРЕМЕНАТА ВОЕНО-ПОЛИТИЧКА ДОКТРИНА НА СССР

### 3.1. Силата и војната како егзистентни појави во односите меѓу социјалистичките земји

Примената на сила и војна во односите меѓу социјалистичките земји е евидентен факт во современите меѓународни односи кој се манифестира преку примената на различни облици на сила и оружени интервенции и како тенденциска можност определени противречности меѓу социјалистичките земји да прераснат во оружен судир и војна.

Ваквата констатација ја потврдува досегашната воено-политичка практика во односите меѓу некои социјалистички земји, како на пример: притисокот и заканата со оружена интервенција на Југославија од страна на СССР и другите источноевропски социјалистички земји 1948 година, оружената интервенција на СССР во Унгарија и Полска, оружената интервенција на петте земји членки на Варшавскиот договор во Чехословачка, оружените судири меѓу СССР и НР Кина на реката Усури, оружената агресија на ДР Виетнам врз Кампучија, оружениот судир на НР Кина и ДР Виетнам, како и најновата оружена интервенција на СССР во Авганистан.

Со оглед на тоа што станува збор за појава која е спротивна општествената природа и општественото битије на социјализмот како општествен систем, упатно е да се констатира дека марксистичката мисла даде мошне јасни и научно засновани ставови за силата и војната како општествени феномени и за односот на социјалистичките сили и работничкото движење кон овие општествени појави.

Не навлегувајќи во поширока анализа и експликација на ставовите на класиците на марксизмот за потеклото и општестве-

ната суштина на силата и војната, сметаме дека е доволно ако се каже дека основните ставови за војната како средство на политиката најконсеквентно ги изразува Ленин кога вели дека "социјалистите отсекогаш ја осудувале војната меѓу народите како ѕверска работа". Меѓутоа, вели понатаму Ленин - "нашиот став е принципиелно поинаков од буржоаските пацифисти и анархисти. Од првите се разликуваме по тоа што ја сфаќаме неизбежната поврзаност меѓу војната и борбата на класите во самата земја, што сфаќаме дека не е можно да се уништат војните ако не се уништат класите и не се изгради социјализам".[1)]

Слични ставови наоѓаме и кај Кардељ, кој во врска со проблемите на војната во социјализмот, меѓу другото, вели: "социјализмот начелно секогаш бил за мир и само за мир. Самиот тој е синоним за траен мир, зашто во себе ја носи силата за утрешно укинување на сите извори на војната".[2)]

Тоа значи дека класиците на марксизмот и работничкото движење во целост, во начело секогаш биле против војната како "ѕверски начин на разрешување на општествените противречности", сметајќи ја војната за појава која му е својствена само на класното општество, а спротивна на хуманата природа на социјализмот. Токму врз тие основи се засновуваа и предвидувањата на класиците на марксизмот дека социјализмот со воведувањето на хумани методи во односите меѓу луѓето, народите и државите, ќе создаде услови за укинување на секоја војна како облик на општествен судир.

Маркс воодушевен од меѓусебното пријателство на работниците на Франција и Германија, во моментот кога "службената Франција и Германија" ги фрлиле во братоубиствена војна, по тој повод пишува: ..." самиот тој голем факт на кој му нема рамен во историјата на минатото, создава изгледи за светла иднина. Тој

докажува дека,наспроти старото општество со неговата економска беда и неговата политичка бесмисла,се создава ново општество, чиј меѓународен принцип ќе биде мир,зашто кај секој народ ќе владее истиот принцип - трудот".[1)]

Според тоа,политиката на сила и предизвикувањето на војни и други оружени судири од страна на некои социјалистички замји во меѓусебните односи,како и во односите со други земји кои не ја загрозуваат нивната безбедност е во длабока спротивност со основните принципи и општествената природа на социјализмот.Зашто,како што тврди Кардељ, - " Социјализмот,доколку се работи за вистински социјалистички односи,а не за елементи на старото во ново - не само што не може да биде извор на војната, туку неговото јакнење во светот треба да претставува фактор на намалување на опасностите од војна,фактор на укинување на неизбежноста на војната.Да се тврди спротивно би значело да се дозволи политиката на социјалистичката земја да ја водат антисоцијалистичките сфаќања и хегемонизмот".[2)]

Заради сето тоа,современата воено-политичка практика на примена на сила и оружено насилство од страна на некои социјалистички земји,против други социјалистички земји,или земји кои објективно не ја загрозуваат нивната безбедност не може да се оправдува со "повисоките" интереси на социјализмот,како ни со потребата на "пролетерскиот интернационализам".

Практиката на примената на сила и војна од страна на некои социјалистички земји обуслови во овие земји,а и некои други социјалистички земји да се создадат некои теоретски основи за оправдување на примената на сила и војна од страна на оп-

1) К.Маркс - Ф.Енгелс,Изабрана дела,"Култура",Белград,1949 година,стр.442.
2.Едвард Кардељ,оп.цит.стр.75.

ределени социјалистички земји.Имено,историската околност што во досегашната светско историска практика војната и оруженото насилство беа еден од најчесто применуваните патишта во изведувањето на социјалистичките револуции и воспоставувањето на социјалистички општествени односи во одделни земји,обуслови во рамките на социјалистичката мисла да се развијат некои гледишта за војната како пат и средство за изведување на нови револуции и зацврстување на социјализмот.Станува збор за сфаќања дека социјализмот може просторно да се шири по пат на сила и војна однадвор,со што,всушност,се врши поистоветување на војната со револуцијата.Меѓутоа,како што е познато револуција не е никогаш не била само војна,туку таа е пред се радикален премин од еден општествен квалитет,во друг повисок општествен квалитет.

Токму овие и ваквите гледишта со кои фактички се врши поистоветување на војната и револуцијата претставуваат всушност теоретска основа за оправдување на силата и наметнување на социјализмот по пат на надворешна војна.Веднаш да кажеме дека југословенските ставови секогаш биле спротивни со ваквите гледања на војната и револуцијата.Поддржувањето на револуционерните процеси во светот за нас секогаш значело и спротиставување на некоја земја да и се наметне револуција по пат на надворешна сила и надворешна војна.

Кинеската варијанта за поистоветувањето на војната и револуцијата и наметнувањето на социјализмот по пат на сила однадвор,ја образложи Лин Пијао во една поширока статија под наслов "Да живее народната војна".Овие гледишта колку да се надминати,тие се интересни за времето во кое настанале и не се без значење ни за современите состојби и погледи.

Основните идеји што Лин Пијао ги изнесе во спонатата статија поврзани во една целина,накратко речено,наведуваат на следниве заклучоци:

<u>прво</u>,дека кинеското искуство во изведувањето на социјалистичката револуција по пат на народна војна може да претставува универзален модел од практична вредност за народите на Азија,Африка и Латинска Америка во нивната борба за национално и социјално ослободување;

<u>второ</u>,дека современиот свет се наоѓа пред чинот на светската револуција и дека таа ќе биде всушност реприза на ослободителната и револуционерната војна во Кина;

<u>третто</u>,дека силите за изведување на светската социјалистичка револуција веќе се распоредени во земјите на Азија, Африка и Латинска Америка како "светски селски реони";

<u>четвртто</u>,дека под притисок на тие револуционерни сили од "светските селски реаони",ќе падне и последното упориште на светската реакција - "светските градови" - Северна Америка и Западна Европа; и,

<u>петто</u>,дека постоечките социјалистички сили надвор од "светскитеселски реаони" се должни да им помогнат на главните сили во изведувањето на тој револуционерен светско-историски чин.[1)]

Не навлегувајќи во некоја поширока расправа во врска со изнесените гледишта и ставови,битно е дека изнесените ставови во својата суштина "заговараат" наметнување на социјализмот на "светските градови" - Северна Америка и Западна Европа по пат на војна,односно со "увезување" на револуцијата.Меѓутоа,

1) Да се види пошироко: Д-р Менсур Ибрахимпашиќ,Друштвене основе концепције општенародне одбране,ВВПШ ЈНА,стр.171-183.

реално гледано,без оглед на мотивите и целите на една таква војна,без оглед на нејзината прогресивност таа неминовно би била освојувачка војна,а по можните последици за развојот на социјализмот и контрареволуционерна.

Овие и сличните гледишта со кои се заговара "извоз и поттикнување" на револуцијата однадвор,е во длабока спротивност со основните ставови на класиците на марксизмот во однос на овој проблем.Имено,спротиставувајќи се на обидите за "увезување" на револуцијата во Германија и некој други европски земји 1848 година,чии заговорници биле група избеглици револуционери,Маркс и Енгелс укажуваа дека тоа би значело "подметнување на препка на револуцијата во самата Германија".Според нив упаѓањето на "легионарските групи" би предизвикало јакнење и кохезија на реакционерните сили и бескорисно жртвување на револуционерните кадри.И во оваа прилика тие сосема јасно го изразија своето становиште дека внатрешните противречности на одделни земји е работа на внатрешните сили и дека револуцијата не може да се "прави однадвор".[1]

Во однос на ова прашање идентични ставови застапува и Ленин."Марксизмот" - вели Ленин - отсекогаш го отфрлал поттикнувањето на револуцијата,зашто револуциите се развиваат во онаа мерка во која се заоструваат класните спротивности... политичката власт не може да се извојува (и не треба да се обидува да се освои),додека таа борба не е доведена до "определен степен",при што тој "определен степен" не е еднаков,а него можат правилно да го проценат само мисловните,искусните и верзираните раководители на пролетаријатот во секоја одделна земја".[2]

---

1) Карл Маркс - Фридрих Енгелс,Манифест комунистичке партије,Београд,1948 година,стр.153.

2) В.И.Ленин,Изабрана дела,том II,кн.I,"Култура",Белград, стр.295.

Од изложените ставови на класиците на марксизмот не е тешко да се извлече заклучокот дека револуцијата не може да се поттикнува,а уште помалку да се "везува" однадвор,зашто,револуцијата претставува општествена преообразба на еден народ и е израз на неговата волја,па затоа револуцијата може да биде само сопствено дело на тој народ.Според тоа,револуцијата не може ни да се добие ни да се одбрани без народот,а уште помалку доколку е тоа спротивно на неговата волја.Меѓутоа,доколку и покрај сето тоа "револуцијата" сепак се брани,тогаш се брани нешто друго,а не реаволуцијата на тој народ.Сето тоа значи дека револуцијата не може да му се наметнува на некој народ по пат на надворешна сила,зашто тоа што му се наметнува со сила никогаш не е и не може да биде револуција.

Според тоа,би можело да се заклучи дека класиците на марксизмот ја уочиле и укажале на можноста дека и во социјалистичкото општество во преодниот период е сосема можна појавата на некои себични интереси кои се наследени од старото општество, кои им се туѓи на револуционерните интереси на работничката класа.Имајќи го сето тоа предвид класиците на марксизмот не ја исклучиле можноста во преодниот период некоја социјалистичка земја да води хегемонистичка политика,вклучувајќи и водење на освојувачки војни.

### 3.2.<u>Теоријата за ограничен суверенитет како теоретска основа за воспоставување и одржување на хегемонија во односите меѓу социјалистичките земји</u>

Теоријата за ограничен суверенитет како теоретска основа за воспоставување и одржување на хегемонија во односите меѓу социјалистичките земји настана и се разви во Советскиот Сојуз и се засновува врз следниве основни идеји:

Првата идеја,поаѓа од стојалиштето "дека суверенитетот на одделни социјалистички земји не може да биде спротиставен на интересите на светскиот социјализам и светското револуционерно движење".[1] Во поширока интерпретација на ова стојалиште,тоа би требало да значи дека суверенитетот на одделни социјалистички земји е во подредена положба во однос на "повисоките" интереси на социјализмот како светски систем.Според тоа, интересите на некој народ им се подредени на интересите на светскиот социјализам,па затоа работничката класа на тој народ е должна својот интерес да го потчини на "повисоките" интереси на социјализмот како светски систем.

Втората идеја,која е тесно поврзана со првата,поаѓа од ставот дека "секоја комунистичка партија за својата работа е одговорна не само пред својот народ,туку и пред сите други комунистички партии - пред целото комунистичко движење".[2] Ова стојалиште,пак би требало да значи дека победата на социјализмот како светски систем на класната борба и дава карактер на меѓународна класна борба од што произлегува и обврската водечките сили на социјализмот да интервенираат со сила,доколку во некоја социјалистичка,па и неврзана земја со социјалистичка ориентација се загрозени интересите на социјализмот.Заради тоа, работничката класа на таа земја е должна да се стави на страната на таквата оружена интервенција,без оглед на тоа,што со таквата интервенција се нарушува суверенитетот на народот на кого му припаѓа.

Третата идеја,поаѓа од стојалиштето дека "Варшавскиот договор е воено-политичка и класан организација која е насо-

1) С.Ковањев,Суверенитетот и интернационалистичките обврски на социјалистичките земји,"Правда" од 26 септември 1968 год.
2) Исто.

чена против непријателите на мирот и социјализмот,како и против обидите на империјалистичките сили по оружен пат да го реставрираат капитализмот во социјалистичките земји".[1)]

Од вакзата интерпретација за местото и улогата на Варшавскиот договор,според авторите на оваа теорија,произлегува и обврската на Варшавскиот договор во интерес на "светскиот социјализам" да може да интервенира и надвор од своите национални граници.Напоредно со ваквите сфаќања,често се истакнува дека Советскиот Сојуз е гарант на независноста и територијалниот интегритет на "социјалистичката заедница" и дека одбраната на оваа заедница е заедничка грижа на сите земји,па со самото тоа и суверенитетот на овие земји е поделен.

Меѓутоа,кога авторите и идеолозите на теоријата на ограничен суверенитет ја истакнуваат потребата од подредување на некои национални и други интереси на оделни социјалистички земји во име и за сметка на "повисоките" интереси на "светскиот социјализам" и кога инсистираат на "одговорност" на секоја комунистичка партија пред "светското комунистичко движење",тие,се разбира,не мислат и на подредување на својот национален интерес на интересите на "светскиот социјализам",ниту пак на нивната одговорност пред целото "комунистичко движење".Наспроти тоа,тие под поим от на "светско комунистичко движење" сосема јасно го инндентификуваат Советскиот Сојуз како "застапник" на меѓународното работничко и комунистичко движење и интересите на "светскиот социјализам".Од таквите сфаќања и погледи произлегува и правото на Советскиот Сојуз да утврдува што е национален интерес на оделни социјалистички земји и дали тој интерес се "поклопува" со интересите на светскиот социјалисзам или не.

---

1) Маршал А.Гречко,Борбеното пријателство на армиите на социјалистичките земји,Комунист на ОС на СССР,октомври 1972 год.

Меѓутоа,ниту една класа,па ни работничката класа не се конституира како универзална класа,независно од конкретните општествено-историски услови.Таа,поправо,секогаш се конституира како општествен субјект на определената општествена средина и има свои особености и интереси.Заради тоа,инсистирањето на одговорност на партиите пред "светското комунистичко движење" и "меѓународната работничка класа",при што определена партија се прогласува за "застапник" на интересите на "светскиот социјализам",не значи ништо друго,до обид да се наметне хегемонија и доминација на таа партија и држава врз другите партии и држави.

Не упуштајќи се во поширока анализа и критика на изложените ставови и сфаќања на теоријата за ограничен суверенитет, веќе самото нејзино потекло (по интервенцијата на петте земји членки на В.Д.во Чехословачка),индицира обид една груба практика на директно мешање во внатрешните работи и внатрешниот развој на одделни социјалистички земји во името на "повисоките" интереси на "светскиот социјализам",теоретски да се уобличи во систем на ставови и на тој начин да се легализира "правото" на водечката социјалистичка земја таа да определува што е,а што не е национален интерес на одделни социјалистички земји и дали тој интерес се "вклопува" во интересите на "светскиот социјализам".

### 3.3.Социјалистичкиот интернационализам како идеолошка парола за "рационализација" на примената на сила и војна од страна на некои социјалистички земји

Историски гледано политиката и идеологијата отсекогаш имале силно влијание врз подготвувањето на војната и мобилизирање на општествената заедница околу,честопати сомнителни пароли и со таквите пароли ги туркале народите во војна и сето

тоа го оправдувале со "повисоки" интереси и "повисоки" цели. Во тие најчесто замаглени политички и идеолошки мотиви честопати е мошне тешко да се уочат и да се препознаат подлабоките општествени и економско-социјални корени и вистинските мотиви на употребата на сила и војна.Дотолку е тоа потешко денес,зашто вистинските мотиви за војна не се така видливи и не можат така лесно да се препознаат како на пример во ограбувачките војни во предимперијалистичката епоха.Вистинските мотиви за војна денес,по правило,се замаглуваат со вешто одбрани идеолошки пароли.Ќе наведеме само три примера на идеолошко замаглување на суштината и целите на војната од историјата на меѓународното работничко движење.

Во војните за освојување на колониите буржоазијата со цел да ја "рационализира" една очигледна освојувачка и неправедна војна ја протури паролата за "цивилизаторската" улога на капиталистичките метрополи во ширењето на културата и развивање на понапредни општествени односи на тлото на афричкиот и азискиот континент.Привидот што беше создаден со една ваква идеолошка парола,бар во почетокот бил толку силен,"така што и самиот Маркс во почетоко ја преценувал цивилизаторската улога на колонијалните освојувања и колонијализмот,очекувајќи дека тоа ќе предизвика подлабоки и посестрани општествени промени,а пред се,дека тоа ќе доведе до распаѓање на архаичната општествено-економската структура и односите,а особено на индискиот континент".[1]

Европското работничко движење,или поточно неговиот поголем дел,како што е познато,поткленка пред идеолошката парола за потребата на "одбрана на својата татковина",која всушност

1) Цитирано според: М-р Миливоје Ореб,Рат у социјализму и бирократија,предвање,ВВПШ ЈНА,1980 година.

претставуваше вешт привид и обид да се "рационализира" светскиот империјалистички судир меѓу самите капиталистички метрополи околу прераспределбата на веќе поделениот свет.

Работничкото движење денес е повторно соочено со една идеолошка парола со која се прави обид да се "рационализира" примената на сила и војна од страна на некои социјалистички земји.Станува збор за "пролетерскиот интернационализам" и настојувањата на некои идеолози од бирократско-етатистичката ориентација со повикувањето на "пролетерскиот интернационализам" да се "рационализира",односно да се оправда примената на сила и војна од страна на одделни социјалистички земји.

Имено,современата политичка доктрина на Советскиот Сојуз и некои други социјалистички земји во уредувањето на своите односи со другите земји тргнуваат главно од два принципа: од принципот на пролетерскиот интернационализам и од принципот на мирољубивата коегзистенција.Во врска со ваквиот приод во уредувањето и развивањето на надворешнополитичките односи на Советскиот Сојуз со други земји Н.Капченко вели:

"Научниот карактер на советската надворешна политика изразен е во тоа што таа политика изградила целосен систем на принципи,од кои се најважни пролетерскиот интернационализам и мирната коегзистенција на државите со различни општествени уредувања".[1)]

Напоредно постоење на два основни принципа за уредување и развивање на односите на Советскиот Сојуз и некои други социјалистички земји,со другите земји има своја практична вредност и функција во тоа,што секој од овие два принципа има строго

1) Цитатот е преземен од: Д-р Ранко Петковиќ,Велике силе и политика несврставања,Центар за културну дјелатност омладине, Загреб,1979 година,стр.40.

определена зона на нивната конкретна примена.Така на пример,врз принципот на пролетерскиот интернационализам се засновуваат односите во рамките на "социјалистичката заедница",потоа со принципот на пролетерскиот интернационализам се раководат КПСС и советското државно раководство во односите со работничките движења,а постои и тенденција овој принцип да се прошири и врз некои неврзани земји со социјалистичка ориентација.Додека принципот на мироѕубивата коегзистенција се применува само во односите со капиталистичките држави.

Според толкувањата на некои советски автори,принципот на пролетерскиот интернационализам како основен принцип во односите на Советскиот Сојуз со другите социјалистички држави претставува "квалитативно повисок тип на меѓусебни односи во рамките на социјалистичката заедница",кој треба да ги надомести недостатоците на принципот на мироѕубивата коегзистенција со која наводно не може да се изрази новиот квалитет на односите меѓу социјалистичките земји.

"Појавата на светскиот социјалистички систем и развојот на взаемните односи во рамките на светскиот социјалистички систем" - како што тврди Ј.Мјазек - "овозможиле политичкиот принцип на пролетерскиот интернационализам како основно начело на меѓународното комунистичко и работничко движење да стане во форма на социјалистички интернационализам основен принцип на меѓународните односи и меѓународното право во социјалистичката заедница".[1]

Принципот на пролетерскиот интернационализам како основен принцип на надворешнополитичките односи на Советскиот Сојуз со другите социјалистички земји,сам по себе и сам за себе

1) Ј.Мјазек,Меѓународно-правните односи на социјалистичките земји,ТНЈУГ,Билтен МРП,број 608,стр.26.

не е спорлив.Спорливо е,меѓутоа,толкувањето на суштината на пролетерскиот интернационализам и воено-политичката практика на Советскиот Сојуз и некои други социјалистички земји,која произлегува од таквите толкувања.

Во речиси сите социјалистички земји,како и во светското комунистичко и работничко движење во основа е прифатено најопштото значење на пролетерскиот интернционализам како солидарност на работничката класа и социјалистичките сили во борбата за социјализам и класнитеинтереси на работничката класа.Меѓутоа, иако оваа општа формулација е општоприфатена,сепак во нејзиното толкување и остварување се појавуваат значителни и суштествени разлики.Така,на пример,некои социјалистички земји,вклучувајќи ја тука и нашата земја под поимот пролетерски интернационализам подразбираат,во прв ред,доследна борба за социјализам во сопствената земја,постојан критички однос спрема сопствената социјалистичка практика,како и поддршка на таквата практика на другите земји кои се борат за социјализам.

Меѓутоа,Советскиот Сојуз и некои други сцијалистички земји во толкувањето на содржината на пролетерскиот интернационализам тежиштето го ставаат врз односот на одделни социјалистички земји спрема Советскиот Сојуз и неговата политика,односно врз "неразурнатото пријателство" со Советскиот Сојуз и "взаемната помош" меѓу социјалистичките земји.Типичен пример за идолопоклонство кон таквите ставови претставуваат бугарските гледишта,според кои "за бугарските комунисти пријателството и соработката со првата пролетерска татковина претставува она што сонцето и водат значат за секое живо суштество... за нас односот спрема Советскиот Сојуз секогаш бил и сега е главен критеријум за вистинскиот пролетерски интернационализам".[1)]

1) Цитирано според: Д-р Миќо Ќушиќ,авторизирано предвање на семинарот "Социјализмот и војната",ВВПШ ЈНА,Белград,1981 год.

Во толкувањето на содржината на пролетерскиот интернационализам,особено последниве години,посебно се нагласува и се инсистира на обврската на "давање и примање на помош".Според толкувањата на некои советски автори,принципот на "социјалистичка взаемна помош" на секоја земја и дава право на добивање помош, но истовремено и става во должност и да им дава помош на другите социјалистички земји.[1] Според истите толкувања,правото и обврската на добивање и давање на помош,како што се истакнува,не му противречи на принципот на почитувањето на суверенитетот "кој не се ограничува само на формалното признавање на независноста и внатрешната самостојност на социјалистичките држави,туку истовремено ја опфаќа и должноста за заедничка заштита на придобивките на социјализмот".[2]

Меѓутоа,ни пренагласувањето на "взаемната помош",како битна содржина на социјалистичкиот интернационализам не е спорливо,зашто историската практика покажува дека давањето и примањето на разни видови на помош претставувале значајна поткрепа во борбата на народите за своето национално и социјално ослободување.Овој вид на помош секогаш бил мошне значаен,но помошта од страна никогаш не била,ниту може да биде решавачка во однос на улогата која им припаѓа на внатрешните сили и нивните усилби.

Спорлива е,меѓутоа,современата воено-политичка практика на злоупотребата на "помошта" во името и за сметка на "пролетерскиот интернационализам".По природа на работите,"помошта" во ниеден облик (политичка,економска или воена) не би смеела да го доведува во прашање суверенитетот на земјата на која и се дава помош.Тоа значи дека помошта може да биде барана од носи-

---

1) Л.Минаjев,Проблеми савременог комунистичког покрета, Танjуг,Билтен МРП,број 599,стр.6.
2) J.Мразек,оп.цит.стр.28 и 32.

телите на суверенитетот и да им се дава само на носителите на суверенитетот.Доколку таквата "помош" се бара и им се дава на опозиционите или некои други внатрешни сили кои не се носители на суверенитетот,тогаш не се работи за "помош",туку за грубо мешање во внатрешните работи на дотичната земја.А токму таквата практика доби право на граѓанство во надворешнополитичките односи на некои социјалистички земји,повикувајќи се при тоа на принципот на "социјалистичкиот интернационализам" и заштитување на "повисоките" интереси на "светскиот социјализам".

Не е никаква тајна дека петте земји членки на Варшавскиот договор 1968 година,"одлучиле" на Чехословачка да и дадат "помош",која беше побарана од страна на некои внатрешни сили кои не беа носители на суверенитетот на Чехословачка.Уште подрастичен пример за давање "помош" на внатрешните сили кои не се носители на суверенитетот претставува оружената интервенција на Советскиот Сојуз во Авганистан.Како што е познато,за давањето на "помош" на Авганистан одлучил самиот Советски Сојуз,зашто Авганистан не е член на Варшавскиот договор,а "помошта",како што е познато беше побарана од "владата" која беше формирана дури по извршената воена интервенција.Според тоа,таквата "влада" во никаков случај не можела да биде носител на суверенитетот на Авганистан.

Агресијата на ДР Виетнам врз Кампучија,во која и денес постои легална влада која раководи со оружениот отпор,претставува најгруба варијанта на грубо мешање во внатрешните работи на една суверена земја во името и со повикот на "социјалистичкиот интернационализам".

Наведените примери јасно говорат за тоа дека примената на сила и војна во име и со повикот на "социјалистичкиот интер-

национализам" и "повисоките" интереси на "светскиот социјализам" не претставува некоја изолирана и ексцесна појава во надворешнополитичката ориентација на некои социјалистички земји, туку доста развиена практика со која се доведува во прашање суверенитетот и интегритетот не само на социјалистичките,туку и на некои неврзани земји.Ваквата практика во примената на принципот на "социјалистичкиот интернационализам" остава впечаток дека социјалистичките,како и неврзаните земји со социјалистичка ориентација не можат со сигурност да сметаат на својот суверенитет само затоа што се социјалистички.

Од сето што е изложено може слободно да се тврди дека со принципот на "социјалистичкиот интернационализам" наголемо се манипулира како со идеолошка парола со која се прави обид да се "рационализира",односно да се оправда примената на сила и војна од страна на некои социјалистички земји.Заради тоа,Сојузот на комунистите на Југославија сметаше за неопходно во својот Статут кој е усвоен на Единаесетиот конгрес на СКЈ да го прецизира својот став и однос спрема принципот на социјалистичкиот интернационализам.Во врска со тоа во Статутот на СКЈ се вели:

"Како самостоен и активен субјект,кој за својата активност е одговорен на својата работничка класа,на народите и народностите на Југославија,Сојузот на комунистите на Југославија придонесува кон јакнењето на социјализмот во сојузот и доследно го остварува принципот на доброволна интернационалистичка соработка и солидарност: со вистинските резултати што ги остварува во борбата за социјализам во својата земја,со постојаниот критички однос спрема сопствената социјалистичка практика; со истрајната борба за мир,неврзаната политика и општествениот про-

грес во светот,а против империјализмот,политиката на сила и хегемонија од кој и да е вид; со непрестајната и активна поддршка на сите социјалистички,антиимперијалистички и други демократски сили и движења кои се борат за ослободување на човекот и народите од експлоатација,угнетување и странска доминација".[1)]

Кон сето ова треба да се каже и тоа дека досегашната практика во примената на принципот на миројубивата коегзистенција укажува дека не би можело да се прифати како исправно гледиштето на повеќето советски автори дека "принципот на социјалистичкиот интернационализам претставува квалитативно повисок тип на меѓудржавни односи во рамките на социјалистичката заедница, кој треба да ги надомести недостатоците на миројубивата коегзистенција".Би рекле спротивно - принципит на миројубива коегзистенција чија суштина се изразува во забрана на закани со сила и употреба на сила во меѓународните односи,мирно решавање на меѓународните спорови,немешање во внатрешните работи на други земји,должноста на земјите да соработуваат согласно со Повелбата на ОН,рамноправност и самоопределување на народите,суверена еднаквост на државите и свесно исполнување на обврските преземени согласно со повелбата - не содржат ниту еден единствен елемнт по што тие би биле непрогресивни и неприменливи во односите меѓу социјалистичките земји,туку дека се тие применливи само во односите со капиталистичките земји.

На крајот би било упатно да се нагласи дека без национална сувереност и рамноправност нема и неможе да има доброволна интернационалистичка соработка и солидарност меѓу народите и државите.

## 3.4. Општествено-политичките причини за примената на сила и војна од страна на некои социјалистички земји

Поаѓајќи од марксистичкото стојалиште дека примената на сила и војна како средство за разрешување на општествените противречности секогаш е обусловено од определени општествени фактори,тоа и примената на сила и војна од страна на некои социјалистички земји е производ на општествените противречности во развојот на современиот свет,а во тие рамки и во развојот на одделни социјалистички земји.

Врз процесот на јакнењето на улогата на сила во општествените и меѓународните односи на некои социјалистички земји, а пред се во Советскиот Сојуз,во раната фаза влијаеше околноста што спротивно на очекувањата на класиците на марксизмот Маркс, Енгелс и Ленин,изостана европската социјалистичка револуција и што до "револуција дојде во релативно заостанатите земји,со неразвиени производни сили и малубројна работничка класа".[1)]

Подоцна,или поточно по Втората светска војна со блоковската поделба на светот "социјализмот со децении е принудно изолиран на подрачја чиј развиток беше сопрен со нивниот полуколонијален статус,со борбата со економските тешкотии и слабоста на работничката класа".[2)] Покрај бројните проблеми во внатрешниот развиток,социјалистичките земји беа изложени на бројните нафрлувања на внатрешните и надворешните контрареволуционерни сили.Сите тие околности имаа решавачко влијание врз патиштата на развојот и изградбата на социјалистичките општествени односи и организацијата на економскиот и политичкиот живот во

1) Платформа за припрему ставова и одлука Десетог конгреса СКЈ,"Комунист",Белград,1973 година,стр.164.

2) Д-р Мирослав Печујлиќ,Савремено друштво и нови облици хегемонизма,Војно дело,јануар 1977 година,стр.27.

овие земји.

Меѓутоа,наспроти сите тие тешки и сложени околности, со воспоставувањето на новите социјалистички општествени односи, социјалистичките земји успеаја повеќекратно да го забрзаат својот материјален и културен развиток,радикално да го намалат времето на својот развој и со големи услби и жртви да остварат мошне брза општествена преобразба.

Моторна сила на овој мошне брз развиток претставуваше силниот и централизираниот државен апарат.Но,како што тоа го констатира проф.Печујлиќ - "дијалектиката не мирува - државната своина и централизираното управување,тој погонскиот мотор на брзиот развиток,набргу ги покажа и границите на своите можности".[1]

Имено,во марксистичката научна мисла не е спорливо и нема дилеми околу тоа дека во преодниот период државата како инструмент на работничката класа,со своето непосредно ангажирање и раководење со стопанството и другите општествени дејности може успешно да изврши многу значајни задачи во развојот на земјата.Исправноста на ваквото стојалиште го потврдуваат сите досегашни искуства во развојот на сите социјалистички земји.Исто така нема дилеми околу јасноста на ставовите на класиците на марксизмот за местото и улогата на државата и општествената позиција на работниот човек во социјалистичката држава.Спорлива е,меѓутоа,современата практика на одделни социјалистички земји и од таквата практика изведените ставови за местото и улогата на државата и општествената позиција на работниот човек во социјалистичката држава.Во врска со ова прашање постојат две сосема спротивни гледишта:

---

1) Д-р Мирослав Печујлиќ,оп.цит.стр.27.

<u>Првото гледиште</u> поаѓа од тоа,"дека општествената положба на работниот човек во социјализмот не се менува,односно дека работникот во производството функционално и натаму се однесува како продавач на својата работна сила,со таа разлика што купувачот на неговата работна сила не е повеќе капиталистот, туку социјалистичката држава".[1] Според ова гледиште во социјализмот не постои "општествена потреба" за менување на општествената позиција на работниот човек во производството и распределбата на општествениот производ,зашто за неговата положба сега се грижи социјалистичката држава.

<u>Второто гледиште</u>,од кое тргнува и нашата концепција за остварување на социјалистички општествени односи,поаѓа од тоа,"дека остварувањето на социјалистичките општествени односи треба пред се да значи менување на функционалната,а со тоа и на општествената положба на работниот човек во општественото производство.Оваа промена може да се оствари само под услов работниот човек да биде во таква објективна положба во процесот на производството да може да дејствува како активен чинител и двигател на сите фактори на производството и распределбата - организацијата на работата,работната сила,средствата за работа и друго".[2] Само со таквата функционална положба во производството работниот човек може да обезбеди да располага со резултатите од својот труд и остварениот доход.

Според ова гледиште,социјалистичката држава не би смеела потрајно да се конституира и да се зацврстува како "социјалистички работодавач",зашто како што укажуваат класиците на марксизмот,а современата практика тоа сосема јасно го потврдува - "државата вршејќи ги своите функции во општеството има тенденција стопанството да го лиши од нејзиниот внатрешен двига-

1) Албрехт Роман,Економски корени најновије кризе етатизма, "Социјализам",број 11/68.,стр.1348.
2) Исто.

тел,за да себеси се претстави како општествена неопходност.Кога таквите тенденции ќе дојдат до полн израз,државата може да се претвори во фактор на стагнација кој го спречува конституирањето на нови општествени механизми преку кои се обезбедува натамошен растеж и развој на социјализмот".[1]

Токму овие и ваквите тенденции дојдоа до израз во развојот на некои социјалистички земји.Во услови на етатизација и апсолутизирање на улогата на државата во развојот на општеството,без оглед на тоа што носителите на политичката власт се претставници на работничката класа,тие со својата објективна општествена позиција се здобиваат со право монополски да одлучуваат во името на работничката класа и општеството,што создава можности за одвојување на тие претставници од работничката класа и општеството,конституирање на нивни парцијални интереси и наметнување на тие интереси како општествени интереси.Како последица на таквиот развиток се развива голем и општествено моќен државно-партиски апарат кој,додуша,е самоуверен дека е носител на револуционерните промени во општеството.На тој начин во некои социјалистички земји создадени се системи на во голема мера отуѓена власт во која е концентрирана огромна општествена,политичка и воена моќ со право на нејзината употреба или злоупотреба.

Современата општествено-политичка практика укажува дека на тлото на бирократско-етатистичките системи на управување можат да се развиваат и големодржавни амбиции и поврзано со тоа агресивност,експанзионизам и слично.

Од друга страна,социјализмот како општествен систем

---

1) Седми конгрес СКЈ,"Култура",Белград,1958 година,стр.223.

во фазата на преодниот период не е без сопствени противречности и конфликти.Социјалистичките системи со сите свои сличности и разлики настанаа и се развија врз урнатините на империјализмот, колонијализмот и неоколонијализмот,поради што тие неминовно во себе носат низа објективни спротивности наследени од старото општество.Во таа смисла заслужува внимание констатацијата на другарот Кардељ,кога вели:

"Низа причини доведуваат до тоа дека не само внатрешните општествени односи во социјалистичките земји,туку и односите меѓу нив,да се оптоварени со определени карактеристики и тенденции кои им припаѓаат на системот против кого идеологијата на социјализмот се бори".[1]

Имено,различни економски,геополитички и меѓународни околности во кој се наоѓаат социјалистичките земји,моменталните државни интереси,разликите во општествената свест,идеологијата и друго,претставуваат подрачја на кои денес се судираат,а веројатно и во иднина ќе се судираат интересите на социјалистичките земји.Во врска со можните судири меѓу социјалистичките земји мошне е индикативна оценката на другарот Кардељ,дека "проблемите на спротивностите меѓу светот на социјализмот и светот на капитализмот постапно ќе добиваат секундарно значење,а проблемите на натамошниот развиток на социјалистичките општествени односи се повеќе ќе станува историја на нашето време... Вистина,денес би било погрешно да се потценува значењето на спомнатите спротивности,зашто силите на капитализмот се релативно сеуште јаки,но би било погрешно да се мисли дека со тоа е се речено ако се каже дека некоја земја е социјалистичка.И на тлото на социјализмот се бие истата битка,макар што е таа во друга

1) Едвард Кардељ,Корени несврставања,ИЦ "Комунист",Београд,1975 година,стр,35.

форма,испреплетувајќи се истовремено со внатрешните противречности на самиот социјалистички развиток,што токму и создава можност во преодниот период да се појавува хегемонизмот,националниот егоизам,бирократскиот монопол итн.".[1]

Според тоа,суштината на проблемите на судирот и агресивното однесување на некои социјалистички земји во надворешнополитичките односи,значи,не лежи во социјализмот како општествен систем,туку во неостварепоста на социјализмот,или поточно во неостварепоста на радикалниот пресврт во материјаното производство и продукционите односи во кои работничката класа би имала таква општествена позиција и улога - самата без посредување на од неа отуѓената власт - да стане субјект на својата историја.Само таков процес може да доведе до надминување на внатрешните противречности и антагонизми,кои преставуваат основа за надворешни антагонизми.

Прогласувањето на државната сопственост за темелен општествен однос во социјализмот во повеќето социјалистички земји,претставува всушност и главна пречка на таквиот пресврт во материјалното производство.Врз основа на државно-сопственичките односи создаден е моќен државен апарат,кој тргнувајќи од некои свои парцијални интереси настојува постоечката стварност во некои социјалистички земји да ја глорифицира како остварен социјализам,чии проблеми на натамошниот развиток се сведуваат главно на зголемувањето на животниот стандард на населението и отстранување на остатоците од буржоаската свест во општествениот живот.

---

1) Едвард Кардељ,Нација и меѓународни односи,БИГЗ,Белград, 1975 година,стр.240.

Во таквите општествени услови сите противречности кои објективно настануваат поради одвоеноста на производителите од средствата за производство мораат да се решаваат по пат на пресија,или со идеолошко-политички и психолошки манипулации.[1] А кога во некое општество пресијата е основен метод во разрешувањето на општествените противречности,тогаш таквиот метод неизбежно станува и метод на однесување на тоа општество со другите општества.

### НЕ 3.6.Политиката и движењето на неврзаните во современата воено-политичка доктрина на Советскиот Сојуз

По заминувањето на Хрушчов 1967 година,новото советско раководство со Леонид Брежњев на чело се соочи се една ситуација во која доминираа неколку мошне значајни фактори,а во прв ред,доста несредени и контроверзни односи со Запад кои се движеа од коегзистирање до изразено конфронтирање,потреси во самата социјалистичка заедница предизвикани со настаните во Чехословачка,се подлабокото разидување со НР Кина,како и се поизразени тенденции за поголема автономност во комунистичкото и работничкото движење.

Во такви внатрешни и меѓународни околности,"давајќи им приоритет на состојбите во "сопствената куќа" и регулирањето на односите со главниот партнер и ривал,новото советско раководство тежиштето го насочува кон две главни стратегиски задачи: средувањето и зацврстувањето на "социјалистичката заедница",и потрајно регулирање на своите односи со Запад".[2]

1) Настаните во Полска се илустративен пример на заострувањето на внатрешните противречности и криза на целото општество како последица на отуѓеноста на производителите од средствата за производство,односно за отуѓеноста не само на државниот апарат, туку и на партиските врв од работничката класа.
2) Д-р Ранко Петковиќ,оп.цит.стр.60.

Со давањето на приоритет на овие прашања во политичката стратегија на СССР,беше привремено,но не и трајно намалено интересирањето на Советскиот Сојуз за политиката и движењето на неврзаните,пред се на акционен план.Врз ваквата ориентација на Советскиот Сојуз во однос на политиката и движењето на неврзаните особено влијаеше околноста што во процесот на развојот на детантот надвладеа уверувањето,кое набргу беше демантирано, дека со директното регулирање на односите меѓу Исток и Запад се намалува улогата и активноста на движењето на неврзаните

Со оглед на тоа,што во тој период во средиштето на активностите на неврзаните земји беа главно прашањата на борбата за светски мир,за попуштање на меѓународната напанатост и воспоставување на преговарачки контакти меѓу големите сили,се сметаше дека во услови на детантот и меѓусебното директно договарање нема потреба за посредување меѓу суперсилите,па со тоа движењето на неврзаните ја загубило својата посредничка функција,па со тоа и резонот за неговото постоење.

Климата на договарање меѓу суперсилите од блоковски позиции во советската политичка ориентација спрема политиката и движењето на неврзаните нудеше извесни илузии за тоа дека со директното преговарање со ривалската суперсила ќе дојде до консолидација и взаемно респектирање на блоковските интереси и сферите на влијание,а со тоа и до намалување на конфронтацијата во меѓусебните односи.Поаѓајќи од таквите оценки - дека во регулирањето на своите односи со противникот може да се најде и да се воспостави заеднички јазик - уследи и оценката дека во такви услови нема реална потреба од посредување и посредници, па ни од сојузници.

Меѓутоа,кон средината на седумдесетите години,дојде

до промени во политичкиот курс на Советскиот Сојуз спрема неврзаните земји во смисла на се поголемо интересирање на Советскиот Сојуз за настаните во Азија,Африка и Латинска Америка и се поголемо интересирање за новоослободените земји,земјите во развој,па и за самото движење на неврзаните.

Врз овие промени во политичката стратегија на Советскиот Сојуз спрема политиката и движењето на неврзаните влијаеа повеќе фактори,меѓу кои особено беа значајни:

<u>прво</u>,што воспоставувањето и развојот на детантот дадоа некои резултати во остварувањето на главната стратешка цел - регулирање на односите со Запад.Меѓутоа,напоредно со позитивниот тренд во развојот на детантот,се повеќе и се посилно доаѓаа до израз сознанијата дека детантот кој беше замислен како состојба на договарање и конфронтација долгорочно гледано не може да ги помири сите нивни спротивни интереси и цели.Имено,блоковската формула и блоковското сфаќање на детантот сосема јасно покажа дека попуштањето не ја исклучува конфронтацијата,дека уважувањето на стекнатите позиции не го исклучува настојувањето и борбата за стекнување на нови позиции и нови сфери на влијание. Повремените остри кризи и осцилации во развојот на детантот сосема јасно покажаа дека беа претерани илузиите за можностите потрајно да се консолидираат позициите на суперсилите во меѓународните односи со потпирање врз детантот;

<u>второ</u>,продолжувањето на трката во вооружувањето со која најдобро може да се открие длабоката взаемна недоверба во намерите и на едната и на другата страна,потоа,истиснувањето на Советскиот Сојуз од преговарачките текови на Блискиот Исток, одолговлечувањето на договорите и потпишувањето на САЛТ-2,најавата за воведување на неутронската бомба во оперативна употре-

ба и некои други негативни трендови,доведоа до сериозни застои во развојот на детантот - до криза на детантот.Во такви услови објективно се зголемува потребата за создавање на нови "упоришта" и трагање по нови "сојузници" за да се создадат нови "предимства" во одмерувањето на силите со спротивниот блок;

трето,активирањето на американската дипломатија према водечките земји во регионите кои во најголема мера им припаѓаат на движењето на неврзаните,како и отворањето на НР Кина спрема светот,а посебно спрема третиот свет,исто така спаѓа во ред на оние фактори кои го обусловија пресвртот во политичката ориентација на Советскиот Сојуз спрема неврзаните земји и движењето на неврзаните;

четврто,брзиот растеж и афирмацијата на политиката и движењето на неврзаните доведе до нивно бројно зголемување,а со тоа и до зголемувањето на споровите и судирите во рамките на движењето.Во тој правец дојде и до забележително засилување на процесот на идеолошка и политичка диференцијација на одделни неврзани земји,со што беа создадени и објективни услови и поширок простор за уфрлување на надворешни сили,а во прв ред на супер силите.

Сите овие околности,некоја во поголема,а некоја во помала мера имаа влијание врз придавањето на се поголемо значење на движењето на неврзаните и на географските подрачја во кои тие се наоѓаат.Иако сите земји се во "видното поле" на надворешната политика на Советскиот Сојуз,особено значење и особена офанзивност се манифестира спрема "прогресивното јадро",кое, според советските оценки,го чинат неврзаните земји со социјалистичка ориентација.Во однос на оваа категорија на неврзани зем-

ји видно се изразени настојувањата тие што поцврсто да се врзат за Советскиот Сојуз на политички,економски и воен план,што би требало да доведе до "ерозија" во движењето на неврзаните.Таквите настојување се согласни со оценките на некои советски аналитичари дека во движењето на неврзаните "настапил процес" на засилена класна дифернцијација која неизбежно води кон определување на неврзаните земји за светот на капитализмот или за светот на социјализмот.Во врска со ваквите оценки дописниот член на Академијата на науките на СССР Ј.Примаков,меѓу другото,пишува:

"Во групата на земјите во развој веќе денес се наоѓаат како земји кои одат по капиталистички пат,така и земји кои ја одбрале социјалистичката ориентација.Истовремено може и треба да дојде до постапна "ерозија" на таа група,како поради подоцнешното приклучување на одделни земји во развој кон светскиот социјалистички систем,така и приклучување на некои од нив кон капиталистичкиот свет.Се разбира,таа "њрозија" е долг временски процес".

Од изложените ставови и сфаќања произлегува дека една од стратегиските цели на советската политика спрема неврзаните земји е придобивање на што поширок круг на неврзани земји,а особено на оние со социјалистичка ориентација и нивно поцврсто врзување за својот концепт на општествениот развој и за своите надворешнополитички цели.Меѓутоа,стварувањето на тие и таквите цели не е нова појава,и би рекле,дека таквите настојувања не зависат од субјективните желби и настојувања,туку пред се од ставот и интересот на неврзаните земји врз кои се врши притисок да се определуваат за таква своја позиција во движењето на неврзаните и за таков концепт на развој.

1) Цитирано според:Д-р Ранко Петковиќ,оп.цит.стр.83.

На крајот би можеле да констатираме дека ваквата политичка стратегија и однос на Советскиот Сојуз спрема политиката и движењето на неврзаните на определен начин претставува враќање на оние сфаќања во првите повоени години за постоењето "на два табора - табор на социјалистички и табор на капиталистички земји" и дека на меѓународната сцена нема место за делување на некој "трет фактор".Меѓутоа,како што е познато,таквите ставови и таквите сфаќања ги негираше современата општествено-историската практика и досегашниот развој и растеж на политиката и движењето на неврзаните.

### 3.6.Место и улога на воениот фактор на Советскиот Сојуз во надворешнополитичките односи и безбедноста на неврзаните земји

Воениот фактор отсекогаш бил средство на определена политика кој на различни начини се користи за остварување на политичките цели.Имајќи го тој факт во предвид,како и фактот дека воената сила е главен елемент на политичката сила на државата, само по себе се разбира дека од силата на воениот фактор зависи не само определувањето на политичките цели во надворешнополитичката ориентација,туку и однесувањето на политичкиот фактор во меѓународните односи.

Во тој контекст посматрано воениот фактор на Советскиот Сојуз и другите источноевропски социјалистички земји оличен во Варшавскиот договор во воен поглед претставува најсилен дел на социјалистичкиот свет,на чие чело се наоѓа Советскиот Сојуз како една од двете постоечки суперсили,од што произлегуваат низа консеквенци во врска со местото и улогата на воениот фактор на Советскиот Сојуз во надворешнополитичките односи,како во рамките на "социјалистичката заедница",така и во однос на неврзаните земји.

Без претензии да се зафата сите аспекти на ова прашање,ќе укажеме само на некои позначајни елементи со кои може да се илустрира местото и улогата на воениот фактор на Советскиот Сојуз во остварувањето на определени надворешнополитички цели како во рамките на "социјалистичката заедница",така и во однос на одделни неврзани земји.

Врз можностите воениот фактор на Советскиот Сојуз да се користи како средство на политиката за воспоставување и одржување на определена хегемонија во односите на Советскиот Сојуз со другитечленки на Варшавскиот Договор влијаат повеќе фактори, а во прв ред:

(1) постоењето на големи разлики во економската и воената моќ меѓу Советскиот Сојуз како водечка сила на блокот и сите други членки на Варшавскиот договор.Имено,оваа разлика е најизразена токму на воен план,зашто во рамките на блоковската групација само Советскиот Сојуз располага со нуклеарно оружје и со конвенционални сили од глобално значење.Самиот тој факт во контекстот на мошне испреплетените интереси и цели на Советскиот Сојуз како социјалистичка земја,но и суперсила,претставува сериозна пречка за еднаквост во заедницата и за рамноправна соработка;

(2) сите борбени средства и некоја друга воена опрема за потребите на оружените сили на Варшавскиот договор се главно од советско потекло,со што е остварен висок степен на унификацијата на вооружувањето и опремата во рамките на Договорот.Таквата унификација колку и да во себе носи позитивни елементи на рационализација,таа истовремено води и кон унификација на погледите и ставовите на воено-политички план - на планот на војнената вештина,воената доктрина,воено-стручното усовршување,

командувањето и слично,со што се потиснуваат националните особености,традициите и интересите на другите членки на Договорот;

(3) во повеќето земји членки на Варшавскиот договор се наоѓаат крупни контигенти на оружените сили на Советскиот Сојуз или воени бази за користење во мир или во војна.Стационирањето на овие сили се образложува со потребите од стратегиски карактер кои произлегуваат од конфронтацијата со спротивниот блок или од обврските што некои од овие земји ги презедоа по Втората светска војна.Меѓутоа,само по себе се разбира дека присуството на странски трупи во една суверена земја има силно влијание врз политичкото однесување на земјата на чија територија се стационирани овие трупи,особено ако се има предвид дека овие трупи беа користени и за оружена интервенција во некои земји во кои беа стационирани;

(4) постојаното настојување и инсистирање на цврста интеграција и централизација околу најмоќната сила во блокот по природа на работите води кон унификација на концепциите не само на воен план,туку и на политички,економски и идеолошки план.Во таа смисла соработката и односите на воен план нудат широк простор за идеолошко,политичко и воено влијание врз политичките фактори во земјите членки по пат на воено школување,воено-техничкото усовршување,користењето на учебниците,одржувањето на заедничките вежби,маневри и слично.

Во надворешнополитичките односи со неврзаните земји воениот фактор на Советскиот Сојуз покажува се поизразена тенденција на воена експанзија која се остварува главно преку давање на воена помош во оружје и друга воена опрема,преку упатување на стручњаци и советници во оружените сили на одделни не-

врзани земји,како и преку класични воени интервенции од авганистанскиот тип.

Воената експанзија на Советскиот Сојуз на подрачјето на наврзаните земји претставува составен дел на ривалската борба на суперсилите за сфери на влијание,но тоа е воедно и последица на немање на можност и сили тој интерес да се остварува со други средства - економски,политички,културни и слично.

Давањето на помош во оружје и на друг начин мотивирано е главно со некои битни политички интереси и цели а пред се:

(1) со давањето на воената помош на земјата која е нападната од страна на империјалистичките сили да се оневозможи тие сили да се здобијат со некое ново упориште во тој регион;

(2) со давањето на воената помош да се засили позицијата на определената неврзана земја;

(3) со давањето на воената помош да се обезбеди присуството и влијанието на Советскиот Сојуз во геополитичкиот простор на дотичната неврзана земја.

Од документацијата што ја објавува СИПРИ за извозот на оружје може да се констатира мошне брзиот пораст на извозот на оружје во неврзаните земји.[1] Така на пример,во 1950 година, извозот на советското оружје во земјите на терттиот свет се движел во вредност од 25 милиони долари,во 1960 година,165 милиони долари,а 1970 година 1.650 милиони долари.Од изнесените податоци може да се види дека во периодот 1950 до 1970 година, извозот на советското оружје во земјите на третиот свет се зголемил за 66 пати,што само по себе укажува на тенденциите на овој вид на советската воена експанзија во неврзаните земји.

Упатувањето на воените стручњаци и инструктори во одделни неврзани земји,исто така,спаѓа во облик на воена експан-

1) Rajmond Hutchings,Soviet Arms Export to the Third World - Patern and its Imlikacions,"The World Todey",London,oktomvri, 1978 godina.

зија,а мотивирано е со различни потреби,но со јасни политички цели.Во определени ситуации воените стручњаци и инструкторите се користат за обучување на луѓето во користењето на советското оружје на лице место,доколку се немало време и можност за нивно обучување во Советскиот Сојуз.Во некои други ситуации воените стручњаци и инструктори се користат во одбрамбените подготовки,па и во борбените дејства,доколку е можно да се одбегнат евентуалните приговори од политички и меѓународен аспект.

На крајот,во врска со советската воена експанзија спрема неврзаните земји би можело да се констатира дека научно-технолошкиот развој,со огромни напори и жртви Советскиот Сојуз како социјалистичка земја и суперсила го доведе во помалку или повеќе изедначена позиција во однос на воената моќ на другата суперсила,што доведе до ривалска борба на суперсилите за светска рамнотежа на силите.Оваа борба на суперсилите за светска и регинална рамнотежа на силите всушност се води на два фронта: на едниот фронт таа има карактер на директно меѓусебно конфронтирање,а на другиот фронт таа борба се изразува во стремежот и настојувањата на суперсилите за создавање на свои упоришта во неврзаниот свет во кој правец се нудат и најповолни објективни услови за остварување на определени воено-политички цели со релативно мал ризик од предизвикување на директна конфронтација.Посматрана во еден таков воено-политички контекст воената експанзија на Советскиот Сојуз спрема неврзаните земји е всушност во функција на веќе изнесениот концепт на диференцијација на неврзаните земји според идеолошките критериуми и обид за нивно врзување за блоковската концепција.

IV.ДЕЛ

# 1.МОЌ И НЕМОЌ НА СОВРЕМЕНАТА АГРЕСИВНА ВОЕНА СИЛА

## 1.1.Расчекор помеѓу воената сила и освојувачката политика и криза на стратегијата на локални и ограничени војни

Се до почетокот на овој век,воената сила на експанзионистичките држави одеше во чекор и консеквентно можеше да ја следи нивната освојувачка политика.Се до тој период употребата на воената сила во меѓународните односи можеше да овозможува и таа навистина и овозможи значително ширење на економската и политичката власт и моќ на империјалистичките и хегемонистичките сили.Станува збор за еден период кога светот бил економски и политички разединет на повеќе "мали" светови и населен со крајно неразвиено население.

Во такви општествено-историски и меѓународни услови со употребата на воената сила можеа да се вршат беспрекидни освојувања,распределби и прераспределби на огромните пространства и на народите што ги населувале тие пространства.Во тој период на неразвиените делови на светот,империјалистичките и хегемонистичките силе гледаа. како на "ничија" земја и како на непресушен извор на огромни богатства и ефтина работна сила.

Како директна последица на експанзијата на империјалистичките и хегемонистичките сили и грабежот на колонијалните народи и нивните материјални богатства дојде и до нерамномерен развиток на светот изразен во побрзиот економски и општествен развој на едните за сметка на другите.Не би требало да се докажува,иако во тоа има и исклучоци,дека забрзаниот развиток на некои денес мошне развиени земји,не би можел да се одвои од нивната долгогодишна привилегирана положба како колонијални сили.

Меѓутоа,веќе Првата,а посебно Втората светска војна покажа дека употребата на воената сила како средство на освојувачката политика во современите меѓународни односи,се помалку може да ја следи таквата политика и се помалку може да биде средство на таква политика.

Како што е познато,Втората светска војна ја поведоа фашистичките сили за повторна прераспределба на веќе поделениот свет,при што се занесуваа со илузијата за светското господарење на "повисоката раса".Спротивно на таквите очекувања,Втората светска војна се "изроди" во масовно движење на напредното човештво против политиката на сила,експлоатација и сите облици на доминација.[1])Имено,Втората светска војна ги ослободи и ги покрена оние општествени сили кои со своето дејствување во повоениот период ќе влијаат на натамошното менување на тие односи и општествено-политичките движења,како во одделни земји така и во светот како целина.

Меѓутоа,заслепени од разурнувачката сила на современото оружје,воено-политичката мисла на експанзионистичките сили од ваквите искуства на Втората светска војна како да не сакаше да извлече никакви поуки,што сосема уверливо го потврдува воено-политичката практика на империјалистичките и хегемонистичките сили по Втората светска војна.Станува збор за еден мошне видлив парадакос во односот меѓу воената сила и освојувачката политика.

Имено,врз епохалните достигања кои беа остварени по Втората светска војна во областа на природните и техничките науки,мошне бргу се развиваше и воено-научната мисла,а во прв ред, на големите сили,чии усилби беа насочени главно во два правца: во изнаоѓањето на определени решенија за што побрза примена на

1) Никола Љубичиќ,оп.цит.стр.206.

новите научно-технички достигнувања за војнени цели и,во изнаоѓање на соодветни решенија за тактичка,оперативна и стратегиска употреба на новите борбени средства и оружените сили во целост.

Како резултат на овие и ваквите усилби и стремежи,научните и другите институции,пред се на големите сили,развија нови системи на оружја и друга воена опрема што доведе до тоа разурнувачката сила на современото оружје да достигне фантастични размери.Покрај усовршувањето на средствата за водење на војна, во сите современи армии,а особено во армиите на големите сили, се вршат бројни научни истражувања во областа на психологијата, социологијата,моралот и другите научни дисциплини заради што поуспешно регулирање на внатрешните односи и раководењето со сложениот воен механизам.

Со потпора врз најсоодветните научни решенија,современата воена сила и современите воени механизми,посебно на големите сили,се развија во совршени воено-технички организации чија употреба во војната е разработена до најмали детали.На тој начин воениот фактор и воената стратегија добија научна потпора и можност максимално да ја користат силата на современото оружје и високиот степен на организираноста на воениот механизам.

Меѓутоа,искуствата од примената на воената сила по Втората светска војна,непобитно покажуваат дека успесите на овој "совршен" воен механизам не се во согласност со силата на оружјето со кое располага,со неговата бројност и степенот на организираноста.Имено,парадоксот е во тоа,што од една страна е изграден воен механизам каков не памети досегашната историја,механизам чија моќ споредена со неговите воено-технички можности е речиси неограничена,а од друга страна,тој истиот така "совршен"

воен механизам е речиси немоќен во судирот со народноослободителните движења и нивната воена сила,чија воено-техничка моќ мерена со класични мерила е мошне мала,а понекогаш неспоредливо мала.

Тоа е еден од навидливите парадокси на современата агресивна воена сила кој се манифестираше во речиси сите војни што армиите на големите сили ги водеа против народите и народноослободителните движења во земјите на третиот свет со цел да ги сопрат прогресивните процеси во овие земји и да обезбедат неоколонијалистички позиции и свое влијание.

Имено,воено-политичката практика во примената на воената сила по Втората светска војна непобитно покажува дека најголемите и најсовремено опремените оружени сили,како што се оружените сили на САД,Велика Британија,Франција и други,во судирите со народноослободителните движења и нивната воена сила не само што губеа битка по битка,туку ни во една од тие војни не успеаја да извојуваат класична воена победа.Како илустрација ќе наведеме само неколку типични примери:

Прво поголемо разочарување во една локална војна армијата на Соединетите Американски Држави доживеа во Кореа,и тоа во време кога имаше речиси исклучив монопол во нуклеарното оружје.По тригодишно војување и по жестоките операции и взаемно напредување и повлекување,војната во Кореа заврши 1953 година, на истите оние позиции на кои и започна и без формален победник и победен.

Уште потешко разочарување доживеа француската армија која по осумгодишната војна против Народноослободителното движење на Виетнам не само што ја загуби оваа војна,туку во битката кај Диен-Биен-Фу 1954 година,доживеа и класичен воен

пораз.[1]

Не навлегувајќи подлабоко за причините на поразот на француската армија во Виетнам,француските воено-политички кругови сметаа дека до пораз на француската армија во Виетнам дошло,пред се,поради некои причини од чисто техничка природа - оддалеченоста на војништето од матичната територија,природата на земјиштето на кое се изведувани операциите,слабо командување и слично.

Поаѓајќи од ваквите оценки и не сфаќајќи ја суштината на поразот на своите трупи во Виетнам,Франција уште во истата 1954 година,се заглави во нова војна со Народноослободителното движење на Алжир.Во тоа време,Франција беше една од најбројните и најмоќните воени сили во Западна Европа.Алжирското војниште се наоѓаше на дофат на Европа,а земјишните услови беа поволни за изведување на современи операции.Алжирскиот народ беше голорак.Во почетокот на борбата алжирските борци имаа се на се 350-400 пушки.[2]

На алжирското војниште Франција доведе уште побројна и подобро опремена армија отколку во Виетнам.Во периодот на најжестоките операции кон крајот на 1958 година,француската армија со повеќе од половина милион војници изведуваше операции против 130.00 алжирски борци кои беа неспоредливи послабо вооружени и опремени.Загубите на народноослободителните сили на Алжир беа мошне големи.Од делот што оперираше во внатрешноста

---

1) Француското командување Диен-Биен-Фу го сметаше за неосвоива тврдина.Тоа беше всушност утврден логор на мошне не пристапен терен,во кој се наоѓаа околу 20 баталјони пешадија и повеќе други родовски единици.

По поразот кај Диен-Биен-Фу,Франција повеќе не беше во состојба да ја продолжи војната и покрај огромната помош на САД. (Стево Маодуш,Вијетнамски народ у борби за слободу,Политичката управа на ССНО,Белград,1976 година,стр.40-41).

2) Извор на податокот: Здравко Печар,Алжир до независности, "Просвета",1967 година,стр.354.

на земјата од вкупно 50.000 борци,кон крајот на 1960 година, останаа само 10-12.000 борци.[1)]

И токму во моментот кога на француските генерали им се чинеше дека во Алжир нема да се повтори виетнамската драма, алжирскиот народ најде начин и можност да ја продолжи оружената борба и да го покрене народот на општонародно востание.Во декември 1960 година,најпрвин во градот Алжир,а потоа и во сите други градови и населени места со изненадувачка сила избувна сенародното востание на неоружениот дел на населението.Тоа беше сосема доволен доказ водечките воено-политички кругови на Франција да сфатат дека со воена сила не можат да го покорат алжирскиот народ.Со преговорите во Евијан 1962 година,обете страни побараа политичко решение на судирот,со што Алжир ја изборил својата независност.

Уште подрастичен пример за немоќта на современата агресивна воена сила со силата на оружјето да го скрши отпорот на народот и неговата воља да ја брани слободата и независноста претставува американското воено ангажирање во Виетнам.Уверени во силата на воениот механизам на САД ни американските воено-политички кругови не можеа да ја сватат суштината на поразот на француските трупи во Виетнам и Алжир.Според нивните оценки,"тие порази биле резултат на тоа,што воената сила на Франција не била применета доволно енергично и на соодветен начин.Тие сметаа дека Соединетите Американски Држави располагаат со сите средства тоа до го сторат доволно енергично и на задоволителен начин".[2)]

Војната во Виетнам беше една од најдолгите,најбрутал-

1) Извор: Здравко Печар,оп.цит.стр.406.
2) Да се види пошироко: Д-р Менсур Ибрахимпашиќ,Друштвена природа општенародне одбране,ВВПШ ЈНА,1976 година,стр.166-180.

ните и најскапите војни што САД ги воделе во својата историја. Против 2 милиони жители кои под своја контрола ги држеше Фронтот за националното ослободување на Виетнам,Соединетите Американски Држави ангажираа околу 550.000 свои војници,800.000 квислиншки војници и околу 70.000 други војници.Тоа практично значи дека во војната во Виетнам на секој 3 жителa,вклучувајќи ги тука жените и старците,биле ангажирани по 2 војника.[1]

Американското воено ангажирање во Витенам,меѓутоа,немаше за цел само воспоставување на доминација и хегемонија врз виетнамскиот народ и во регионот на југоисточна Азија,туку тоа ангажирање требаше да претставува "модел" за борбата против народноослободителните и револуционерните движења во подрачјата зафатени со "револуции".Таквата цел може најдобро да се уочи и да се согледа од меморандумот на еден од идеолозите и создавачите на стратегијата на "еластичен одговор",генералот Максвел Тејлор упатен до министерпт на одбраната Макнамара на 22.јануари 1964 година,во кој покрај другото,се вели:

"Во една поширока смисла,неуспехот на нашата програма во Јужен Виетнам,би имал сериозно влијание врз ставовите на Бурма,Индија,Индонезија,Малезија,Јапонија,Формоза,Јужна Кореа и Филипините во поглед на американската истрајност.Конечно,бидејќи овде се работи за прво практично испитување на нашата решеност на комунистите да им нанесеме пораз во примената на нивната формула за народноослободителните војни,не е неразумно ако се заклучи дека би дошло до соодветно неповолно влијание на нашиот углед во Африка и Латинска Америка".[2]

Од овој меморандум на генералот Максвел Тејлор не е тешко да се заклучи дека американското ангажирање во Виетнам во

1) Стево Маодуш,оп.цит.стр.73
2) Цитирано според: Мичел Клер,оп.цит.стр.82.

основа имало за цел на тлото на едно развиено народноослободително движење на мошне "репрезентативен" начин да се демонстрира воената сила на најмоќната држава на современиот свет,како сила која е способна во крв да го задуши секој обид за водење на народноослободителна војна во кој и да е дел на светот.

Според тоа,ако се тргне од така поставената цел - текот и исходот на виетнамската војна,наведуваат на уверлив заклучок дека неуспехот на САД во оваа војна,всушност,претставува "репрезентативен" доказ дека во современите општествени и меѓународни услови употребата на воената сила со агресивни и освојувачки цели не може да порази народ кој е решен и е подготвен да се бори против странскиот освојувач.

Оваа законитост,навистина не во таа форма,но со исти тенденции се појавува и во најновите оружени интервенции на Советскиот Сојуз врз Авганистан,на Виетнам врз Кампучија и најновата воена интервенција на Израел во Либан.Сите овие интервенции иако претставуваат привид на војничка победа тие се всушност - краткорочни победи,но долгорочно претставуваат тежок пораз на интервентите.

Неуспесите на освојувачките армии во речиси сите војни што ги водеа против народноослободителните и револуционерните движења по Втората светска војна,вклучувајќи ја тука и најновата оружена интервенција на Израел против ПЛНО,недвосмислено покажува дека под површината на сликата која што ја создава организациско-техничката моќ на современите армии се одвиваат некои процеси кои се уште не се доволно истражени и доволно објаснети.Меѓутоа,неуспесите и поразите на освојувачките армии против народноослободителните и револуционерните движења и нивната воена сила од една страна,и способноста на народноослобо-

дителните движења и нивната воена сила успешно да им се спротистави на бројно и технички понадмоќните сили,секако е производ на повеќе разнородни фактори,во чија основа сепак лежи општиот општествен развој на светот.

Имено,научно-технолошката револуција и врз таа основа мошне динамичниот развој на производните сили обусловија човекот во втората половина на овој век да зачекори збогатен со многу нови сознанија за општествените,политичките и научните вредности.Таквиот развиток,како што истакнуваше другарот Тито, доведе до историското будење на народите,до пробив на сознанијата кај најшироките народни маси дека во современите општествено-историските услови слободата и националната независност се основен услов и претпоставка за сите други човечки слободи.Таквиот општествен развој на современиот свет,по природа на работите,доведе до крупни промени во општествената позиција на поробените народи,а со тоа и до промени во нивната улога во војната.Токму таа нова и активна улога на разбудените народи,која настана како резултат на нарасната национална свест го доби својот израз во спремноста на овие народи со сета своја енергија да се ангажираат во борбата за слобода и независност и да ја бранат земјата од кој и да е освојувач.Врз таа основа огромно нараснаа одбрамбените способности на народот,изградени се и развиени нови облици на борба и спротиставување на странскиот освојувач кои овозможуваат најголема акумулација на иницијативата на широките народни маси.Сето тоа придонесе народот да стане непобедлив во неговата борба против кој и да е странски освојувач.

По неповолниот исход на војната во Виетнам,владеачките кругови на САД,по се изгледа дека сфатија дека локалните

војни економски ги исцрпуваат,а политички не даваат позитивен резултат.Според некои податоци САД на секој во војната ангажиран северновиетнамец и припадник на ослободителното движење на Јужен Виетнам потрошиле преку 100.000 долари.Огромната техничка супериорност на САД во оваа војна се покажа нефункционална,а политиката на регрутирање и големите човечки загуби имаа мошне лоши политички последици.Сето тоа влијаеше по завршувањето на војната во Виетнам,САД донекаде да ја ревидираат својата политика и стратегија на директно американско ангажирање во локалните и ограничените војни и се повеќе да се ориентираат кон еден релативно нов стратегиски концепт,кон стратегијата на тнр.посредно настапување.Меѓутоа,како што веќе рековме,овој стратегиски концепт на определен начин го користи и другата блоковска сила,па затоа стратегијата на посредно настапување ќе се разгледува како општ стратегиски концепт на обете блоковски сили во остварувањето на своите воено-политички цели.

## 1.2.Стратегијата на посредно настапување како релативно нов стратегиски концепт во примената на сила и агресија против неврзаните земји

Во основата на стратегијата на посредно настапување како релативно нов воено-политички концепт во примената на сила и агресија против неврзаните земји,лежи една генерална идеја - вољата и отпорот на противникот да се скрши без директна примена на масовно оружено насилство - без војна.Во тој контекст посматрано оваа идеја не е ни нова ни оргинална.Уште древниот кинески мислител Сун Цу Ву,кој живеел во V век пред нашата ера,во својот познат трактат "За воената вештина",меѓу другото забележал:

"во битките не е најголемо достигање да се бориш и победиш,туку најголемо достигање е противничкиот отпор да се совлада без борба".[1)]

Во врска со оваа идеја,во досегашната историја на меѓународните односи и воени судири постојат бројни примери за тоа, определени територијални освојувања,потчинување на народи и придобивање на сателити и сојузници да биде производ на претходно морално,политичко,економско или психолошко поткопување на противникот.Во афирмацијата на оваа идеја во поновата историја мошне придонесе воено-политичката практика на фашистичка Германија пред,како и во текот на Втората светска војна.Како што е познато фашистичка Германија сите свои освојувачки походи ги изведуваше по добро организираните психолошко-пропагандни и други поткопувачки активности во земјите кои требаа да бидат жртви на претстојната агресија.Сите овие активности Германците вешто ги комбинираа со политичките,економските и другите притисоци на званичните владини органи,па доколку со сите тие и таквите акции не можеа потенцијалната жртва да ја фрлат на колена, тогаш преземаа оружена агресија.

Значи,во досегашната светско-историската практика империјалистичките и хегемонистичките сили,по правило,прибегнувале кон оружено насилство тогаш кога на друг начин не можеле да обезбедат остварување на своите цели.Се дотогаш додека биле во состојба своите цели да ги остварат со политички,економски и други средства,тие по правило не прибегнувале кон војна.Меѓутоа,во современите општествени и меѓународни услови настана една нова појава која порано никогаш не се јавувала,зашто историски гледано не ни можела да се појави.Имено,империјалистичките и хегемонистичките сили,кои само до вчера,војната ја сме-

таа "како продолжување на политиката со други средства,денес отстапуваат од масовна примена но оружено насилство,но не поради тоа,што своите цели можат да ги остварат на "друг начин", туку токму поради тоа,што своите цели се помалку можат да ги остваруваат по пат на војна.

Развојот на средтвата за водење на војна,како и развојот на општествените односи објективно доведоа до тоа еден по еден вид на војна да стануваат се помалку употребливо средство за кршење на вољата и отпорот на противникот: најпрвин општата нуклеарна војна,потоа и ограничените и локалните војни. Во тоа е и суштинската разлика во примената на стратегијата на посредно настапување условно кажано до Виетнамската војна,кога стратегијата на посредно настапување е во функција на помошно средство на стратегијата во остварувањето на воено-политичките цели,и нејзината современа примена кога тенденциски добива улога на главно средство на стратегијата во остварувањето на воено-политичките цели.

Ваквиот развиток во кој војната станува се помалку ефикасно средство за остварување на воено-политичките цели,доведе до тоа дека за разлика од класичниот империјализам во кој преовладуваше моделот на територијална експанзија со директно ангажирање на воената сила,во современите меѓународни услови тој механизам на поробување,експлоатација и доминација да стане многу посуптилен и поперфиден.Имено,денес наместо оружените сили,"во првите борбени ешелони"маршираат разновидни политички, економски,културни полувоени и воени организации и институции од национален и меѓународен карактер како носители на преобразени облици на сила и насилство".[1]

---

1) Група автори,Општонародна одбрана и општествена самозаштита на СФРЈ - 1,учебник за студентите на вишите школи и факултетите,Белград,1979 година,стр.

Иако стратегијата на посредно настапување во основа се потпира врз воената сила,во остварувањето на своите цели таа се потпира,во прв ред на,"невоени средства" на сила - политички, економски,психолошки,разузнавачко-субверзивни и слични средства. Со примената на овие средства и со нивната комбинација против општествено-политичкиот поредок на противникот,се смета,дека на тој начин,можат со помал ризик и со помали финансиски средства успешно да се неутрализираат неговите воени потенцијали и да се остварат определени стратегиски цели без примена на сопствените оружени сили.Поаѓајќи од така поставениот концепт,стратегијата на посредно настапување би можела да се дефинира "како вештина на употреба на политички,економски,морални,идеолошки,психолошки и други слични средства,вклучувајќи и воени активности без решавачка оружена борба,како средства на сила и притисоци заради остварување на определени воено-политички цели".[1)]

Од гледиштето на интересите на суперсилите целта на стратегијата на посредно настапување е двојна: од една страна, се настојува да се наруши вкупната рамнотежа на противникот,а од друга страна,противникот да се натера да се исцрпува со тоа што ќе биде принуден таа рамнотежа одново да ја воспоставува. Основен начин во остварувањето на така поставените цели е постојаното настојување со примената на стратегијата на посредно настапување беспрекидно да се предизвикува диференцијација и поларизација на политичките сили во границите на противникот, во неговиот поширок регион,па и во светот.Сето ова се реализира по пат на индиректното мешање на суперсилите и нивните сојузници во внатрешните работи на другите,а во прв ред,во неврзаните земји,заради пренасочување на нивниот развој и нивната

1) Жарко Шотра,Приступ изучавању стратегије посредног наступања...,"Војно дело",јануар 1977 године,стр.117.

политика во правец кој би им одговарарал на глобалните интереси на блоковските сили.

Во одбирањето на објектите и целите на стратегијата на посредно настапување важен чинител претставува надворешнополитичката ориентација на одделни земји и колку таквата ориентација претставува препрека во остварувањето на глобалните интереси на водечките блоковски сили,зашто тие се и главни носители на оваа стратегија.Согласно со таквата ориентација современата воено-политичка практика покажува дека неврзаните земји се главни објекти на примената на оваа стратегија,особено оние неврзани земји кои имаат позначајна улога во движењето на неврзаните земји.

Стратегијата на посредно настапување како воено-политички концепт на блоковските сили претставува своевидно отстапување на империјалистичките и хегемонистичките сили во користењето на сите облици на сила со која објективно располагаат. Меѓутоа,примената на оваа стратегија како сурогат на директното воено ангажирање за нив има и низа практични предимства:

<u>прво</u>,меѓународно-правниот аспект на ваков вид на насилство и агресија не е дефиниран ниту во еден правен акт на Обединетите нации;

<u>второ</u>,тајните и многу помалку видливите канали на тие дејства се уште не предизвикуваат таков отпор кај меѓународната јавност и на носителите на овие активности не им нанесуваат такви штети како оружените агресии;

<u>третто</u>,технологијата во спроведувањето на стратегијата на посредно настапување помалку е позната и помалку е уочлива,па и подготвеноста на одбрамбените структури се уште е значително послаба,отколку за водење на војна.

Заради сите тие особености овој вид на насилство и

агресија е доста сложен,па затоа и ранливоста на повеќето неврзани земји е значително поголема.

Една од битните карактеристики на стратегијата на посредно настапување е во тоа што нејзините вкупни активности се спроведуваат главно во мир,преку широка скла на организирани и координирани политички,економски,психолошки,полувоени,па и воени активности.

### 1.3.Облици и методи на стратегијата на посредно настапување

Облиците и методите на стратегијата на посредно настапување се мошне бројни и разновидни,а се вградуваат во сите можни односи меѓу државите: економските,политичките,научните, научно-техничките,просветните,културните и др.

Во сферата на воено-политичките односи во реализацијата на целите на стратегијата на посредно настапување најчесто се користат следниве облици: поседување на воени бази на туѓи територии,давање на бесплатна воена помош,продажба и извоз на оружје,школување на воени кадри и користење на воени стручњаци и инструктори.

Воени бази на туѓи територии.Под воена база најчесто се подразбира просторија или подрачје на копно,или на копно и на море,која е организирана и приспособена за обезбедување на концентрација на воените сили и изведување на војнените дејства.Меѓутоа,воените бази денес не служат само како стратегиски упоришта во евентуалната војна,туку и како средство за воспоставување на определени неоколонијалистички и други облици на зависност на земјите на чија територија се лоцирани.

Во ривалската борба за надмоќ и нарушување на глобалната и регионалната рамнотежа на силите,водечките блоковски сили успеаја да обезбедат присуство на своите оружени сили

на територите на голем број земји ширум светот.Така на пример, според западните извори,Соединетите Американски Држави имаат околу 430 големи и околу 2.970 помали воени бази во кои се стационирани околу половина милион војници,во што не е вклучена Шестата флота во Средоземјето и Седмата флота на Далежниот Исток.[1] Од друга страна,од вкупно 95 советски дивизии колку ги има на европското тло,31 дивизија или 1/3 од овие сили се стационирани на туѓи територии,и тоа: во ДР Германија 20 дивизии, во Полска 2,во Унгарија 4,во Чехословачка 5 дивизии.[2] Освен военото присуство на Советскиот Сојуз во земјите членки на Варшавскиот договор,советската воено-поморска флота е исто така присутна во речиси сите мориња и океани.

Со оглед на фактот што блоковските сили сепак не успеаја да спроведат тотална биполаризација на светот врз база на вклучување на сите независни земји во своите воено-политички сојузи,што беше една од главните стратегиски цели во периодот на студената војна,водечките блоковски сили настојуваат со постојаното ширење на сферите на своето влијание и со воспоставувањето на воените бази на туѓи територии да создадат свои упоришта на најважните точки на светот.Меѓутоа,како што е веќе речено,воените бази во современите општествени и меѓународни услови,одамна престанаа да бидат само воени упоришта за стационирање на воените сили,туку тие се повеќе се користат како средство за директно мешање во внатрешните работи на земјите на чија територија се наоѓаат.Покрај тоа,тие се повеќе се користат и за дејствување во поширокиот регион и стануваат една од поважните алки во глобалната конфронтација со сопарничката суперсила во

1)

2) Според податоците на СИПРИ за 1977 година.

борбата за сфери на влијание.

Некои неврзани земји на чија територија се уште се наоѓаат странски бази објективно не можат од нив да се ослободат,зашто се врзани со долгорочни обврски спрема некои големи сили,а некои тоа не можат да го сторат поради тоа што својата независност ја "платиле" со отстапувањето на воените бази на својата територија.Станува збор за воени бази кои претставуваат наследена состојба од минатото,како што се на пример воената база Гвантанамо на Куба,потоа воените бази на САД во Панам,на Кипар и слично.

Меѓутоа,последниве години напоредно со се поголемата осцилација и криза во развојот на детантот,а со тоа и засилување на конфронтацијата меѓу суперсилите,се поизразени се нивните настојувања систематски и упорно да ги проширувaат своите воени бази и упоришта на териториите на неврзаните земји,а особено во подрачјето на Индискиот океан,Медитеранот и некои азиски и африкански земји.Таквите настојувања,секако не се нови, меѓутоа она што загрижува е тоа,што некои неврзани земји од најразновидни причини и интереси го прифаќаат инсталирањето на странските воени бази на својата територија,или им даваат различни "олеснувања" на блоковските сили за слетнување,стационирање на разни видови на оружја,боравок на воени стручњаци,инсталирање на радарски и други уреди за извидување и набљудување и слично.

Недоволното спротиставување на ваквите притисоци на суперсилите кои се составен дел на борбата за сфери на влијание и создавање на политички упоришта во неврзаните земји,создава поволни услови за нивно поактивно делување врз внатрешните текови на одделни неврзани земји и претставува една од позначајните

причини за заострување на ситуацијата во светот,па и во односите меѓу самите неврзани земји.

Воената помош која се изразува во вид на бесплатна воена помош,продажба на оружје и резервни делови,школување на воени кадри,давање "заштита" по пат на воени спогодби и слично, спаѓа исто така во ред на значајни активности на суперсилите во остварувањето на целите на стратегијата на посредно настапување.

Голем број неврзани земји поради нискиот степен на економскиот развој,а со цел да ги зајакнат своите одбрамбени способности примаат помош од големите сили или блоковските земји во вид на бесплатна воена помош или кредити под мошне поволни услови.Таква помош само од САД и Советскиот Сојуз прима околу дваесетини неврзани земји.[1)]

За размерите на овој вид помош зборува податокот дека само арапските неврзани земји во периодот 1968-1975 година,примиле 803,1 милиони долари американска и 2,603 милиони советска воена помош.Примањето на воена помош не е во спротивност со начелата на неврзувањето,но под услов земјата која прима помош да не подлегнува на уцените и обидите таквата помош да се користи за воспоставување на доминација на силите што нудат и што даваат таква помош.

Продажбата и извозот на оружје,исто така,наголемо се користи за политички шпекулации и манипулации,зашто голем број неврзани земји не располага со технички можности за производство на модерно оружје,поради што тие се често упатени на купување на оружје од големите сили или некои блоковски земји.

Вредноста на вооружувањето што го увезуваат неврзаните земји е во постојан пораст.Само во периодот од три години

1) Несврстаност и одбрана,Округли сто,Белград,1976 година,стр.58.

(1973-1975),на земјите на Блискиот и Средниот Исток САД им продале оружје и друга воена опрема во вредност од 13,7 мињарди долари.Најголеми извозници по вредноста на вооружувањето во периодот 1950-1974 година биле: СССР 33,4 %,САД 31,1 %,Велика Британија 15,3 %,Франција 9,2 %.Другите земји извозници на вооружување учествувале во овој извоз со 11 %.[1)]

Вредноста на увозот на оружје во светски размери се движи околу 1,5 % од вкупниот светски увоз.И додека учеството на развиените земји во овој увоз изнесува околу 0,5 %,овој увоз во земјите во развој изнесува 4,5 %,што мошне тешко ги погодува нивните развојни програми и животниот стандард.[2)]Со големите издатоци за вооружување значително се намалува и уназадува економскиот и општествениот развој на земјите во развој,што повторно води кон нови облици на зависност од големите сили и блоковските групации.

Во последниве години,мошне е забележлива појавата и некои неврзани земји,посебно петролејските,дури и прекумерно да се вооружуваат.Иако со тоа тие добиваат поголема слобода на акција и политичките опрделби,некои од нив како големи купувачи и поседници на модерно оружје се вклучуваат во поширокиот контекст на конфронтацијата на големите сили,па и самите стануваат носители на мешање и оружени интервенции во својот регион во што својот интерес го наоѓаат и големите сили кои ги снабдуваат со оружје.

<u>Школувањето на воени кадри</u> во воените школи на големите сили наголемо се користи за идеолошка и политичка индоктринација и влијание врз воените и другите кадри на неврзаните земји.Преку овие кадри,врз кои за времето на школувањето е вршено странско влијание,тоа влијание подоцна може да се одразу-

1) Несврстаност и одбрана,оп.цит.стр.60

2) М-р Живко Атанасовски,Улогата и движењето на воените расходи,Семинар на Економскиот факултет во Скопје,1980 год.стр.17.

ва врз севкупните општествени движења во тие земји,па и некои од овие кадри да се користат за разни субверзивни и пучистички активности.

Оценувајќи ја корисноста на инвестициите во школувањето на странските воени кадри во воените школи на САД,бившиот министер на одбраната на САД,Роберт Макнамара,вели:

"Веројатно најголема корист од нашите инвестици што ги даваме низ воената помош доаѓа од обучувањето на избраните офицери и клучно важните специјалисти на нашите воени школи.Овие слушатели се грижливо одбрани од страна на своите земји,а заради тоа за да станат инструктори - наставници кога ќе се вратат дома.Не треба да го докажувам значењето за тоа што ќе имаме на раководни позиции луѓе кои од прва рака знаат како американците работат и како американците мислат.За нас нема цена можноста да правиме вакви пријатели од вакви луѓе".[1)]

За размерите на современата практика на школувањето на воените кадри на неврзаните земји во воените школи на големите сили говори податокот дека за последните 25 години,само низ воените школи на САД поминале околу 250.000 странски воени лица, од кои најголемиот дел се од неврзаните земји.Така на пример, само во 1976 година,во американските воени школи се наоѓале на школување околу 14.518 странски офицери,од што од неврзаните земји најголем број од Саудиска Арабија (1.436),Перу (304),Нигерија (296),Индонезија (263),Панама (200) и помал број од Аргентина,Авганистан,Јордан,Кувајт,Либан,Мароко,Тунис,Гана,Либерија и Заир.[2)]

Сите досегашни искуства во давањето на воена помош

1) Цитирано според:Мичел Клер,оп.цит.стр.341.
2) Извор на податоците: Несврстаност и одбрана,оп.цит. стр.59.

преку воени инструктори и советничките мисии на блоковските сили укажуваат дека овој облик на воена помош наголемо се користи за посредно или непосредно влијание врз определени процеси во оружените сили на неврзаните земји и нивното потчинување на политичките интереси на блоковските сили.

### 1.4. Специјалната војна како облик на загрозување на безбедноста на неврзаните земји

Специјалната војна која денес се води во меѓународни размери претставува интегрален дел на стратегијата на посредно настапување и една од највидливите манифестации на нејзината сестрана примена во современите меѓународни односи.

Во југословенската воено-политичка доктрина под поимот специјална војна се подразбира "збир на организирани и координирани политички,економски,психолошки,пропагандни,разузнавачко-субверзивни,а често и воени акции,мерки и постапки,кои една или повеќе држави преземаат против друга земја (група држави),националноослободителното или револуционерното движење,заради наметнување на хегемонија,мешање во постојните политички и општествени односи,остварување на определени цели и друго".[1)]

Како специфичен облик на примена на сила и агресија во современите меѓународни односи,во чија реализација се вклучени сите фактори на државата - надворешната политика,економската политика,науката и културата,службата за информирање,разузнавачката и контраразузнавачката служба - специјалната војна е во прв ред насочена против неврзаните земји,но и против земјите членки на спротивниот блок,како и земјите членки на сопствениот блок.Според тоа,ниту еден од современите облици на организирање на општествената заедница не е надвор од видокругот и полето на

1) Воена енциклопедија,II издание,свеска 9,стр.7.

дејствувањето на специјалната војна,што само за себе говори за распространетоста на оваа појава во современите меѓународни односи.

За разлика од класичната војна во која оружената борба претставува основна содржина на судирот на спротиставените страни,во специјалната војна се применуваат главно "невоени" средства на сила,а во прв ред:

- разновидни психолошко-пропагандни,разузнавачко-субверзивни и други поткопувачки активности насочени кон придобивање на идеолошко-политички истомисленици,или кон менување на веќе оформените идеолошко-политички уверувања кај населението или одделни општествено-политички структури;

- организирање на поткопувачки и разурнувачки активности насочени кон потпкопување на општествено-политичкиот систем и уништување на материјалните богатства на нападнатата земја заради дестабилизација на општествено-политичкиот и економскиот систем;

- организирање и изведување на борбени дејства со специјални сили на посебно одбрани и чувствителни објекти,како што е организирањето на масовни терористички активности,бандитизам и слични активности.

Од содржината на активностите кои се применуваат во специјалната војна може да се заклучи дека специјалната војна не е превасходно воен феномен,туку дека е тоа појава која има поширок општествено-политички карактер,од што произлегуваат најмалку две значајни консеквенци: прво,дека со овој феномен освен воената наука и професионалните одбрамбени структури мораат да се занимаваат и речиси сите други научни дисциплини и општествени структури,и второ,во спротиставувањето на овој вид

на војна и агресија,покрај воениот фактор,мораат да се вклучат и сите други општествени фактори и институции.

Со водењето на специјалната војна се настојува до крајната стратегиска цел - разнишување и уривање на општествениот поредок на нападнатата земја - да се дојде преку помалку или повеќе тајни канали и со постапно остварување на помалку радикални цели.А тоа значи со примената на соодветни средства и методи на специјалната војна,најпрвин да се освојат определени политички,економски или воени позиции во нападнатата држава и со тоа да се создадат услови за натамошна систематска инфилтрација во сите области на општествениот живот заради поткопување, разединување и обезвреднување на сите нејзини коехезиони фактори. Покрај тоа,напоредно со таквите активности со разни махинации на меѓународен план се настојува да се ослабне независната позиција на нападнатата земја во меѓународната заедница,или да се истисне влијанието на "спротивната страна",односно на спротивниот блок и на тој начин постапно да се оствари крајната цел - потчинување на определената земја.

Во досегашната практика на остварување на империјалистичките и хегемонистичките цели по пат на специјална војна се применуваат три основни вида на дејства: неконвенционални дејства,психолошко-пропагандни дејства и противпартизански дејства.

Под <u>неконвенционални дејства</u> се подразбираат бројни мерки и активности од субверзивен карактер кои се насочени кон поткопување на општествено-политичкиот поредок на нападнатата земја.Станува збор за таков вид на активности кои се или забранети со меѓународното воено право,или пак се меѓународно-правно недоволно дефинирани.Со оглед дека називот неконвенционални дејства е условно земен од американската воена доктрина,во западната литература можат да се најдат мошне различни толкувања

на овој поим,меѓу кои и толкувањето што го дава Мичел Клер,според кое,"неконвенционалните дејства претставуваат операции кои ги изведуваат нерегуларни воени единици (герилски групи,командоси,разузнавачки групи),со лесно пешадиско вооружување,или повремено со оружја и орудија кои ги забранува меѓународното војнено право,како што се хемиските или биолошките средства,и вклучува определен степен на насилство кое е пониско од нивото на насилството кај непријателствата од пошироки размери.Типични неконвенционални дејства се саботажните акции,атентатите,нападите на герилски групи врз изолирани упоришта,тајни и пропагандни кампање.Кога ваквите операции ги изведува една земја која официјално се наоѓа во состојба на мир,тие се обично тајни и ги изведуваат тајни или полутајни организации.Во Соединетите Американски Држави неконвенционалните војнени активности обично се нарекуваат "специјални операции",а за изведување на овие дејства создадени се "специјални единици"".[1)]

Во рамките на неконвенционалните дејства посебно место и значење имаат:

(1) идеолошко-политичката индоктринација;

(2) вештачкото создавање на општествени кризи;

(3) организирање и изведување на државни удари;

(4) организирање и изведување на терористички дејства.

Идеолошко-политичката индоктринација претставува облик на субверзивно дејствување насочено кон придобивање на идеолошко-политички истомисленици и создавање на политички упоришта и бази во општествено-политичката структура на нападнатата земја, како и создавање на соодветна агентурна мрежа која би била во функција на остварувањето на целите на специјалната војна.

Постапките и активностите во организирањето и спрове-

дувањето на идеолошко-политичката индоктринација се засновуваат врз објективното сознание дека не постои бесконфликтно општество,односно дека во секое општество постојат определени сили кои го подржуваат владеачкиот систем на општествени односи и владеачкиот курс на внатрешната и надворешната политика и сили кои се спротиставуваат на таквиот систем на општествени односи и на таквиот курс во внатрешната и надворешната политика.

Врз таа основна премиса во рамките на доктрината на специјалната војна изградени се и развиени бројни и мошне разновидни сили,методи и средства,чија основна функција е да ги идентифицираат тие сили и поединци кои се спротиставуваат на постојниот општествен поредок,да ги организираат,финансираат и да ги насочат во правец на поткопување на општествениот систем и остварување на целите на организаторот на специјалната војна против определената земја.

Вештачкото создавање на општествени кризи,како облик на субверзивно дејствување се засновува врз бројни мерки и активности на организаторот на специјалната војна во потенцирањето на определени внатрешни економски,политички,социјални,национални и други проблеми,заради поттикнување и предизвикување на општествена криза,без оглед на тоа дали тие и таквите проблеми навистина постојат,или се пак вештачки исконструисани.

Вештачкото создавање на општествени кризи најчесто се изведува во неколку фази:[1]

Во првата фаза по пат на разузнавачки и други облици на истражување се изучуваат можностите за предизвикување на кризни состојби во определената земја.Истражувањето е насочено кон изучувањето на политичките прилики,економските прилики,сос-

1) Група автори,Општенародна одбрана и општествена самозаштита,учебник за студентите на вишите школи и факултети,Белград, 1980 година,стр.133.

тојбата на одбраната и безбедноста,јавното мислење и другите општествени прилики во земјата - идната жртва на специјалната војна.Врз основа на таквите истражувања се бараат и се пронаоѓаат најслабите алки во општествено-политичкиот и економскиот систем и на таа основа се планира операцијата за предизвикување на кризна состојба.

Како прв чекор во остварувањето на планираната операција е организирањето и спроведувањето на идеолошко-политичката индоктринација,односно создавање на политички потпори и упоришта во сите општествени структури,а посебно во средствата за јавно информирање,кај средношколската и студентската младина,органите за безбедност и оружените сили.

Врз основа на создадените политички потпори и упоришта во определените општествени структури определените сили ја иницираат кризата со актуелизирањето на определениот проблем и со поставување на барање на органите на власта тој проблем да се реши.Во оваа фаза се настојува кризата да се прошири и во кризата да се вклучат најшироките слоеви на населението преку ангажирањето на домашните средства за јавно информирање.Во оваа фаза се врши пронаоѓање и истакнување на "локалните водачи" кои се ставаат на чело на новосоздадените организации.Странскиот фактор и надворешните сили кои стојат зад операцијата на кризата настојуваат на актерите на кризата да им обезбедат меѓународна поддршка во странските средства за јавно информирање,или по пат на дискредитирање на надворешната политика на нападнатата земја, со создавање на определени тешкотии во економските и политичките односи или со организирање на воени и други притисоци.

Исходот на кризата може да биде двоен: во фазата на ескалацијата на кризата да дојде до диференцијација на силите и пресечување на кризата како резултат на успешниот отпор на про-

гресивните сили,или кризата и натаму да ескалира и прерасне во некој порадикален облик - државен удар,оружена интервенција, или "посредничка војна".

Државниот удар како поим претставува насилна промена на уставниот поредок во определената земја заради менување на политичката ориентација на дадената земја.Кога ваквата операција се изведува во рамките на специјалната војна,тогаш на таквата операција по правило и претходи пробив на странските разузнавачки служби во редовите на оружените сили и силите на безбедност во дадената земја,зашто единствено тие сили располагаат со сила за извршувањето на државниот удар.Иако во современата практика државните удари се изведуваат ненадејно и така да се каже "преку ноќ",поради што се создава привид за едноставноста на изведувањето на државните удари,всушност,тоа е една од најсложените операции на специјалната војна,која најчесто долго се подготвува и на која и претходат низа акции од субверзивен карактер.

Диверзантско-терористичките дејства спаѓаат во најрадикален облик на неконвенционалните дејства.Доктрината на специјалната војна предвидува можност диверзантско-терористичките дејства да се изведуваат и во услови на релативен мир.Примената на овој вид на субверзивно дејствување може да дојде до израз доколку претходно наведените облици на неконвенционалните дејства не дале резултат каков се очекувал и доколку врз основа на разузнавачките проценки се утврди дека во земјата или во одделни реони на територијата на нападнатата земја постојат определени услови за изведување на терористички и диверзантски акции.

Основна претпоставка за изведување на диверзантско-терористичките дејства е постоење на услови за кревање на бунт,

односно постоење на "незадоволство" кај дел од населението спрема политичкиот и економскиот систем,кое,патем се разгорува и со надворешното влијание.Во тоа е и смислата што организаторите и инспираторите на специјалната војна беспекидно вршат разни разузнавачки истражувања на одделните реаони на загрозената земја,барајќи во нив можности за организирање на најразновидните облици на субверивно дејствување,вклучувајќи ги тука и диверзантско-терористичките активности.

Во случај диверзантско-терористичките активности да добијат пошироки размери,не се исклучува можноста странската сила која стои зад овие акции и директно да интервенира за да на бунтовничките сили им "помогне" судирот да го решат во своја корист.Таков облик на оружена интервенција и агресија би можел да се изведе како на "повик",при што воопшто не е важно дали таквиот "повик" постои или е тој вештачки исконструисан.

2.Психолошко-пропагандните дејства како компонента на специјалната војна спаѓа во ред на најзначајните активности во остварувањето на експанзионистичката политика и целите на специјалната војна.Таквата улога на овие дејства произлегува од фактот што севкупните активности на специјалната војна на определен начин се насочени спрема човечкиот фактор и во основа претставуваат борба за луѓе - луѓето да се придобијат за сопствените идеји и сопствената политика по пат на убедување,закани,уцени,подмитување и со други слични средства.Доколку пак тоа од разновидни причини не е можно,тогаш барем да се дезинформираат, поколебаат,деморализираат и паивизираат.

Силата на психолошко-пропагандното дејствување се засновува врз користењето и злоупотребата на бројните проблеми и дилеми кои настануваат во односите меѓу луѓето,социјалните гру-

пи,општествено-политичките,верските и другите организации,класите,нациите или регионите.На овој вид на активности мошне поволно влијаат некои околности како што се заостанатата свест,нејасните идејни определби,разните предрасуди,нискиот ниво на безбедносната култура и слично.

Современите психолошко-пропагандни дејства се засновуваат врз најсовремените достигања во психологијата и другите научни дисциплини и по својата општествена суштина значат злоупотреба на тие достигања и манипулирање со луѓето,општествените групи и заедници.Тргнувајќи од таквата поставеност на современите психолошко-пропагандни дејства секоја постапка претходно детално се изучува,се определуваат целите и методите на дејствувањето и силите кои се во состојба да ја реализираат основната замисла.Сето тоа треба да обезбеди сигурен успех во остварувањето на поставените цели.Напоредно со акциите на вербалната пропаганда,организаторите на ваквите активности,преземаат и други вешто одбрани постапки,со чија реализација се постигнуваат посакуваните психолошко-пропагандни ефекти во оние општествени средини спрема кои таквите акции се насочени.

Во рамките на психолошко-пропагандните дејства посебно место и значење имаат политичките,економските и воените притисоци.

<u>Политичките притисоци</u> се пројавуваат низ разновидни постапки на определената земја која ја користи својата позиција,моќ и влијание во меѓународната заедница за да во очите на меѓународната заедница и населението на нападнатата земја ја дискредитира нејзината влада,политичкото раководство и другите општествени структури.Во операциите од овој вид најчесто се напаѓа

општественото уредување на нападнатата земја прогласувајќи го тоа уредување за "недемократско","антинародно","опасно по мирот" и слично.

Економските притисоци се пресметани на вештачко пресизвикување на внатрешните економски тешкотии и други нарушувања. Методите на вршење на економски притисоци се мошне разновидни и најчесто зависат од условите во кои се изведуваат и целите кои треба да се остварат.Ќе наведеме само некои од методите кои најчесто се користат:

- заради остварување на трајните интереси и остварување на трајна економска зависност на нападнатата земја најчесто се делува врз нејзината развојна политика.Тоа се постигнува со разни методи на ограничување во примената на оделна технологија и стимулирање на она производство кое зависи од увозните суровини;

- влијание врз стопанските кадри и кадровската политика,преку кои се дејствува врз соодветни правци на развој,врз определбите во политиката и правците на економскиот развој,изборот на технологијата,врбување на кадрите и нивното корумпирање и слично;

- како типични примери на економски притисоци најчесто се користи повлекувањето на депозитот и краткорочните кредити,неиспорака на определена стока,неиспорака на резервни делови,забрана на купување на некои потрошни добра и слично;

- како метод на економска дестабилизација што е и цел на економските притисоци се користат тешкотиите во снабдувањето,се создава несигурност и дезориентација на пазарот,се прекинуваат изворите на снабдувањето и процесите на материјалната репродукција.

- сите овие мерки и активности ги следат и разновидни

пропагандни акции кои треба да влијаат врз деловните партнери, странските туристи и населението.За таа цел најчесто се дава голем публицитет или се шират разни гласови за тероризмот и политичката нестабилност или појава на разни болести и слично.

Основна цел на психолошко-пропагандните активности кои ги следат економските и политичките притисоци е кај населението на нападнатата земја да предизвика сомневање во оправданоста на запаѓањето во изолација и сомневање во способноста на државното раководство успешно да ја води земјата.Материјалните загуби кои објективно настануваат како последица на економските притисоци и кои тешко се одразуваат врз економскиот живот на земјата поради нарушувањата на плановите,замрзнувањето на огромните средства во наполуизградените објекти и другите тешкотии наголемо се користат во психолошко-пропагандното дејствување заради ширење на несигурност,дефетизам и сомневања кај населението во способностите на раководството на земјата,земјата да ја извлече од една таква криза.

<u>Воените притисоци</u> се преземаат со цел да се разниша довербата на народот во можностите за успешна одбрана на земјата од евентуална агресија и создавање на психоза на страв и нарушување на нормалниот живот на земјата спрема која се преземаат воените притисоци.

Најгруб и според психолошките последици најтежок облик на воените притисоци е демонстрирање со оружената сила по пат на активирање на деловите на војнената армија и ставање во движење на покрупни состави на оружените сили.Целта на таквиот облик на воен притисок,најчесто е,земјата врз која се врши притисок да се принуди на попуштање,давање отстапки или прифаќање на определени услови што и ги наметнува спротивната страна.Ваквиот

притисок со кој на нападнатата земја и се заканува непосредна веона опасност,ја присилува земјата да ги активира своите одбрамбени потенцијали и со тоа се изложува на огромни материјални издатоци,а нејзиното население и оружените сили се изложени на постојана напнатост,неизвесност и психофизичко исцрпување.

Изведувањето на воените вежби и маневри,исто така,мошне често се користат и како облик на воени притисоци,зашто,доколку вежбите и маневрите се поволно лоцирани,тие можат брзо да "прераснат" во створена агресија.Вежбите и маневрите често се користат како "оправдување" за повредите на воздушниот простор, територијата и слично.Во рамките на воените притисоци посебно место и значење имаат воените провокации кои се преземаат заради вознемирувањето на населението,заострување на односите,создавање на поводи за уште потешки облици на повреди и притисоци,како и испитување на решеноста на земјата за одбрана и начинот на реагирањето на државното раководство и оружените сили.

Покрај психолошко-пропагандните ефекти и материјалните загуби,воените притисоци имаат за цел и да ги активираат и охрабрат внатрешните непријателски сили,а во крајно поволни услови да им дадат и непосредна поддршка на тие сили.

3.Противпартизанските дејства како компонента на специјалната војна претставуваат,всушност,борбени и некои други дејства кои определената странска сила ги презема против партизанските (герилските) сили на туѓа територија,или на привремено запоседнатата територија.Овие дејства во западната воено-политичка доктрина се развија врз основа на искуствата на фашистичките сили во текот на Втората светска војна,а особено врз искуствата на империјалистичките сили во борбата против народноослободителните и другите револуционерни движења во земјите во развој.Станува

збор за настојувањата на агресорските сили во противпартизанските дејства,покрај класичните борбени активности да вклучат и некои други "специфични" активности заради спречување на развојот на движењето на отпорот на привремено запоседнатата територија,или на територијата на која се ангажираат агресорските сили против определено народноослободително движење.Во таа смисла во стратегијата и тактиката на противпартизанските дејства се предвидува изведеување на бројни активности од арсеналот на специјалната војна,меѓу кои позначајни се: разузнавачки пробив во редовите на народноослободителното движење,масовни апсења на населението,киднапирање на угледни личности и тајни убиства, разни облици на застрашување - затворање во логори,палење на населбите,бомбардирање на населбите и слично.

На крајот би можело да се констатира дека современата воено-политичка практика во примената на специјалната војна упатува на уверлив заклучок дека со примената на ваков вид на војна и агресија во светот се остварени бројни цели на империјалистичката и хегемонистичката политика.Тоа најдобро го потврдуваат зачестените државни удари во голем број на неврзани земји,кои најчесто се инспирирани однадвор,потоа организирање на разни завери и расцепи во прогресивните политички движења, вклучувајќи го тука и движењето на неврзаните,бројни поткупувања на поединци и групи,бројни примери на физичко ликвидирање на истакнати лидери на напредните и прогресивните движења и др.

На големата улога на специјалната војна во современите меѓународни услови укажува и фактот,што овој вид на војна и агресија денес е издигнат на ниво на државна политика,како битен елемент на воениот потенцијал на империјалистичките и хегемонистичките сили.

Наместо заклучок: Не навлегувајќи во подлабока анализа на сличностите и разликите во воено-политичките доктрини на водечките блоковски сили и нивните погледи врз примената на сила и војна во современите меѓународни односи,од она што е изложено може со сигурност да се заклучи дека и покрај битните разлики во општественото уредување на САД и СССР и нивните специфични општествени и национални интереси и стремежи,постои всушност,определена сличност во нивното стратегиско поставување и надворешно-политичко однесување,посебно кога е во прашање нивната борба за сфери на влијание во неврзаниот свет.

И покрај видливата интензификација на стратегијата на посредно настапување и специјална војна,треба да се има предвид дека војната била и дека и натаму останува својство на империјалистичката и хегемонистичката политика.Меѓутоа,дали војната и натаму ќе биде целесообразно средство на империјалистичката и хегемонистичката политика,не зависи повеќе само од природата на империјализмот и хегемонизмот,туку и од борбата на оние сили кои се борат против агресивните војни.Таа борба на прогресивните сили,чија матица ја сочинува политиката и движењето на неврзаните веќе воспостави сериозни пречки за сите видови војни,но војните сеуште не можат да се елиминираат од современата општествена практика.Зашто,иако глобално земено општиот однос на силите во современиот свет им дава превага на антиимперијалистичките сили,врз тој однос делуваат и определени регионални,посебни и поединечни услови кои отстапуваат од тенденцискиот просек.Заради тоа,современите империјалистички и хегемонистички сили,иако се повеќе се ориентираат кон стратегијата на посредно настапување и специјална војна ,тие нeги напуштаат методите и средствата на непосредна примена на оружената сила.Токму заради тоа,опасноста

од оружена интервенција и војна за одделни земји е значително поголема во однос на некои други земји и други региони.

V. Д Е Л

## ОПШТЕСТВЕНО-ПОЛИТИЧКИТЕ КОРЕНИ НА РАСТЕЧКАТА ПРИМЕНА НА СИЛАТА ВО СОВРЕМЕНИТЕ МЕЃУНАРОДНИ ОДНОСИ

Развојот на современиот свет,како што веќе констатиравме,се карактеризира со постојаното настојување на империјалистичките и хегемонистичките сили по пат на сила и најразновидни притисоци да вршат освојувања и да воспостават доминација врз сите независни земји во светот.Најопшта причина за таквите тенденции и растечката примена на сила во современите меѓународни односи лежи во тоа,што современиот свет веќе длабоко зачекорил во епохата на длабоки револуционерни промени и преобразби,чија основна содржина ја сочинуваат два истовремени и длабоко противречни процеси:

- процес на натамошното заострување на кризата на современиот капитализам и врз таквиот начин на производство заснованите општествени и меѓународни односи,и

- процес на нараснување на социјализмот во светски размери и се поорганизираната борба на прогресивните сили за револуционерно менување на светот и постоечките општествени и меѓународни односи.

"Зад денешните радикални промени" - истакна другарот Тито на Десетиот конгрес на СКЈ - "стојат од една страна,силното будење на свеста и самодовербата на многубројните народи и општествени групи кои не сакаат и не можат повеќе да живеат во старите политички и економски односи,а од друга страна,незамисливиот размав на производните сили во врска со сегашната научно-технилошката револуција".[1)]

1) Ј.Б.Тито,Реферат на Десетиот конгрес на СКЈ, Документи , "Комунист",Белград,1974.година,стр.11.

Според тоа современата епоха е преодна епоха во која стариот општествен систем - капитализмот се повеќе запаѓа во неразрешливи кризи,се распаѓа во различни делови на светот и на различни начини,а новиот општествен систем - социјализмот настанува во различни облици и се развива низ различни патишта.

Веќе самиот тој факт што современиот свет се наоѓа во епохата на историската смена на општествено-економските системи, чии процеси се одвиваат напоредно со техничко-технолошката револуција и дивовскиот развој на производните сили,сам за себе говори за тешките и мошне сложените општествено-економските противречности кои го потресуваат современиот свет.Главното жариште на кризата на современите меѓународни односи и јакнењето на улогата на силата лежи во општата криза на современиот капитализам, но исто така и во не баш малите проблеми и тешкотии со кои се соочуваат социјалистичките земји,па и неврзаните.

### 1.1.Општата криза на современиот капитализам и нејзиното влијание врз растечката примена на сила против неврзаните земји

Ако периодот од XVI до XVIII век претставуваше период на конституирање на капитализмот и неговото прераснување во единствен светски систем на општествено-економските односи,периодот од втората половина на XIX век па наваму претставува период на негова постапна ерозија и распаѓање.

Во текот на својот развој капитализмот поминува низ неколку свои развојни фази.Либералниот период на развојот на капитализмот траеше од неговото настанување па се до Париската комуна 1871 година.За овој период на таканречениот либерален или домонополистички капитализам е карактеристична суверeноста и слободната иницијатива на сопствениците на средствата за произ-

водство,острата и беспоштедната конкуренција на пазарот и немешање на државата во економската сфера.Развивајќи се во услови на стихиското дејствување на законот на вредноста,либералниот капитализам веќе во втората половина на минатиот век западна во длабока криза.Првата индустриска револуција која доведе до огромно нараснување на производните сили,доведе и до усложнување на општествената структура на капиталистичкото општество и до засилена концентрација на капиталот и централизацијата на производството,што капитализмот го доведе во неговата повисока фаза - монополизам.

Монополистичката фаза на развојот на капитализмот со разни модификации трае се до денес.Во Програмата на СКЈ се вели, дека за монополистичкиот капитализам е карактеристично:"настанувањето на монополи во развиените капиталистички земји,поврзување на монополите на меѓународен план,создавање на светски монополи,нивно владеење во светското стопанство и нивно решавачко влијание врз светската политика и меѓународните односи".[1)]

Монополистичкиот капитализам го означи крајот на чистите приватно-сопственички односи и слободата на приватната иницијатива - основните вредности и суштинските одлики на либералниот капитализам.Иако успеа да разреши некои противречности на либералниот капитализам,монополистичкиот начин на производство доведе до уште потешки потреси и кризи во чија основа лежи внатрешната логика на капитализмот - производство за профит,а не за задоволување на вистинските човечки потреби.

Имено,основен движечки мотив на капиталистичкиот начин на производство е профитот,односно зголемување на капиталот, а не задоволување на вистинските човечки потреби.Јагмата по

1) Седми конгрес СКЈ,"Култура",Белград,1958 година,стр.222.

профит како движечка сила на капиталистичкото производство капиталистичкото општество го доведува во ситуации на една страна да се создаваат огромни количини на определени производи,многу повеќе од она што пазарот во тој момент може да ги апсорбира,додека на друга страна се чувствува недостиг на производи за задоволување на некои основни човечки потреби.Таквата состојба води кон тнр.криза на хиперпродукција која почнува од темел да го потресува капиталистичкиот систем.Производството на "вишок" на определени стоки,всушност е само привид,зашто тој "вишок" не е резултат на вистински вишок на стоки кој ги надминува потребите на населението,туку е резултат,од една страна на слабата купувачка моќ на населението,а од друга страна тоа е резултат на прекумерната концентрација на капиталот во најпрофитоносните гранки и области на производството.

Кризата на "хиперпродукцијата" доведува до неможност произведената стока да се реализира на пазарот,што натаму води кон намалување на производството,зголемување на невработеноста, намалување на наемнините,чиј краен резултат е сериозно загрозување на репродуктивната способност на општеството во целост.Нај типичен пример и најголема криза во која западна монополистичкиот капитализам е големата економска криза од 1929 до 1933 година,кој од темел го потресе целиот капиталистички свет.

Капитализмот тогаш беше скршен и немоќен.Некои дури сметаа дека е тоа негов крај.Меѓутоа,се случи нешто друго."Благодарејќи на својата жилавост,како и на способноста на одреден број теоретичари и политичари,капитализмот во текот на кризните години го промени своето лице,жртвувајќи ја и онака надминатата идеологија на либерализмот,за да се сочува себеси,своите позиции и својот начин на репродукција и производство".[1]

1) Д-р Рихард Штајнер,Капитализам после кризе,"Међународна политика",број 663/77 година,стр.7.

За да се сочува себеси капитализмот беше принуден да се откаже од некои свои "светости" во чија вечност се колнеше. Од некогашното гесло дека државата е само "ноќен чувар на приватаната сопственост" и дека е "најдобра онаа држава која не се меша во економската сфера" не остана речиси ништо.Државата сега беше повикана врз себе да ги преземе задачите за одржувањето и натамошното функционирање на целиот стопански систем на капитализмот.Покрај тоа што врз себе презеде голем број функции кои порано ги вршеа сопствениците на средствата за производство,капиталистичката држава стана и мошне крупен власник на средствата за производство.Настапи подржавување на своината во сите оние стопански гранки кои не се рентабилни за приватниот капитал.

Како што капитализмот во претходната фаза веруваше дека изнашол совршен механизам кој со некои преодни тешкотии ќе му обезбеди успешна репродукција на производните сили,така и овој "нов" капитализам заснован врз државната интервенција веруваше дека изнашол начин и механизми на такво функционирање кои не само што ќе го заштитат од политички удари,туку и од подлабоки кризи кој би можеле повторно да ја доведат во прашање неговата животна способност и можноста на репродукција.

Ова верување се засновуваше и се уште се засновува врз фактот што овој "нов" капитализам успеа во до тогаш незамисливите размери да ги развие производните сили и да ја усоврши организацијата и интервенцијата,така што во целиот повоен период не доживеа некои посилни потреси,па дури ни по губењето на своите колонии,како некогашен битен извор на богатство,успеа не само да го одржи туку и да го зголеми тоа богатство.

Меѓутоа,економскиот просперитет на развиените капиталистички земји меѓу двете светски војни и по Втората светска војна,најмалку се должи на капиталистичкиот начин на производство

туку е тоа резултат,во прв ред,на поволната монополска положба на овие земји во светската поделба на трудот во времето кога капитализмот беше светски систем во кој доминантна улога имаа денешните развиени капиталистички земји.Врз основа на таквата светска поделба на трудот изграден е таков систем на меѓународни економски односи и таков механизам на светскиот пазар кои на развиените земји им обезбедуваа од една страна,мошне ефтини извори на суровини и енергија за нивното индустриско производство и,од друга страна присвојување на вишокот на труд од работничката класа и работните слоеви на неразвиените земји.

Користејќи ги немилосрдно ефтините суровински и енергетски извори и собирајќи високи екстрапрофити преку механизмот на светскиот пазар,развиените капиталистички земји можеа да обезбедат големи вложување во домашното производство,а со тоа и да создадат можност за давање на значајни материјални отстапки на сопствената работничка класа и на тој начин да го сузбиваат заострувањето на класната борба во сопственото општество.

Меѓутоа,дијалектиката на развојот на капитализмот и неговата внатрешна логика не мируваат.Логиката на производство за профит,а не за задоволување на вистинските човечки потреби, во услови на научно-технолошката револуција и бурниот развој на производните сили до крајни граници го заостри новиот облик на фундаменталната противречност на современиот капитализам која денес се изразува како противречност меѓу тенденцијата на се поголема рационализација на процесот на производството,која со себе ја носи научно-технолошката револуција и ирационалната цел на производството како иманантно својство на логиката на профитот.

Логиката на производството за профит а не за задоволување на вистинските човечки потреби секогаш во себе носела и ирационалност на производството."Оваа ирационалност,меѓутоа, имала свое оправдување кое изрично го признавал и Маркс.Имено, се дотогаш додека незаситната глад за профит ја туркала буржоазијата да ги револуционизира производните сили и на капитализмот во материјалното производство да му даде светски универзален карактер,се дотогаш логиката на профитот била не само економски оправдана,туку и економски нужна,без оглед на нејзината внатрешна ирационалност".[1)]

Меѓутоа,денес тоа повеќе не е така.Современиот капитализам дојде во остар судир со научно-технолошката револуција кој се манифестира во длабоката спротивност меѓу се поквалификуваната и попродуктивната работа што со себе ја носи научнотехнолошката револуција и тоталната манипулација со човечкиот труд како производ на ирационалната логика на профитот.

Угледните американски економисти Пол Баран и Пол Свизи пресметале дека во 1963 година,во Соединетите Американски Држави 56 % од националниот бруто продукт е потрошен на непроизводни интервенции заради одржување на системот,како што се: издатоците за воени цели,за пропаганда,за индустријата на "соништа", за реклами и дизајн,за предизвикување на вештачки потреби и слично.Во врска со тоа,интересен е и нивниот заклучок: "треба да биде кристално јасно дека економскиот систем во кој таквите издатоци се општествено потребни,тој одамна престанал да биде општествено потребен економски систем".[2)]

Нема сомневање во тоа дека човечкиот труд никогаш до сега не бил толку продуктивен,но во исто време и принуден да создава толку вештачки и во крајна линија бесмислени творби,

1) Цитирано според: М-р Миливој Ореб,Савремене идејне контроверзе у социјалистичком покрету,ВВПШ,Белград,1974 година, стр.12.

2) Исто.

како што е тоа случај денес.Логиката на производство за профит,а не за задоволување на вистинските човечки потреби дојде во остар судир не само со интересите на работничката класа,туку со интересите на целото човечко општество.

Според тоа,современата криза на капитализмот "не е само енергетска,монетарна,финансиска туку таа станува криза на една цивилизација.Нејзината основна карактеристика е целосно разидување на капитализмот со историскиот напредок,се повисока човечка цена,која се плаќа за трошоците на неговата репродукција.Неговиот растеж стана деструктивен за слободниот развиток на луѓето и заедниците,неговиот мир се одржува со постојана закана со војна... Производните сили,науката и технологијата - тој дивовски револуционерен потенцијал се претвора денес во главно средство на потчинување,на подредување на трудот на капиталот".[1)]

Слична констатција утврдува и проф.Зоран Видаковиќ, кој во својата студија "Стари и нови фашизам",меѓу другото,констатира:

"Материјалната и културната деградација на Северна Америка која доведе до брзо опаѓање на сите белези на цивилизацијата,од јавната хигиена па до условите на живеење,школите и болниците,па до безбедноста на населението и елементарното културно однесување - не е последица на некоја природна или општествена катаклизма или наезда на варавари,ниту пак осиромашување на материјалната основа на производството,туку е тоа,директен резултат на "најразвиените" облици на производство и потрошувачка и последица на развојната политика која во својата непосредна близина ја диктираат големите деловни системи,главни носители на "општиот" прогрес".[2)]

1) Д-р Мирослав Печујлиќ,Савремено друштво и нови облици хегемонизма,"Војно дело",јануар 1977 година,стр.29.

2) Д-р Зоран Видаковиќ,Стари и нови фашизам,ИЦ "Комунист", Белград,1976 година,стр.45.

Главното извориште на кризата на современиот капитализам,според оценката на проф.Печујлиќ,лежи во кризата на акумулацијата и опаѓањето на профитната стапка,кои поради силниот пораст на оној дел на капиталот кој се вложува во се поскапите машини кои го заменуваат човечкиот труд (единствениот извор на вишокот на труд),како и поради се поскапата работна сила се доведени до точка на вриење.Тоа значи дека се се потешки условите за оплодување на капиталот и присвојување на вишокот на труд. Тоа е и една од основните причини што монополистичкиот капитал оличен во мултинационалните компании мора денес трескавично да трага по ефтини извори на суровини и ефтина работна сила.Меѓутоа,таа јагма на монополистичкиот капитал по профит и ефтини извори на суровини и работна сила,од ден на ден станува се посурова и потешка,а просторите за остварување на ваквите стремежи се потесни,поради се поголемиот отпор на земјите во развој изразен во политиката и движењето на неврзаните и заедничката акција на овие земји во борбата против носителите на политиката на доминација и експлоатација.

Заради тоа,настојувањата на монополистичкиот капитал по веќе истражената и поделената планета да изн ајде нови извори на суровини и ефтина работна сила не може со ништо друго да се обезбеди освен со примена на сила и насилство.Во врска со овие и ваквите настојувања,проф.Зоран Видаковиќ,констатира:

"Меѓународната максимилизација на производството на капиталот која би ги компензирала факторите на структуралната криза на современиот капитализам претпоставува такво зголемување на експлоатацијата и радикално осиромашување,кое не е можно без кршење на отпорот на "бунтовните" сили на големите национални и регионални целини на народите и земјите покренати во сегашната

историска ситуација кон национална,политичка,социјална и економска еманципација и битен материјален и културен напредок.Матицата на ова движење изразена е во политиката и движењето на неврзаноста".[1]

Според тоа,кршењето на отпорот на тие "бунтовни сили" чија матица ја претставува политиката и движењето на неврзаните, не може со ништо да се обезбеди освен со сила и насилство.А тоа претпоставува создавање и развивање на соодветен и моќен воено-репресивен апарат.Меѓутоа,создавањето на таков апарат уште повеќе ја намалува акумулацијата и профитерите ги гони кон нови подрачја на освојување и поголем степен на експлоатција.Ваквиот противречен процес во развојот на современиот капитализам доведе до засилено јакнење на улогата на силата во меѓународните односи и јакнење на воениот фактор во општествениот живот на некои развиени капиталистички земји и взаемна спрега меѓу монополистичкиот капитал и воено-репресивниот систем.Таквата спрега доведе и до значајни промени во облиците и методите на современата агресија и примената на сила против неврзаните земји.

## 1.2.Воено-индустрискиот комплекс како фактор на воено-политичка принуда и притисок врз неврзаните земји

Воено-индустрискиот комплекс како поим влезе во современата воено-политичка терминологија 1961 година.Прв го употреби претседателот Двајт Ајзенхауер во својот проштален говор на телевизијата по повод неговото заминување од Белата куќа.Тој,како што рече,во оваа појава гледа кобно растење на власта на погрешно место."Здружувањето на огромната воена организација и силната воена индустрија" - истакна тогаш претседателот Ајзенхауер -

1) Д-р Зоран Видаковиќ,оп.цит.стр.48.

"претставува нова појава во американското општество.Стопанското, политичкото па дури и духовното влијание на ова здружување се чувствува во секој град,во владата на секоја земја,во било кој кабинет на федералната влада.Сфаќајќи ја вистинската неопходност на ваквиот развој ние не треба да ги занемариме неговите сериозни последици".[1)]

Меѓутоа,предупредувањето на претседателот Ајзенхауер за опасностите и сите други последици што со себе ги носи спрегата меѓу монополистичкиот капитал и врвот на воената хиерархија, како своевиден облик на милитаризација на американското стопанство и американското општество како целина,немаше некое побитно влијание во натамошното јакнење на влијанието на воено-индустрискиот комплекс во американското општество.Спротивно на тоа,по заминувањето на Ајзенхауер,надвладеа мислењето дека Пентагонот и производството на војнената техника станале "замаец" на натамошниот развој на САД.

Во врска со ваквите сфаќања проф.Самнер Слихтер од Хравардскиот универзитет,меѓу другото,вели:"Студената војна ја зголемува побарувачката и помага да се одржи високиот ниво на вработеноста,го забрзува техничкиот напредок и на тој начин на земјата и помага да остварува висок животен стандард... Можеме да им заблагодариме на Русите што ни помогнаа капитализмот во Соединетите Американски Држави да функционира подобро од кога и да е".[2)]

Меѓутоа,практиката покажува дека трката во вооружувањето продолжува и без студената војна по инерција на моќта на воено-индустрискиот комплек,која според многу американски оценки и натаму претставува неопходен регулатор на стопанскиот живот

1) Војно индустриски комплекс и трка у наоружању,Војни преглед,Тањуг,број 617,јуни,1977 година.
2) Д-р Драган Марковиќ,Војно-индустриска спрега у САД,"Међународна политика",број 659/77 година,стр.25.

фактор кој е неопходен за обезбедување на репродукцијата на поредокот на монополистичкиот капитализам во САД.[1]

Воено-индустрискиот комплекс како израз на милитаризацијата на современото капиталистичко општество претставува појава која не е карактеристична само за САД,туку и за другите најразвиени капиталистички држави,но сепак,таа појава е најизразена во општествено-политичкиот и економскиот живот на САД. Проучувајќи ја оваа појава во американското општество угледниот социолог Рајт Милс во својата студија "Елитата на власта",покрај другото утврдува "дека од Втората светска војна па наваму воената хиерархија оличена во Пентагон се вмешала во стопанскиот и политичкиот живот на вистински решавачки начин".[2] Земајќи го предвид овој факт како општа карактеристика на американското општество,Рајт Милс во спомнатата студија констатира "дека и покрај сета сложеност на современата Америка,во Америка нема денес таква организација која би имала макар и приближно толку време,пари и луѓе на располагање заради влијание врз јавното мислење,како што тоа го има Пентагон".[3]

Основата на јакнењето на економската моќ,а со тоа и на општествено-политичката моќ на воениот фактор во развиените капиталистички земји ја чинат огромните воени буџети кои во целиот повоен период вртоглаво се зголемуваа.Според податоците на СИПРИ во 1975 година,развиените капиталистички земји за воени потреби трошеле во просек околу 400 долари по жител.[4]Тие огромни буџетски средства,кои се движат од 7 до 9 % од националниот доход ги трошат главно воените структури.На тој начин

1) Д-р Драган Марковиќ,оп.цит.стр.25.
2) Рајт Милс,"Елита власти","Култура",Белград,1964 година, стр.105.
3) Исто,стр.287.
4) Воениот буџет на САД за 1983 година,изнесува 240 милијарди долари.Тоа е најголем воен буџет во историјата на САД.

тие се здобиваат со огромна економска моќ и влијание врз развојот на одделни стопански гранки и стопанските текови воопшто.

Како поседувачи на огромни финансиски средства, воените кругови на САД станаа и најголеми работодавачи на крупната индустрија. Така на пример, Пентагон годишно склучува повеќе од 22.000 разни договори за производство на оружје и друга воена опрема. Во производството за потребите на американските оружени сили врзани се околу 77 индустриски гранки. Само во производството на еден тенк учествуваат околу 200 коперанти, додека за изградбата на антиракетниот систем АМБ само во почетната фаза беа ангажирани околу 15.000 фирми.[1)]

Производството на воената техника и воената опрема, кое од ден на ден станува се посовршено, но и значително поскапо, стана најблаготворна работа во развиените капиталистички земји. Таквото производство на производителите им донесува најголеми и најсигурни профити. Заради тоа, крупните индустрики претпријатиа се мошне заинтересирани за добивање на тие зделки, поради што се служат со сите можни средства од поткупување на одделни воени и политички раководители, до своевидно поврзување на војните и индустриските кругови.

Еден од поизразените и по општествените последици најчувствителен вид на пенетрацијата на воениот фактор во општествено-политичкиот и економскиот живот на САД е неговата пенетрација во научната сфера. Имено, воениот врв на САД се појавува во улога на најголем потрошувач на научно-истражувачките достигања и тоа во клучните технолошки гранки, како што се: аеронаутиката, нуклеарната техника, индустријата на компјутери, информа-

1) М-р Војислав Симиќ, Војни фактор у савременим меѓународним односима, ПУ ССНО, Белград, 1975 година, стр. 27.

тивните системи и др.

За обемот на оваа пенетрација на воениот фактор на САД,доволно е илустративен податокот дека Пентагон има развојни договори со околу 150 универзитетски центри,преку кои научно-истражувачките институции во САД се поцврсто се врзуваат и во својата работа се потпираат врз воено-политичкиот репресивен систем.Научните установи кои се анагажирани во истражувањата за потребите на воено-политичкиот репресивен систем покрај прашањата на воената стратегија,воено-техничкото планирање и програмирање,тие исцрпно се занимаваат и со проучувањата на општествените движења и општествено-економските промени во различни делови на светот.

Од шеесетите години па наваму,голем број на научно-истражувачки установи на САД се мошне ангажирани во истражувањата на општествено-политичките движења во некои Латинскоамерикански држави,како и некои азиски и фрикански неврзани земји.

"На подрачјето на југоисточна Азија комплетни тимови на научници правеа студии за врачбини,магии и некои други социо-психолошки појави за потребите на воено-репресивните операции на ова подрачје.Познатиот истражувачки проект "Камело" - проект кого го работеа најистакнатите научници од областа на општествените науки,исцрпно се занимаваше со проблемите на идентификација и спречување на револуционерните преобразби во Латинска Америка".[1)]

Јакнењето на воено-индустрискиот комплекс и на неговата економска и политичка моќ,доведоа до создавање на своевидна општествена сила која има битно влијание врз надворешната поли-

1) Мичел Клер,оп.цит.стр.122.

тика на САД.При тоа треба да се има предвид дека ни на крупната индустрија ни на воените кругови не им одговара политиката на попуштање во меѓународните односи,зашто во такви услови се намалува потребата од забрзана продукција и развој на оружјето и другата воена опрема.Тие се превасходно заинтересирани за отворање на воени жаришта и трошење на борбените средства и другата опрема што тие ја произведуваат.Тоа најдобро може да се илустрира со Виетнамската војна.Во годините на најжестоките операции во Виетнам,САД трошеа околу 20 милјарди долари годишно.Фактички тие средства беа нерационално фрлени.Меѓутоа,крупни индустриски корпорации во производството на оружје и друга опрема за војната во Виетнам,која немилосрдно се уништуваше,остварија огромни профити.

Како директна последица на јакнењето на влијанието на воено-индустрискиот комплекс во надворешно-политичките односи, посебно на САД како водечка сила на западниот блок,сите проблеми кои настануваат во меѓународните односи се разгледуваат речиси исклучиво од аспект на воено-стратегиските и идеолошко-политичките цели и интереси на САД.Од тој аспект се разгледуваат односите и помошта на неврзаните земји,проблемите на меѓународното финансирање и извозот на капитал,трговската раземана и слично.Значи,не се оценува суштината на проблемот - нивната економска и политичка страна,туку проблемите се разгледуваат и нивните решенија се бараат превасходно во рамките на воено-стратегиските планови.

Поврзувањето и спрегата меѓу монополистичкиот капитал вложен во воената индустрија и воено-репресивниот систем доведе до значајни промени во облиците и методите на агресија и разни притисоци врз неврзаните земји.Во таа смисла е се повидлива

појвата монполистичкиот производен апарат потпрен врз воено-репресивниот систем да се појавува како фактор на политичка репресија против неврзаните земји координирана со воено насилство.Имено,се додека во некоја земја производството на капиталот се одвива без отпори на работното население,монополистичкиот капитал и неговиот производен апарат дејствуваат како инструмент на меѓународна "економска принуда".Меѓутоа,кога во некоја земја дојде до "загрозување" на продукцијата на капиталот,тогаш монополистичкиот капитал и неговиот производен апарат се ставаат во дејство и се преобразуваат во средство на политичка репресија координирана со воено насилство.

Во таа смисла е се поизразена ориентацијата во походот против неврзаните земји империјалистичките сили се повеќе да се потпираат врз производниот апарат и механизмите на интернационализираното производство на капитал.Поморските и воздушните флоти, десантната пешадија и другите делови на воено-репресивниот систем остануваат и натаму основна потпора на империјализмот,но во однос на репресивните функции на меѓународниот производен апарат под контролата на мултинационалните компании,воените ефективи сега се поставуваат во положба на помошни и резервни служби.Така,сега главните сили на империјализмот дремат во своите бази,а наместо нив како ударни клинови во освојувањето на "нови простори" се пробиваат ескадрили на заемодавачи,"стручњаци за развој",стручњаци за економска и технолошка блокада,репресивно управување со зајмовите,цените и пазарот.[1]

Типичен пример за употребата на меѓународните монополистички економски инструменти како што се технолошката зависност контролата на цените на пазарот,кредитните односи и слично,со

1) Д-р Зоран Видаковиќ,оп.цит.стр.251.

Таквата ориентација и практика на современите империјалистички сили води кон тоа агресијата против неврзаните земји да добие карактер на перманентен процес на загрозување на безбеноста на неврзаните земји.

1.3. Бирократско-етатистичкиот систем на социјализмот како општествена подлога за растечката примена на сила и од страна на некои социјалистички земји

Општата криза на капитализмот секако е главно изворишт е за растечката примена на силата во современите меѓународни односи,но не и единствено.Имено,не е во криза само современото капиталистичко општество.Во своевидна криза се најде и системот на бирократско-етатистичкиот социјализам.На ваква констатација не упатува фактот што примената на сила и оруженото насилство како средство на политиката се појавува и во односите меѓу некои социјалистички земји,како и во односите на овие земји со трети земји кои објективно не ја загрозуваат нивната безбедност.Поаѓајќи од марксистичкото стојалиште дека силата и војната секогаш се општествено условени,тоа и современата практика во примената на сила од страна на некои социјалистички земји има свои корени во општествениот систем.

Од појавата на научниот социјализам па се до денес во светот на различни начини се водени идејни,политички и социјални борби за социјализам - за тој нов општествен систем кој законито се раѓа во утробата на старото капиталистичко општество.Октомвриската социјалистичка револуција доведе до создавањето на првата социјалистичка држава и послужи како нов поттик во борбата на народите за национално и социјално ослободување.Од Втората светска војна па наваму социјализмот се разви како општествен процес и стана реалност на широките пространства на све-

цел на економска и политичка дестабилизација беше Чиле.

Имено,како одговор на чилеанската револуција во која беше експроприран монополистичкиот капитал,економските и политичките центри на тие капитали им дадоа инструкции на сите американски и други банки кои беа под нивна контрола да ги одбијат сите зајмови што ги бараше владата на претседателот Аљенде. Напоредно со ова,монополитичките капитали организираа и спроведоа тотална техничко-технолошка блокада на чилеанското стопанство,организираа бојкот на чилеанскиот бакар во Европа и со сите тие акции успеаја да ги предизвикаат познатите стопански и социјални нарушувања кои доведоа до соборување на владата на претседателот Аљенде.

Познатиот чилеански писател-нобеловец Пабло Неруда, опишувајќи ја ситуацијата во Чиле за време на кризата,меѓу другото,вели:"Чиле,тоа е Виетнам во тишина.Нема окупација,нема странски трупи,ниту странски авиони да летаат над нашето небо. Но Чиле е блокиран економски и политички.Немаме кредити,неможеме да купуваме храна,резервни делови,лекови... Ние сме жртва на една своевидна агресија".[1)]

Во примерот на Чиле,но не само на Чиле,може сосема јасно да се уочи поврзаноста меѓу два битна елемента на современата агресија и притисоци врз неврзаните земји:

(1) економската и политичката моќ на монополистичкиот капитал оличен во мултинационалните компании како носители на контрареволуционерната стратегија на дестабилизација на одделни неврзани земји,и

(2) нивната тесна поврзаност со веоно-репресивниот систем,како на национален,така и на меѓународен план.

1) Цитирано според: Д-р Миливоје Левков,Специјални рат у теорији и пракси међународних односа,"Војно дело",бр.6/74 год.

тот,а социјалистичкото движење израсна во таква општествена сила,чие присуство се чувствува во сите делови на светот.Со еден збор социјализмот прерасна во светски процес.

Во социјалистичките земји денес живее 35,3 % од вкупното светско население,а социјалистичките земји се простираат на околу 1/4 од вкупната светска територија.И покрај сите тешкотии и проблеми со кои овие земји се соочуваа во својот развој, социјализмот се афирмира како општествен систем кој успева најбргу да ги развие производните сили и да оствари најбрз темпо во порастота на националниот доход.Така на пример,социјалистичките земји во 1950 година,во вкупното светско производство учествуваа со 20 %,во 1955 година со 27 %,а 1964 година над 35 %.[1)]

Меѓутоа,развојот на новото општество бездруго носи со себе и низа остатоци на старото општество што претставува подлога за различни деформации кои го следат социјалистичкиот развиток на одделни социјалистички земји.

Така на пример,силните тенденции на јакнењето на бирократско-етатистичките појави во некои социјалистички земји,а особено појавата на сталинизмот и неговото влијание врз развојот на социјализмот имаа битно влијание врз појавата на бројни деформации и застранувања во развојот на повеќето социјалистички земји.Во тој контекст,ориентацијата на етатистички социјализам доведе до тотално подржавување на вкупниот општествен живот кој во економската сфера се манифестира во државната сопственост,во централистичкото планирање и со строго диригирана вкупна општествена репродукција,а во политичката сфера во бирократскиот деспотизам,кој во силата и репресијата на државниот апарат ја гледа

1) Д-р Миќо Чушиќ,Борба за мир и социјализам у савременим условима,ПУ ССНО,Београд,1974 година,стр.16.

главната сила на социјалистичкиот развиток и регулирањето на социјалистичките општествени односи.

Врз такви основи во некои социјалистички земји се создадени системи на во голема мерка на отуѓена власт врз сопствениот народ,центри и општествени елити во кои е концентрирана огромна политичка и економска моќ со право на одлучување за употребата,паи злоупотребата на таквата моќ.Во врска со ваквите тенденции,ген.Никола Пејновиќ,меѓу другото,констатира:

"Се покажа како законита појава дека во услови на поседување на неограничен монопол во земјата и во ситуација на затвореноста на режимот и неговото вештачко изолирање од светот, раководната бирократија да станува носител на великодржавниот шовинизам во односите со другите земји и на националистичка омраза во повеќенационалното општество во сопствената земја,па и пошироко - во меѓународните односи".[1)]

Таквите тенденции во развојот на некои социјалистички земји претставуваат општествена подлога за јакнење на хегемонизмот спрема други социјалистички земји,како и спрема неврзаните земји,што својот најцелосен израз го доби во примената на сила и оружено насилство во односите меѓу социјалистичките земји,како и во односите на овие земји против неврзаните земји,кои објективно не ја загрозуваат нивната безбедност.Во таа смисла оддел-ни социјалистички земји се појавуваат како "втора страна" на загрозување на безбедноста на неврзаните земји.

Наместо заклучок: Од изнесената анализа на општествените корени за растечката примена на силата во современите меѓународни односи,како од страна на капиталистичките,така и од

1) Никола Пејновиќ,Кардељев допринос марксистичкој теории о социјализму и рату,"Социјализам",бр.1/81 год.стр.63.

страна на некои социјалистички земји,не е тешко да се уочи дека општествената функција на растечката примена на силата во современите меѓународни односи е:

(1) спасување на прежиеваните капиталистички општествени односи и спречување на натамошната ерозија на капиталистичкиот систем,и

(2) конзервирање на бирократско-етатистичките односи како универзален модел на социјализмот.Зашто,тие и таквите односи можат да обезбедат остварување и одржување на хегемонија на определената социјалистичка земја врз другите социјалистички, или неврзани земји со социјалистичка ориентација.

## НЕВРЗАНОСТА КАКО ОПШТ ФАКТОР НА БЕЗБЕДНОСТА НА НЕВРЗАНИТЕ ЗЕМЈИ

### 1.1. Зачувување на сопствената независност - основен мотив на определбите за политиката и движењето на неврзаните

Зачувувањето на сопствената независност,слободата, територијалниот интегритет и правото суверено да одлучуваат за патиштата на својот внатрешен развој и користењето на своите материјални и други богатства беше еден од водечките мотиви во определувањето на голем број новоослободени и други земји за политиката и движењето на неврзаните.Поради тоа,неврзаните земји свесно се откажаа од блоковската "заштита" во зачувувањето на својата независност и се определија за изградување на еден таков систем на сопствената безбедност,кој во прв ред ќе се потпира врз сопствените сили и меѓународната солидарност во рамките на движењето на неврзаните и Организацијата на обединетите нации. тоа значи,дека движењето на неврзаните како меѓународно движење во глобални рамки се појавува и како фактор на безбедност,чија сила се темели врз новата историска и општествена моќ на движењето на неврзаните како целина.

Дејствувајќи во правец на зацврстувањето на мирот и меѓународната соработка,неврзаните земји,почнувајќи од првите формации и ставовите од Бандунг,низ својите акции изразуваат два вида на интереси и настојуваат да остварат две цели:

прво,тие својата неврзаност и својот интегритет го заштитуваат на тој начин што настојуваат и се борат во светот да создадат услови кои ќе им пружат максимална гранација на сигурност на земјите кои не располагаат со таква воена моќ,како

на пример некои големи сили,и

второ,тие со својата заедничка акција настојуваат да ја отклонат големата напнатост во односите меѓу големите сили, зашто постои реална опасност таа напнатост и ривалтвото да се пренесат на подрачјето на неврзаните земји,или да им се наметне таква ситуација во која би можеле и тие да бидат осудени на губењето на независност.[1)]

Спротиставувајќи и се на блоковската политика на сила и потчинување,како и на сите други облици на нерамноправност во меѓународните односи,движењето на неврзаните на својот развоен пат од Белградската конференција 1961 година,па се до денес,успеа да им одолее на бројните притисоци и искушенија и да израсне во организирана меѓународна општествена сила која ги изразува стремежите на две третини на човештвото.

Ставајќи го во центар на своите активности слободниот национален и општествен развој на сите земји на светот и поврзувајќи го прашањето на мирот со остварувањето на еманципацијата на сите народи - движењето на неврзаните израсна во силен фактор на прогресивниот развој на современите меѓународни односи. Зашто,движењето на неврзаните никогаш не се ограничувало само врз критиката на постојниот систем на меѓународни политички и економски односи,туку своите активности постојано ги насочуваше кон подлабоко согледување на меѓународните процеси од стојалиштето на нивните носители и отстранување на причините за нееднаквост,нерамноправност и потчинување.

Врз тие основи и таквата активност движењето на неврзаните израсна во најширок облик на борбата против империјализмот,хегемонизмот и сите други облици на потчинување.Со таквата

1) Лео Матес,Несврстаност - теорија и савремана пракса, ИМПП,Белград,1976 година,стр.255.

политичка платформа,политиката и движењето на неврзаните станаа сојузник и потпора на секоја автентична борба на народите за ослободување и даде крупен придонес во разрешувањето на бројни и сложени меѓународни проблеми.Сите тие активности мошне придонесуваа за менување на неповолната клима во меѓународните односи, спротиставување на сите притисоци и закани на кои се изложени неврзаните земји,одвраќање од агресија,како и спротиставување на секоја агресија доколку до неа би дошло.Сето тоа имаше најдиректно влијание и врз општата безбедност на неврзаните земји.

### 2.1. Ориентација кон поконкретна соработка на планот на безбедноста на неврзаните земји

Концентрирајќи ја својата активност кон зачувување на светскиот мир и безбедност,неврзаните земји доста долго време, напоредно со таквата активност не развиваа и некои неопходни облици на поконкретна меѓусебна соработка на планот на безбедноста и одбраната на неврзаните земји.Поради недоволната соработка во оваа област,неврзаните земји не покажаа ни некоја особена ефикасност во давањето на помош на евентуалните жртви на агресија, или поточно,таа помош се сведуваше главно на морална и политичка поддршка во Обединетите нации,или во средствата за јавно информирање,а поретко во давањето на некоја конкретна воена и друга помош.[1] Таквата,во основа,недоволна соработка меѓу неврзаните земји на планот на безбедноста и одбраната уште повеќе ја зголемуваше нестабилноста на одделни неврзани земји,а некои од нив ги упатуваше на барање "заштита" и склучување на билатерални аранжмани со некоја од големите сили.

Таквата состојба во сферата на одбраната и безбедноста на неврзаните земји наметнуваше потреба од поорганизирана сора-

1) Карактеристичен пример за недоволно изразената грижа и солидарност во одбраната на независноста на неврзаните земји е Чиле.Неврзаните земји,без сомневање можеа да му помогнат на Чиле но нивната помош дојде предоцна.

ботка меѓу неврзаните земји во зачувувањето на сопствената безбедност.Во таа смисла на Четвртата конференција на неврзаните земји во Алжир,покрај општите ставови за мирот и безбедноста, заземен е и сосема конкретен став и за некои облици на меѓусебна соработка и солидарност на неврзаните земји во зачувувањето на сопствената безбедност.Во тој правец посебно придонесоа ставовите на нашата делегација,а особено на другарот Тито,кој во таа прилика,Истакна:

"Не можеме текот на настаните да им го препуштиме на големите сили.Нашата соработка терба,пред се,да дојде до израз во поизразената солидарност и меѓусебната поддршка во случај кога е загрозена некоја неврзана земја,или кога е изложена на странски притисоци.Потоа,потребо е повеќе да ги здружиме својата политичка и економска сила за да ја зголемиме нашата способност за акција и со тоа со својата присутност и дејствување да вршиме се посилно влијание врз решавањето на меѓународните проблеми".[1)]

Во таа смисла конференцијата зазаеде и конкретни ставови кои влегоа во Политичката декларација,во која се вели:

"Учесниците на конференцијата посебно внимание му посветија на јакнењето на безбедноста и одбраната на неврзаните земји од сите опасности однадвор.Тие ја изразија решеноста на своите влади да ја зголемат својата солидарност и својата помош во случај на закани на нивната независност и територијалниот интегритет".[2)]

Заради што поцелосно и пооперативно извршување на задачите,вклучувајќи ги тука и оние кои се однесуваат на безбедноста на неврзаните земји,на Четвртата конференција беше формирано

1) Извод од говорот на другарот Тито на Четвртатата конференција на неврзаните во Алжир.(Цитирано според: Д-р Мико Чушиќ, Борба за мир и социјализам у савременим условима,ПУ ССНО,1974 година,стр.40.

2) Исто.

Координационо биро,кое треба да ги координира активностите и да дејствува во периодот меѓу конференциите,министерските и другите пленарни собири на неврзаните.

Од Четвртата конференција па наваму проблемите на зачувување на безбедноста на неврзаните земји беа се поприсутни како акционо насочување во правец на јакнењето на одбрамбената способност на неврзаните земји.Така на пример,на министерскиот состанок во Хавана 1975 година,овие проблеми беа во центарот на вниманието на овој собир.Во Декларацијата од овој собир посебно се истакнува дека "неврзаните земји ќе преземат мерки против империјалистичките закани,примената на сила или агресија со кои се соочени и дека ќе водат политика која е согласна со одбраната на националниот суверенитет".[1] Во Декларацијата посебно се нагласува "важноста и итноста на подобрување на механизмите за побрзо консултирање со кое би се зацврстила и би се унапредила солидарноста,меѓусобната соработка и помошта на неврзаните земји во вонредните ситуации".[2]

Во врска со подобрувањето на механизмите за взаемна помош и солидарност беше донесена препорака на Министерската конференција во Лима да се разгледаат и некои конкретни мерки за да на империјалистичката стратегија на посредно настапување и се спротистави стратегијата на неврзаните земји на политички и економски план,како и да се проучат патиштата за натамошното јакнење на солидарноста и взаемната помош на неврзаните земји во случаи на закани од агресија,јакнејќи ја на тој начин безбедноста и одбраната на неврзаните земји од сите опасности однадвор.

Согласно со овие препораки Министерската конференција во Лима усвои декларација во која се инсистира на потребата од

1) Станко Ник,Несврстаност и одбрана,Округли сто,Белград, 1976 година,стр.72.

2) Исто.

"координација и колективни акции во случаи на закани со употреба на сила,интервенции,агресии,странска окупација и мерки на економски и политички притисоци,кои го загрозуваат суверенитетот,територијалниот интегритет,независноста и безбедноста на неврзаните земји".[1] Во декларацијата посебно се истакнува дека "секоја агресија против некоја неврзана земја претставува загрозување на принципитена активната и мирољубива коегзистенција, па доколку некоја неврзана земја стане предмет на закани,употреба на сила или мерки на политички и економски притисоци заради спречување на слободниот развој и остварување на нејзините суверени права,дека таквите мерки ќе се сметаат како насочени против неврзаните земји кои на барање на загрозената земја ќе и дадат помош".[2]

Проблемите на зачувувањето на безбедноста на неврзанитеземји беа во центарот на вниманието и на сите наредни конференции на неврзаните.Така на пример,на Петтата конференција која беше одржана во Коломбо 1976 година,беше потврдено дека една од основнитестратегиски цели на неврзаните земји е јакнењето на меѓународниот мир,но и цврстата решеност да се зајакне солидарноста и взаемната помош на неврзаните земји заради успешно спротиставување на притисоците,заканите и другите агресивни акти кои се преземаат однадвор.

Слични констатции и заклучоци утврди и Шестата конференција на неврзаните во Хавана.Во врска со проблемите на безбедноста на неврзаните земји и потребата од зајакнувањето на солидарноста и взамената помош,во Политичката декларација се вели:

"Шефовите на државите или владите истакнуваат дека

1) Станко Ник,оп.цит.стр.73.
2) Исто.

колонијалните и империјалистичките сили ја продолжуваат својата агресивна политика со цел да ја продолжат,воспостават,или да ја прошират својата доминација и експлоатација... Конференцијата изрази длабока загриженост поради плановите на дестабилизација и агресија вперени против владите чии ставови се спротивни на империјалистичките интереси и политика.Затоа,таа остро ги осуди овие планови и бара од сите држави да ги поддржат земјите кои се жртви на таквите маневри и одлучно да ги осудат таквите акции".[1)]

Меѓутоа,и покрај видливите усилби што неврзаните земји ги вложуваа со цел да се зајакнат меѓусебната солидарност и взаемната помош,и покрај видливите резултати кои во тоа се остварени,сепак тие резултати не се задоволувачки.Причините за тоа се многубројни и мошне разновидни.Во сегашнава констелација на силите и оживување на конфронтацијата меѓу суперсилите,а со тоа и зголемување на притисоци врз неврзаните земји,движењето на неврзаните дејствува во мошне сложени општествени и меѓународни услови.Неврзаните земји имаат заеднички цели и постигнаа висок степен на единство во остварувањето на тие цели.Меѓутоа,во реализацијата на тие цели се појавуваат и бројни тешкотии кои произлегуваат од фактот што одделни неврзани земји се уште се оптоварени со тешко колонијално наследство и подложни на странско влијание,од што произлегува и нивното однесување во практичната политика кое не е секогаш согласно со изворните принципи на политиката и движењето на неврзаните.Зачестеноста на тие и таквите појави,како израз на зголемениот притисок на суперсилите врз неврзаните земји неповолно влијае врз единството во движењето и ги слаби нивните акции.

1) Меѓународна политика,број 707/79 година,стр.35.

## 3.3. Конфликтите и недоразбирањата во односите меѓу самите неврзани земји

Конфликтите во меѓусебните односи неврзаните земји подолго време ги сметаа за привремена и преодна појава. Таквото стојалиште се засновуваше врз уверувањето дека неврзаните земји прифаќајќи ги заедничките начела и цели за дејствувањето во меѓународните односи ќе бидат во состојба самостојно и миролјубиво да ги решаваат меѓусебните спорни прашања.

Меѓутоа, напоредно со растежот на активностите на неврзаните земји и јакнењето на нивната државност се зголемуваа и недоразбирањата и конфликтите меѓу одделни неврзани земји. Внатрешните противречности како производ на тешкото колонијално наследство се повеќе почнаа да се манифестираат и во односите меѓу самите неврзани земји, а во прв ред, со соседите.

Општествено-политичките причини за појавата на конфликтите, па и оружените судири меѓу наврзаните земји се мошне сложени, но условно би можеле да се класифицираат во три основни категории:

(1) нерешените територијални прашања;

(2) идеолошко-политичките несогласија; и,

(3) присуството и посредното или непосредното влијание на суперсилите.

Нерешените територијални прашања, спаѓаат во ред, така да се каже, класични причини за бројните конфликти и недоразбирања во односите меѓу одделни неврзани земји. Со оглед на бројноста на неврзаните з емји, колонијалното минато и границите на сегашните држави кои се главно поставени онака како што тоа им одговарало на колонизаторите, претставуваат реална основа за создавање на бројни конфликтни ситуации и недоразбирања меѓу оддел-

ни неврзани земји.

Кон овие,условно кажано наследени територијални противречности,последниве години се создаваат и некои нови противречности како производ на новите сознанија за мошне значајните економски вредности на одделни подрачја во регионите на неврзаните земји и можностите за нивното користење.Така на пример,откривањето на нови наоѓалишта на нафта и други значајни суровини ги поттикнува аспирациите на одделни неврзани земји за тие подрачја,повикувајќи се при тоа на етничкиот состав на населението на тие подрачја,или пак на некое историско право врз тие подрачја.

Со оглед на бројноста и сложеноста на територијалните конфликти меѓу неврзаните земји,како и постојаното присуство и интересот на суперсилите за овие конфликти како простор во кој тие можат да се уфрлуваат,треба да се очекува дека овој вид на конфликти и недоразбирања уште долго време ќе остане присутен во односите меѓу одделни неврзани земји.

Идеолошко-политичките несогласија меѓу неврзаните земји е израз,во прв ред,на мошне различната општествено-политичката структура на овие земји и има различни аспекти и манифестации.Иако во основните начела на политиката и движењето на неврзувањето јасно е истакнато дека станува збор за слободно и доброволно определување на з емјите за ваквата политика,што подразбира и прифаќање на општествено-политичкиот и идеолошкиот плурализам врз кој се засновува движењето на неврзаноста,сепак идеолошко-политичките разлики честопати претставуваат основа за различни конфликти во меѓусебните односи на неврзаните земји.

Конкретни манифестации на идеолошко-политичките разлики како основа за меѓусебните конфликти,претставува на пример,

настојувањето на одделни неврзани земји кои со идеолошки мотиви сакаат да ги прикријат своите мошне конкретни економски и политички интереси и со тоа да го оправдуваат своето поцврсто врзување за едната суперсила.Имено,во рамките на движењето на неврзаните веќе подолго време е присутна една изразена тенденција што ја застапува мошне мал број на неврзани земји на движењето да му се наметне изразито антизападен,а во извесна смисла и антикинески белег,па и целото движење да се насочи во правец на потесно врзување со земјите на тнр.социјалистичка заедница.Оваа тенденција беше надвладеана од страна на мнозинството на неврзаните земји на Шестата конференција во Хавана.Меѓутоа,дејствувањето на малцинската група во тој правец има изгледи и натаму да продолжи.

Кон ова треба да се додададат и конфликтите кои настануваат како производ на настојувањата на одделни неврзани земји кои тргнувајќи од сопствените уверувања за прогресивноста на нивниот општествено-политички систем и нивната идеологија се стремат да обезбедат "водечка" улога во регионот.Таквите настојувања наидуваат на отпори кај другата или другите земји што доведува до заострување на односите,па и до отворени конфликти.

Присутноста и посредното или непосредното влијание на суперсилите има битно влијание врз појавата на конфликтите меѓу неврзаните земји.Тргнувајќи од своите глобални стратегиски интереси тие настојуваат да обез бедат што поголемо присуство и влијание во неврзаните земји заради зачувување на своите политички,економски и воено-стратегиски интереси.Со оглед на реалниот факт што во неврзаните земји објективно постојат натрупани внатрешни политички и економски проблеми,потоа што во овие земји се оптоварени со различни меѓусебни конфликтни состојби,суперсилте сметаат со овие околности како со можност за

нивно посредно или непосредно присуство и влијание врз неврзаните земји.

Уважувајќи ги промените во општествено-политичката структура на светот и реалната морално-политичка сила на политиката и движењето на неврзаните, суперсилите постапно отстапија од стремежот и барањата одделни неврзани земји директно да ги вклучат во нивните воено-политички организации. Поради тоа, тие во конфликтните состојби во односите меѓу одделни неврзани земји гледаат поволни можности за нивно уфрлување во овој простор и обезбедување на подолгорочно присуство и општествено-политичко и економско влијание во одделни региони на неврзаните земји. Затоа, иако суперсилите во одделни случаи не се директни предизвикувачи на конфликтите меѓу неврзаните земји, тие поради своите специфични блоковски интереси објективно се онаа сила која влијае врз појавата и проширувањето на конфликтите меѓу неврзаните земји. Зашто, еднаш отворениот конфликт дава шанса едната или најчесто обете суперсили да се појават како "помагачи" на страните во конфликтот и на тој начин да обезбедат свое присуство и влијание. Заради тоа, суперсилите се заинтересирани за тие конфликти, како и за нивното "одржување", бидејќи преку нив можат да се инфилтрираат во регионите за кои се мошне заинтересирани.

Како искусен државник, свестен за последиците од ваквите конфликтни ситуации во односите меѓу неврзаните, другарот Тито, на Шестата конференција на неврзаните во Хавана ја спомна идеата за создавање на одделни "механизми" за решавањето на спорните прашања во односите меѓу неврзаните земји. Согледувајќи ги конфликтите како нешто што веќе постои и што и во иднина ќе постои другарот Тито пледираше на тоа дека најпрвин треба да

се направи обид конфликтот да се реши по пат на преговори на директно заинтересираните земји.Доколку таквата постапка не би дала з адоволувачки резултати,според предлогот на другарот Тито, решавањето на конфликтот би требало да се пренесе во надлежност на одделни меѓународни регионални организации,па доколку ни тука не би се нашле соодветни решенија,тогаш конфликтот да се решава во рамките на Организацијата на обединетите нации.

Тоа што оваа методологија која беше применета во решавањето на оружениот судир меѓу Иран и Ирак не даде соодветен резултат не би требало да обесхрабрува во смисла на нејзината примена,зашто самиот тој факт што усилбите за решавањето на иранско-ирачкиот судир не дадоа задоволителен резултат уште повеќе ја актуелизира оваа проблематика во смисла на изнаоѓање на поефикасни "механизми" и посестрани пристапи во решавањето на конфликтите во односите меѓу неврзаните земји.

### 3.3. Развојот и виталноста на неврзаноста како репрезентативен доказ дека силата и моќта не се синоними на семоќ

Наспроти бројните притисоци и енормната сила на блоковските сили насочена кон разбивање на единството на движењето на неврзаните и слабеење на неговата меѓународна улога, движењето на неврзаните носено од законитостите на општествениот развој и нивната одлучна акција во остварувањето на општествен прогрес, израсна и се разви во силен меѓународен фактор на јакнењето на силите на мирот, ерозијата на блоковските структури, декуражирање на агресорите од сите видови и силна потпора на сите народи на светот во борбата за национална независност и слободен внатрешен развој.

Со своите досегашни активности, навистина, движењето на неврзаните не успеа порадикално да го измени светот во кој живееме, но исто така е голема вистина дека современиот свет би изгледал многу поинаку, без присуството и постојаната акција на движењето на неврзаните. На таков заклучок не упатува дури и една површна анализа на резултатите што неврзаните земји ги остварија во својата досегашна активност. А тие резултати не се ниту мали, ниту безбачајни за натамошниот развој на меѓународната заедница.

1. Со својата беспрекидна и упорна борба неврзаните земји успеаја да им одолеат на сите притисоци на блоковските сили за нивно вклучување во блоковските групации, што беше еден од стратегиските цели на водечките блоковски сили. Со тоа тие успеаја да ја спречат тоталната поделба на светот и сите општествени, политички, економски и други импликации од таквата поделба на светот. Поправо, би можело да се тврди дека движењето на

неврзаните,неговата политичка платформа и заложбите во остварувањето на подемократски и поправедни политички и економски односи во светот доведоа до тоа и самата идеја на блоковската организираност да доживее историски пораз.Тоа најдобро го потврдува фактот што секоја новоослободена земја како по правило му пристапуваше на движењето на неврзаните и дека до сега,наспроти изразените притисоци врз одделни неврзани земји,ниту една земја не истапи од движењето.Од друга страна,во блоковските структури има се повеќе земји кои својата блоковска припадност ја толкуваат повеќе како израз на својата геополитичка положба, отколку на некој афинитет на тие земји спрема блоковската политика.Имено,определени внтрешни процеси во некои блоковски земји во кои ваквите тенденции се поизразени,видливо се поврзани со стремежот на овие земји за осамостојување во меѓународните односи врз принципите блиски или индентични на политиката на неврзување.

Во врска со ваквите појави другарот Тито,во својот говор на Петтата конференција на неврзаните,меѓу другото,рече:

"Во последно време и некои земји од воено-политичките сојузи се доближуваат до политиката на неврзувањето во што треба да им се даде полна поддршка.Тоа е поради тоа,што во неа гледаат пат и начин за јакнење на својата положба и заштитата на своите интереси и што на секаде во светот расте свеста дека утрешнината му припаѓа на светот без блокови".[1]

2.Движењето на неврзаните со своите активности и силната поддршка на колонијалните народи во нивната борба за национално и социјално ослободување претставуваше моторна сила на процесот на деколонизацијата и ослободување на околу две ми-

1) Цитирано според:Лазар Мојсов,Димензиите на неврзувањето, "Мисла",Скопје,1981 година,стр.131.

њарди луѓе од долгогодишното колонијално ропство.Со таквата борба која доведе до историски слом на колонијализмот беа урнати некои од најзаначајните потпорни столбови на империјализмот и се создадоа поповолни услови за демократизацијата на меѓународните односи врз основа на извореното право на народите на самоопределување и слободно определување за патиштата на нивниот натамошен развој.

3.Во времето на студената војна и настанувањето на движењето на неврзаните Обединетите нации се наоѓаа под целосна контрола на англо-американската гласачка машина чии решенија постојано беа попречувани со употребата и злоупотребата на правото на вето на постојаните членки на Советот за безбедност.Во изминатиот период во кој дојде до брз зголемување на членството на ОН од страна на неврзаните земји,Обединетите нации станаа вистински претставник на целата меѓународна заедница.

Со проширувањето на одделни органи на ООН врз принципите на поправедна регионална застапеност и со насочувањето на активностите на целата мрежа на специјализирани агенции во правец на остварувањето на интересите на земјите во развој,неврзаните земји дадоа крупен придонес во оспособувањето на Обединетите нации успешно да се носат со сите горливи проблеми на современиот свет.

Тоа што Обединетите нации не ја доживеаја судбината на Друштвото на народите,наспроти студената војна и постојаната конфронтација на блоковските сили,и што Обединетите нации и покрај сите слабости,станаа незаменлив фактор на мирот и меѓународната соработка - е заслуга,во прв ред,на неврзаните земји кои и даваа сила и поттик успешно да се носи со сите проблеми со кои денес се соочува современиот свет.

4.Борбата на неврзаните земји за определени парцијални промени во меѓународните економски односи од првите повоени години,постапно прерасна во своевидна програма за радикално менување на постојните политички и економски односи и изградување на нов меѓународен економски поредок.Со тоа неврзаните земји укажаа и својата активност ја насочија кон едно комлексно подрачје кое во досегашната историја на меѓународните односи беше на маргините на меѓународните економски односи.

Во тој правец неврзаните земји остварија и некои поопипливи резултати: создадени се нови меѓународни организации, кои се занимаваат со проблемите на развојот,како и со некои други проблеми од областа на меѓународните економски односи. Изградена е целосна концепција на новиот меѓународен економски систем,усогласени се,иако недоволно реализирани од страна на ситеразвиени земји,инструментите на меѓународната акција со која треба да се поттикне и да се помогне напредокот на земјите во развој.[1]

Инаку,без вакавата политичка платформа и акција на неврзаните земји овој аспект на меѓународните односи сосема сигурно би бил потиснат во заднина,или би добил карактер на уценување од страна на развиените земји.Иако станува збор за една мошне долгорочна акција на движењето на неврзаните,сосема е извесно дека макар и постапното разградување и менување на постојниот систем на економските односи го крчи патот кон порадикални промени во политичкиот и економскиот систем заснован врз демократски начела.

5.На крајот сумирајќи ги резултатите на политиката и движењето на неврзаните од Првата конференција во Белград 1961

1) Да се види пошироко:Лазар Мојсов,оп.цит.стр.57.

година,па до заклучно со Шестата конференција во Хавана 1979 година,другарот Тито во својот говор во генералната дебата на оваа конференција,меѓу другото,истакна:

"Резултатите на нашата досегашна активност навистина се богати:

- Во текот на изминатите две децении ги афирмиравме изворните принципи и цели на неврзаните земји како трајни вредности;

- одлучно се боревме за мир,сигурност и слобода во светот;

- дадовме битен придонес во успешниот развој и исходот на антиколонијалната револуција;

- ги кодифициравме и одлучно се залагавме за примената на принципите на активна и мирољубива коегзистенција;

- се спротиставувавме на политиката на сила и странско мешање во сите облици во кои се јавуваа;

- покренавме долгорочни акции за воспоставување на нов меѓународен економски поредок;

- придонесовме во остварувањето на универзалноста и јакнењето на улогата и значењето на Обединетите нации;

- направивме забележителни чекори во покренувањето на проблемите на разоружувањето;

- поведовме одлучна борба за деколонизација во областа на технологијата,информациите и културата воопшто;

Со тоа политиката на неврзувањето објективно се потврди како најпрогресивна сила во светски размери,која ги урива темелите врз кои се засновуваат постојните неправедни меѓународни односи и создава услови за изградба на светот на правда,рам-

нoправност и општ напредок".[1)]

Изнесените резултати што движењето на неврзаните ги оствари од неговото создавање па се до денес,наспроти енормната сила,заканите и притисоците на блоковските сили насочени кон разбивање на единството на неврзаните земји и слабеење на нивната улога во меѓународните односи,претставува репрезентативен доказ за исправноста на марксистичкото стојалиште дека силата нема решавачко влијание врз општествениот развој,дека таа може само да го забавува или да го забрзува тој развој,односно,дека како што вели Енгелс,"освен ретки исклучоци,економскиот развој ја надвладува силата".[2)]

Дека е тоа така,и дека силата и моќта не се синоними на семоќ,најдобро го потврдува неуспехот на водечките блоковски сили по пат на сила да остварат некои свои битни стратегиски цели и интереси.Така на пример,токму во моментот кога моќните колонијални сили располагаа со најголема воена сила во својата историја,тие беа сосема немоќни во борбата против колонијалните народи,кои,колку и да изгледаа слаби и немоќни,сепак,успеаја по пат на борба да ја остварат својата основна стратегиска цел - национално и социјално ослободување.Уште поилустративен пример за немоќта на современата агресивна воена сила по пат на сила да ги сопре прогресивните процеси во светот,е развојот на движењето на неврзаните.Имено,и покрај фактот што блоковските сили по Втората светска војна се здобија со таква воена моќ чија разурнувачка сила е речиси немерлива,тие,сепак,по пат на сила и разни притисоци не успеаја да го сопрат развојот на движењето на неврзаните и неговото израснување во најшироко меѓу-

1) J.Б.Тито,Говор во генералната дебата на Шесттата конференција на неврзаните во Хавана,"Меѓународна политика",бр.707, 1979 година,стр.12.

2) Фридрих Енгелс,Анти-Диринг,"Напријед",Загреб,1967,стр. 172.

народно движење и мошне значаен меѓународен политички фактор.

Тргнувајќи од изложените општествено-економските противречности со кои се соочува современиот свет,реално е да се очекува дека напоредно со натамошното јакнење и афирмацијата на политиката и движењето на неврзаните,ќе јакнат и мерките и акциите на блоковските сили насочени кон разбивање на нивното единство и нивната улога во меѓународните односи.Тоа е и сосема разбирливо,ако се знае,дека развојот на овој дел на светот не може да ги остава рамнодушни оние сили кои во јакнењето на движењето на неврзаните објективно гледаат фактор кој сериозно ги загрозува стекнатите економски и политички позиции и хегемонистичките аспирации.

Меѓутоа,севкупниот развој на меѓународните односи укажува на фактот дека тие и таквите предизвици на блоковските сили не се нови и дека тие се присутни уште од самото создавање на движењето на неврзаните,што значи дека се работи за предизвици кои имаат потраен карактер.Заради сите тие околности со кои се соочуваат неврзаните земји во спротиставувањето на блоковската политика и зачувувањето на својата независност,нивната единствена алтернатива е во јакнењето на нивното единство врз основа на досега остварените резултати и веќе дефинираната и општоприфатената програма,и натамошното јакнење на меѓусебната солидарност и взаемна помош.Со таквите свои активности неврзаните земји уште повеќе ќе придонесат за натамошното прогресивно унапредување на општите светски прилики,намалување на условите за употребата на сила во меѓународните односи,збогатување на практиката на меѓународното спогодување и афирмација на Обединетите нации.А сето тоа,посредно или непосредно ќе води кон јакнење на меѓународната положба на секоја одделна невр-

зана земја и сите заедно.

Седмата конференција на неврзаните земји која во март 1983 година,ќе се одржи во Њу Делхи,ќе биде поволна прилика,неврзаните земји на највисок ниво поопстојно да ја анализираат современата меѓународна состојба,за која патем кажано,може да се рече дека е мошне сложена и дека во многу нешта потсетува на состојбите од времето на одржувањето на Првата конференција на неврзаните во Белград,односно во времето на создавањето на движењето на неврзаните.Имено,во последниве неколку години дојде до крајно опасно заострување на односите меѓу водечките блоковски сили и оживувањето на атмосферата карактеристична за периодот на студената војна.Во такви општи меѓународни услови блоковските сили ги зголемуваат сите видови притисоци врз неврзаните земји,а особено врз оние кои имаат позначајна улога во движењето на неврзаните,барајќи во нив "потпора" во меѓублоковското одмерување на силите.Затоа,во контекстот на една таква мошне сложена меѓународна состојба,оптоварена со бројни кризи и војнени жаришта,Конференцијата во Њу Делхи,како што тоа може да се види од досегашните подготовки,ќе се обиде да изнајде патишта не само за зачувување на мирот и светската безбедност,туку и за зачувувањето на единството на неврзаните земји и јакнењето на нивната акциона способност во зачувувањето на сопствената независност.

VI.Д Е Л

# СИЛАТА,ВОЈНАТА И НЕВРЗУВАЊЕТО ВО ВОЕНО-ПОЛИТИЧКАТА ДОКТРИНА НА ЈУГОСЛАВИЈА

Југословенските гледишта и ставови во однос на силата,војната и неврзувањето,тесно се меѓусебно поврзани и взаемно условени.Тие имаат свои длабоки корени во нашата народноослободителна војна и социјалистичката револуција,како и во исконските стремежи на нашите народи за слобода и независност, од што произлегоа и основните принципи на нашата надворешна политика по завршувањето на војната изразени во доследната борба на Југославија за независност,за живот во мир,за социјализам,за рамноправна соработка меѓу народите и државите и општо спротиставување на политиката на сила,потчинување и доминација.

## 1.1.Силата и војната во југословенаката воено-политичка доктрина

Тргнувајќи од интересите на сопствениот социјалистички развиток и развитокот на социјализмот во светот,Југославија одлучно ги отфрли силата и војната како средство на политиката во разрешувањето на општествените противречности на современиот свет и трајно се определи за политика на активна и мироубива коегзистенција,која,како што вели другарот Тито,"треба да се сфати не како животарење на народите и државите едни покрај други,туку како меѓународни односи засновани на сосема нови современи принципи кои овозможуваат најжива мироубива активност меѓу државите со различни општествени системи.Предуслов за таквата коегзистенција е сите спорни прашања да се решаваат по мирен пат а силата и војните да се стават надвор

од законот... И токму со примената на принципите на коегзистенцијата меѓу народите и немешањето во внатрешните работи на другите ќе се овозможи мирен и побезболен процес на општествени промени во одделни земји".[1]

Според тоа,трајната определба на Југославија за политиката на активна и мироъубива коегзистенција и ставањето на силата и на војната "надвор од законот",се засновува врз генераниот став на Сојузот на комунистите на Југославија дека зачувувањето на светскиот мир е примарна потреба на современото човештво и основна претпоставка за натамошниот развиток на производните сили,како и да одговара на интересите на изградбата на социјализмот во светот.

Појдовната основа на ваквиот став на СКЈ во однос на мирот и војната ја чини објективното сознание за се подлабоката противречност меѓу војната како средство на политиката и општиот процес на развојот на производните сили,која настана како последица на развојот и усовршувањето на средствата за водење војна,а посебно со појавата и развојот на нуклеарното,хемиското,биолошкото и другите оружја за масовно уништување,чиа употреба би предизвикала не само катастрофални уништувања на средствата за производство,туку би го довела во прашање и самиот биолошки опстанок на човекот на Земјата.Таквиот развој во сферата на вооружувањето доведе до тоа,војната во современите услови со примената на средствата за масовно уништување да добие сосема нови белези.Таквата војна повеќе не претставува закана за уништување само на некој народ,нација,раса или класа,туку таа стана закана за уништување на целото човештво.

1) Ј.Б.Тито,Пети конгрес ССРНЈ,"Култура",Белград,1960 година,стр.54.

Втор значаен фактор фактор кој битно влијае врз определбата на Југославија за мир како примарна потреба на современото човештво и услов за развојот на современиот свет се засновува врз сознанието за постојано присутната опасност секоја локална војна да може да ескалира и да се развие во судир од светски размери и со тоа да предизвика нуклеарна војна со несогледиви последици за натамошниот опстанок на човештвото.

Трет по ред,но не и по значење,е фактот што во современите услови,според оценката на СКЈ,мирот претставува најповолен општ услов за развојот на социјализмот во светот."Борбата за мир во денешните услови" - вели другарот Кардељ - "е истовремено,и пред се,сектор на борбата за социјализам".[1] Според другарот Кардељ,борбата за мир воедно е и единствен пат кој што овозможува социјалистичките земји не само побргу материјално да се развиваат,туку да го поттикнуваат и развојот на општествените и политичките односи во повеќе социјалистички облици.Во врска со таквата оценка,другарот Кардељ,меѓу другото, вели:

"Материјалната заостанатост во минатото и тешките политички услови го отежнуваа и го забазуваа развојот на социјалистичките односи и поради тоа повеќепати преовладуваше конзервативната мисла која го кочеше социјалистичкиот напредок. Социјалистичките земји можат да го освојуваат светот со пример,а не со заплашување и закани со војна.Заради тоа,нивниот внатрешен напредок станува главна задача на денешното време.А тие задачи можат да се спроведат само во мир".[2]

Врз основа на изнесените гледишта и ставови,Југославија како држава членка на Организацијата на обединетите нации

1) Едвард Кардељ,Социјализам и рат,"Култура",Белград, 1960 година,стр.58.
2) Едвард Кардељ,Нација и меѓунационалните односи,БИГЗ, 1975 година,стр.205.

и како дел на меѓународното работничко и комунистичко движење во својата надворешнополитичка активност се залага и води упорна борба за мир во светот,за мирно решавање на меѓународните спорови,за суверенитет и рамноправност на сите народи и држави, за нов меѓународен економски и политички поредок и отстранување на длабокиот јаз меѓу развиените и земјите во развој.Ако го прифатиме марксистичкото сфаќање за општествената суштина на војната – како продолжување на политиката со други,насилни средства – надворешната политика на Југославија заснована врз изложените начела и заложби никогаш и под никакви околности не би можела да се продолжи со насилни средства,односно по пат на војна.Тоа значи,дека Југославија би можела да се најде во војна само во случај ако таа и биде наметната со оружен напад врз нејзината независност,суверенитет,територијалниот интегритет и со уставот утврденото општествено уредување,или пак доколку биде повикана да ги исполни своите меѓународни обврски што евентуално ги презела согласно со начелата на својата надворешна политика.

Отфрлајќи ја силата и војната како средство на политиката Југославија,меѓутоа,не е против секоја сила и секоја војна,зашто тоа би значело капитулација пред силите на современиот империјализам и хегемонизам,кои сеуште се стремат своите империјалистички и хегемонистички цели да ги остваруваат по пат на сила и војна.Заради тоа,тргнувајќи од уверението дека секој народ има право да биде слободен и својот внатрешен живот да го уредува онака како што тој смета дека е најдобро,Југославија смета,дека согласно со тоа,секој народ има право со сите расположливи сили и средства,вклучувајќи ја тука и војната да ја брани својата слобода и независност.Според тоа,ние не се откажуваме од војната како средство на политиката,но оп-

равданоста на нејзината примена ја признаваме само кога е во прашање одбраната на нашата социјалистичка заедница,а тоа исто право им го признаваме и на сите други народи кои се борат за своето национално и социјално ослободување.

Поаѓајќи од ставовите на класиците на марксизмот за карактерот и општествената улога на војните и оценувајќи ја нивната конкретна улога во современите општествени и меѓународни услови,југословенското гледиште за тоа која војна е денес праведна а која неправедна се базира врз реалната анализа и оценка што всушност таа конкретна војна значи за прогресивниот, односно социјалистичкиот развој на светот.Со оглед на современата реалност примената на сила и војна да не е"привилегија" само капиталистичките земји,туку е тоа практика и на некои социјалистички земји кои се обидуваат примената на сила и војна да ја оправдуваат со разни идеолошки пароли и теории дека секоја војна која тие ја водат е праведна - Југославија стои цврсто на стојалиштето дека таквите тези се неодржливи и не признава никакви мотиви за оправдување на напаѓачка војна,без оглед на тоа кои држави ја започнуваат и против која држава ја водат.

Југословенските гледишта за војната и мирот во современите општествени и меѓународни услови,најконсеквентно ги образложи другарот Тито во својот реферат на Десетиот конгрес на СКЈ,кога покрај другото,рече:

"Мислам дека денеска никого не треба да го уверуваме во тоа дека сме ние доследни и упорни борци за мир во светот. Сојузот на комунистите на Југославија секогаш застапувал гледиште дека за развојот на социјализмот и прогресот на човештвото е неопходен мир.Нашите народи не сакаат војна,но ние не сме

ни дефетистички пацифисти.Ние не живееме надвор од времето и просторот,туку во суровата реалност на современиот свет.Нашите настојувања и севкупната активност на меѓународен и внатрешен план насочени се против политиката на сила и војната.Но,ние мораме да бидеме спремни секого да го одвратиме од агресија. Подготвени да ја дочекаме војната ако дојде до неа.Затоа нашиот систем на општонародната одбрана и има двојна улога: одвраќање од агресија и водење на општонародна одбрамбена војна ако ни биде наметната".[1)]

Неприфаќајќи ја силата и војната како средство на политиката за разрешување на општествените противречности во современиот свет,Југославија,како што вели другарот Тито,"не живее надвор од времето и просторот туку во суровата реалност на денешниот свет".А тој денешен свет,би рекле,е свет на наука,техника и благосостојба,но во исто време тоа е и свет на сиромаштија,беда и бесправие - свет на длабоки противречности и кризи.Поаѓајќи од објективните проценки на природата и карактерот на основните општествени противречности на современиот свет и односот на силите во него,посебно уважувајќи го фактот што денес во светот се уште постојат јаки сили кои се стремат кон превласт,доминација и експлоатација на други земји и народи,Југославија сериозно смета со евентуалната можност во определени околности да може да биде објект на оружен напад врз нејзината независност,суверенитет и територијалниот интегритет. Во врска со ваквите оценки,другарот Тито,вели:

"Војните и употребата на сила во современиот свет се реалност со која треба да се смета.Нема ниту едно подрачје на светот за кое со сигурност може да се каже дека е надвор од опасноста од воени судири.Навистина,Европа е такво подрачје во

1) Ј.Б.Тито,Реферат на Десетиот конгрес на СКЈ,Документи "Комунист",1974 година,стр.49.

светот во кое е најнеизвесно да се поведе некоја војна,макар таа била и од ограничен карактер,но ние не смееме да ја исклучиме таа можност".[1)]

Врз таквите оценки и сфаќања се темели и југословенското гледиште дека општите светски прилики,како и состојбите во Европа се карактеризираат со мошне длабоки и трајни противречности кои наметнуваат потреба од постојана грижа во одбрамбеното организирање и одбрамбените подготовки на Југославија.

Со својата доследна борба за независност,со своите принципиелни ставови во надворешнополитичката ориентација Југославија се здоби со многу пријатели и свои соборци во борбата за мир и општочовечки прогрес.Нејзиниот морален и политички престиж во светот е мошне голем и далеку ја надминува нејзината географска големина.Меѓутоа,токму поради тоа каква е - социјалистичка,самоуправна и неврзана - Југославија има и свои противници во оние сили во светот на кои не им одговара нејзината независна позиција и нејзиниот самоуправен социјалистички систем.На определени сили во светот сериозно им пречи нашата определба на борба против империјализмот и хегемонизмот,против блоковската поделба на светот и спротиставувањето други да решаваат за судбината на одделни народи.

Од друга страна геостратегиската положба на Југославија имаше во минатото,а и денес има значајно влијание врз аспирациите на големите сили за нивно присуство на овој простор. Со векови за југословенскиот простор се отимале разновидни освојувачи сметајќи го Балканот за порта меѓу Европа и Азија.Геостратегиското значење на југословенскиот простор уште повеќе се зголеми и стана почувствителен со отворањето на кризни жаришта

1) Ј.Б.Тито,оп.цит.стр.50.

во подрачјето на Средниот и Блиското Исток и во поширокиот регион на Средоземјето.

Врз основа на изложените погледи,ставови и сфаќања на југословенското општество за битните прашања на мирот и војната во современите општествени и меѓународни услови изградени се и утврдени и определени гледишта и ставови за начинот на организирањето на југословенското општество за одбрана.Тие ставови содржани се во југословенската концепција за општонародна одбрана во која е изразен "нашиот класно-социјален и политички поглед на војната,нашиот однос спрема војната,основните облици на организирање и подготвување,како и основните принципи за нејзиното водење".[1] Концепцијата на општонародната одбрана,всушност,дава конкретни одговори на фундаменталните прашања за тоа како треба нашето општество да се организира ~~за~~ одбрана и како да обезбеди сигурна одбрана на земјата од каква и да е агресија и другите облици на загрозување на нејзината независност, суверенитет и територијалниот интегритет.

Југословенската концепција на општонародната одбрана како организациски облик на подготвување,организирање и водење на општонародна одбрамбена војна претставува конкретен пример на остварувањето на Марксовата идеја за вооружен народ,која настана и се разви како израз на карактерот на нашата народноослободителна војна и автохтоноста на нашата социјалистичка револуција.Таа претставува воен програм и практика на нашата социјалистичка заедница на оној степен од општествениот развој кога "самоуправувањето и самоуправната демократија се афирмира како специфичен ооблик на диктатурата на пролетаријатот",[2] од-

1) Насоки за одбрана на СФРЈ од агресија,Претседателството на СФРЈ,ноември,1972 година.
2) Ј.Б.Тито,оп.цит.стр.50

носно кога нејзината содржина и цел е "организирање и развивање на општеството како слободна заедница на производители".[1]

Според генерал Љубичиќ,"концепцијата на општонародната одбрана е целосно научна,идејно-политички и воено-стратегиски,историски гледано нова концепција на одбрана.По својата содржина таа е универзална,зашто ги одразува општите законитости и стремежи на современото општество и битните обележја на современата војна.Но,концепцијата на општонародната одбрана на Југославија е во истовремеи особена како појавен облик,зашто ги одразува југословенските општествено-историските прилики и услови".[2]

Нашата концепција на општонародната одбрана поаѓа од теоретски и практично утврдените можности и уверување дека СФРЈ може успешно да му се спротистави на кој и да е агресор и во која и да е варијанта на агресија.Со своите оргинални решенија од воено-стратегиска природа - водење на општонародна одбрамбена војна,една сеопфатна и офанзивна војна која би ја воделе на сопствената територија - концепцијата на општонародната одбрана обезбедува организирано и максимално учество на сите човечки и материјално-технички потенцијали на земјата.

Со учеството на оружените сили во оружената борба и со масовната примена на сите други облици на борба и отпор на севкупното наеление,при што комбинираниот облик на оружената борба како своевидна синтеза на борбени дејства е главен облик на спротиставување на агресорот - општонародната одбрамбена војна обезбедува оптимални можности за одбрана во сите услови на агресија и без оглед на силата на напаѓачот.Заради тоа,успехот во општонародната војна не може со ништо да биде доведен

1) Едвард Кардељ,Основни правци уставних промена,"Комунист" 1973 година,стр.117.
2) Никола Љубичиќ,оп.цит.стр.109.

во прашање без оглед на силата и техничката и евентуално друга надмоќ на агресорот.Предностите што евентуалниот агресор би можел да ги има особено во техничка смисла можат да влијаат само врз времето на траењето на војната,начинот на водењето на војната и размерите на човечките и материјалните загуби.

По својата ординерна општествена улога,нашата концепција на општонародната одбрана квалитативно се разликува од карактерот и општествената улога на сите денес постоечки воени системи и концепции.Покрај функцијата на одвраќање од агресија и одбраната на независноста на југословенските народи и народности од сите видови на загрозување и притисоци - концепцијата на општонародната одбрана како интегрален дел на нашиот самоуправен социјалистички систем,најнепосредно придонесува во поцелосната реализација на интересите на работничката класа - јакнење на општествената кохезија и братството и единството,зашто концепцијата ја развива свеста за судбинската поврзаност на нашите народи и народности и придонесува во разрешувањето на проблемите и противречностите кои го забавуваат нашиот самоуправен социјалистички развиток.На надворешнополитички план нашата концепција претставува инструмент и потпора на политиката на неврзувањеи борбата за мир и општочовечки прогрес во светот.

Врз изложените класно-револуционерни и воено-стратегиски одлики на нашата концепција на општонародна одбрана се темели и нашето уверување дека успехот во евентуалната општонародна одбрамбена војна,како што веќе рековме,со ништо не може да биде доведен во прашање.Полемизирајќи со некои критичари на нашата концепција кои се обидуваат да ја претстават

како израз не безизлез и очај,заснована врз субјективни проценки и нереални желби за да со тоа докажат како малите народи немаат ама баш никаква шанса ниту алтернатива,освен да пристанат на слепа послушност и капитулација - покојниот генерал Виктор Бубања,во својата инаку позната студија "Доктрината на победата",меѓу другото,пишува:

"Правата вистина е во тоа дека денес нема повеќе потреба да се сомневаме во воената и политичката вредност на концепцијата на општонародната одбрана,да ја проверуваме или да вршиме какви и да е истражувања за да ја докажеме нејзината вредност.Вредноста на таквата концепција се докажува насекаде каде што се применува во светот.Таа токму на најдобар начин ја покажува својата вредност и кај нас низ силното јакнење на нашата одбрана во онаа мера во која се реализираат поставените цели и задачи,колку во неа зацртаните идеи се претвораат во стварност".[1]

## 1.2.Општествено-политичката суштина на определбата на Југославија за политиката на неврзување

Длабоката автохтоност на нашата социјалистичка револуција чии заметоци можат да се уочат уште во стремежите и дејствувањето на Комунистичката партија на Југославија од доаѓањето на другарот Тито на чело на КПЈ 1937 година,претставува клучен фактор кој на Југославија и овозможи оргинален и независен пат на развој на внатрешен и меѓународен план.[1]

Во врска со ваквата ориентација на Југославија,другарот Тито,вели:

"Силата на народноослободителното движење и нашите

1) Борбата на другарот Тито за самостојноста на партијата, за враќање на неговото раководство во земјата,за финансиското, организациското и идејното осамостојување и оспособување на Партијата,претставуваше длабоко промислен пробив на сталинистичкиот догматизам и владеачката практика на доминација во односите во комунистичкото движење.

успеси на бојното поле овозможија веднаш по заседанието во Јајце нова Југославија да отпочне успешна борба за своето меѓународно признавање,останувајќи одлучно на позициите дека внатрешното уредување на новата држава е исклучива работа на нејзиниот народ.Тоа сосема јасно го изнесовме уште 1944 година,при меѓусебните разговори со државниците и воените раководители на сојузничките земји.Ни тогаш,ни било кога подоцна Југославија не ја признавала ниту ќе признае,какви и да е интересни сфери.Ние останавме доследни на ставот дека за судбината на народот не можат да се прават никакви аранжмани и дека за нea одлучува секој народ со сопствената воља и според сопственото уверување".[1)]

Тоа значи дека длабоко хуманите цели на нашата револуција од кои произлегоа и општествено политичките погледи и сфаќања на нашата општествена заедница за правото на секоја земја на слобода,независност и слободен внатрешен развој,за рамноправноста на сите народи - големи и мали - за можностите на активна и мирољубива коегзистенција без оглед на разликите во општествено-политичките системи - во услови на изразените притисоци на блоковските сили за доминација и хегемонија врз сите слободни земји,ја обусловија и трајната ориентација на Југославија за политика на неврзување за блоковските групации и блоковската политика.

Од таквите општествено-политички и идејни погледи на југословенското општество,кои беа израз и стремеж и на многу други новоослободени земји по Втората светска војна,произлезе и потребата за пошироко поврзување на Југославија со овие земји и народи и заедничка борба за независност,самостоен

1) Ј.Б.Тито,Извод од говорот по повод триесетгодишнината од Второто заседание на АВНОЈ во Јајце.(Цитирано според:Мирјана Г.Ник,Југославија и несврстаност,Белград,1976 год.,стр.13).

внатрешен развој,за рамноправна положба во меѓународната заедница и позабрзан општествен и економски развој - за нов свет "кој ќе биде толерантен спрема неопходните разлики во областа на цивилизацијата и културата,во идеолошките и политичките определби,но свет во кој независноста и рамноправноста ќе претставуваат основни вредности,а принципите на активната и мирољубивата коегзистенција основни норми на однесување во меѓународната заедница".[1]

Според тоа,определбата на Југославија за политика на активна и мирољубива коегзистенција и неврзување за блоковските структури и блоковската политика претставува,всушност, израз на нејзиното битије како социјалистичка и самоуправна заедница на рамноправни народи и народности и логично продолжување на нејзината внатрешна политика и услов за самостоен општество-политички развој.Определбата на Југославија за политиката на неврзување е истовремено и своевиден облик на борба за социјализам во светски размери.Зашто,без оглед на класната разнородност на неврзаните земји,општествено-прогресивниот карактер на политиката на неврзување извира и се темели врз подударноста на интересите и целите на движењето на неврзаните и националните интереси на пролетаријатот во сите земји во светот.Имено,борбата за мир,зачувувањето на независноста и изградувањето на нов систем на меѓународни економски и политички односи - како главни цели на движењето на неврзаните - во основа се поклопуваат со долгорочните интереси на пролетаријатот како класа,зашто со остварувањето на овие цели објективно се создаваат поповолни услови работничката класа да

1) Д-р Бојана Тадиќ,Несврстаност као универзална политика,"Меѓународна политика",број 694/79.,стр.2.

во сите земји на светот да може поуспешно да ги остварува своите класни цели.

Според тоа неврзаноста како надворешнополитичка ориентација не претставува само облик на меѓународна политика и акција,туку,како што тоа констатира другарот Кардељ - "неврзаноста претставува и вид на општествени,класни,економски,политички и културни преструјувања на современиот свет".[1)]

Конечно,определбата на Југославија за политиката и движењето на неврзаните како трајна основа на нејзината надворешнополитичка ориентација имаше судбинско значење за нејзиниот внатрешен развој и нејзиното место и улога во современите меѓународни односи.

Гледано од сегашнава временска дистанца,можат само да се насетат и да се претпостават сите можни ефекти и последици кои можеа да настанат за судбината и развојот на Југославија,па и пошироко,ако во времето непосредно по Втората светска војна,кога веќе се насетуваше новата констелација на силите во Европа и во светот,кога дојде до формирање на блоковските структури и нивното натпреварување за доминација и хегемонија - Југославија да не се определеше за политика на неврзување и самостоен развој.Сосема е сигурно дека импликациите би биле мошне широки и тешко предвидливи,но едно е сосема сигурно: во тоа време Југославија да не се определеше за политика на неврзување и самостоен развој овој наш витален стратегиски простор можеше одново да стане предмет на манипулации на големите сили и мостобран во функција на нивното натпреварување.Наместо да стане тоа,одлучната неврзана ориентација на Југославија во тој историски момент и подоцна резултираше со

1) Едвард Кардељ,Историски корени несврставања,"Комунист", Белград,1975 година,стр.17.

тоа,што таа израсна во значаен фактор на мирот,стабилноста и на рамнотежата на овој дел од Балканот,Јужна Европа и Средоземјето - простор кој отсекогаш претставувал привлечна мета за изразување на освојувачките аспирации на големите сили.Со својата доследна борба против политиката на сила и странско мешање,поделбата на сфетот на интересни сфери,како и одлучната борба за зачувување на својата независност,суверенитет и територијалниот интегритет - Југославија со Тито на чело стана светски симбол на борба за слобода и приврзеност кон слободата како највисока човечка,национална и општа вредност.

Со својата визија на неврзаноста како надворешнополитичка ориентација и меѓународно движење,Тито и Југославија станаа не само симбол на историската алтернатива на политиката од позиција на сила,туку таа визија,заедно со другите народи ја претворија во реална можност за изградување на еден нов свет во кој луѓето,нациите и меѓународната заедница би живееле ослободени од стравот од војна,угнетување и беда.Од една таква визија и широка акција на Југославија и другарот Тито во обликувањето на една сестрано развиена концепција на политиката на неврзување,како долгорочна активност на отстранување на причините и последиците на студената војна,политиката на доминација и сила во сите облици на изразување,како и изградување на подемократски,побезбеден и постабилен систем на односи меѓу народите врз основите на мироъубивата коегзистенција.

Поради сите тие околности,а особено поради бројните промени и процеси што ги предизвика Југославија со своите определби за политиката на неврзување и самостоен развој,како и со активностите на внатрешен и надворешен план,како и поради се поголемите промени и процеси кои настанаа со вкупната актив-

ност на движењето на неврзаните,чии продукт во крајна линија е и неврзаната ориентација на Југославија и нејзината активност – на протагонистите на блоковската политика сериозно им пречи ваквата позиција и ваквата политика на Југославија,поради што, таа,како и многу други неврзани земји е изложена на чести напади,притисоци и разни шпекулации.

ЛИТЕРАТУРА

АЋИМОВИЋ,д-р Љубивоје,Проблеми безбедности и сарадње у Европи, Институт за међународно право и политику,Београд,1978 година.

АТАНАСОВСКИ,м-р Живко,Улогата и движењето на воените расходи во светот,Семинар за финансирањето во ОНО,Економски факултет во Скопје,1980 година.

АВРАМОВ,д-р Смиља,Забрана и контрола силе у правном систему Уједињених нација,Збирка - Уједињене нације и савремени свет, Белград,1970 година.

АРБАТОВ,Г.А.,За советско-американските односи,Москва,"Комунист", број 3-1973 година.

АРБАТОВ,Г.А.,Не губимо оптимизам,НИН број 1671 од 9 јануари 1983 година.

БЕБЛЕР,д-р Антун,Оружане снаге САД,њихов друштвено-политички значај и улога,"Војно дело" број 5-1976 година.

БЕБЛЕР,д-р Антун,Неке напомене о еволуцији војно-политичког положаја несврстаних земаља,"Војно дело",број 6-1976 година.

БРОВЕТ,Стане,Прогресивна улога оружаних снага несврстаних земаља и потреба јачања војне сарадње,"Војно дело",број 6 - 1976 година.

БОЖИЋ,д-р Немања,Послератна глобална стратегија САД,Институт за међународно право и политику,Белград,1974 година.

БОЖИЋ,д-р Немања,Други круг преговора о ограничавању стратешког наоружања (САЛТ-II),"Међународна политика",број 752-3,1981 година.

БОЖИЋ,д-р Немања,Детант и дитерент,"Међународна политика",број 784,1982 година.

БОЖИЋ,д-р Немања,Ограничени рат,"Међународна политика",број 780,1982 година.

БУБАЊ,Виктор,Доктрина побједе,"Народна Армија",Белград,1972 год.

БЕНКО,д-р Владо,Политика интересних сфера и њени савремени видови,"Међународни проблеми",број 3,1970 година.

BŽEŽINSKI,Zbignjev,Between Two Ages - America's Role in Teshetronio Era,New York,1978 godina.

ВИДАКОВИЋ,д-р Зоран,Стари и нови фашизам,ИЦ "Комунист",Белград, 1976 година.

ВИДАКОВИЋ,д-р Зоран,Ковачи Лажног прогреса,"Радничка штампа, Белград,1974 година.

ВУЧИНИЋ,д-р Милан,Увод у систем народне одбране СФРЈ,ВИЗ,Белград 1978 година.

ВРАТУША,д-р Антун,Политика несврставања и општенародна одбрана, "Војно дело",број 5-1979 година.

ВУЧИНИЋ,Михајло,Специјални рат - друштвени феномен савременог света,"Војно дело" број 3-1974 година.

ВУКАДИНОВИЋ,д-р Радован,Сила и интереси - вањска политика САД, Центар за културну дјелатност омладине,Загреб,1972 година.

ВУКАДИНОВИЋ,д-р Радован,Америчко-совјетски односи,"Међународна политика",број 744,1981 година.

ВУКАДИНОВИЋ,д-р Радован,Реганова концепција односа са СССР-ом, "Међународна политика",број 752-2,1981 година.

ВУКАДИНОВИЋ,д-р Радован,Европска равнотежа,"Међународна политика број 761,1981 година.

ВУКАДИНОВИЋ,д-р Радован,Европска криза детанта,"Међународна политика",број 770,1982 година.

ВЕЛИМИР,Будимир,Реганова прва година у Белој кући,"Међународна политика",број 767,1982 година.

ГАВРАНОВ,д-р Велибор,СТОЈКОВИЋ,д-р Момчило,Међународни односи и спољна политика Југославије,"Савремена администрација",Белград, 1972 година.

ГАВРАНОВ,д-р Велибор,Политичке импликације теорије о ограниченом суверенитету,"Социјализам",број 11-1968 година.

ГОЛОБ,Мирјана,Југославија и несврстаност,"Народна Армија",Белград,1976 година.

ГРОМИКО,Андреј,Изјава за печат за преговорите САЛТ од 31 март 1977 година,"Суривал",мај-јуни 1977 година.

ГОЛОБ,Игнац,Несврстаност и детант,"Међународна политика",број 754,1981 година.

ГВЕРО,д-р Милан,Суштина и карактеристике савременог капитализма, ПУ ССНО,Белград,1974 година.

ГРУПА АВТОРИ,Теорија о рату,ВИЗ,Белград,1976 година.

ГРУПА АВТОРИ,Марксизам о савременим питањима рата,Факултет НО Београд,1980 година.

ГРУПА АВТОРИ,Општонародна одбрана и општествена самозаштита на СФРЈ - I и II,учебник за студенти на вишите школи и факултети, Белград,1980 година.

ДЕСПАЊИЌ,Лука,Токови,процеси и противречности рата,"Војно дело", Белград,1970 година.

ДОЛАНЦ,Стане,Борба за слободу и револуционарни преображај земље,"Комунист",број 943-1979 година.

ДОЛНИЧАР,ЧУШИЌ,РАКОЧЕВИЌ,МИЉАНИЌ,Несврстаност и питање одбране, ВВА ЈНА,Белград,1973 година.

ДИМИТРИЈЕВИЌ,В,СТОЈАНОВИЌ,Р.,Основи теорије меѓународних односа, Службени лист СФРЈ,Белград,1977 година.

ДЕСЕТИ КОНГРЕС СКЈ,Документи,"Комунист",Белград,1973 година.

ЕНГЕЛС,Фридрих,Анти-Диринг,"Напријед",Загреб,1967 година.

ЕНГЕЛС,Фридрих,Порекло породице,приватне својине и државе,БИГЗ, Белград,1976 година.

ЖИВАНОВ,Саво,Стаљинизам и десталинизација,Центар за политичке студије,Нови Сад,1969 година.

ЖАБКАР,Тоне,Губици живе силе у епохи империјалистичких ратова, "Војно дело",број 5-1976 година.

ИБРАХИМПАШИЌ,д-р Менсур,Друштвена природа општенародног одбрамбеног рата,ВВПШ ЈНА,Белград,1976 година.

КАРДЕЉ,Едвард,Нација и меѓународни односи,БИГЗ,Белград,1975 година.

КАРДЕЉ,Едвард,Историски корени несврставања,ИЦ "Комунист",Белград,1975година.

КАРДЕЉ,Едвард,Социјализам и рат,"Култура",Белград,1960 година.

КОМАТИНА,Миљан,Историска алтернатива политици силе,"Меѓународна политика",број 646,1977 година.

КОМАТИНА,Миљан,Несврстаност - разлике и спорови,"Међународна политика",број 768,1982 година.

КОМАТИНА,Миљан,Несврстаност у међународним односима,"Међународна политика",број 765,1982 година.

КОМАТИНА,Миљан,Несврстаност - доктрина међународних односа,"Међународна политика",број 766,1982 година.

КАРТЕР,Џими,Изјава за печат за САЛТ,"Сурвивал",мај-јуни,1977 година.

КЛЕР,Мичел,Рат коме нема краја,ВИЗ,Белград,1975 година.

КАРЕНИН,А.А.,Доктрина "баланса сил" и современиј мир,"Вопроси философији",Москва,1973 година.

КАДИЈЕВИЋ,Вељко,Војни фактор у међународним односима,"Војно дело" број 26-1974 година.

ЛЕЊИН,Војна дела,ВИЗ,Белград,1962 година.

ЛЕЊИН,Изабрана дела,том IX,ВИЗ,Белград,1966 година.

ЛЕВКОВ,д-р Миливоје,Однос специјалног и класичног рата,"Војно дело",број 3-1974 година.

МАТЕС,Лео,Несврстаност - теорија и савремена пракса,Институт за међународно право и политику,Белград,1976 година.

МАТЕС,Лео,Суштина и циљеви спољне политике САД и НАТО пакта, "Савремени стратегиски проблеми,број 3-1979 година.

МАТЕС,Лео,Друга половина Регановог мандата,"Међународна политика",број 783,1982 година.

МАРКС,Карл,ЕНГЕЛС,Фридрих,Изабрана дела,ВИЗ,Белград,1955 година.

МАТИЈАШЕВИЋ,Саво,Нека обележја војне ситуације у Европи,"Војно дело",број 4-1977 година.

МАОДУШ,Стево,Вијетнамски народ у борби за слободу и независност,ПУ ССНО,Белград,197 6 година.

МАРКОВИЋ,д-р Драган,Војно-индустриски комплекс у САД,"Међународна политика",број 659,1977 година.

МИЛС,Рајт,Елита власти,"Култура",Белград,1964 година.

МОЈСОВ,Лазар,Димензиите на неврзувањето,"Мисла",Скопје,1981 година.

МИНИЋ,Милош,Узроци и последице ратних сукоба међу социјалистичким земљама,"Социјализам",број 1-1981 година.

МИРКОВИЋ,м-р Тодор,Војни аспекти економског рата,"Међународна политика",број 778-1982 година.

IISS (The Military Balance 1960-1978,London,The International Institute for Strategic Studies).

MOULTON,Hraland B,Od nadmoć do paritet,Soedinetite Amerikanski državi i strategiskata trka vo vooružuvanjeto.(From Superiority to Parity.The United States and the Strategic Arms Race,Westport, Grenvood Press,Inc.,1973 godina.

МИТЈАЕВ,Владимир,Глигоревич,Јадренаја политика США в НАТО,Москва, Международние отношенија,1973 година.

МИХАЉЕК,Мјачеслав,Морал и рат,ВИЗ,Белград,1976 година.

НИНЧИЋ,д-р Ђуро,Идеолошко-политичка суштина и правни значај теорије о ограниченом суверенитету,"Међународна политика",број 1, 1969 године.

НИКОЛИШ,м-р Душан,Несврстани и земље у развоју у спољној политици Картерове администрације,"Идеје",број 6-7,1980 година.

НИКОЛИШ,м-р Душан,Стратегија Реганове администрације према земљама у развоју,"Међународна политика",број 752-3,1981 година.

НЕСВРСТАНОСТ И ОДБРАНА,округли сто,ССНО,Белград,1976 година.

ЉУБИЧИЋ,Никола,Општенародна одбрана - стратегија мира,ВИЗ,Белград,1976 година.

ОРЕШЧАНИН,Богдан,Војни аспекти борбе за мир националну независност и социјализам,"Напријед",Загреб,1964 година.

ОРЕБ,м-р Миливоје,Идејне контраверзе у социјалистичком покрету, ВВПШ ЈНА,Белград,1974 година.

ПЕЋАР,Здравко,Алжир до независности,"Просвета",Белград,1967 година.

ПЕТКОВИЋ,д-р Ранко,Велике силе и политика несврставања,Центар за културну дјелатност омладине,Загреб.1979 година.

ПЕТКОВИЋ,др.Ранко,Изворни принципи несврстаности,"Међународна политика",број 754,1981 година.

ПЕТКОВИЋ,д-р Ранко,Локални ратови и светски мир,"Седма сила", Белград,1968 година.

ПЕТКОВИЋ,д-р Ранко,Европске димензије несврстаности,"Меѓународна политика",број 625-1976 година.

ПЕТКОВИЋ,д-р Ранко,Несврстаност и рат,"Социјализам",број 11 1980 година.

ПЕЈНОВИЋ,Никола,Улога оружаних снага у социјалистичким преображајима,"Социјализам",број 1-1980 година.

ПЕЈНОВИЋ,Никола,Кардељев допринос марксистичкој теорији о социјализму и рату,"Социјализам",број 1-1981 година.

ПЕТРОВИЋ,Љубомир,Меѓународно разоружање,ВИЗ,Белград,1975 година.

ПРЕЛЕВИЋ,д-р Милош,Друштвена суштина војне силе,ВИЗ,Белград, 1972 година.

ПЕЧУЈЛИЋ,д-р Мирослав,Савремено друштво и нови облици хегемонизма,"Војно дело",број 1-1977 година.

ПОЛИТИЧКА ЕНЦИКЛОПЕДИЈА,"Савремена администрација",Белград, 1975 година.

ПЛАТФОРМА ЗА ПРИПРЕМУ СТАВОВА И ОДЛУКА Седмог конгреса,"Комунист",Белград,1973 година.

РАДОВАНОВИЋ,д-р Љубивоје,Политика неангажованости данас,"Документи данашњице",број 158,1966 година.

РАЛФ,Леп,Стратегија уништења,"Седма сила",Белград,1966 година.

СМЕРНИЦЕ ЗА ОДБРАНУ СФРЈ,Предсеедателството на СФРЈ.

СИМИЋ,м-р Војислав,Војни фактор у савременим меѓународним односима,ПУ ССНО,Белград,1975 година.

СТОЈАНОВИЋ,д-р Радомир,Политика силе и неразвијене земље у савременим меѓународним односима,"Научна књига",Белград,1967 година.

СОКОЛОВСКИ,Војна стратегија,ВИЗ,Белград,1965 година.

СИКАВИЦА,Ќиро,Снаге НАТО у Средоземљу,"Војно дело",број 6-1970 година.

СИКАВИЦА,Ќиро,НАТО пакт и Варашавски уговор,"Војно дело",број 5-1971 година.

САВРЕМЕНЕ ДОКТРИНЕ ЗАПАДНОГ БЛОКА,ВВА ЈНА,Белград,1972 година.

СЕДМИ КОНГРЕС СКЈ,"Култура",Белград,1958 година.

ТАДИЋ,д-р Бојана,Савремени тренутак несврстаности,"Међународна политика",број 697-1979 година.

ТАДИЋ,д-р Бојана,Несврстаност у теорији и пракси савремених међународних односа,Институт за међународно право и политику, Белград,1976 година.

ТАДИЋ,д-р Бојана,Положај покрета несврстаности и његове дилеме у савременим међународним условима,"Међународна политика",број 754-1981 година.

ТЕЈЛОР,Максвел,Ненадежнаја труба,Москва,1961 година.

ЧЕРЧИЛ,Винстон,Други светски рат,"Просвета",Белград,1975 година.

ЧУШИЋ,д-р Мићо,Борба за мир и социјализам у савременим условима, ПУ ССНО,1974 година.

ЧУШИЋ,д-р Мићо,Улога војне силе у међународним односима,"Информатор",број 4-1975 година.

ЧУШИЋ,д-р Мићо,ГВЕРО,д-р Милан,Основи међународних економских односа,Политичка школа ЈНА,1972 година.

ШАВРОВ,И.,Локалните војни и нивното место во стратегијата на империјализмот,Воено-исторически гласник СССР.број 3-1975 година.

ШУКОВИЋ,д-р Олга,Неутронска бомба,Међународна политика",број 757-1981 година.

ШТАЈНЕР,д-р Рикард,Капитализам после кризе,"Међународна политика",број 663-1977 година.

ШВРАЦ,Урс,Стратегија,јуче,данас,сутра,ВИЗ,Белград,1968 година.

ШЕШЕРИНАЦ,Димитрије,Војни блокови,Нинове свеске 4,Савремена публицистика,Белград,октомври 1978 година.

ШЕШЕРИНАЦ,Димитије,ЈУРИЈ Густинчич,Суперсиле и супероружја, Политика,Белград,1979 година.

ВОЈНИ ПРЕГЛЕД,Танјуг,броеви од 1975-1982 година.